**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ**
**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

Александар Зоранчо Петановски

# КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАД. ТИПО-МОРФОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ГРАДСКИОТ ЅИД И ИЗБРАНИ ПРИМЕРИ ОД ДОПИРНИТЕ СТАНБЕНИ ЗОНИ (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: СКОПЈЕ XX/XXI ВЕК)

докторски труд

Скопје, 2026

Докторанд:
АЛЕКСАНДАР ПЕТАНОВСКИ

Тема:
КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАД.
ТИПО-МОРФОЛОШКА И СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ГРАДСКИОТ ЅИД И ИЗБРАНИ ПРИМЕРИ ОД ДОПИРНИТЕ СТАНБЕНИ ЗОНИ
(СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: СКОПЈЕ XX/XXI ВЕК)

Ментор:
Проф.д-р Саша Тасиќ,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет - Скопје

Комисија за одбрана:

Проф.д-р Минас Бакалчев (претседател)
Архитектонски факултет

Проф.д-р Саша Тасиќ (ментор)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет – Скопје

Проф.д-р Зорица Блажевска,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет – Скопје

Проф.д-р Влатко Коробар,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет – Скопје

Проф.д-р Митко Хаџи Пуља,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет – Скопје

Научна област:
АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ

Датум на одбрана:

Автор: Александар ПЕТАНОВСКИ
Наслов на докторска тема: Коегзистирачки модели на домување во град.
Типо-морфолошка и социолошка анализа на Градскиот ѕид и избрани примери од допирните станбени зони. (Студија на случај: Скопје XX/XXI век)

## АПСТРАКТ

Ова истражување ја разработува коегзистенцијата на различни модели на домување како конститутивен механизам на современата урбана форма. Наспроти доминантните интерпретации што градот го третираат како резултат на линеарен развој и последователна замена на планерски и типолошки модели, трудот предлага читање на градот како стратифициран морфолошки систем во кој дијахронски произведените структури опстојуваат синхроно. Хетерогеноста, во оваа рамка, не се разбира како аномалија или недовршеност, туку како структурирана истовременост на различни просторни и социјални режими.

Фокусот е насочен кон централното урбано ткиво на Скопје, со посебна анализа на Градскиот ѕид како концентриран израз на модернистичката визија за колективно домување и како критичен тест-терен за испитување на релацијата помеѓу проектната намера и реалната урбана состојба. Истражувањето демонстрира дека различните типо-морфолошки матрици, генерирани во различни историски и идеолошки контексти, продолжуваат да функционираат како паралелно активни системи во рамките на заедничка просторна матрица, воспоставувајќи сложени односи на преклопување, адаптација и трансформација.

Методолошката рамка интегрира урбана морфологија, архитектонска типологија и социо-просторна анализа во единствен аналитички апарат, преку кој коегзистенцијата се операционализира како темпорална, морфолошка и релациска категорија. Преку дијахрона реконструкција и синхрона анализа на конкретни урбани фрагменти, трудот ја прави видлива структурната истовременост на различни модели на домување и нивната улога во формирањето на урбаната комплексност.

Научниот придонес се состои во артикулација на коегзистенцијата како прецизна теоретска и методолошка рамка за читање на современиот град, како и во нејзино позиционирање како оперативен принцип за критичко проектантско дејствување. Домувањето се афирмира како примарен медиум преку кој градот се разбира како отворен, слоевит и структурно диференциран систем, во кој трансформацијата не значи замена, туку реорганизација на паралелно активни просторни и социјални логики.

Клучни зборови: коегзистенција, модели на домување, урбан центар, Градски ѕид, урбана морфологија.

Author: Aleksandar PETANOVSKI
PhD Thesis title: Coexisting Models of Housing in the City. Typo-morphological and sociological analysis of the Skopje City Wall and the adjacent residential urban zones. (Case study: The City of Skopje: XX/XXI)

## ABSTRACT

This research examines the coexistence of different housing models as a constitutive mechanism of contemporary urban form. In contrast to dominant interpretations that treat the city as the outcome of linear development and the successive replacement of planning and typological models, the study proposes a reading of the city as a stratified morphological system in which diachronically produced structures persist synchronously. Within this framework, heterogeneity is not understood as anomaly or incompleteness, but as a structured simultaneity of diverse spatial and social regimes.

The focus is directed toward the central urban fabric of Skopje, with particular attention to the City Wall as a concentrated expression of the modernist vision of collective housing and as a critical test-ground for examining the relationship between projective intention and actual urban condition. The research demonstrates that different typo-morphological matrices, generated within distinct historical and ideological contexts, continue to function as parallel and active systems within a shared spatial framework, establishing complex relations of overlap, adaptation, and transformation.

The methodological framework integrates urban morphology, architectural typology, and socio-spatial analysis into a unified analytical apparatus through which coexistence is operationalized as a temporal, morphological, and relational category. Through diachronic reconstruction and synchronic analysis of specific urban fragments, the study renders visible the structural simultaneity of different housing models and their role in shaping urban complexity.

The scientific contribution lies in articulating coexistence as a precise theoretical and methodological framework for interpreting the contemporary city, as well as positioning it as an operative principle for critical architectural practice. Housing is affirmed as the primary medium through which the city is understood as an open, layered, and structurally differentiated system in which transformation does not imply replacement, but rather the reorganization of parallel spatial and social logics.

**Keywords:** coexistence; housing models; urban centre; Skopje City Wall; urban morphology.

Изјавувам дека докторскиот труд е оргинален труд што го имам изработено самостојно.

Своерачен потпис на докторандот

м-р Александар Петановски

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

Потпис на авторот, с.р

м-р Александар Петановски

СОДРЖИНА

**ВОВЕД**

Проблем и предмет на истражувањето
Теоретски претпоставки и цел на истражувањето
Методолошка рамка и научен придонес

**1. КОЕГЗИСТЕНЦИЈА: ОД КОНЦЕПТ ДО ТЕОРЕТСКА ОСНОВА ВО АРХИТЕКТУРАТА**

**1.1 Градот како колективен урбан артефакт**

1.1.1 Градот како наталожена историска структура
1.1.2 Урбаниот артефакт и автономијата на формата
1.1.3 Перманентноста како структурен принцип
1.1.4 Домувањето како носител на урбаната перманентност

**1.2 Од статична форма кон отворена урбана рамка**

1.2.1 Од статична урбана форма кон отворена рамка
1.2.2 Присвојување и социјална коегзистенција
1.2.3 Архитектура на „помеѓу“ просторот (in-between)
1.2.4 Капацитетот како структурен принцип

**1.3 Отворена структура како процесуален модел на градот**

1.3.1 Од затворен објект кон урбана транзиција
1.3.2 Диференцијација: примарна структура и секундарна варијација
1.3.3 Социјалниот аспект на отворената форма
1.3.4 Коегзистенција како процес

**1.4 Експериментален пристап кон урбаната форма**

1.4.1 Архитектурата како поле на паралелни системи
1.4.2 Автономија и релација: проектот како процес
1.4.3 Дијалектика на полно–празно
1.4.4 Коегзистенцијата како проектантска операција

**1.5 Град колаж и коегзистенција преку аналогни модели**

1.5.1 Критика на тоталниот урбанизам
1.5.2 Колажот како метод на организирана хетерогеност
1.5.3 Визуелна и концептуална повеќеслојност
1.5.4 Колажот како просторна логика на коегзистенција

**1.6 Град-архипелаг и „град во град“**

1.6.1 Радикална автономија: моделот град во град
1.6.2 Град-архипелаг

1.6.3 Домувањето како урбан остров
1.6.4 Градот како систем од коегзистирачки автономни структури

**1.7 Заклучни согледувања**

1.7.1 Коегзистенцијата како повеќедимензионална матрица
1.7.2 Операционализација на коегзистенцијата како аналитички модел
1.7.3 Домувањето како медиум на коегзистенцијата

**2. ХРОНОЛОГИЈА НА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА УБАНИОТ ЦЕНТАР НА СКОПЈЕ (XX–XXI ВЕК)**

**2.1 Воспоставување на новата урбана форма: кон радијален град (1914–1929)**

2.1.1 Урбаниот контекст на почетокот на XX век
2.1.2 Урбаната форма како композиционен проблем
2.1.3 Радијалниот модел како модерна урбана рамка

**2.2 Трансформација на урбаната морфологија: од радијален кон линеарен систем (1948)**

2.2.1 Поствоената функционалистичка парадигма
2.2.2 Регулациониот план на Л. Кубеш (1948)
2.2.3 Синтеза: линеарниот модел и неговите морфолошки траги

**2.3 Постземјотресна обнова на градската форма (1965)**

**2.4 Критички заклучоци за трансформацијата на урбаното ткиво**

**3. ГРАДСКИ ЅИД: ЕКСКЛУЗИВНА СТРУКТУРА ОД ПОСТЗЕМЈОТРЕСНАТА ОБНОВА НА СКОПЈЕ**

**3.1 Постземјотресна обнова и урбаниот центар**

3.1.1 Земјотресот и новата урбана парадигма
3.1.2 Процесот на обнова на домувањето

**3.2 Меѓународниот конкурс за централното подрачје на градот и проектот на Кензо Танге (1965)**

3.2.1 Авторски тимови и проектни позиции
3.2.2 Кензо Танге (Токио)
3.2.3. Р. Мишчевиќ и Ф. Венцлер (Загреб)
3.2.4 Ван ден Брук и Бакама (Ротердам)
3.2.5 Е. Равникар (Љубљана)
3.2.6 А. Ѓорѓевиќ (Белград)
3.2.7 С. Брезовски (Скопје)
3.2.8 Л. Пичинато (Рим)
3.2.9 М. Ротивал (Њујорк)
3.2.10 Критички пресек на интернационалниот конкурс за урбаниот центар на Скопје

**3.3 Проектот на Кензо Танге**

3.3.1 Конкурсен проект за Градскиот ѕид (1964)
3.3.2 Втора варијанта на планот

**3.4 Просторна конфигурација на Градскиот ѕид**

3.4.1 Реализација
3.4.2 Од визија кон фрагментарна реалност

**4. ГРАДСКИ ЅИД: ИНКЛУЗИВНА СТРУКТУРА ВО ПРОСТОРНИОТ И СОЦИЈАЛЕН КОНТЕКСТ**

**4.1 Типо-морфолошка рамка**

4.1.1 Формални карактеристики
4.1.2 Таксономија на изградената форма

**4.2 Историска рамка**

4.2.1 Хронолошка декомпозиција
4.2.2 Морфолошка стратификација (1965–2025)
4.2.3 Внатрешна диференцијација на модели

**4.3 Социолошка рамка: архитектурата како просторен социјален систем**

4.3.1 Архитектонската форма како општествен конструкт
4.3.2 Архитектурата како медијатор на секојдневните просторни практики
4.3.3 Коегзистенцијата како аналитичка категорија на домувањето во современиот град

**4.4 Емпириско истражување: социо-просторни аспекти на домувањето**

4.4.1 Социјална структура на домувањето во три урбани контексти
4.4.2 Простор на интеракција и заеднички практики
4.4.3 Перцепција на просторниот квалитет и социјалната припадност

**5. АРХИТЕКТОНСКИ ТАКТИКИ НА ИНТЕРВЕНЦИЈА: НОВИ ТИПОЛОГИИ НА КОЕГЗИСТИРАШКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕТО ВО ГРАДОТ**

**ЗАКЛУЧОК**

**БИБЛИОГРАФИЈА**

## СПИСОК НА СЛИКИ

**Слика 1.** Урбана морфологија на градот на новоформираниот дел на десната страна на реката Вардар, 1899 година
**Слика 2.** Урбана морфологија на градот и консолидиран урбан ценар на десната страна на реката Вардар, 1914 година
**Слика 3.** Урбана морфологија на градот со консолидиран радијален модел за урбаниот центар на десната страна на реката Вардар, 1929 година
**Слика 4.** Урбана морфологија на градот и линиските екстензии како систем на функционална организација, 1948
**Слика 5.** Урбана морфологија на градот во постземјотресниот контекст, 1963
**Слика 6.** Урбана морфологија на градот со структурата на Градскиот ѕид, 1963 / 2025
**Слика 7.** Урбана морфологија на градот во на избраните сегменти за истражување, 2025
**Слика 8.** Исечоци 400 x 400m: урбана морфологија на градот во периоди (вертикално) и избрани урбани сегменти 1-5 (хоризонтално)
**Слика 9.** Серија на изградено урбано ткиво преку примери од клучни историски секвенци (1899, 1914, 1929, 1948, 1963, 2025)
**Слика 10.** Урбана морфологија на урбаниот центар на Скопје - 1200 x 1200m, 1914 година. лево: генерален регулационен план на Скопје, Д. Леко (1914) / десно: постојна ситуација на урбано ткиво
**Слика 11.** Урбана морфологија на урбаниот центар на Скопје - 1200 x 1200m, 1929 година. лево: генерален регулационен план на скопје, Ј. Михајловиќ (1929) / десно: постојна ситуација на урбано ткиво
**Слика 12.** Урбана морфологија на урбаниот центар на Скопје - 1200 x 1200m, 1948 година. лево: генерален регулационен план на Скопје на Л. Кубеш (1948) / десно: постојна ситуација на урбано ткиво
**Слика 13.** Урбана морфологија на урбаниот центар на Скопје - 1200 x 1200m, 1963 година. лево: урбан план на скопје од К. Танге (1964) / десно: постојна ситуација на урбано ткиво
**Слика 14.** Скулптура „шатор“, ја одбележа педесетгодишнината од катастрофалниот земјотрес. бетонски шатор како референца кога паркот служел како место за привремено сместување на жителите на разрушениот град. Градски парк, автори: Сергеј Николовски и Милан Мијалковиќ, 2013, (фото: Минас Бакалчев)
**Слика 15.** Планот на Скопје пред земјотресот во 1963 година и неговите проширувања до 1964 година (Галиќ, Ристо и Соколов, Леонид (1964). Студија за нов план на Скопје, Архитектура урбанизам, 28).
**Слика 16.** Архипелаг од субурбаните фрагменти: реконструкција на дистрибуцијата на префабрикуваните населби во скопската котлина 1963/1964.
**Слика 17.** Фотографии од конкурниот модел на осум интернационални тимови
**Слика 18.** План на намена на програми во урбаниот центар
**Слика 19.** План на изведба во фази
**Слика 20.** План на транспорт, коловоз, паркинг, пешачки патеки, пешачки платформи
**Слика 21.** Првнонаградениот конкурен проект на јапонскиот тим.
Ситуација на Градскиот ѕид, источно: Републички центар и Градската порта
**Слика 22.** Втора варијанта, ситуација на Градскиот ѕид
**Слика 23.** Простосрната конфигурација на Градскиот ѕид во IX варијанта на планот
**Слика 24.** Фотографии од модел на јапонскиот проект од IX-та варијанта
**Слика 25.** Ситуација на Градкиот ѕид со извлечени објекти од предземјотресниот период
**Слика 26.** Споредбена анализа на еволуција на архитектонскиот проект за урбаниот центар. 1. Идејно конкурсно решение, 2. Втора варијанта на планот, 3. IX-та варијанта на планот како завршна фаза, 4. Ситуација на Градксиот ѕид со извлечени објекти од предземјотресниот период
**Слика 27.** Основа на приземје, мезанин и карактеристичен станбен кат на станбените кули и линискиот блок на Градскиот ѕид

**Слика 28.** Каталог на станбени едининци на Градскиот ѕид (станбени блокови и кули)
**Слика 29.** Ситуација на избраната зона на интерес составена од 5 (пет) урбани сегменти дефинирани со структурата на Градскиот ѕид
**Слика 30.** Основни урбани параметри за избраниот сегмент 1
**Слика 31.** Основни урбани параметри за избраниот сегмент 2
**Слика 33.** Основни урбани параметри за избраниот сегмент 3
**Слика 34.** Основни урбани параметри за избраниот сегмент 4
**Слика 35.** Основни урбани параметри за избраниот сегмент 5
**Слика 36.** Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 1
**Слика 37.** Таксономија на изградена форма на избран сегмент 1
**Слика 38.** Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 1
**Слика 39.** Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 2
**Слика 40.** Таксономија на изградена форма на избран сегмент 2
**Слика 41.** Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 2
**Слика 42.** Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 3
**Слика 43.** Таксономија на изградена форма на избран сегмент 3
**Слика 44.** Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 3
**Слика 45.** Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 4
**Слика 46.** Таксономија на изградена форма на избран сегмент 4
**Слика 47.** Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 4
**Слика 48.** Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 5
**Слика 49.** Таксономија на изградена форма на избран сегмент 5
**Слика 50.** Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 5
**Слика 51.** Синтеза на таксономија на изградена форма преку програмска диференцијација
**Слика 52.** Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 1
**Слика 53.** Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 2
**Слика 54.** Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 3
**Слика 55.** Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 4
**Слика 56.** Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 5
**Слика 57.** Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 1
**Слика 58.** Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 2
**Слика 59.** Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 3
**Слика 60.** Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 4
**Слика 61.** Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 5
**Слика 62.** Декомпозиција на урбани сегменти преку внатрешно диференцирање на дистинктивни архитектонски модели
**Слика 63.** Декомпозиција на урбани сегменти преку внатрешно диференцирање на дистинктивни архитектонски модели
**Слика 64.** Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 1
**Слика 65.** Дистинктивен модел 1 – прекинати улици (ул. Орце Николов и ул. Чедомир Миндеровиќ)
**Слика 65.** Дистинктивен модел 1 – прекинати улици (ул. Орце Николов и ул. Чедомир Миндеровиќ)
**Слика 67.** Дистинктивен модел 3 – плато со храм (Соборен храм Св. Наум Охридски)
**Слика 68.** Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 2
**Слика 69.** Дистинктивен модел 4 – прекината улици во сегмент 2
**Слика 70.** Дистинктивен модел 5 – прекината улица во сегмент 2 (ул. Максим Горки)
**Слика 71.** Дистинктивен модел 6 – композиција на Градскиот ѕид во сегмент 2 и прекината улица (ул. Максим Горки)
**Слика 72.** Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 3

**Слика 73.** Дистинктивен модел 7 – хетерогена рабна морфологија на големиот ринг
**Слика 74.** Дистинктивен модел 8 – инсерт од област на образование во хетерогеното урбано ткиво (гимназија Јосип Броз - Тито)
**Слика 75.** Дистинктивен модел 9 – композиција на Градскиот ѕид во сегмент 3 како слоевите урбана структура
**Слика 76.** Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 4
**Слика 77.** Дистинктивен модел 10 – композиција на Градскиот ѕид во сегмент 4
**Слика 78.** Дистинктивен модел 11 – Зелен пазар
**Слика 79.** Дистинктивен модел 12 – оформување на работ на големиот ринг преку слободностоечки архитектонски елементи во зеленило
**Слика 80.** Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 4
**Слика 81.** Дистинктивен модел 13 – историски урбан остров од модерната со типологија на атриумска јавна зграда (Градска болница)
**Слика 82.** Дистинктивен модел 14 – зона на типолошка и просторна преклопеност
**Слика 83.** Дистинктивен модел 15 – композиција на Градски ѕид во урбан сегмент 5
**Слика 84.** Дистинктивен модел 16 –линеарни станбени блокови на радијалната оска кон плоштад Македонија
**Слика 85.** Социјалната структура на домувањето во три урбани контексти
**Слика 86.** Социјалните односи на домувањето во три урбани контексти
**Слика 87.** Перцепција на просторниот квалитет на домувањето во три урбани контексти
**Слика 88.** Визуелни претстави на соседството од жителите
**Слика 89.** Визуелни претстави на соседството од жителите (1,2.3) – ориентација и граници / внатрешна структура на релации
**Слика 90.** Визуелни претстави на соседството од жителите (4,5,6) – ориентација и граници / внатрешна структура на релации
**Слика 91.** Визуелни претстави на соседството од жителите (7,8,9) – просторот како релациско поле / урбана сценографоја на секојдрнавниот живот
**Слика 92.** Индекс на проекти во урбаната морфологија на Градскиот ѕид како и идеограми од архитектонската интервенција
**Слика 93.** Проект „Заборавената улица“ (Зејнеп Шерифи и Лилјана Атанасова)
**Слика 94.** Проект „Лебдечко плато“ (Емилија Димеска и Евгенија Томеска)
**Слика 95.** Проект „Екструдираната куќа“ (Марија Кутаноски и Елена Бачева)
**Слика 96.** Проект „Плоштад Слобода“ (Никита Врцкоска)
**Слика 97.** Проект „Прототип за доградба“ (Мартина Караскаковска)
**Слика 98.** Проект „Кулата која недостасува“ (Стефанија Тутеска и Вероника Беличкоска)
**Слика 98.** Проектот „Fun Palace / Палата на забава“ (Викторија Гоговска и Марија Ѓорѓовска)
**Слика 100.** Проект „Инфраструктура на заедничките активности“ (Ива Божиновска и Сара Бениќ)

**ВОВЕД**

Градот Скопје се артикулира како стратифициран морфолошки систем во кој урбаните структури произведени во различни историски контексти не се заменуваат линеарно, туку опстојуваат како паралелно активни слоеви во рамките на заедничка просторна матрица. Урбаната форма, оттука, не може да се интерпретира како резултат на линеарна еволуција или како финализирана целина, туку како синхрона конфигурација на дијахронски произведени модели. Истовременоста на различни просторни логики не претставува преодна состојба, туку структурна карактеристика на градот.

Во рамките на ова истражување, домувањето се поставува како примарен аналитички медиум преку кој оваа структурна истовременост станува читлива. Како најперзистентен сегмент на урбаната структура, станбената типологија не ја одразува само историската и идеолошката матрица на својот настанок, туку продолжува да функционира како активен морфолошки и социо-просторен режим во современиот град. Преку домувањето се артикулира односот помеѓу перманентноста на формата и трансформацијата на социјалните практики, однос што ја конституира динамиката на урбаната структура.

Основната позиција на трудот е дека коегзистенцијата на различни модели на домување не претставува аномалија ниту последица од недовршени планерски визии, туку конститутивен механизам на урбаната форма. Хетерогеноста не се третира како нарушување на кохерентноста, туку како структурна состојба што ја дефинира комплексноста на современиот град. Наместо логика на замена и супституција, се предлага читање на градот како поле на паралелно дејствување на диференцијални типо-морфолошки и социјални системи.

Скопје се разгледува како критичен пример за ваква урбана конфигурација, поради серијата историски дисконтинуитети што ја обликувале неговата морфологија во текот на XX век. Посебен аналитички фокус е насочен кон Градскиот ѕид како концентриран израз на модернистичката визија за колективно домување и како морфолошка структура што денес функционира во релација со претходните и последователните урбани слоеви. Неговата позиција овозможува испитување на односот помеѓу проектната намера, реалната просторна состојба и социјалната употреба.

Трудот е структуриран во неколку меѓусебно поврзани целини. Најнапред се формулира научниот проблем и се дефинира предметот на истражувањето. Потоа се разработуваат теоретските претпоставки и истражувачките цели, по што следува артикулација на методолошката рамка. Централниот дел е посветен на анализа на коегзистирачките модели на домување во централното урбано ткиво на Скопје, со посебен акцент на студијата на случај на Градскиот ѕид. Трудот завршува со синтетичка интерпретација на резултатите, формулирање на научниот придонес и разгледување на можните насоки за понатамошни истражувања.

**Проблем на истражувањето**

Современата урбана теорија и планерска практика долго време го третираат градот како резултат на линеарен развоен процес, во кој новите просторни модели ги заменуваат претходните, а секоја историска фаза се интерпретира како надминување на претходната. Во ваквата рамка, урбаната форма се чита како последователност од епизоди што се појавуваат, доминираат и исчезнуваат. Овој модел на интерпретација имплицира логика на замена и супституција, при што хетерогеноста на градот се перципира како привремена или недовршена состојба. Меѓутоа, реалната морфолошка структура на современите градови, особено оние со изразени историски прекини, укажува на поинаква состојба. Наместо чиста еволуција или целосна замена, урбаното ткиво се конституира како слоевит систем во кој различни архитектонски и типолошки модели продолжуваат да опстојуваат паралелно. Историските слоеви не исчезнуваат целосно со појавата на нови планерски концепти, туку се впишуваат во заедничка просторна матрица, создавајќи состојба на истовременост на различни урбани логики.

Овој феномен станува особено изразен во градови со силни планерски и идеолошки пресврти. Во такви контексти, новите урбани модели често се воведуваат преку радикални интервенции, но нивната реализација останува делумна или фрагментарна. Наместо унифицирана форма, резултатот е комплексна морфолошка структура во која различни модели на домување, различни типолошки матрици и различни социјални режими функционираат во непосредна просторна близина.

Градот Скопје претставува парадигматичен пример на ваква состојба. Неговата урбана трансформација во текот на XX век не се одвива како постепена надградба, туку преку серија на дисконтинуитети поврзани со различни планерски визии и историски настани. Особено значајна е постземјотресната реконструкција од 1960-тите години, во рамките на која се артикулира модернистичкиот проект на Градскиот ѕид како доминантна станбена структура во централното градско подрачје. Сепак, наместо да продуцира унифицирана урбана целина, оваа интервенција влегува во активен однос со претходните и последователните морфолошки структури. Историските јадра, раномодерните и модерните станбени блокови, фрагментарните транзициски интервенции и современите инфилтрации коегзистираат во рамките на истиот урбан простор. Градскиот ѕид, наместо да функционира како изолиран и затворен систем, се покажува како дел од поширока мрежа на просторни и социјални релации.

Проблемот на истражувањето произлегува токму од оваа состојба: постои јасен јаз помеѓу теоретските модели што го интерпретираат градот како хомоген и кохерентен систем и емпириската реалност на градот како слоевита, хетерогена и паралелно структурирана форма. Недостасува аналитички инструмент што ќе овозможи систематско читање на истовременоста на различни модели на домување како структурен принцип, а не како аномалија или резултат на неуспешна реализација.

Во таа смисла, централниот научен проблем што го отвора ова истражување може да се формулира како прашање:

**Како да се теоретизира и аналитички операционализира состојбата на коегзистенција на различни типо-морфолошки и социјални модели на домување во рамките на современиот град?**

Истражувањето полага дека коегзистенцијата не претставува споредeн ефект од историски прекини или недовршени планови, туку конститутивен механизам на урбаната форма. Преку систематска анализа на домувањето како најперзистентен и најраспространет урбан сегмент, трудот настојува да развие аналитичка рамка што ќе ја направи оваа состојба читлива, споредлива и интерпретативно употреблива.

На овој начин, проблемот не се сведува на опис на хетерогеноста, туку на потребата од концептуален и методолошки модел што ќе ја објасни структурната логика на истовременоста во урбаното ткиво.

**Предмет на истражувањето**

Предмет на ова истражување е коегзистенцијата на различни модели на домување во централното урбано ткиво на градот Скопје, анализирана низ нивните типо-морфолошки, просторни и социјални карактеристики во периодот од почетокот на XX век до почетокот на XXI век.

Истражувањето не го третира домувањето како изолиран архитектонски објект, ниту како исклучиво програмска категорија, туку како структурен елемент на градската форма. Домувањето се разгледува како типолошка и морфолошка матрица што ја организира урбаната структура, ја дефинира просторната густина, ги формира јавните и полујавните домени и посредува во секојдневните социјални релации. Во таа смисла, предметот не е поединечна станбена зграда или изолиран ансамбл, туку односот помеѓу различни станбени модели што историски се формирале во различни идеолошки, планерски и културни контексти, а денес опстојуваат истовремено во рамките на истиот урбан простор.

**Истражувањето се спроведува преку интегрирана аналитичка рамка што ги поврзува типо-морфолошката, хронолошката и социо-просторната анализа во единствен, кохерентен методолошки пристап.**

Во типо-морфолошка смисла, фокусот е насочен кон различните станбени структури како просторни матрици со диференцијална организациска логика. Станбените структури не се третираат како изолирани типолошки единици, туку како хетерогени и диференцијални модели што опстојуваат во рамките на иста урбана матрица. Анализата ги согледува истовремено на дијахронски и синхронски план: од една страна, како производ на различни историски и идеолошки контексти, а од друга, како паралелно активни системи што коегзистираат во современата морфологија на градот. Во таа перспектива, станбените конфигурации се разгледуваат како диференцијални морфолошки системи што коегзистираат во рамките на ист урбан контекст. Нивната анализа не се заснова на формална усогласеност, туку на испитување на нивната структурна автономија, нивната просторна артикулација и начинот на нивна интеграција во пошироката градска матрица. Секоја конфигурација се согледува како носител на сопствена типолошка логика, која функционира паралелно со други, често концептуално различни системи. На тој начин, урбаната форма се чита како синхрона композиција на дијахронски произведени модели, чие заемно присуство ја конституира комплексноста на градот.

Оваа морфолошка анализа се надополнува со хронолошко читање на урбаната трансформација, при што централното градско ткиво се разгледува како резултат на низа планерски и идеолошки пресврти што не се поништуваат меѓусебно, туку опстојуваат како паралелни слоеви во современата структура. Истражувањето не ги третира овие фази како последователни замени, туку како истовремено активни системи чија преклопеност ја дефинира актуелната морфологија на градот.

Паралелно, се применува социо-просторна анализа што го испитува односот помеѓу архитектонската структура и секојдневните практики на живеење. Просторот се чита како медиум што овозможува, насочува или ограничува одредени облици на приватност, колективност и соседски релации. На тој начин, коегзистенцијата се анализира како динамичен однос помеѓу просторната организација и социјалната употреба, во кој различните модели на домување продуцираат различни модалитети на јавност и заедничко живеење.

Со ваквата методолошка синтеза, коегзистенцијата се артикулира како оперативна аналитичка категорија, препознатлива во конкретните морфолошки структури, историски слоеви и социјални практики што ја обликуваат современата урбана реалност.

Во овој контекст, **Градскиот ѕид** и неговите допирни станбени зони се дефинираат како примарна студија на случај. Тој се третира двојно:

1. Како специфичен модернистички модел на колективно домување со јасно артикулирана просторна и програмска логика;

2. Како морфолошки и социјален сегмент што денес функционира во директна релација со историските слоеви и поновите фрагментарни интервенции.

Предметот на истражувањето, оттука, не е евалуација на „успешноста“ на одреден планерски проект, ниту нормативна проценка на одредена типологија, туку анализа на односите што се воспоставуваат помеѓу различни модели на домување во услови на истовремена просторна присутност.

Фокусот е ставен на следното прашање:

Како различните типо-морфолошки системи на домување, генерирани во различни историски контексти, продолжуваат да функционираат, да се трансформираат и да влегуваат во релација во рамките на истата урбана матрица?

Со тоа, предметот на истражувањето ја надминува чисто дескриптивната анализа на урбаното наследство и се насочува кон испитување на коегзистенцијата како структурен принцип на современиот град.

**Теоретски претпоставки на истражувањето**

**Општа хипотеза**

Современиот град функционира како структурирана истовременост на диференцијални модели на домување, чија паралелна активност ја дефинира неговата морфолошка и социјална комплексност.

Оваа хипотеза поаѓа од ставот дека урбаната форма не е резултат на единствен планерски ред, туку на акумулација на различни архитектонски логики што продолжуваат да дејствуваат истовремено. Наместо градот да се чита како последователна замена на модели, тој се анализира како поле на синхроно присуство на различни типо-морфолошки структури. Потврдувањето ќе се врши преку дијахрона реконструкција и синхрона анализа на централното урбано ткиво на Скопје.

**Темпорално аналитично ниво**

Станбените модели во градот не се заменуваат линеарно, туку опстојуваат како истовремено активни историски слоеви.

Истражувањето претпоставува дека урбаната трансформација не функционира како целосно бришење на претходните структури, туку како нивна реартикулација во нов контекст. Одредени морфолошки матрици задржуваат организациска улога и по промена на социјалните и идеолошките услови. Ова ќе се испитува преку реконструкција на урбаните пресврти и анализа на нивното паралелно присуство во современата структура на градот.

**Морфолошко аналитичко**

Коегзистенцијата се манифестира преку диференцијалната структурна логика на станбените конфигурации, а не преку нивна формална унификација.

Оваа хипотеза се темели на претпоставката дека различните модели на домување поседуваат сопствени организациски принципи што не се редуцираат на единствен формален јазик. Тие функционираат како автономни, но релациски поврзани делови на урбаната структура. Потврдувањето ќе се врши преку типо-морфолошка анализа што ги испитува нивните просторни матрици и нивното меѓусебно позиционирање во рамките на исти урбани фрагменти.

**Социо-просторно аналитично ниво**

Просторната организација на домувањето активно влијае врз моделите на секојдневна социјална интеракција и формира различни модалитети на коегзистенција.

Хипотезата претпоставува дека архитектонската форма не е неутрална, туку генерира одредени степени на приватност, колективност и јавност. Различните станбени структури создаваат различни релациски модели помеѓу индивидуата и заедницата.

Ова ќе се испитува преку поврзување на морфолошката анализа со социо-просторни индикатори и теренски податоци.

**Оперативно аналитичко ниво**

Коегзистенцијата може да се третира како оперативен аналитички и проектантски инструмент, а не како случајна последица од урбана фрагментација.

Истражувањето претпоставува дека состојбата на хетерогеност не мора да се чита како проблем, туку како структурен ресурс. Преку соодветна интерпретација и артикулација на постојните слоеви, коегзистенцијата може да стане основа за критичко проектантско дејствување. Валидноста ќе се тестира преку анализа на постојните состојби и преку проектантски сценарија што ја третираат диференцијацијата како генеративен принцип.

**Цел на истражувањето**

Целта на ова истражување е теоретски и аналитички да ја артикулира коегзистенцијата на различни модели на домување како структурен принцип на современата урбана форма. Наместо хетерогеноста да се третира како случајна последица од историски прекини или недовршени планерски визии, трудот има за цел да покаже дека истовременоста на различни типо-морфолошки и социјални системи претставува конститутивна логика на градот.

Целите на истражувањето се формулирани на повеќе меѓусебно поврзани нивоа. На документарно ниво, истражувањето настојува систематски да ги евидентира и анализира различните просторни фрагменти на централното градско подрачје на Скопје преку типо-морфолошка анализа, со цел да ја реконструира нивната структурна и организациска логика. На хеуристичко ниво, фокусот е насочен кон идентификација на релациите помеѓу просторната структура и социјалната организација, односно кон препознавање на различните модалитети на живеење што произлегуваат од различните модели на домување. На методолошко ниво, целта е да се развие интегриран аналитички пристап за читање на сложената и често противречна просторна и социјална структура на градот, кој ќе овозможи коегзистенцијата да се интерпретира како активен и динамичен процес, а не како статична состојба.

Градот се разгледува истовремено на хронолошки, просторен и социјален план. Преку примерот на Скопје се реконструираат основните слоеви на урбаната стратификација: на парадигматичен план, преку хронологијата на различните планерски и историски епизоди; на синтагматски план, преку истовременото присуство на различни просторни системи во конкретни урбани фрагменти; и на социјален план, преку анализа на секојдневните практики на живеење во различни типологии на домување.

Во таа смисла, целта не е само опис на урбаната сложеност, туку развивање на аналитичка рамка што ја прави коегзистенцијата читлива, споредлива и интерпретативно употреблива како основа за понатамошна критичка анализа и проектантско дејствување.

**Методолошка рамка**

Методолошката рамка на истражувањето се заснова на интеграција на урбаната морфологија, архитектонската типологија и социо-просторната анализа, со цел систематско испитување на коегзистенцијата на различни модели на домување во централното урбано ткиво на Скопје. Градската структура се третира како стратифициран систем во кој историски произведени просторни матрици продолжуваат да функционираат паралелно, воспоставувајќи сложени релации на преклопување, адаптација и трансформација.

Во морфолошка смисла, анализата се фокусира на станбените конфигурации како диференцијални просторни системи со сопствена организациска логика. Наместо формална класификација, акцентот е ставен на нивната структурна конституција, односот кон урбаната матрица и начинот на нивна интеграција во поширокото градско ткиво. Станбените структури се разгледуваат синхроно,како истовремено активни системи  и дијахроно, како производ на различни историски и идеолошки контексти.

Хронолошката анализа ја реконструира трансформацијата на централното подрачје преку идентификација на клучните планерски и историски пресврти. Овие фази не се интерпретираат како линеарни замени, туку како паралелно присутни слоеви чија коегзистенција ја дефинира современата морфологија на градот.

Социо-просторната анализа го испитува односот помеѓу архитектонската структура и секојдневните практики на живеење. Просторот се третира како медиум што посредува помеѓу приватното и колективното, и како рамка што овозможува различни степени на јавност, соседство и заедничко користење. На овој начин, коегзистенцијата се анализира не само како морфолошка, туку и како релациска и социјална состојба.

Методолошкиот пристап е компаративен и повеќеразмерен. Анализата се одвива на ниво на урбан фрагмент, на ниво на станбена структура и на ниво на пошироката морфолошка матрица, со цел да се воспостави врска помеѓу поединечните конфигурации и целината на градот. Со ова, коегзистенцијата се операционализира како аналитичка категорија што може да се идентификува, споредува и интерпретира во конкретни просторни услови.

Методологијата, оттука, не функционира само како инструмент за опис, туку како критичка рамка преку која се чита структурната истовременост на различни модели на домување како конститутивна карактеристика на современиот град.

**Научен придонес**

Научниот придонес на истражувањето се артикулира на теоретско, методолошко и апликативно ниво, преку систематско разработување на коегзистенцијата како аналитичка и проектантска категорија во доменот на домувањето и урбаната морфологија.

**Теоретски придонес**

Истражувањето воспоставува прецизна концептуална рамка преку која коегзистенцијата се дефинира како структурен принцип на урбаната форма, а не како секундарен ефект на историска фрагментација. Наместо градот да се чита како последователна замена на модели, се предлага интерпретација на урбаната структура како синхрона композиција на дијахронски произведени типо-морфолошки системи. Со тоа, коегзистенцијата се артикулира како темпорална, морфолошка и социо-просторна категорија што овозможува поинакво читање на современиот град.

**Методолошки придонес**

Трудот развива интегрирана аналитичка рамка што ги поврзува урбаната морфологија, архитектонската типологија и социо-просторната анализа во единствен истражувачки модел. Оваа рамка овозможува коегзистенцијата да биде операционализирана и мерливо испитувана преку конкретни морфолошки структури, историски слоеви и социјални практики. Со тоа, се надминува редуктивното разгледување на станбените модели како изолирани објекти и се воспоставува компаративен инструмент за анализа на нивната структурна истовременост.

**Емпириски придонес**

Преку систематска анализа на централното урбано ткиво на Скопје, а особено на Градскиот ѕид и неговите допирни станбени зони, истражувањето обезбедува детална реконструкција на урбаната стратификација во периодот од почетокот на XX до почетокот на XXI век. Оваа реконструкција ја прави видлива паралелната активност на различни станбени матрици и ја демонстрира нивната релациска поврзаност во современата морфологија на градот.

**Проектантска импликација**

Истражувањето предлага коегзистенцијата да се третира како продуктивен принцип за идни интервенции во слоевити урбани контексти. Наместо хомогенизација или радикална супституција, се предлага стратегија на структурна диференцијација и свесно вградување во постојната морфолошка матрица. На тој начин, коегзистенцијата се трансформира од описна категорија во оперативна рамка за архитектонско дејствување.

# 1. КОЕГЗИСТЕНЦИЈА: ОД КОНЦЕПТ ДО ТЕОРЕТСКА ОСНОВА ВО АРХИТЕКТУРАТА

## Поимот *коегзистенција*: етимологија и општа теоретска рамка

Поимот коегзистенција потекнува од латинскиот израз *co-existere*, составен од префиксот *co-* (заедно) и глаголот *existere* (да постои, да се појави, да излезе во стварноста). Во своето основно значење, терминот упатува на состојба на истовремено постоење на повеќе ентитети во заеднички простор и време, без имплицитна претпоставка за нивна хомогеност или заемна усогласеност (Lewis and Short, 1879). Веќе на етимолошко ниво, коегзистенцијата не означува единство, туку релациска состојба во која постоењето е дефинирано преку однос со други присутни елементи.

Во современата општа употреба, поимот се применува за да се опише состојба на паралелно присуство на различни форми, системи или групи во рамките на една заедничка рамка, при што нивната поврзаност не произлегува од идентичност, туку од заемна условеност. Ова значење е јасно артикулирано и во современите енциклопедиски и филозофски дефиниции, каде коегзистенцијата се разбира како состојба на „постојано и истовремено присуство на повеќе различни ентитети, без нивно меѓусебно поништување“ (Oxford English Dictionary, n.d.). Научната артикулација на поимот добива особена прецизност во екологијата, каде коегзистенцијата се користи за да се опише стабилното опстојување на повеќе видови во ист екосистем. Во овој контекст, рамнотежата не се постигнува преку елиминација на конфликтот, туку преку негово структурирање — диференцијација на ниши, ресурси и функции што овозможуваат паралелно постоење (Gause, 1934). Ова разбирање е клучно, бидејќи коегзистенцијата се дефинира како активна и одржлива состојба, а не како привремен компромис. Таа подразбира јасни релации, ограничувања и механизми на регулирање, преку кои различните елементи можат да останат истовремено присутни во истиот систем. Слична логика се појавува и во социјалната и политичката теорија, каде коегзистенцијата се користи за да се опише паралелното опстојување на различни интереси, идентитети или начини на живот во рамките на заедничко општество. Наместо да се третира како идеал на хармонија, коегзистенцијата се разбира како состојба на плуралност во која разликите се признаени и институционално врамени, а не поништени. Во оваа перспектива, стабилноста на заедничкиот простор не произлегува од унификација, туку од способноста на системот да ги одржува и посредува разликите (Arendt, 1958).

Како општ теоретски поим, коегзистенцијата, оттука, не означува ниту консензус, ниту синтеза, туку структурирана истовременост на различни ентитети кои делат заедничка рамка. Ова разбирање претставува основа за неговата продуктивна транслација во архитектонската и урбаната теорија, каде градот може да се чита како простор на паралелно присуство на различни форми, типологии и начини на живеење, чие заемно дејствување ја дефинира неговата конкретна состојба.

**Коегзистенцијата како аналитички проблем во архитектурата на градот**

Современиот град не може повеќе да се чита како производ на единствена урбана логика или како резултат на кохерентна и завршена планерска визија. Неговата форма се конституира преку истовремено присуство на различни морфолошки структури, типолошки системи и просторни принципи кои потекнуваат од различни историски фази, но продолжуваат да функционираат во заедничка урбана рамка. Наместо линеарен развоен наратив, урбаната структура се појавува како поле на преклопување, дисконтиниутет и паралелна активност на различни модели. Токму оваа состојба претставува почетната аналитичка позиција на истражувањето.

Во рамките на овој труд, поимот **коегзистенција** не се употребува како општа дескриптивна ознака за разновидност, туку како прецизен аналитички концепт. Тој означува структурирана истовременост на различни архитектонски и урбани логики кои опстојуваат во иста просторна матрица без да бидат редуцирани на единствен формален или концептуален модел. Коегзистенцијата, во оваа смисла, не подразбира хармонија, ниту синтетичко обединување, туку стабилизирана состојба на разлика. Единството на градот не произлегува од хомогенизација, туку од релациона организација која овозможува различните слоеви да функционираат паралелно.

Теоретскиот потенцијал на поимот произлегува од неговото потекло во дисциплини како екологијата и политичката теорија, каде коегзистенцијата означува одржливо паралелно постоење на различни системи во рамките на заедничка средина. Пренесен во архитектонскиот и урбаниот дискурс, концептот овозможува градот да се чита како слоевит и хетероген систем, во кој историски различни просторни модели остануваат истовремено активни. Наместо да се третираат како последователни фази во процес на модернизација, тие се разбираат како паралелно присутни структури чија меѓусебна релација ја дефинира конкретната урбана состојба.

Важно е да се нагласи дека архитектонската коегзистенција не е нужно резултат на постепена еволуција. Таа често се појавува како последица на структурни прекини, нагли трансформации и идеолошки пресврти кои произведуваат преклопување на различни урбани логики во ист простор. Во такви ситуации, новите интервенции не ги елиминираат целосно постојните слоеви, туку се впишуваат врз нив, создавајќи состојба на истовремено присуство без целосна интеграција. Оваа состојба не се третира како дефект на урбаната форма, туку како показател за нејзиниот структурен капацитет да апсорбира различност и да ја стабилизира во рамки на поширока организациска целина. Архитектонската теорија од втората половина на XX век индиректно го артикулира овој проблем преку концепти како перманентност, капацитет на формата, отворена структура, урбана фрагментација и колажна организација. Иако тие не ја користат експлицитно терминологијата на коегзистенцијата, тие овозможуваат нејзино аналитичко прецизирање. Преку овие теоретски позиции станува можно коегзистенцијата да се дефинира како структурен принцип на урбаната форма, а не како случајна или преодна состојба.

Во рамките на ова истражување, коегзистенцијата се дефинира како аналитички инструмент за истовремено читање на темпоралните, морфолошките и социјалните аспекти на урбаното домување. Таа не се поставува како нормативна цел кон која архитектурата треба да тежнее, туку како критичка рамка за разбирање на реалните урбани состојби. Врз оваа основа, следните подточки ја разработуваат теоретската рамка преку клучни автори и концепти кои овозможуваат понатамошна анализа на коегзистирачките модели на домување и нивната улога во трансформацијата на градската форма.

## 1.1 Градот како колективен „урбан артефакт“ на Алдо Роси

### 1.1.1 Градот како наталожена историска структура

Во модернистичката традиција на урбаното планирање, градот најчесто се разбира како рационално организиран систем чија форма произлегува од функцијата и рационална програмска распределба. Урбаната форма се третира како резултат на оптимизација: просторната конфигурација е изведена од потребите на сообраќајот, производството, домувањето и администрацијата. Во теоријата на Алдо Роси, ваквото разбирање се проблематизира. Градот не се сведува на функционална схема, ниту на агрегат од тековни активности, туку се артикулира како историски конструирана структура со сопствена автономија.

Во оваа перспектива, урбаната форма не се третира како непосредна реакција на тековната програма, туку како резултат на долготрајна акумулација на типолошки матрици на домување, историски јадра, јавни простори и структурни оски. Градот се појавува како колективна временска конструкција - просторна конфигурација што ги надминува конкретните општествени услови во кои се формирани неговите поединечни сегменти. Оттука, анализата на урбаната форма мора да го вклучи историскиот слој како активна и конститутивна компонента на морфолошкото истражување.

### 1.1.2 Урбаниот артефакт и автономијата на формата

Клучниот поим преку кој Роси ја развива оваа позиција е „урбаниот артефакт“ (Rossi, 1982). Тој означува архитектонски и урбани елементи што поседуваат степен на автономија во однос на својата првична намена. Таквите структури не исчезнуваат кога нивната функција се менува; напротив, тие продолжуваат да ја организираат урбаната матрица, станувајќи носители на просторен континуитет.

Автономијата овде не подразбира изолираност на формата, туку нејзина способност да ја задржи сопствената структурна логика и по трансформацијата на програмата. Урбаниот артефакт не се дефинира преку својата моментална функција, туку преку неговата морфолошка конститутивност во рамките на градската структура. Неговата релевантност произлегува од способноста да ја стабилизира и артикулира урбаната организација низ различни историски фази. Во таа смисла, формата не е секундарен резултат на употребата, туку медиум преку кој градот ја одржува сопствената структурна и историска кохерентност.

### 1.1.3 Перманентноста како структурен принцип

Во оваа теоретска рамка, историската трансформација не се чита како серија на прекини и целосни замени, туку како процес на реартикулација. Одредени просторни конфигурации исчезнуваат или се маргинализираат, но други опстојуваат и ја задржуваат својата организациска функција. Перманентноста не е случаен остаток од минатото, туку активен структурен принцип на градот.

Парцеларните мрежи, осовинските линии, типолошките матрици на домување или институционалните јадра често покажуваат поголема историска стабилност од политичките и економските режими што ги генерирале. Тие се трансформираат, но не се поништуваат целосно. Континуитетот, според тоа, не означува непроменливост, туку способност на формата да апсорбира нови содржини без да ја изгуби сопствената просторна логика. Во таа смисла, градот се појавува како слоевита морфолошка структура, во која различни временски фази опстојуваат паралелно и се читаат преку материјалните траги што ги оставаат.

### 1.1.4 Домувањето како носител на урбаната перманентност

Во рамките на ова истражување, концептот на урбан артефакт добива конкретна аналитичка насока преку прашањето на домувањето. Станбените структури, поради својата масовност, просторна дистрибуција и долготрајност, претставуваат еден од најконзистентните носители на урбаната перманентност.

Домувањето не е само функција, туку типолошка и морфолошка матрица што ја организира градската форма. Промените во моделите на живеење не секогаш резултираат со целосно нови просторни конфигурации; често тие се впишуваат во постојните типолошки рамки, адаптирајќи ги без да ги елиминираат. Оттука, анализата на коегзистирачките модели на домување станува клучен инструмент за читање на градот како историски континуиран, но структурно трансформибилен систем.

Прашањето што произлегува од оваа позиција не е дали формата се менува, туку како таа задржува капацитет да интегрира различни временски слоеви и различни начини на живеење. Токму ова води кон следната теоретска димензија: од перманентната форма кон нејзиниот социјален капацитет и можноста за присвојување.

## 1.2 Од статична форма кон отворена рамка – Херман Херцбергер

### 1.2.1 Од статична урбана форма кон „отворена рамка“

Теоретската позиција на Херман Херцбергер означува премин од разбирање на архитектурата како финализиран и функционално детерминиран објект кон концепт на форма како отворена просторна рамка. Архитектурата не се третира како завршен производ чија смисла е исцрпена во моментот на изградбата, туку како структура чија целосност се реализира преку употребата. Во овој контекст, „недовршеноста“ не означува формална недефинираност, туку структурна отвореност. Формата поседува јасна организација, но не ја предодредува единствената можност на користење. Херцбергер го артикулира овој став преку поимот капацитет на формата (Hertzberger, 1991), кој означува способност на јасно конституирана архитектонска структура да прифати повеќекратни употреби без да ја загуби својата просторна кохерентност.

Клучната разлика што ја воспоставува е помеѓу флексибилност и поливалентност. Флексибилноста често подразбира формална неутралност и програмска неодреденост, додека поливалентноста се темели врз силно артикулирана структура што овозможува различни интерпретации токму преку својата определеност. Формата не се редуцира за да стане адаптабилна; таа ја задржува својата организациска логика и во услови на варијабилна употреба.

### 1.2.2 Присвојување и социјална коегзистенција

Во оваа теоретска рамка, корисникот не е пасивен примач на простор, туку активен чинител во неговата континуирана артикулација. Просторната структура воспоставува услови за употреба, но не ја диктира нивната единствена форма. Присвојувањето станува процес преку кој архитектонската форма добива социјална содржина.

Капацитетот на формата овозможува истовремено постоење на различни начини на живеење во рамките на истата просторна конфигурација. Коегзистенцијата, во овој контекст, не се заснова врз просторно раздвојување, туку врз споделување на структурна рамка. Домувањето се чита како организациски систем што овозможува паралелни релации, различни степени на приватност и разновидни модели на употреба. Социјалната коегзистенција, оттука, не претставува надворешна цел, туку вградена можност на самата просторна организација.

### 1.2.3 Архитектура на „помеѓу“ просторот (in-between)

Клучниот механизам преку кој оваа логика станува просторно оперативна се „помеѓу“ просторите. Тие не се резидуални површини, туку морфолошки артикулирани зони на транзиција што ја структурираат релацијата помеѓу приватното и колективното. Наместо јасна линија на разграничување, границата се организира како постепен премин. Архитектонската форма воведува градација на јавноста преку серија просторно дефинирани прагови и полујавни зони, со што се воспоставува континуум, а не бинарна поделба. Во овој модел, „помеѓу“ просторот функционира како структурен регулатор: ја медијира врската меѓу станбената единица и колективната рамка, без да ја

поништи автономијата на ниту една од нив. Токму преку оваа артикулација капацитетот на формата станува просторна, а не само теоретска категорија.

### 1.2.4 Капацитетот како структурен принцип

Во рамките на ова истражување, капацитетот на формата се третира како структурен принцип што овозможува долгорочна коегзистенција на различни социјални и типолошки конфигурации. Тој означува степен на отвореност на архитектонската структура кон трансформација без губење на организациската кохерентност. Домувањето, во оваа перспектива, се разбира како платформа способна да апсорбира промени во домаќинската структура, социјалните односи и начинот на користење, без распаѓање на основната морфолошка рамка. Капацитетот не ја предвидува иднината, туку создава услови за нејзино интегрирање во постојната структура. Со ова, теоретската рамка се поместува од поимот перманентност кон поимот процесуалност. Ако перманентноста ја означува историската стабилност на формата, капацитетот ја активира нејзината способност за континуирана адаптација. Овој премин отвора простор за разгледување на поширокиот концепт на отворена структура и процесуалност во рамките на урбаната форма, што ќе биде разработено во следната подточка.

### 1.3 Отворена структура како процесуален модел на градот: Јакоб Бакема

#### 1.3.1 Од затворен објект кон „урбана транзиција“

Теоретската позиција на Јакоб Бакема се развива во рамките на поширокaта критика на модернистичкото планирање артикулирана од Team 10, (Smithson, 1968) која го доведува во прашање моделот на градот како збир на автономни, функционално зонирани и формално завршени објекти. Наспроти ова, се воведува поимот човеков хабитат (*human habitat)*, не како стилска или програмска категорија, туку како структурно разбирање на просторот како средина за живот, трансформација и социјална интеракција (Bakema, 1964). Во овој контекст, архитектурата престанува да се третира како статичен артефакт и почнува да се разбира како дел од континуиран процес на урбана транзиција. Градот не е резултат на еден конечен план, туку отворен систем во кој различни просторни и социјални логики се надоврзуваат низ времето. Оваа промена во перспективата води кон концептот на *отворена структура* — архитектонски и урбан модел кој не е дефиниран преку својата финална форма, туку преку потенцијалот за раст, адаптација и трансформација. Централна за Бакема е идејата за структурен континуитет помеѓу различни размери на просторот. Преку формулата „од праг до град“, се укинува јасната граница помеѓу индивидуалното домување и колективната градска структура. Куќата, улицата, соседството и градот не се изолирани нивоа, туку делови од ист просторен систем, поврзани преку постепени транзиции. На овој начин, коегзистенцијата се поставува не како случајно преклопување на форми, туку како резултат на континуиран структурен однос.

#### 1.3.2 Диференцијација: примарна структура и секундарна варијација

Клучниот механизам преку кој отворената структура овозможува коегзистенција е јасната диференцијација помеѓу различни нивоа на трајност во просторот. Бакема воспоставува хиерархија во која примарната структура, инфраструктурата, носечките просторни матрици и главните комуникациски системи, има долгорочен карактер, додека секундарните елементи, станбените единици, просторните артикулации и индивидуалните адаптации, остануваат отворени за промена. Оваа поделба не е техничка, туку длабоко концептуална. Примарната структура не служи за да го контролира развојот, туку за да го овозможи. Таа создава стабилна рамка во која различни индивидуални и колективни интервенции можат да се приклучуваат без да го нарушат идентитетот на системот. Коегзистенцијата, во овој модел, не се постигнува преку унификација на формите, туку преку нивно вградување во заедничка структурна логика. Процесуалноста е суштинска карактеристика на овој пристап. Новите делови не го заменуваат постојното, туку стапуваат во дијалог со него. Градската форма се развива како „разговор во времето“, каде секоја интервенција ја признава претходната структура како активен услов. На тој начин, различни историски фази, типологии и начини на живеење можат да коегзистираат без да се сведат на заеднички формален јазик.

#### 1.3.3 Социјалниот аспект на отворената форма

Отворената структура кај Бакема не е само просторен или технички модел, туку јасно социјално ориентирана позиција. Во големи и комплексни урбани системи, индивидуата често ризикува да се изгуби во анонимноста на масата. Концептот на *визуелни групи* се појавува како обид да се надмине овој проблем, преку создавање просторни единици во кои поединците можат да се препознаат себеси како дел од поширока, но читлива целина. Идентитетот, во оваа рамка, не произлегува од изолација, туку од позиционирање во структурата. Отворената форма овозможува поединечните разлики да бидат видливи и артикулирани, без да го нарушат колективниот ред. Коегзистенцијата тука се темели на признавање на различноста како легитимен дел од заедничкиот просторен систем. Дополнително, отвореноста имплицира и демократска димензија. Правото на промена, адаптација и учество во обликувањето на просторот се третира како основен социјален услов. Архитектурата не ја фиксира иднината, туку создава услови таа да се развива преку дејствувањето на корисниците. Во таа смисла, отворената структура е просторен одраз на отворено општество, во кое коегзистенцијата се одржува преку постојана преработка, а не преку статичка стабилност.

### 1.3.4 Коегзистенција како процес

Во рамките на ова истражување, концептот на отворена структура се чита како клучна точка во преминот од коегзистенција како состојба кон коегзистенција како процес. Кај Бакема, коегзистенцијата не е нешто што едноставно „постои" во просторот, туку нешто што постојано се произведува преку релациите помеѓу стабилните рамки и променливите интервенции. Оваа перспектива ја трансформира коегзистенцијата во оперативна алатка за работа со неизвесноста на современиот град. Наместо фиксни планови и конечни визии, се предлага создавање на структурни рамки што можат да апсорбираат непредвидливи социјални, економски и културни промени. Архитектонската и градската форма не се гаранција за ред, туку платформа за негово континуирано преговарање. Отворената структура, така, овозможува долгорочна коегзистенција на различни начини на живеење без нивна насилна синхронизација. Таа не го елиминира конфликтот, туку го канализира во управлив процес на просторна трансформација. Коегзистенцијата се артикулира како временски и процесуален феномен, вграден во самата логика на градската форма. Додека перманентноста ја обезбедува историската длабочина, а капацитетот на формата ја овозможува социјалната присвојливост, отворената структура ја организира нивната динамика во поширок, долгорочен систем.

Ова отвора простор за следното прашање: како ваквите отворени и процесуални системи можат проектантски да се испитаат, тестираат и радикализираат преку експериментални методи. Токму тука се вклучува пристапот на Texas Rangers, кои ја трансформираат отворената структура од теоретски модел во активна проектантска пракса.

## 1.4 Експериментален и аналитички пристап: Texas Rangers

### 1.4.1 Архитектурата како поле на паралелни системи

Педагошкиот и теоретскиот пресврт поврзан со т.н. Тексашки Ренџери (*Texas Rangers)* претставува клучен момент во преосмислувањето на архитектурата по кризата на раниот модернистички проект. Во контекст на Универзитетот во Тексас, архитектонската едукација се дистанцира од идејата за универзални формални и социјални решенија и се насочува кон критичка анализа на самата структура на архитектонската форма. Наместо проектирањето да се третира како финална синтеза, акцентот се префрла кон декомпозиција, споредба и повторна артикулација на просторните односи.

Архитектурата се разбира како поле на паралелни системи, а не како единствен кохерентен формален ред. Методот на Колин Роу е суштински во ова поместување: преку компаративни анализи и формални паралели, формата се интерпретира како преклопување на различни геометриски, типолошки и историски логики што опстојуваат истовремено. Наместо еволуција кон „почист“ јазик, архитектурата се чита како акумулација на разлики. Оваа позиција дополнително се артикулира преку концептот на феноменална транспарентност (Rowe and Slutzky, 1984). Транспарентноста не се сведува на физичка проѕирност, туку означува перцептивна состојба во која истовремено се регистрираат повеќе просторни редови. Просторот станува слоевит не само материјално, туку и когнитивно. Паралелноста на системите останува читлива, без нивна редукција во единствена формална синтеза.

### 1.4.2 Автономија и релација: проектот како процес

Доколку Роу ја поставува теоретската рамка на паралелноста, тогаш експерименталната работа на Џон Хејдук ја радикализира идејата за автономија на архитектонските елементи. Преку вежбата „Деветте квадрати“, архитектурата се редуцира на основни релации помеѓу точка, линија и рамнина, со цел да се испита како автономни формални единици можат да опстојуваат во заедничка структура без хиерархиска доминација. Тука проблемот не е функционален, туку релациски. Секој елемент го задржува својот идентитет, но неговото значење произлегува од позицијата во мрежата на односи. Формата не се третира како затворен објект, туку како дел од структурирана релациска конфигурација. Во овој контекст, серијата и варијацијата стануваат клучни проектантски принципи. Проектот не се артикулира преку едно финално решение, туку преку низа формални состојби во кои секоја варијанта произлегува од претходната и ја трансформира нејзината логика. Единството не произлегува од идентичност, туку од релациска конзистентност. Формата не ја брише сопствената историја, туку ја инкорпорира, создавајќи процесуална длабочина.

### 1.4.3 Дијалектика на „полно–празно“

Еден од клучните теоретски придонеси поврзани со кругот на *Texas Rangers* е радикалното преиспитување на односот помеѓу полното и празното како основна морфолошка релација. Празнината не се третира како остаток што произлегува од одредена композиција, туку како активен и конститутивен елемент на архитектонската структура. Односот *празно-полно* се артикулира како релациска матрица во која изграденото и неизграденото меѓусебно се дефинираат и структурираат.

Во ова читање, архитектонската форма не се ограничува на својот волумен, туку се разбира како конфигурација што ја вклучува и празнината како носител на организациска логика. Просторот што се формира помеѓу објектите не е секундарен, туку рамноправен структурен чинилец на урбаната композиција. На тој начин, архитектурата се проширува во поширока мрежа на просторни односи, каде границата помеѓу објект и простор станува аналитички, а не апсолутен поим. Проектантските алатки што произлегуваат од ова размислување - колажот, овозможуваат работа со хетерогеноста како метод на контролирано преклопување на автономни системи, при што различните просторни логики се поставуваат во релација без нивно редуцирање на единствен формален јазик. Наместо конфликтот да се елиминира, се поставуваат во контролирана просторна релација. Повеќеслојноста станува свесно артикулирана состојба.

### 1.4.4 Коегзистенцијата како проектантска операција

Во рамките на ова истражување, пристапот на Texas Rangers се чита како момент во кој коегзистенцијата се поместува од аналитичка категорија кон свесна проектантска стратегија. Она што овие автори го демонстрираат е дека паралелноста на системите може да биде организирана преку јасни правила на автономија, преклопување и релација.

Еден архитектонски проект може истовремено да функционира на повеќе нивоа: како рационална просторна структура и како експресивна форма; како индивидуален објект и како дел од поширок урбан систем. Овие димензии не се редуцираат во единствено читање, туку опстојуваат паралелно. Во контекст на домувањето, ова отвора можност станбените структури да се артикулираат како повеќеслојни системи, во кои различни начини на користење и интерпретација можат да опстојуваат без меѓусебно поништување. Коегзистенцијата не се појавува како случајна состојба, туку како резултат на свесно структурирана релациска логика. Со тоа, архитектурата се разбира како поле на преклопени системи во кое значењето произлегува од нивната заемна напнатост, а не од нивно финално усогласување. Овој став логично води кон следното ниво на анализа: како ваквите аналитички операции се материјализираат во конкретната урбана форма — прашање што ќе биде разработено преку концептот на „Градот колаж“.

## 1.5 Град колаж и коегзистенција преку аналогни модели

### 1.5.1 Критика на „тоталниот урбанизам"

Концептот на градот како колаж се појавува како директна критика на модернистичкиот модел на тотален урбанизам, кој градот го третира како празна табла погодна за целосна рационална реорганизација. Логиката на *tabula rasa* подразбира дека историската сложеност претставува пречка за модерното живеење и дека таа треба да биде елиминирана во корист на унифициран, функционално оптимизиран просторен систем. Ваквиот пристап не само што ја поништува материјалната и социјалната меморија на градот, туку го редуцира урбаниот простор на инструмент на една доминантна идеологија. Критиката на овој модел не произлегува исклучиво од носталгија кон историскиот град, туку од свеста дека хомогената визија е неспојлива со демократската и плурална природа на урбаниот живот. Единствениот, сеопфатен план подразбира единствен начин на живеење, единствен просторен код и единствена социјална логика. На тој начин, утопијата на редот станува дистопија на исклучувањето. Во оваа рамка, концептот на *bricolage* станува клучна метафора за алтернативен архитектонски и урбанистички став. Наместо архитектот да дејствува како инженер кој создава систем од нула, тој се позиционира како бриколер — фигура која работи со затечени структури, фрагменти и логики, комбинирајќи ги без нивно целосно поништување. Овој пристап не ја негира рационалноста, туку ја преместува од апстрактен идеал кон конкретна, контекстуална операција.

### 1.5.2 Колажот како метод на организирана хетерогеност

Колажот, во теоретската артикулација на градската форма, не претставува хаотична акумулација, туку метод на организирана хетерогеност. Основната претпоставка е дека различните урбани и архитектонски фрагменти можат да коегзистираат без да бидат сведени на заеднички формален или типолошки именител. Автономијата на фрагментот е клучна: секоја структура задржува сопствена логика, историска длабочина и просторен идентитет. Во ваков модел, римски театар, ренесансен плоштад и модерен станбен блок не се читаат како фази во линеарна еволуција, туку како паралелно активни елементи во ист просторен систем. Нивното заемно присуство не бара синтеза, туку јасно артикулирани релации. Коегзистенцијата се постигнува преку позиционирање, дистанца и контактни зони, а не преку стилско усогласување. Централно место во ова размислување има дијалектиката на цврсто и празно (*solid and void*), која ја открива релациската природа на градската форма. Анализата на планот на Рим, особено преку мапата наНоли, покажува дека јавниот простор функционира како континуиран ентериер, додека приватните структури се читаат како автономни волумени. Оваа реверзибилност помеѓу полното и празното создава просторна рамка во која различните типологии можат да коегзистираат без конфликт.

### 1.5.3 Визуелна и концептуална повеќеслојност

Една од најзначајните карактеристики на колажниот град е неговата повеќекратна читливост. Градот може истовремено да се чита како историски документ или запис на различни политички, социјални и културни режими, но и како современ просторен механизам што ги поддржува актуелните форми на живеење. Овие читања не се исклучуваат, туку опстојуваат паралелно. Оваа повеќеслојност не создава нужно хармонија. Напротив, естетската и просторната напнатост помеѓу старото и новото е суштински дел од колажната логика. Контрастот не се доживува како проблем што треба да се „измазни", туку како продуктивна состојба што ја одржува урбаната форма отворена за интерпретација и промена. Коегзистенцијата тука се појавува како свесно прифатена неусогласеност. Колажниот град, на тој начин, го одбива идеалот на визуелна кохерентност во корист на концептуална комплексност. Наместо една доминантна слика, се појавува мрежа од делумни, понекогаш противречни перспективи. Токму оваа состојба му овозможува на градот да биде истовремено стабилен и адаптабилен.

### 1.5.4 Колажот како просторна логика на коегзистенција

Во рамките на ова истражување, колажот не се чита како стилска техника или површна композициона стратегија, туку како просторна етика. Тој претставува начин на управување со конфликтот помеѓу различните времиња, потреби и начини на живеење што се среќаваат во домувањето. Колажната логика не го елиминира конфликтот, туку го структурира и прави одржлив. Од оваа перспектива, колажот станува оперативна алатка за архитектонска интервенција во затечени градски ткива. Новите станбени модели не се вметнуваат преку доминација или бришење, туку преку инфилтрација — прецизно позиционирање во однос на постојните морфолошки и социјални структури. Интервенцијата не тежнее кон целосна трансформација, туку кон проширување на постојниот просторен репертоар. Ова има особено значење за домувањето, каде различни типологии, социјални структури и економски модели мораат да коегзистираат во непосредна близина. Колажната логика овозможува паралелно постоење на овие разлики без нивно присилно усогласување, отворајќи простор за плуралност и адаптација.

Како теоретска рамка, градот колаж ја артикулира коегзистенцијата како структурирана состојба на хетерогеност, заснована на автономија, релација и повеќекратна читливост. Наместо да понуди универзално решение, тој предлага начин на размислување и дејствување што го прифаќа конфликтот како составен дел од урбаната реалност. Ова отвора логичен премин кон следното ниво на анализа: како овие колажни фрагменти се групираат, одделуваат и координираат на поголема територијална скала. Токму тука концептот на град архипелаг и „град во град" ја презема улогата на аналитичка рамка за разбирање на коегзистенцијата на макро-ниво, што ќе биде разработено во следната подточка.

## 1.6 Град архипелаг и „град во град“

### 1.6.1 Радикална автономија: моделот „град во град“

Концептот на „град во град“ претставува една од најрадикалните и најконзистентни теоретски формулации на коегзистенцијата на територијално ниво. Тој се појавува во специфичен историски и просторен контекст: Берлин од 1970-тите години, град обележан со демографски пад, фрагментација и губење на традиционалниот урбан континуитет. Во рамките на проектот „The City in the City – Berlin: A Green Archipelago“, развиен под водство на О.М. Унгерс (Ungers, 1977), Берлин се третира како лабораторија за нов модел на урбана организација. Основната премиса на овој модел е отфрлањето на идејата дека градот мора да функционира како морфолошки и функционално континуирана целина. Наместо тоа, се предлага радикално диференциран град составен од автономни урбани јадра — „острови“ — распоредени во поле на празнини. Овој архипелашки модел не го третира празниот простор како привремена состојба што треба да се „пополнува“, туку како активен и структуриран елемент на градската форма. Одбивањето на хомогеноста тука не е естетска, туку системска одлука. Не е потребно целиот град да биде подеднакво изграден, густ и функционално интензивен за да биде витален. Напротив, виталноста произлегува од јасно дефинирани, силно артикулирани делови, чиј интензитет е стабилизиран токму преку нивната меѓусебна дистанца. Коегзистенцијата, во оваа рамка, не се базира на континуитет, туку на автономија.

### 1.6.2 Град „архипелаг’

Во рамките на архипелашкиот модел, односот помеѓу „островот“ и „морето“ функционира како аналитичка шема за разбирање на територијалната диференцијација на градот. „Островот“ се дефинира како просторно и морфолошки јасно ограничена урбана целина со високо ниво на внатрешна кохерентност — типолошка, програмска и структурна. Наспроти тоа, „морето“ го опишува системот на интермедијарни простори: зелени површини, инфраструктурни појаси и слабо или селективно изградени зони, кои не претставуваат остаток од урбаната структура, туку нејзина активна компонента. Клучната теоретска поента е дека овие интермедијарни простори не се третираат како недостаток на урбаност, туку како механизам за нејзина регулација. Преку воспоставување просторна дистанца, тие овозможуваат паралелно постоење на автономни урбани целини без нивна меѓусебна морфолошка или функционална апсорпција. На тој начин, разликите помеѓу поединечните урбани структури не се елиминираат, туку се стабилизираат преку јасно дефинирани територијални односи. Во ваква конфигурација, секоја урбана целина може да развие сопствена морфолошка и типолошка логика — било да станува збор за модернистички ансамбл, историско ткиво или инфраструктурно ориентирана структура — без потреба од нивно формално усогласување. Единството на градот не произлегува од хомогеност, туку од координацијата на автономни делови во рамките на заедничка територијална матрица. Архипелашкиот модел, на тој начин, артикулира форма на територијална

коегзистенција во која драстично различни социјални, економски и културни модели можат да опстојуваат паралелно, без да бидат сведени на единствен урбан код.

### 1.6.3 Домувањето како „урбан остров“

Во контекст на овој модел, домувањето добива особено значајна улога. Станбените структури и комплекси не се третираат како пасивни зони распределени рамномерно низ градот, туку како потенцијални „урбани острови“ — микро-градови со сопствена внатрешна логика, јавни простори и правила на функционирање. Овие станбени острови функционираат како автономни заедници, во кои одреден типолошки и социјален модел може да се развива и стабилизира без постојан притисок од надворешни, често контрадикторни урбани логики. Јасната граница не значи изолација, туку услов за зачувување на интегритетот. Токму преку дистанца се овозможува долгорочна коегзистенција. Во оваа перспектива, станбениот комплекс не е само агрегат од единици, туку територијално дефиниран ентитет. Неговата стабилност не произлегува од универзалност, туку од јасно артикулираната позиција во рамките на поширокиот архипелашки систем. Ова е особено релевантно за модернистичките станбени структури, кои често ја губат својата логика токму поради насилно вметнување во хомогенизирани планерски шеми.

### 1.6.4 Градот како систем од коегзистирачки автономни систем

Во рамките на ова истражување, архипелашкиот модел се реартикулира како критичка алатка за разбирање и управување со коегзистенцијата. Основната авторска теза е дека коегзистенцијата не секогаш се постигнува преку поврзување, интеграција и мешање. Во одредени услови, коегзистенцијата се манифестира токму преку диференцијацијата и границата. Од оваа позиција, преминот е јасен: од логика на спојување кон логика на разграничување. Наместо насилно поврзување на морфолошки и социјални системи, се предлага нивно јасно територијално позиционирање. Архипелагот може да се артикулира како оперативна стратегија за зачувување и стабилизирање на специфични модели на домување, особено оние со изразена типолошка конзистентност и историска слоевитост. Наместо нивна адаптација преку унифицирачки интервенции што ја релативизираат нивната внатрешна логика, овие станбени структури можат да се третираат како автономни урбани целини во рамките на поширока, хетерогена територијална матрица. Во таква поставеност, коегзистенцијата не се темели врз компромисно израмнување на разликите, туку врз јасно дефинирана позиционалност и структурна диференцијација. Автономијата функционира како услов за долгорочна стабилност, а дистанцата и границата како механизам за зачувување на урбаниот интегритет на ткивото на градот во услови на интензивна урбана трансформација.

Моделот на град архипелаг ја заокружува територијалната димензија на коегзистенцијата. Тој покажува дека плуралноста на урбаните и станбените модели може да се одржи не преку унификација, туку преку структурирана диференцијација. Коегзистенцијата се стабилизира преку автономија, дистанца и јасни релации, а не преку формална или програмска хомогеност. Со ова, теоретската рамка воспоставена

во поглавјата 1.1–1.6 станува целосна: од темпоралната перманентност, преку релацискиот капацитет и процесуалната отвореност, до визуелната хетерогеност и територијалната диференцијација. Ова отвора директен премин кон **1.7**, каде овие концепти ќе бидат интегрирани во синтетичка аналитичка рамка и јасно поврзани со авторската позиција и понатамошната анализа на коегзистирачките модели на домување.

### 1.7 Заклучни согледувања преку интеграција на концептите на коегзистенција

#### 1.7.1 Коегзистенцијата како повеќедимензионална матрица

Разгледаните теоретски позиции покажуваат дека коегзистенцијата не може да се сведе на единствен поим, ниту да се објасни преку една доминантна теоретска линија. Напротив, таа се појавува како резултат на симултаното дејство на повеќе димензии кои се меѓусебно зависни, но не се поклопуваат. Во рамките на овој труд, коегзистенцијата се артикулира преку повеќе меѓусебно поврзани теоретски димензии кои ја надминуваат редуктивната логика на поединечни концепти. Таа истовремено се појавува како темпорален проблем на перманентност и историски континуитет, преку кој градот се чита како акумулирана структура на трајни форми; како просторен проблем на капацитет и присвојување, каде архитектонската форма не ја фиксира употребата, туку овозможува плуралност на живеење; и како процесуален проблем на отвореност и раст, во кој градската форма не е завршен објект, туку континуиран систем на надоврзување и адаптација.

Покрај овие димензии, коегзистенцијата се појавува и како методолошки принцип, преку експериментални и проектантски практики што ја третираат архитектурата како слоевит процес во кој различни редови на организација опстојуваат паралелно. На композиционо ниво, таа се артикулира преку логиката на колажот, каде хетерогеноста не се елиминира, туку се структурира преку јасни релации меѓу автономни фрагменти. Конечно, на територијално ниво, коегзистенцијата се формулира како однос помеѓу автономија и дистанца, преку модели што го разбираат градот како архипелаг од јасно дефинирани, но меѓусебно поврзани целини.

Во оваа перспектива, коегзистенцијата не се појавува како збир на одделни теоретски позиции, туку како резултат на нивната истовремена интеракција. Таа не припаѓа на една дисциплинарна логика, ниту на една формална стратегија, туку се јавува во преклопот помеѓу времето, просторот, процесот, методот, композицијата и територијата, како комплексен услов што ја дефинира современата архитектонска и градска реалност. Оттука, коегзистенцијата не се разбира како состојба, туку како структурна конфигурација на повеќе активни логики кои дејствуваат паралелно во истиот град.

### 1.7.2 Операционализација на коегзистенцијата како аналитички модел

Врз основа на претходната теоретска синтеза, истражувањето формулира сопствен аналитички инструмент преку кој коегзистенцијата се операционализира во конкретни просторни анализи. Наместо да се третира како апстрактен концепт, коегзистенцијата се артикулира како аналитичка матрица што овозможува истовремено читање на урбаната реалност низ повеќе меѓусебно условени појави. Во оваа рамка, коегзистенцијата не се сведува на еден аспект на градот, туку се разбира како сложен феномен што се манифестира истовремено во времето, просторот, социјалните односи и секојдневните практики на живеење. Истата се чита како резултат на преклопување помеѓу перманентните структури што ја носат историската меморија на градот, автономните просторни режими што ја создаваат неговата морфолошка хетерогеност и релациските и социјалните механизми преку кои се регулира секојдневниот живот. Овие појави не се третираат како одделни аналитички полиња, туку како меѓусебно поврзани феномени чија интеракција ја дефинира конкретната состојба на коегзистенција во градот.

Коегзистенцијата како **темпорален феномен** ја насочува анализата кон прашањето на перманентноста и стратификацијата на урбаната форма. Градот се согледува како слоевит систем во кој различни историски периоди и типолошки матрици опстојуваат истовремено, без да бидат целосно заменети од поновите интервенции. Аналитичкиот фокус не е на хронолошката поделба помеѓу „старо“ и „ново“, туку на идентификација на оние просторни рамки што ја задржуваат својата организациска и структурна улога низ времето. Темпоралната коегзистенција, во овој контекст, се појавува како производ на акумулација, а не на линеарен развој.

Коегзистенцијата како **просторен феномен** се артикулира преку состојбата на структурирана хетерогеност и фрагментација. Анализата се насочува кон автономните морфолошки и типолошки целини, нивните просторни граници и начинот на нивно меѓусебно позиционирање во рамките на истиот урбан контекст. Наместо да се стреми кон визуелна кохезија или формална унификација, овој аналитички пристап ги испитува релациите помеѓу различни просторни режими и начинот на кој тие коегзистираат паралелно, често во состојба на напнатост, но без меѓусебно поништување.

Коегзистенцијата како **релациски феномен** го префрла фокусот од формата како статичен објект кон просторите и механизмите на посредување. Во оваа перспектива, праговите, преодните зони, заедничките простори и циркулациите стануваат клучни аналитички категории, бидејќи токму преку нив се воспоставува контактот помеѓу различните просторни и социјални режими. Коегзистенцијата не се чита како автоматска последица на морфологијата, туку како процес што се стабилизира или нарушува преку квалитетот на овие релациски структури.

Истовремено, коегзистенцијата се појавува и како **социолошки феномен**, поврзан со паралелното присуство на различни начини на живеење, семејни структури, културни навики и степени на колективност во рамките на истиот простор. Архитектонската форма и урбаната структура не се неутрална позадина, туку активни медиуми преку кои се поддржуваат, регулираат или оневозможуваат одредени социјални односи. Во таа смисла, социолошката коегзистенција не може да се одвои од просторната и релациската, туку се чита како нивна последица и истовремено како фактор што влијае врз нивната трансформација. Заедно, овие аналитички појави ја трансформираат коегзистенцијата од општ теоретски поим во оперативна истражувачка рамка. Тие овозможуваат систематско и споредбено читање на конкретни урбани и станбени ситуации, преку кое станува можно да се разбере не само како различните модели на домување коегзистираат во просторот, туку и како тие се одржуваат, преговараат и трансформираат во времето и во социјалната практика.

### 1.7.3 Домувањето како клучен медиум на коегзистенцијата

Во рамките на ова истражување, домувањето се поставува како клучен медиум преку кој се одвива процесот на коегзистенција во градот. Оваа позиција произлегува од фактот дека токму во станбениот простор се среќаваат и меѓусебно се условуваат просторните, темпоралните и социјалните димензии на урбаното живеење. Домувањето не е само една од функциите на градот, туку основниот контекст во кој архитектурата станува активен дел од секојдневниот живот.

Коегзистенцијата може да се идентификува во формалните односи на архитектурата, но токму преку домувањето таа станува целосен урбан процес. Станбениот простор ја поврзува формалната структура со секојдневната практика, при што архитектурата обезбедува просторни услови, а живеењето ги претвора во стабилни социјални релации. Домувањето го воспоставува токму овој меѓусебен однос: просторот ја овозможува употребата, а човекот преку живеењето ѝ дава смисла, траење и континуитет. Во таа взаемна зависност, коегзистенцијата се појавува не како статична состојба, туку како континуирано воспоставување на однос помеѓу архитектонската рамка и социјалната практика.

Домот е каде коегзистенцијата преминува од апстрактна теоретска категорија во конкретно искуство. Различни начини на живеење, различни временски слоеви и различни модели на употреба не се само соседни, туку секојдневно се преклопуваат, се приспособуваат и се одржуваат во рамките на истата архитектонска структура. Преку домувањето, коегзистенцијата се артикулира истовремено како просторен феномен — преку организацијата на формата, како социјален феномен — преку начинот на заедничко живеење, и како темпорален феномен — преку траењето и трансформацијата на станбените ткива низ време.

Домувањето претставува клучната просторна рамка преку која се артикулираат и репродуцираат општествените односи, бидејќи во него се вкрстуваат културните

навики, секојдневните практики и материјалните услови на живеење. Различните станбени типологии не се неутрални носители на животот, туку историски обликувани структури што насочуваат одредени начини на користење, интеракција и организирање на секојдневието. На тој начин, коегзистенцијата не произлегува како апстрактен социјален факт, туку како просторно посредуван процес, во кој архитектонската форма и културниот контекст заеднички го дефинираат начинот на живеење во градот. Во оваа смисла, домувањето се третира како активна структура што го овозможува, насочува и одржува процесот на коегзистенција. Архитектурата не ги создава социјалните односи, но преку просторната и типолошката организација на домувањето ги воспоставува условите во кои различните модели на живеење можат да се развиваат, да се трансформираат и да опстојуваат заедно. Оттука, домувањето се појавува како клучна аналитичка точка за разбирање на коегзистенцијата во градот. Токму преку домувањето станува јасно дека коегзистенцијата не е инхерентно својство на просторот, туку процес што се конституира преку континуирана интеракција помеѓу просторната рамка и човечката употреба. Истражувањето во овој однос — помеѓу архитектурата како можност и живеењето како практика, ја лоцира суштината на коегзистирачките модели на домување во современиот град.

Со заокружувањето на ова поглавје, теоретската рамка на трудот се консолидира како кохерентен аналитички апарат за разбирање на современиот град преку поимот коегзистенција. Наместо да се третира како идеолошки конструкт или нормативна цел кон која архитектурата треба да тежнее, коегзистенцијата се поставува како реална и структурна состојба што произлегува од истовременото дејствување на различни темпорални, просторни и социјални логики. Преку разгледаните теоретски позиции станува јасно дека градот не функционира како хомоген систем, туку како отворена и слоевита структура во која перманентните форми, хетерогените морфолошки режими и релациските механизми на живеење опстојуваат во заемна зависност. Ова разбирање овозможува поместување од редуктивни модели на анализа кон рамка што ја прифаќа комплексноста како суштинска карактеристика на урбаната реалност. Во таа смисла, теоријата не се појавува како самодоволна интерпретација, туку како оперативен инструмент преку кој станува возможно систематско читање на конкретни просторни ситуации, нивните противречности и нивниот потенцијал. Следните поглавја ја преземаат оваа рамка како работна основа и ја ставаат во однос со конкретни локации и станбени структури, каде коегзистенцијата ќе биде анализирана не како апстрактен поим, туку како процес што се одвива во материјалниот простор и секојдневните практики на живеење. На тој начин, архитектурата се разбира не како дисциплина што го поедноставува или „разрешува“ градот, туку како поле што артикулира услови за траење, адаптација и опстојување на различностите што го сочинуваат урбаното живеење.

## 2. ХРОНОЛОГИЈА НА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА УРБАНИОТ ЦЕНТАР НА СКОПЈЕ XX/XXI ВЕК

Хронологијата на трансформацијата на урбаниот центар на Скопје се воспоставува како аналитичка структура преку која се испитува трансформацијата на градската морфологија низ клучните периоди на XX и почетокот на XXI век. Наместо да се интерпретира како линеарна еволуција на урбани форми, оваа хронологија го третира градот како процес на слоевито артикулирање, во кој секоја нова интервенција се надоврзува врз постојните просторни структури и истовремено воспоставува нова организациска логика. Урбаната форма, во таа смисла, функционира како материјализирана трага на променливите политички, социјални и економски услови, но и како активен механизам преку кој тие услови се трансформираат во конкретни модели на домување во урбаниот центар на градот.

Избраните хронолошки сегменти не се случајни, туку одговараат на моменти на јасно артикулирана планерска визија и институционална интервенција во структурата на градот. Планот од 1929 година го означува обидот за рационализација и модернизација на историски формираниот град преку воспоставување на радијален модел, кој настојува да воведе читлив ред, функционална хиерархија и репрезентативен центар. Планерските насоки од 1948 година, пак, ја рефлектираат трансформацијата на Скопје во индустриски и административен центар на социјалистичка Македонија, при што радијалниот модел постепено се преобликува во линеарна структура ориентирана кон раст, експанзија и масовно супстандардно домување. Постземјотресната обнова од 1965 година претставува најрадикалниот прекин во оваа хронологија: момент во кој градската форма е подложена на целосна реорганизација, а центарот се редефинира преку нови структурални и типолошки принципи, поставени во рамки на интернационален планерски дискурс. Конечно, современиот послетранзициски период, разгледан во перспектива до 2025 година, овозможува критичка рефлексија за долгорочните ефекти на овие модели, нивната фрагментација, адаптација и взаемна коегзистенција. Оваа хронолошка структура овозможува да се анализира не само како новите урбани парадигми се основале на технолошките, функционалните и социјалните предизвици на своето време, туку и како тие се судирале со постоечкото градско ткиво, со неговата инерција, меморија и социјални практики. Од радијалниот кон линеарниот модел, од модернистичката реконструкција до постсоцијалистичката фрагментација, урбаниот центар на Скопје се појавува како простор на континуиран динамичен дијалог помеѓу визијата и реализацијата, планот и секојдневната практика на живеењето во град.

Во таа смисла, градот може да се чита како урбан палимпсест: слоевит урбан запис во кој секој период остава свој морфолошки и типолошки траг, без целосно да ги избрише претходните. Оваа критичка позиција има амбивалентни импликации; Од една страна, остатоците од делумно реализираните визии се манифестираат и преку конфликтни просторни ситуации, а од друга се апсорбирани и интегрирани во хетерогената урбана целина. Истите преставуваат клучна аналитичка предност, бидејќи овозможува да се согледа коегзистенцијата на различни урбани логики во ист простор и да се разбере како архитектонските модели од различни епохи продолжуваат да дејствуваат во сегашноста. Преку ваков хронолошки пресек, трансформацијата на урбаниот центар на Скопје се појавува не како низа на изолирани планови, туку како комплексен и долготраен процес во кој формата на градот постојано се преиспитува, адаптира и реинтерпретира.




*Слика 1*
*Урбана морфологија на градот на новоформираниот дел на десната страна на реката Вардар, 1899 година*




*Слика 2*
*Урбана морфологија на градот и консолидиран урбан ценар на десната страна на реката Вардар, 1914 година*




*Слика 3*
*Урбана морфологија на градот со консолидиран радијален модел за урбаниот центар на десната страна на реката Вардар, 1929 година*




*Слика 4*
*Урбана морфологија на градот и линиските екстензии како систем на функционална организација, 1948*




*Слика 5*
*Урбана морфологија на градот во постземјотресниот контекст, 1963*




*Слика 6*
*Урбана морфологија на градот со структурата на Градскиот ѕид, 1963 / 2025*




*Слика 7*
*Урбана морфологија на градот во на избраните сегменти за истражување, 2025*




*Слика 8*
*Исечоци 400 x 400m: урбана морфологија на градот во периоди (вертикално) и избрани урбани сегменти 1-5 (хоризонтално)*




*Слика 9*
*Серија на изградено урбано ткиво преку примери од клучни историски секвенци (1899, 1914, 1929, 1948, 1963, 2025)*

## 2.1. Воспоставување на новата урбана форма: кон радијален град (1914-1929)

Оваа подточка ја анализира првата систематска планерска реконфигурација на урбаниот центар на Скопје, со фокус на два клучни моменти во формирањето на рингот како носечки структурен елемент на градската организација: планот на Д. Т. Леко од 1914 година и планот на Ј. Михајловиќ од 1929 година. Овие две фази не претставуваат изолирани регулациски интервенции, туку последователни артикулации на ист морфолошки концепт — воспоставување на структурен прстен што го дефинира централното подрачје и ја организира неговата внатрешна хиерархија.

Во 1914 година, рингот се појавува како композициона рамка што ја обединува постојната урбана матрица на двата брега на Вардар и воведува ново читање на центарот преку кружна траса и радијални врски. Во 1929 година, оваа иницијална поставка се геометризира и институционализира: прстенот добива појасна формална дефиниција, уличната мрежа се хиерархизира според функција и ширина, а централното подрачје се структурира преку јасно разграничени програмски целини и систем на плоштади. Со тоа, периодот 1914–1929 може да се чита како фаза на постепено конституирање на рингот како морфолошка и организациска основа на модерниот урбан центар. Наместо радикален прекин со историското ткиво, овие интервенции воспоставуваат нова структурна рамка што ја реартикулира наследената матрица преку прецизирана геометрија, хиерархија и програмска распределба.

Во почетокот на XX век, во европската урбана теорија, урбаната форма се артикулира како композиционен проблем во кој геометријата, перспективата и организацијата на јавниот простор стануваат инструменти на свесно обликување на градот. Радијалните оски, прстенестите структури и јасно дефинираните фокуси воспоставуваат просторна хиерархија во која центарот функционира како организациско јадро, а периферијата се интегрира преку систем на структурирани врски. Радијалната шема во овој контекст претставува морфолошки механизам за стабилизирање на централноста и за насочување на идниот раст во контролирана рамка.

Во Скопје, примената на радијалната логика се одвива врз постоечка органска матрица со неправилна улична конфигурација и историски акумулирана структура. Планерските интервенции од 1914 и 1929 година не ја елиминираат оваа основа, туку ја реорганизираат преку воведување на структурен прстен и систем на радијални врски. Со тоа се воспоставува нова морфолошка хиерархија: историското ткиво останува материјална подлога, но централното подрачје се дефинира преку јасна геометриска рамка што го редефинира односот меѓу јадрото и неговите продолженија. Во урбаната фаза на градот од 1929 година, радијалната поставка добива појасна геометриска и функционална артикулација. Рингот се консолидира како структурен елемент што ја дефинира границата на централната зона, уличната мрежа се хиерархизира, а јавниот простор се организира во систем на плоштади и институционални точки. Урбаниот центар се третира како интегрална целина, во која композицијата, сообраќајната организација и програмската распределба се усогласуваат во единствен просторен систем. Во аналитичка перспектива, радијалната структура воспоставена во периодот 1914–1929 претставува основен морфолошки слој на модерната урбана организација на Скопје. Таа не функционира како затворен историски епизод, туку како структурна матрица врз која ќе се надоврзуваат подоцнежните модели на трансформација на централното подрачје.

### 2.1.1 Урбаниот контекст на почетокот на хх век: морфолошка состојба на урбаниот центар на десниот брег на вардар

На почетокот на XX век, урбаниот центар на десната страна на реката Вардар претставува историски акумулирана морфолошка структура формирана преку постепен, сегментиран и локално условен развој. Уличната мрежа е органски конфигурирана, со неправилна геометрија произлезена од топографијата, постојната парцеларна поделба и еволутивното проширување на ткивото. Просторната организација не е резултат на претходно воспоставена геометриска схема, туку на континуирана адаптација и надградување на постојните траси.

Доминантен модел претставува компактно изградено ткиво со периметарска изграденост долж уличната линија. Блокот функционира како основна морфолошка единица, во рамки на која станбените единици се организирани околу внатрешни дворови. Односот меѓу изграденото и отвореното се дефинира преку континуитетот на уличниот фронт, при што улицата и дворот претставуваат примарни просторни носачи на структурата. Отворениот простор не се појавува како автономна композициона фигура, туку како резултат на изградената рамка.

Границите меѓу приватниот, полујавниот и јавниот домен се артикулирани преку регулативната линија и постепени просторни транзиции. Овој режим на изграденост создава стабилна морфолошка хиерархија, во која домувањето претставува носечки елемент на текстурата. Резиденцијалната структура е интегрирана во систем на улични и соседски релации што ја одржуваат компактноста и просторната кохерентност на централното подрачје.

Во текот на првите децении од XX век, овој дел од градот станува носител на засилена институционална и економска активност. Воведувањето на нови административни функции, јавни објекти и интензивирањето на сообраќајните врски создаваат притисок врз постојната органска матрица. Иако морфолошки стабилна, структурата покажува ограничувања во однос на просторната хиерархизација, јасната артикулација на централноста и капацитетот за програмска диференцијација.

Паралелно со овие процеси, во рамки на урбаниот центар се појавува постепена диференцијација на резиденцијалната типологија. Покрај традиционалниот модел на периметарска изграденост, се појавуваат објекти со поинаква поставеност во однос на парцелата и уличниот фронт, како и првите примери на повеќесемејно домување. Оваа типолошка диверзификација не ја нарушува компактната блоковска организација, но ја усложнува морфолошката структура. Во рамки на истото подрачје коегзистираат различни режими на изграденост, што резултира со слоевита урбана ситуација.

До моментот на првите систематски планерски интервенции (1914 и 1929), урбаниот центар на десниот брег може да се определи како компактно и органски формирано ткиво со јасна блоковска структура, но со акумулирана потреба од структурно преуредување. Оваа морфолошка состојба претставува конкретна основа врз која ќе се артикулираат планските операции насочени кон реорганизација на централното подрачје и воведување на нова просторна хиерархија.

### 2.1.2 Урбаната форма како уметничко-композиционен проблем во почетокот на xx век

Во почетокот на XX век, во европската архитектонска мисла се артикулира позиција што ја третира урбаната форма како предмет на уметничко обликување. Градот се разбира како композициона целина во која улицата, плоштадот, блокот и јавните институции се структурни елементи на организирана морфолошка матрица. Овој пристап се темели врз критика на апстрактната ортогонална мрежа и врз афирмација на историски форми како основа за современа интервенција.

Во таа рамка, неправилноста се воспоставува како легитимна формална категорија. Таа не се третира како случајна девијација, туку како резултат на постепено морфолошко обликување што создава затворен урбан простор и јасен однос меѓу изграденото и отвореното. Празниот простор — улицата и плоштадот — се разбира како композиционо дефинирана фигура, врамувана со континуирана улична линија и периметарска изграденост. Во таа логика, блокот претставува основна морфолошка единица, во која се воспоставува дијалектички однос меѓу јавниот периметар и внатрешната содржина.

Овој теориски хоризонт директно се рефлектира во Генералниот регулационен план на Скопје на Д.Т. Леко (1914). Планот воспоставува ирегуларна улична матрица како формализирана варијанта на принципите на уметничко обликување на градовите. Неправилноста е преведена во систем на контролирана урбана основа, во која улиците не следат ортогонална логика, туку се артикулирани во однос на топографијата, постојните траси и новововедените јавни точки.

Клучен структурен елемент на планот претставува кружниот прстен – Урбаниот ринг, кој го обединува централното подрачје на двата брега на градот. Рингот не е инфраструктурна траса во тесна смисла, туку композициона рамка што ја дефинира внатрешната урбана текстура. Неговата траса ја опишува тврдината, го пресекува текот на реката и ја поврзува главната север–југ оска, воспоставувајќи организирана морфолошка структура во која централното подрачје добива јасна граница и артикулација.

Во рамките на овој систем, јавниот домен се организира преку серија плоштади околу кои се групираат институционални објекти. Плоштадот станува примарен морфолошки елемент, а не секундарен простор меѓу згради. Континуираната улична линија и периметарската изграденост ја дефинираат просторната целина, додека внатрешноста на блоковите се предвидува како простор за зелени површини и санитарна заштита, со што се менува размерот и структурата на блоковскиот систем.

Планот на Леко истовремено повикува на историските принципи на композиција и воведува нова, плански конструирана урбана основа. Радикалната трансформација на традиционалната предлошка и воспоставувањето единствен урбан модел претставуваат свесен чин на морфолошка реконфигурација. Во таа смисла, ирегуларната улична матрица не е продолжување на спонтаниот раст, туку артифициелна и програмски дефинирана структура — планирана питорескност во рамките на нов урбан концепт.

Оттука, уметничко-композициониот пристап во почетокот на XX век не функционира како стилска позиција, туку како дисциплинарен метод за организирање на урбаната

форма. Планот на Леко (1914) претставува конкретна материјализација на овој метод: градот се третира како морфолошка целина во која улицата, плоштадот, блокот и рингот се интегрирани во единствена композициона структура.

**Камило Зите и перцептивната логика на урбаниот простор**

Во доцниот XIX и почетокот на XX век, во европската архитектонска теорија се артикулира позиција што ја третира урбаната форма како предмет на уметничко обликување. Во рамките на оваа линија, Камило Зите во *Der Städtebau nach seinen künstlerischen Grundsätzen* (1889) ја поставува градската структура како морфолошки и композиционен проблем, а не како исклучиво инженерско или сообраќајно прашање (Sitte, 1945).

Аналитичката основа на неговиот пристап се темели врз историскиот европски град. Наместо апстрактна геометриска мрежа, урбаната форма се разбира како резултат на постепена просторна артикулација во која јавниот простор е јасно дефиниран преку континуитетот на изградените фронтови. Плоштадот се третира како морфолошка единица оформена преку периметарска изграденост, при што односот меѓу изграденото и празното се структурира како композициона релација.

Клучна категорија во оваа теорија е јасно дефинираниот јавен простор како простор ограничен со изграден континуитет. Читливоста на градската структура произлегува од односот меѓу уличната линија, фронтот на блокот и просторната граница на плоштадот. Неправилноста не се интерпретира како отсуство на ред, туку како резултат на историска морфогенеза што создава диференцирана просторна структура.

Критиката на апстрактната ортогонална мрежа и на универзалната примена на праволиниски оски се однесува на губењето на морфолошката артикулација на јавниот домен. Во оваа позиција, урбаната интервенција претставува трансформација на постоечката текстура, а не нејзина замена со апстрактна схема.

Теоријата на Зите, во дисциплинарна смисла, воспоставува критериум за анализа на урбаната форма преку морфолошката дефинираност на блокот, улицата и плоштадот како основни елементи на градската структура.

**Геометриска хиерархизација на урбаната структура во духот на урбаното планирање на „голем манир “ (Grand Manner)**

Планот на Ј. Михајловиќ од 1929 година претставува пресвртна фаза во трансформацијата на урбаната матрица на Скопје, во која претходно воспоставената ирегуларна композициона основа се преведува во појасно геометриски и програмски структуриран систем. Додека планот на Д. Т. Леко ја формализира „планираната питорескност“ преку принципите на уметничко обликување на градовите, Михајловиќ ја реартикулира таа матрица во хиерархиски организирана урбана структура, во која композицијата добива институционална и функционална прецизност.

Ирегуларната улична основа се геометризира во духот на урбаното планирање во „голем манир“, при што рингот добива јасна типолошка и формална дефиниција како главен структурен елемент на централното подрачје. На левиот брег, неговото продолжување во систем со јасно дефинирани правци и нови урбани теми ја

конституира основата на понатамошниот развој. Уличната мрежа се категоризира според сообраќајна функција и ширина, што означува премин од претежно композициона чувствителност кон функционално-хиерархиска артикулација. Урбаната форма се организира како систем на јасно дефинирани оски, пресеци и централности, во кој јавниот простор се распределува во серија плоштади со диференцирани програмски и геометриски обрасци.Паралелно со оваа геометризација, планот воведува тематска и институционална диференцијација на урбаното поле. Трговските, административните, интелектуалните и индустриските зони се позиционираат како јасно разграничени, но меѓусебно поврзани целини. Концентрацијата на административните функции во дефинирани центри ја рефлектира модерната потреба од институционална компактност и оперативна ефикасност, при што урбаната структура станува носител на програмска логика. Просторот е морфолошки организиран и функционално хиерархизиран.

Во резиденцијалната текстура се појавува дополнително раслојување. Во централната зона се задржува периметарската изграденост на блокот со континуиран уличен фронт, додека во новите планирани сегменти се препорачува „отворен систем“ инспириран од субурбаните модели. Овие планиметриски инсерти воведуваат поинаква организација на блокот и поинаков однос меѓу изграденото и отвореното. Истовремено, во планот се артикулира концепт на контролирана територијална експанзија преку јасно дефинирање на градежен регион и воспоставување заштитен урбан појас со просторни рестрикции за нова градба. Со оваа поставка, растот на градот се организира како предвидлив и фазен процес, во кој компактното јадро се стабилизира пред евентуалното проширување кон периферијата. Предвидената носивост на градежниот регион – од околу 120 до 150 илјади жители – ја поврзува морфолошката структура со демографска проекција, што укажува на обид за усогласување на просторната форма со социјалната динамика. На тој начин, централната компактна текстура и периферните, поотворени станбени модели не функционираат како спротивставени режими, туку како делови од единствена стратегија за регулирање на урбаниот раст, во која просторната организација станува инструмент за долгорочно управување со развојот на градот.

Трансформацијата на традиционалната матрица, особено на левиот брег, се одвива преку реорганизација на уличниот систем според современи сообраќајни и програмски барања. Историскиот континуитет се артикулира преку архитектонската типологија и регионалниот израз, додека урбаната структура се редефинира во согласност со модерните принципи на регулација. Архитектурата станува медијатор на локалниот карактер во новата просторна рамка. Во оваа конфигурација се препознава синтеза на повеќе паралелни традиции: уметничко-композиционата чувствителност кон формата и јавниот домен, репрезентативната осовинска логика и социјално-реформаторските модели на контролирана експанзија. Планот од 1929 година ја институционализира урбаната форма како предмет на свесно структурирање, во кој геометријата, програмата и типологијата делуваат како меѓусебно поврзани слоеви на единствен урбан систем. Така, раната модерна трансформација на Скопје може да се разбере како морфолошка консолидација на урбаното ткиво во која композиционите принципи, регулативната рамка и механизмите на контролирана експанзија се усогласуваат во релативно стабилна урбана поставка. Оваа поставка претставува структурна основа врз која ќе се надградуваат понатамошните модели на урбан развој.

### 2.1.3 Радијалниот модел на град како прва модерна урбана рамка

Планот на Д. Т. Леко од 1914 година претставува прва кохерентна формализација на радијалниот принцип како средство за структурирање на урбаниот центар на десниот брег на Вардар. Неговата интервенција не се темели на табула раса, туку на морфолошка реорганизација на постојната текстура преку воведување на кружен прстен – Рингот – како композиционо и регулативно јадро на системот. Рингот функционира како синтетичка фигура: ја опфаќа историската матрица, воспоставува нова граница на централната зона и овозможува поврзување на различни сегменти на градската структура во единствена просторна целина. Органската неправилност не се третира како девијација што треба да се отстрани, туку како материјал што се вклучува во нова хиерархиски организирана шема преку оски, плоштади и прецизно дефинирани улични фронтови.

Со тоа, радијалната логика кај Леко воспоставува двоен режим: континуитет на историското ткиво и воведување на нова геометриска рамка што ја артикулира централноста. Урбаниот центар се консолидира како јадро од кое се развиваат радијални врски, а рингот ја стабилизира неговата просторна и функционална дефиниција. Овој модел го третира градот како композициона целина во која блокот, улицата и плоштадот се делови од интегрирана морфолошка структура.

Планот на Ј. Михајловиќ од 1929 година ја продолжува оваа поставка, но ја трансформира во поексплицитно геометризирана и хиерархизирана организација. Радијалниот прстен добива јасна типолошка и формална дефиниција, а уличната мрежа се систематизира според функционална и просторна хиерархија (Томовски, 2003, pp. 77–105). Јавниот простор се артикулира преку диференцирани плоштади и јасно поставени оски, додека програмската распределба – административна, трговска, резиденцијална – се интегрира во морфолошката шема. Радијалната композиција, која кај Леко има нагласен уметничко-композиционен карактер, кај Михајловиќ се институционализира како регулативен механизам што ги поврзува геометријата, инфраструктурата и програмата во единствен систем.

Во аналитичка смисла, периодот 1914–1929 година воспоставува радијална матрица како прва модерна урбана рамка на централното подрачје. Оваа рамка не претставува дисконтинуитет во однос на наследената морфологија, туку нејзина рационализација преку воведување на просторна хиерархија и јасно дефинирани структурни носачи: рингот како периферен организатор, радијалните правци како траси на движење и плоштадите како јадра на јавниот домен. Со тоа, градот се третира како формално и програмски структурирана целина, а не како резултат на постепена акумулација на парцијални интервенции.

Овој премин од контролирана композициона ирегуларност кон понагласена геометриска дисциплина може да се поврзе со пошироките меѓувоени тенденции на урбаното планирање во „голем манир“, во кои централноста, перспективата и хиерархијата на јавниот простор стануваат клучни категории (Collins, 1965). Сепак, во контекстот на Скопје, радијалната логика не се реализира како монументална апстракција, туку како компромисна стратегија што ја интегрира историската текстура во нова формална рамка.

Оттука, радијалниот модел не треба да се чита како изолирана епизода, туку како структурна поставка што ќе влијае врз понатамошната еволуција на урбаниот центар. Тој воспоставува основна морфолошка и организациска шема врз која подоцнежните планерски интервенции ќе интервенираат, ќе ја модифицираат или ќе ја преиспитуваат. Во таа смисла, радијалната рамка од 1914 и 1929 година претставува почетен слој на модерната урбана логика на Скопје, во кој геометријата, програмата и јавниот домен се конституираат како меѓусебно зависни елементи на единствен урбан систем.



*Слика 10*
*Урбана морфологија на урбаниот центар на Скопје - 1200 x 1200m, 1914 година. лево: генерален регулационен план на Скопје, Д. Леко (1914) / десно: постојна ситуација на урбано ткиво*



*Слика 11*
*Урбана морфологија на урбаниот центар на Скопје - 1200 x 1200m, 1929 година. лево: генерален регулационен план на скопје, Ј. Михајловиќ (1929) / десно: постојна ситуација на урбано ткиво*

## 2.2 Трансформација на урбаната морфологија: од радијален кон линеарен систем (1948)

Периодот по Втората светска војна означува суштински морфолошки и епистемолошки пресврт во развојот на урбаниот центар на Скопје. Доколку во меѓувоената фаза доминира радијално-концентричната логика, заснована врз композициона хиерархија, симболички артикулирана централност и јасно дефиниран однос меѓу јадрото и периферијата, Регулациониот план од 1948 година воспоставува поинаков организациски принцип: линеарен систем на раст, инфраструктурен примат и експлицитна функционална диференцијација.

Овој пресврт не се сведува на проста промена на геометриската шема на градот, туку претставува трансформација на самиот начин на кој урбаната форма се концептуализира и управува. Градот повеќе не се третира како формално-композициона целина чија кохерентност произлегува од визуелна и просторна драматургија, туку како отворен систем, структуриран преку зонирање, нормативи, инфраструктурни мрежи и демографски параметри. Морфологијата станува резултат на аналитичка операционализација на функциите, а не на уметничка артикулација на просторот. Линеарноста, во таа смисла, не се јавува како апстрактна геометриска фигура, туку како инструмент за рационална дистрибуција на станбените, индустриските и јавните функции во рамки на единствен инфраструктурен коридор. Преминот од радијална кон линеарна организација означува напуштање на концентрираниот модел на централност и воведување на развоен вектор кој овозможува контролирана екстензија, дисперзија на густината и редефинирање на односот меѓу изграденото и отвореното. Урбаното поле се чита како функционален дијаграм, а не како историски акумулирана композиција.

Регулациониот план на Лудјек Кубеш од 1948 година, во овој контекст, претставува прва кохерентна материјализација на поствоената функционалистичка парадигма во Скопје. Тој ја артикулира трансформацијата на урбаниот центар преку интеграција на развојниот вектор со инфраструктурната матрица, со што се воспоставува унитарен модел на градот како систем на меѓусебно поврзани функционални зони.

Позицијата на Кубеш не е исклучиво планерска, туку и архитектонска. Неговата активност во Скопје опфаќа и проектирање на поединечни објекти, особено во доменот на станбената архитектура, вклучително и урбани вили и други типолошки решенија за домување, од кои дел денес се препознаваат како културно-историско и архитектонско наследство. Овој двоен ангажман — како планер и како архитект-проектант — овозможува планот од 1948 година да се чита не само како нормативен документ, туку и како резултат на конкретно типолошко и просторноструктурно искуство во обликувањето на станбената средина. Планот од 1948 година јасно се темели врз принципите на рационална диференцијација и инфраструктурен примат, од друга страна неговата архитектонска практика покажува чувствителност кон размерот урбаниот контекст. Оттука, функционалистичката логика кај Кубеш се манифестира како дисциплинирана организација на просторот на ниво на град, но истовремено како прецизна и размерна артикулација на домувањето на ниво на објект. Токму во оваа двојност на планската инфраструктурна рационалност и човекомерната архитектонска

урбана форма, може да се лоцира специфичноста на неговиот придонес во трансформацијата на урбаниот центар на Скопје.

Анализата на овој план во рамките на поглавјето ја следиме низ неколку меѓусебно поврзани основи:

1. Развојниот вектор и линеарната просторна логика;
2. Инфраструктурниот примат и репозиционирањето на реката Вардар;
3. Редефиницијата на централноста и јавниот домен;
4. Трансформацијата на станбената типологија и густинскиот модел;
5. Односот кон наследеното историско ткиво како селективна интеграција.

Преку овие категории се испитува преминот од радијална композициона рамка кон функционална матрица која го конституира градот како управуван, нормативно регулиран и инфраструктурно воден систем. Оваа матрица ќе ја постави структурната основа за понатамошните модернистички интервенции, вклучително и за постземјотресната реконфигурација на урбаниот центар, при што линеарната логика ќе остане активен, иако трансформиран, структурен принцип во морфолошката еволуција на градот.

### 2.2.1 Поствоената функционалистичка парадигма и реконцептуализацијата на градот

#### 2.2.1.1 Реконструкција и институционализација на планирањето

Поствоениот европски контекст ја трансформира реконструкцијата на градот од техничка операција на обнова во институционализиран проект на просторна и социјална реорганизација. Разурнатите урбани структури, нарушените инфраструктурни мрежи и длабоката демографска динамика по 1945 година создаваат услови во кои планирањето станува централен инструмент на државната политика. Урбаното планирање повеќе не се третира како уметничко-композициона дисциплина, туку како системска методологија за управување со територијата, насочена кон стабилизација на општеството и рационализација на економските процеси (Mumford, 1961).

Во оваа нова општествена состојба, државата се позиционира како примарен носител на урбаните плански трансформации. Просторот се дефинира како ресурс што мора да биде нормативно регулиран и функционално организиран во согласност со индустриската реорганизација и социјалната политика. Акутниот недостиг на домување, потребата од индустриска експанзија и зголемената просторна мобилност на населението генерираат побарувачка за стандарден, репродуктивен и контролирано планиран урбан модел. Планирањето, во овој процес, се институционализира како техничко-административна дисциплина. Генералните регулациони планови се изработуваат врз основа на демографски проекции, параметри за урбана густина, нормативи за инсолација и проветрување, сообраќајни анализи и инфраструктурни пресметки. Градот се редефинира како функционален дијаграм составен од диференцирани зони на домување, работа, рекреација и транспорт, чија меѓусебна организација е предмет на системска координација, во согласност со принципите на прифатената институционална и техничко-рационална дисциплина.

Во такви услови, реконструкцијата не се интерпретира како реставрација на претходната урбана состојба, туку како историска можност за структурно преуредување на градот. Компактните предмодерни ткива, со високи густини и хетерогена програмска структура, се подложуваат на критичка ревизија. Наместо органски таложената форма, се афирмира рационализирана матрица заснована врз зонска диференцијација и инфраструктурен примат. Просторот станува медиум на социјална политика, а урбаната форма апарат на аналитички процедури и техничка контрола.

Во овој теориски и институционален хоризонт треба да се лоцира и појавата на Регулациониот план за Скопје од 1948 година. Тој не претставува изолиран локален документ, туку дел од поширокиот процес на поствоена модернизација, во кој градот се конципира како управуван систем и како инструмент на индустриски и административен развој.

### 2.2.1.2 Функционална сегрегација и нормативна рационалност

Нормативната консолидација на поствоената урбана логика се артикулира преку принципот на функционална сегрегација, канонизиран во рамките на Атинската повелба (CIAM, 1943). Градот се расчленува на четири основни категории: домување, работа, рекреација и транспорт, чие јасно просторно разграничување се смета за предуслов за здрав, ефикасен и продуктивен урбан организам. Функцијата станува примарен генератор на формата, а зонската диференцијација основна алатка за просторна организација.

Урбаната форма не произлегува од историска морфогенеза, ниту од визуелно-композициони принципи, туку од аналитичка процедура. Параметрите на инсолација, проветрување, густина на населеност, оддалеченост до јавни содржини и хигиенски стандарди стануваат мерливи и кодифицирани критериуми на дизајн. Просторот се проектира како рационално распределен ресурс, а не како резултат на спонтана акумулација на урбани слоеви.

Во таков контекст, традиционалните категории на урбаното планирање радикално се менуваат. Урбаниот центар повеќе не се дефинира преку симболичка концентрација на репрезентативни објекти, туку преку функционална поврзаност и инфраструктурна достапност. Урбаната композиција се заменува со функционален дијаграм. Како што укажува Tafuri (1976), овој пресврт претставува идеолошка трансформација во која архитектурата и урбанизмот се интегрираат во поширок апарат на технократско управување. Просторот станува средство за макроекономска рационализација и социјална регулација, а градот се редефинира како социјално-технички систем. Неговата форма е резултат на нормативни одлуки и аналитички модели, а не на постепено историско таложење и морфолошка континуитетност.

Во оваа смисла, функционалната сегрегација не е само просторен принцип, туку методолошка основа за реконцептуализација на градот како управувана и предвидлива структура — предуслов за појавата на линеарниот модел кој ќе биде артикулиран во Регулациониот план од 1948 година.

### 2.2.1.3 Линеарност како развоен архитектонски модел

Во поширокиот контекст на 1950-тите и 1960-тите години, линеарниот град не се појавува само како урбанистичка техника, туку како архитектонски модел што ја рефлектира технолошката и индустриската динамика на периодот. Периодот на интензивиран технолошки развој, забрзана моторизација и доминација на технократската култура од средината на XX век ја консолидира концепцијата за градот како инфраструктурно структуриран систем, организиран долж оски на мобилност, комуникациски мрежи и енергетски дистрибутивни коридори. Просторот се замислува како продолжение на техничкиот систем, а не како акумулација на историски форми.

Во таква една средина, линеарноста се артикулира како рационален и прогресивен образец на урбана организација. Таа овозможува градот да се развива долж јасно дефинирани инфраструктурни оски - автопатишта, железници, индустриски коридори, со можност за постепена екстензија без радикални прекини во системот. Наместо концентрирана централност, се воспоставува дистрибуирана мрежа на функционални јадра, поврзани преку транспортни и технички мрежи (Hall, 1988).

Во дисциплинарна смисла, линеарниот град претставува и трансформација на односот меѓу архитектурата и урбаното планирање. Архитектонскиот објект повеќе не се третира како автономна композициона целина, туку како сегмент во поширок инфраструктурен континуум. Урбаната форма произлегува од синтеза на транспорт, индустрија, домување и зелен систем, при што геометријата на линијата ја заменува традиционалната радијална хиерархија. Во овој теориски и технолошки хоризонт, линеарноста се конституира како логичен одговор на потребата за брз раст, индустриска експанзија и рационална организација на територијата. Таа не е само алтернатива на радијалниот модел, туку израз на нова урбана онтологија во која инфраструктурниот примат, функционалната диференцијација и отворениот систем стануваат основни принципи.

Токму во рамките на ваквата интернационална модернистичка клима треба да се лоцира и Регулациониот план за Скопје од 1948 година. Линеарната структура што ја воспоставува Кубеш не е изолирана локална инвенција, туку дел од поширока поствоена тенденција што го третира градот како архитектонски-инфраструктурен организам, способен за постепена екстензија и системска рационализација.

### 2.2.2 Регулациониот план на лудјек кубеш (1948): линеарната структура како нов развоен модел

#### 2.2.2.1 Линеарна просторна реорганизација

Регулациониот план од 1948 година претставува пресвртна точка во морфолошката трансформација на урбаниот центар, преку која радијално-концентричната структура од меѓувоениот период се заменува со линеарен модел на развој. Овој премин не е формална промена на геометријата, туку длабока реорганизација на просторното искуство и на начинот на кој се артикулира градската целина.

Додека радијалниот модел ја стабилизира централноста преку концентрични врски и композициона хиерархија, планот на Кубеш го поставува развојот долж издолжена оска, во која урбаната експанзија се одвива прогресивно и фазно. Линеарноста тука функционира како организациски принцип што ја интегрира станбената, индустриската и административната структура во единствен развоен вектор. Наместо јадро со периферни концентрични појаси, се воспоставува систем на сегменти поврзани преку инфраструктурни линии, каде просторната логика произлегува од техничката рационалност. Во морфолошка смисла, оваа реорганизација ја редефинира хиерархијата на просторот. Центарот повеќе не се чита како апсолутна точка на концентрација, туку како дел од продолжлива урбана оска. Растот не се акумулира околу фиксна средишна позиција, туку се распоредува долж коридор кој овозможува рамномерна дистрибуција на густините и функциите. Со тоа се намалува притисокот врз постојната компактна текстура и се отвора можност за контролирана екстензија кон нови територии. Линеарната структура, во овој контекст, овозможува трансформација на урбаниот центар од затворена композициона целина во отворен систем. Просторот се третира како континуум што може да се надградува без нарушување на целината, при што новите станбени и индустриски зони се интегрираат во веќе поставената инфраструктурна матрица.

Предложената урбана просторна реорганизација од 1948 година не претставува само нова формална конфигурација, туку воспоставување на различна урбана логика во која инфраструктурата и просторната рационалност стануваат основни механизми на морфолошко организирање.

#### 2.2.2.2 Репозиционирањето на реката Вардар како структурна оска

Еден од клучните морфолошки потези во Регулациониот план од 1948 година е радикалното репозиционирање на реката Вардар во рамките на урбаната структура. Доколку во претходните фази таа функционира како природна граница и линија на историско разграничување помеѓу различни морфолошки слоеви, со планот на Кубеш реката се трансформира во примарна организациска оска на линеарниот град.

Овој пресврт подразбира промена на самата просторна логика: Вардар повеќе не е периферна маргина, туку централна линија на ориентација и структурирање. Долж нејзиниот тек се организираат станбени реони, јавни институции, зелени површини и комуникациски врски, при што реката станува интегративен елемент на урбаната матрица. Таа ја стабилизира линеарната насока на развојот и го артикулира односот меѓу источните и западните сегменти на градот во рамки на единствен просторен систем. Во инфраструктурна смисла, коридорот на реката функционира како просторен

регулатор. Тој ја поврзува транспортната мрежа, зелените појаси и јавните површини во континуирана структура што ја канализира урбаната експанзија. Така, природниот тек се интегрира во техничко-планерската логика како елемент на ориентација, дистрибуција и контрола на растот.

Паралелно, зелениот појас долж Вардар добива програмска и хигиенска улога во согласност со поствоените функционалистички принципи. Континуитетот на зелените површини се поврзува со станбените реони и со системот на паркови, формирајќи единствен зелен систем што ги надминува фрагментарните отворени простори на традиционалниот град. Овој систем не е резултат на пејзажна сентименталност, туку на нормативна рационалност: зеленилото се третира како составен дел од станбената политика, како регулатор на микроклимата и како просторен амортизер помеѓу индустриските, административните и резиденцијалните зони.

Оттука, „отворањето“ на градот кон реката не треба да се интерпретира како естетска или романтична стратегија, туку како функционалистички императив. Вардар се инструментализира како структурна оска на линеарниот модел, како природен елемент интегриран во рационализиран систем на урбано управување. Во таа трансформација, реката станува активен морфолошки слој на новата линеарна урбана логика.

#### 2.2.2.3 Редефиниција на урбаниот центар

Во Регулациониот план од 1948 година се случува суштинска реконцептуализација на поимот *урбан центар*. Доколку во радијалната фаза централноста се артикулира преку композициска хиерархија, јасно дефиниран периметар и урбани плоштади, кај Кубеш таа се редефинира како функционален јазол во рамки на линеарно организиран систем.

Централното подрачје повеќе не е концентрирана морфолошка фигура со јадро и периферија, туку дел од мрежна хиерархија на поврзани сегменти. Централноста станува дисперзирана категорија: административните, трговските и јавните функции се распределуваат долж главните инфраструктурни оски, при што нивната важност произлегува од степенот на поврзаност и достапност, а не од формалната композициона доминација. Просторната логика се темели врз координација на комуникациските линии и институционалните комплекси, а не врз аксијална перспектива или затворена урбана сцена. Плоштадите и јавните простори ја губат улогата на автономни урбани фигури дефинирани преку континуирана улична линија. Наместо компактна периметарска рамка, се јавува декомпозиција на периметарот: изградената маса се повлекува, се фрагментира и се организира во однос на сообраќајната и зелената матрица. Јавниот домен се трансформира во интервал во системот на циркулации, простор што контролора проток на пешаци, возила и институционални програми.

Овој премин од композициска кон линеарно мрежна логика означува поместување од центар како репрезентативна целина кон центар како оперативен јазол. Централноста се дефинира преку функција и координација, а не преку формална затвореност и симболичка концентрација. Со тоа, урбаниот центар станува дел од линеарен развоен вектор во кој неговата улога е да интегрира и распределува функции во рамки на поширок инфраструктурно воден систем

Во морфолошка смисла, ова претставува јасен дисконтинуитет во однос на радијалниот модел: од концентрирана композициона структура кон дисперзирана, функционално артикулирана мрежа, во која јавниот простор е подреден на логиката на поврзаност и системска ефикасност.

### 2.2.2.4 Домувањето како примарен модул на урбаната структура

Во Регулациониот план од 1948 година домувањето се поставува како примарен организирачки елемент на урбаната структура. Градот не се конципира како компактна композициона целина со доминантно јадро, туку како систем од станбени реони со приближно 5.000–6.000 жители, секој од нив замислен како функционално заокружена просторна единица со сопствени образовни, културни и рекреативни содржини. Овој модел претставува јасна артикулација на политиката на дисперзија и свесно напуштање на високите компактни густини карактеристични за традиционалните урбани структури. Урбаната морфологија, оттука, се гради преку повторливи станбени сегменти, интегрирани во поширокиот линеарен развоен вектор.

Клучната морфолошка трансформација се состои во напуштањето на затворениот периметарски блок како основна градска форма. Наместо компактна изграденост со јасно дефиниран уличен фронт и внатрешен двор, планот воведува слободно поставени линеарни објекти во отворен простор. Периметарот се декомпонира, уличната регулација ја губи својата структурна доминација, а изградената маса се позиционира според ориентацијата кон сонцето, проветрувањето и интеграцијата со зелениот систем. Просторот помеѓу објектите не се третира како остаточна празнина, туку како програмски дефиниран и нормативно регулиран ресурс. Станбениот блок во оваа структура не функционира како автономна урбана фигура со сопствена формална завршеност, туку како елемент во хиерархизирана реонска организација. Сообраќајната мрежа е јасно диференцирана по нивоа, при што внатрешните комуникации се одвоени од главните транспортни линии, а зелените површини се структурно вградени во станбената матрица. Зеленилото не е декоративен појас, туку составен дел од хигиенската и социјалната програма на градот, во директна врска со домувањето.

Морфолошката организација на домувањето произлегува од нормативно утврдени хигиенски, просторни и социјални стандарди, насочени кон обезбедување здрави и достоинствени услови за живеење. Урбаната форма повеќе не се темели врз историски воспоставената улична типологија и композиционата логика на блокот, туку се изведува од рационализирани критериуми што ја третираат станбената средина како прашање на јавен интерес и општествена одговорност. На тој начин, нормативната регулација станува примарен генератор на морфологијата, а домувањето се конципира како просторна структура што треба да обезбеди функционална јасност, хуман амбиент и техничка оптималност, наместо формална континуитетност со традиционалната градска матрица

Домувањето се третира како примарна програмска и типолошка иновација на планот. Преку воведувањето на отворениот блоковски систем, јасно дефинирани стандарди за инсолација, проветрување и просторна распределба, се воспоставува нов модел на станбена организација кој ја надминува традиционалната улична типологија. Овој модел не претставува само морфолошка промена, туку нормативна и дисциплинарна реформа на домувањето. Станбената типологија се кодифицира како репродуктивна и

адаптибилна форма, способна за понатамошна примена, модификација и експериментирање во следните фази на урбаниот развој.

Со тоа, планот од 1948 година не воведува единствена фиксна форма, туку воспоставува стандарден типолошки репертоар и просторна методологија што ќе ја обликува станбената продукција во наредните децении. Домувањето станува поле на техничка рационализација и просторна стандардизација, преку кое функционалистичката парадигма се материјализира и институционализира во реалната градска морфологија.

### 2.2.2.5 Односот кон историското ткиво: селективна интеграција

Односот на Регулациониот план од 1948 година кон историското ткиво не се темели на принцип на органски континуитет, туку на селективна интервенција и контролирана реорганизација. Наместо целосна табула раса, планот воспоставува модел на издвојување на поединечни културно-историски објекти и пошироки пејзажни формации, кои се третираат како автономни морфолошки фрагменти во рамки на новиот функционалистички систем.

Овој пристап подразбира екстракција на одбрани историски елементи од нивниот непосреден урбан контекст. Традиционалната компактна текстура не се задржува како интегрална матрица на развој, туку се прочистува од „вишокот“ изграденост со цел да се воспостави нова, рационализирана просторна рамка околу задржаните структури. Историските објекти се поврзуваат архитектонски и урбанистички во нова композиција, но таа композиција не произлегува од нивната автентична морфогенеза, туку од функционалната логика на планот.

Паралелно со ова, нагласувањето на пошироките топографски и панорамски формации води кон декомпозиција на традиционалното урбано поле. Градот повеќе не се чита како компактна, слоевита текстура, туку како систем на диференцирани зони во кој историското ткиво функционира како стабилизиран, но изолиран слој. Неговото присуство е условено од функционална компатибилност со новата матрица, а не од неговата способност да генерира понатамошен морфолошки развој.

Оттука, историското ткиво во планот на Кубеш не е генеративна основа, туку регулиран остаток. Тоа е интегрирано преку селекција и ре-контекстуализација, во рамки на унитарен и нормативно структуриран систем. Ваквиот пристап го означува јасниот дисконтинуитет во однос на претходните модели, но истовремено покажува дека функционалистичката рационалност во 1948 година сè уште функционира преку модифицирана интеграција, а не преку целосно бришење на постојното.

### 2.2.3 Синтеза: линеарниот модел како функционална матрица и неговата структурна проекција во понатамошниот развој на градот

Регулациониот план од 1948 година означува структурен пресврт во морфолошката и концептуалната еволуција на урбаниот центар на Скопје. Неговото значење не се исцрпува во конкретните просторни интервенции, туку во воспоставувањето на кохерентна функционалистичка матрица, во рамки на која линеарноста, инфраструктурниот примат и зонската диференцијација стануваат носечки принципи на урбаната организација. Со тоа, градот престанува да се третира како композиционо артикулирана целина со јасно геометриски хиерархизирано јадро и се конституира како отворен, сегментно организиран систем, способен за фазна екстензија.

Суштинската разлика во однос на радијалната фаза лежи во преминот од центрипетална композиција кон мрежна организација. Додека меѓувоените планови ја артикулираат централноста преку аксијална структура и јасно дефинирана репрезентативна хиерархија, планот од 1948 година ја редефинира како дисперзирана и функционално условена категорија. Центарот повеќе не е монументално јадро што ја концентрира симболичката и просторната моќ, туку јазол во инфраструктурната мрежа, чија улога е да интегрира и координира административни, сообраќајни и институционални текови. Просторната хиерархија се трансформира во мрежна хиерархија, заснована врз поврзаност, достапност и оперативна ефикасност.

Линеарниот модел не претставува формална урбана фигура, туку организациски принцип што го насочува растот долж инфраструктурни коридори и овозможува постепено проширување без концентрирање на притисокот во едно јадро. Урбаниот центар станува дел од поширок развоен вектор, а морфолошката структура се чита како серија поврзани сегменти. Линеарноста функционира како регулатор на просторната експанзија и како механизам за распределба на функциите, со што градот се дефинира како управуван систем, а не како историски акумулирана композиција.
Особено јасен е овој пресврт во доменот на станбената морфологија. Напуштањето на затворениот периметарски блок и воведувањето на слободно поставени објекти во зеленило означуваат декомпозиција на традиционалниот уличен фронт и редефиниција на односот меѓу изграденото и празното. Просторот меѓу објектите се интегрира како структурен дел од станбената целина, а организацијата на домувањето произлегува од нормативни и хумано ориентирани стандарди, а не од историски воспоставена улична типологија. Со тоа се воспоставува нова станбена типологија која ќе стане основа за понатамошна примена и експериментација во масовното домување, внесувајќи стандарди што ќе ја обликуваат урбаната експанзија во следните децении.
Истовремено, односот кон наследеното историско ткиво останува селективен и прагматичен. Ирегуларните структури и клучните историски јадра не се третираат како генеративна основа на новата морфологија, но не се ни целосно елиминирани. Тие се задржуваат како автономни слоеви во рамки на новата матрица, при што нивното постоење е условено од функционална компатибилност со системот. Овој пристап не претставува апсолутна tabula rasa, туку рационализирачка реконфигурација во која историското се ре-контекстуализира и структурно подредува на новиот организациски протокол.

Од аналитичка перспектива, линеарниот модел не треба да се разбира како целосно реализирана урбана форма, туку како структурен хоризонт што ја насочува долгорочната трансформација на градот. Неговата реализација се одвива фрагментарно, но неговата логика останува препознатлива во ориентацијата на новите станбени зони, во доминацијата на инфраструктурните оски и во редефиницијата на централното подрачје како функционален јазол во поширока мрежа.

Регулациониот план од 1948 година воспоставува прва системски кохерентна функционалистичка матрица во развојот на Скопје. Тој го поместува тежиштето од композиционата артикулација кон организациската рационалност и ја трансформира урбаната форма во инструмент на нормативно и техничко управување. Како што укажува Tafuri (1976), во ваквиот модел просторот станува дел од поширок механизам на рационализација, при што уметничката автономија се подредува на инфраструктурна и административна логика.

Сепак, токму оваа дисциплинирана и систематизирана рамка ќе овозможи понатамошни, значително порадикални интервенции, особено по 1963 година. Линеарната матрица и инфраструктурниот примат ќе послужат како регулаторна подлога врз која ќе се надградат структуралистичките и мегаструктурални визии од 1960-тите. Значењето на планот на Кубеш, оттука, лежи во неговата посредничка улога: тој го означува преминот од композиционо артикулиран кон системски организиран град и ја воспоставува урбаната логика што ќе го дефинира понатамошниот морфолошки развој на централното подрачје.



*Слика 12*
*Урбана морфологија на урбаниот центар на Скопје - 1200 x 1200m, 1948 година. лево: генерален регулационен план на Скопје на Л. Кубеш (1948) / десно: постојна ситуација на урбано ткиво*

### 2.3 Постземјотресната обнова на градската форма (1965)

Постземјотресната обнова на Скопје претставува радикален пресек во морфолошката и концептуалната еволуција на урбаниот центар, но таа не започнува од празнина. Напротив, таа се надоврзува врз функционалистичката матрица воспоставена со Регулациониот план од 1948 година, истовремено ревидирајќи ги нејзините ограничувања. Доколку планот на Кубеш го дефинира градот како линеарно организиран, инфраструктурно воден и зонски диференциран систем, периодот по 1963 година ја трансформира оваа логика во проект на просторна структура, во кој функцијата повеќе не е доволна како единствен генератор на форма.

Земјотресот од 1963 година дејствува како структурен дисконтинуитет што ги суспендира постепените механизми на модернизација и отвора можност за концентрирана, централизирана и интернационално координирана реконструкција. Разурнувањето на значителен дел од централното ткиво, особено на станбениот фонд, го поставува домувањето како апсолутен приоритет, но истовремено ја легитимира амбицијата за целосна реартикулација на градската форма. Така, реконструкцијата престанува да биде техничка операција на обнова и станува идеолошки и дисциплинарен проект, во кој градот се третира како поле на експеримент. Во овој процес, интернационалната вклученост преку Обединетите нации и специјализираните планерски тимови има клучна улога. Генералниот урбанистички план и посебниот меѓународен конкурс за централното подрачје (1964–1965) го издвојуваат центарот како автономен проектен фокус. Овој чекор означува методолошки пресврт: наместо единствен, унифициран план, се воспоставува повеќефазен процес на дефинирање, ревизија и конкретизација, во кој различни тимови и теоретски позиции се интегрираат во таканаречениот „деветти проект“. Реконструкцијата се развива како секвенца на концептуални и архитектонско-урбани фази, при што централното подрачје се третира како лабораторија на современото градоградење.

Клучниот теоретски пресврт во овој период се артикулира преку ревизијата на функционализмот. Наместо градот да се дефинира исклучиво преку функционална сегрегација, акцентот се поместува кон процесот на структурирање: формализирање на комуникациските текови, мобилноста и визуелната комуникација како примарни фактори на урбаната организација. Просторот се разбира како комуникациско поле, а неговата форма како резултат на интеграција меѓу функција, структура и симбол. Овој тријадичен модел означува надминување на редуктивниот функционализам и воведување на комплексна урбана граматика во која инфраструктурата, изградената маса и симболичката артикулација се меѓусебно условени.

Во морфолошка смисла, новиот урбан план за централното подрачје го комбинира линеарниот и прстенестиот модел. Регионалните коридори и експресните сообраќајници, паралелни на реката Вардар, ја врамуваат централната зона, додека внатрешниот прстенест систем го регулира протокот и ја ограничува моторизацијата во јадрото. Оваа двојна логика – линеарна и концентрична – ја трансформира претходната радијално-концентрична шема во хибридна структура со јасно хиерархизирани нивоа на движење Просторната структура на центарот се артикулира преку принципиелни теми како „Градска порта“ и „Градски ѕид“. Првата функционира како трансформатор на размери и брзини – механизам што ја преведува регионалната инфраструктурна динамика во човечко мерило, преку систем на хоризонтални платформи и вертикални комуникациски јадра. Втората ја дефинира станбената содржина како концентричен,

но истовремено линеарно сегментиран прстен околу централното подрачје, синтетизирајќи ја идејата за високогустинско колективно домување како структурен елемент на градската форма. На тој начин, домувањето не е повеќе само функционална зона, туку архитектонски артикулирана маса што учествува во дефинирањето на урбаниот идентитет.

Односот кон традиционалниот град во овој период добива амбивалентен карактер. Од една страна, се признава вредноста на историските оски и јадра, кои се вклучуваат во новата композиција преку концептите на Стара и Нова оска. Од друга страна, се продолжува селективната елиминација на субстандардната текстура, при што историското се ре-контекстуализира во рамки на новиот архитектонски кадар. Така се создава состојба на истовремено присуство на старото и новото, каде дисконтинуитетот и континуитетот се преплетуваат во динамична морфолошка структура.

Во однос на претходната фаза (1948), може да се констатира дека постземјотресната обнова не го укинува функционалистичкиот протокол, туку го надградува. Линеарната матрица и инфраструктурниот примат остануваат активни, но се интегрираат во повисоко ниво на структурна и симболичка артикулација. Додека Кубеш го дефинира градот како управуван систем на зони, планот за централното подрачје го третира како поврзан архитектонски асамблаж, во кој инфраструктурата, домувањето и јавните институции се синтетизирани во хибридни мегаструктурални конфигурации.

Оттука, периодот по 1963 година треба да се разбере како точка на системска ре-конфигурација, а не како изолирана реконструктивна епизода. Тој го означува преминот од функционалистички организиран град кон структуралистички артикулирана урбана форма, при што Скопје станува место на дифузија на меѓународни теоретски модели и нивна конкретна просторна трансформација. Деталната анализа на овие процеси – особено на Градскиот ѕид како кондензиран израз на новата логика – ќе биде предмет на следната целина, каде постземјотресната обнова ќе се разгледува како примарен аналитички корпус на истражувањето.



*Слика 13*
*Урбана морфологија на урбаниот центар на Скопје - 1200 x 1200m, 1963 година. лево: урбан план на скопје од К. Танге (1964) / десно: постојна ситуација на урбано ткиво*

## 2.4 Критички заклучоци за процесот на трансформација на урбаното ткиво на скопје во хх век

Ако се разгледаат последователните плански визии за градот, од раните обиди за модернизација на урбаното ткиво на меѓувоениот период, преку функционалистичката парадигма од 1948 година, до структуралистичките градоградителски трансформации од 1963, станува јасно дека урбаниот центар на Скопје не се развива преку една доминантна матрица, туку преку серија преклопувачки урбани модели. Во тој историски тек, секој концептуален пристап не го поништува претходниот, туку го репозиционира: одредени елементи се стабилизираат како трајни носачи на форма, други се маргинализираат или фрагментираат, а трети се адаптираат во нови режими на употреба. Оттука, трансформацијата на центарот не може да се чита како чиста низа на планови, туку како долготраен процес на односот меѓу визијата и реализацијата, меѓу реактивноста на планот и инерцијата на постоечкото ткиво, како и меѓу институционалната логика и секојдневните просторни практики.

Оваа состојба произведува градска форма што е истовремено морфолошки дистинктивна, но и конфликтна: од една страна диференцијална, поради тоа што секоја фаза остава карактеристичен типо-морфолошки траг, а од друга конфликтна, затоа што тие траги не се синхронизирани во единствен систем. Радијалната рамка од почетокот на XX век ја артикулира централноста преку рингот, оските и перцептивната ориентација, настојувајќи да воведе ред без радикално бришење на наследената матрица. Функционалистичкиот пресврт по 1945 година, напротив, ја префрла тежината од композицијата кон системот: инфраструктурата, зонската диференцијација и линеарниот развоен вектор стануваат примарни генератори на форма. По 1963 година, логиката на системот дополнително се радикализира: реконструкцијата не е корективна модернизација, туку реорганизација на градот како структура, во која домувањето, инфраструктурата и јавните простори се третираат како делови на интегрирана урбана форма. Резултатот не е хомоген „нов град“, туку урбано поле во кое различни логики опстојуваат истовремено и влегуваат во сложени односи на преклопување и приспособување.

Во таа смисла, центарот на Скопје може да се дефинира како колажна структура во аналитичка смисла: состојба во која урбаната форма е составена од фрагменти од модели со различна генеза, размер и систем на функционирање. Урбаниот колаж не означува произволност, туку специфичен тип на просторна кохерентност што се конституира преку преклопување и меѓусебна адаптација на различни морфолошки слоеви. Токму зоните на нивен контакт се клучни за аналитичко согледување на современата урбана структура на центарот. Во тие зони се регистрираат паралелно постоење на урбани модели и преклопување на структурни ситуации: дисконтинуитети во блоковската матрица, прекинати или пренасочени оски на движење, хибридни форми на јавен простор и хетерогени типологии на домување. Овие појави во современата урбана морфологија не треба да претставуваат исклучок, туку индикатори на неговата еволуција. Тие ја артикулираат урбаната форма како стабилизиран, но отворен систем, во кој различни просторни урбани модели коегзистираат и се ре-конфигурираат низ време.

Градот овде се третира како слоевита морфолошка структура, како урбан палимпсест во аналитичка смисла, чија анализа овозможува реконструкција на различните историски фази преку материјалните траги што тие ги оставаат во урбаниот простор. Во тој процес, одредени просторни конфигурации се поништуваат или се фрагментираат под притисок на нови планерски интервенции, други се трансформираат и адаптираат во изменети просторни рамки, додека трети се надоврзуваат како стабилни структури што обезбедуваат просторна стабилност и континуитет на урбаната форма. Токму преку оваа диференцирана динамика на елиминација, трансформација и надоградување може прецизно да се чита генезата на современата морфологија на центарот.

Од ова произлегува клучна теза за целата хронологија на трансформациите на градот во XX век: урбаната форма на Скопје се развива како континуирана динамика на делумни урбани реализации и прекини. Од една страна, постојат релативно фиксни рамки што се репродуцираат низ различни режими (оски, природни коридори, институционални јадра, одредени просторни граници). Од друга страна, постојат моменти на структурен прекин кои го менуваат не само изгледот, туку и протоколот на планирање, управување и живеење на градот. Земјотресот од 1963 година е најсилниот таков прекин, но не е единствен: транзицијата и посттранзицијата отвораат нови дисконтинуитети, во односите на регулација, во економскиот модел и сопственоста на земјиштето и во типологиите што се појавуваат надвор од класичните плански алатки. Поради тоа, „континуитетот“ и „прекинот“ треба да се третираат како меѓусебно условени механизми на урбана еволуција, а не како спротивставени категории.

Во овој хоризонт, периодот по 1963/1965 година останува клучен затоа што во него најјасно се артикулира идејата за градот како тотална структура — идеја што продолжува да дејствува и во следните децении како концептуална и материјална референца. Градскиот ѕид е најкондензираната материјализација на таа логика: не само како архитектонска структура, туку како урбан артефакт што посредува меѓу урбаниот ценат и периферијата на градот, меѓу инфраструктура и домување, и меѓу планската визија и долготрајната адаптација. Следната целина, (Точка 3), го третира овој период како примарно аналитичко поле, фокусирано на читање на неговата конкретна урбана конфигурација преку петте избрани урбани сегменти и нивната морфолошка, типолошка и структурна артикулација.

Конечно, оваа синтеза ја поставува основата и за критичко читање на послетранзицискиот момент до 2025 година. Ако модернистичките и постземјотресните фази ја артикулираат државата како главен продуцент на урбан ред, посттранзициската фаза ја артикулира дисперзијата на тој капацитет: регулацијата се ослабува или се фрагментира, економијата на земјиштето станува примарен генератор на форма, а новите интервенции често се појавуваат како „вметнувања“ што ја менуваат мерката односот кон урбаниот контекст. Овој период не треба да се третира ниту како чиста деградација, ниту како чиста либерализација, туку како нов режим на можна коегзистенција — режим во кој наследените историски структури продолжуваат да функционираат, но под услови на нови притисоци, нови вредносни системи и нови типологии на трансформација.

Хронологијата на урбаниот центар на Скопје во XX/XXI век не функционира како линеарен историски преглед, туку како аналитичка рамка преку која се идентификуваат појавите на различни типо-морфолошки модели на домување во

конкретни временски пресечни точки. Секој од овие модели се појавува во специфичен историски контекст, со сопствена просторна логика, типологија на домување и организациски принципи. Вредноста на плановите за градот не произлегува од нивната целосна реализација или од степенот на нивна „успешност“, туку од фактот дека остануваат присутни како препознатливи морфолошки конфигурации во рамките на истиот урбан простор. Урбаниот центар, во таа смисла, претставува поле на коегзистенција на модели што потекнуваат од различни историски фази, но продолжуваат да функционираат истовремено.

Токму оваа коегзистенција претставува клучниот квалитет на градот: присуството на различни модели на домување овозможува просторна и социјална флексибилност, односно способност на урбаната структура да одговара на различни начини на живеење. Историското истражување, затоа, не служи за воспоставување на хиерархија меѓу моделите, туку за нивно препознавање и критичко читање, со цел да се разбере како реализираните и нереализираните фрагменти заедно ја формираат комплексната морфологија на центарот на градот.

**Тези за процесот на трансформација на урбаното ткиво на скопје во xx век:**

**I. Урбаната трансформација на Скопје се одвива преку акумулација на модели, а не преку нивна супституција.**

Различните планерски парадигми не го поништуваат целосно претходниот урбан слој, туку го реинтерпретираат и реорганизираат во рамки на нова просторна матрица, при што градската форма се конституира како слоевита морфолошка структура. Урбаниот центар не се развива низ последователни и затворени етапи, туку како поле во кое различни просторни логики остануваат истовремено присутни и дејствуваат во сложен однос на континуитет и трансформација.

**II. Планот функционира како долгорочна структурна рамка, а не како завршена форма.**

Регулационите планови во Скопје, особено оние од 1948 и 1965 година, не треба да се оценуваат според степенот на нивната целосна реализација, туку според нивната способност да воспостават трајни просторни односи. Нивното делумно и фрагментарно реализирање не претставува неуспех, туку како карактеристична состојба на комплексниот урбан контекст на градот.

**III. Линеарниот функционален систем го заменува композициониот модел со слободностоечка станбена структура како главна одлика на урбаната форма.**

Линеарноста не се артикулира како затворена композициона целина, туку како организациски принцип што ја редефинира станбената морфологија. Периметарскиот блок се напушта во корист на слободностоечки објекти во отворен простор, чија поставеност произлегува од функционални и хумани стандарди. Урбаната форма се конституира преку структурата на домувањето, а не преку композиционата рамка на улицата и блокот.

**IV. Историското ткиво во модерните планови функционира како услов, а не како генеративен принцип.**

Иако одредени историски структури се задржуваат, тие не ја дефинираат новата урбана матрица. Модернистичката организација се води од функционални и инфраструктурни критериуми, при што историските фрагменти се инкорпорираат селективно и прагматично.

**V. Постземјотресната обнова ја артикулира градската форма како кохерентна урбана структура на домување и инфраструктура.**

По 1963 година, градот не се третира како збир од поединечни композициони интервенции, туку како структурно организирана целина во која домувањето станува носечка просторна категорија. Урбаната конфигурација се дефинира преку односот меѓу станбените структури и примарните инфраструктурни елементи, при што центарот се конституира како интегрирана морфолошка и програмска рамка.

**VI. Урбаниот центар функционира како поле на коегзистенција на различни типо-морфолошки модели на домување.**

Современата морфологија не е резултат на хомогенизација, туку на паралелно опстојување на модели од различни историски фази. Оваа коегзистенција не претставува дефицит, туку структурна способност на градот да апсорбира различни начини на живеење и различни урбани матрици.

**VII. Проектот опстојува како концептуална и просторна референца и покрај фрагментарната реализација.**

Дури и кога материјалната изведба е делумна или модифицирана, планот продолжува да делува како интелектуална и организациска рамка што ги насочува идните трансформации. На тој начин, проектот се трансформира од технички документ во долгорочен урбан слој.

Оттука, трансформацијата на урбаниот центар на Скопје во XX век не може да се разбере како линеарна еволуција на еден доминантен модел, туку како процес на последователна артикулација на различни типо-морфолошки системи, кои остануваат материјално присутни и оперативни во истиот урбан простор. Радијалниот композиционен модел, линеарниот функционален систем и структуралистичката интерпретација на интегрирана урбана форма не се историски затворени етапи, туку слоеви со различна логика на организација, мерка и типологија на домување.

Во таа смисла, центарот на Скопје претставува поле на коегзистенција на урбани модели со различна генеза, но со истовремена просторна валидност. Вредноста на оваа состојба не лежи во нивната хомогенизација, туку во можноста тие да се читаат, разликуваат и споредуваат како автономни, но преклопени структури. Токму оваа аналитичка позиција ја поставува основата за следната глава, во која постземјотресната трансформација и појавата на Градскиот ѕид ќе се третираат како конкретен пример на структурирање на домувањето во рамки на интегриран урбан систем.

# 3. ГРАДСКИ ЅИД, ЕКСКЛУЗИВНА СТРУКТУРА ОД ПОСТЗЕМЈОТРЕСНАТА ОБНОВА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ (XX ВЕК)

## 3.1 Пост-земјотресната обнова на градот и урбаниот центар

Во текот на првата половина на XX век, урбаниот развој е силно обележан од низа општествено-политички трансформации кои директно се рефлектираат врз формата и структурата на градот. Во рамките на избраниот опфат на истражување, Големиот урбан ринг на централното градско подрачје, зачувани се само ограничени фрагменти од урбано ткиво што потекнува од почетокот на XX век и меѓувоениот период. Овие најчесто се манифестираат преку типологијата на едносемејни куќи во сопствен двор, односно урбани вили, кои првично биле носители на репрезентативни модели на домување. Во подоцнежните децении, значаен дел од овие објекти претрпува трансформации, при што едносемејните вили се адаптираат или заменуваат со повеќесемејни станбени згради. Во овој период, повеќесемејното домување во станбени објекти, заедно со еволуираната типологија на урбаната вила, станува доминантен архитектонски и урбан модел во централното подрачје. Преку овие типологии се настојува да се надминат традиционалните форми на повеќегенерациско домување и да се воспостават нови просторни и социјални модели на живеење, со појасна поделба на приватното и колективното, како и со поголема функционална рационализација на станбениот простор.

Во првите децении по Втората светска војна, Скопје се развива како административен, индустриски и републички центар во рамките на југословенскиот социјалистички проект, со интензивна динамика на урбан раст и просторна трансформација. Овој развој не може да се сведе на едноставен демографски процес, туку претставува резултат на систематски и институционално воден обид за модернизација на градот, во кој урбаното планирање и архитектурата се поставуваат како клучни инструменти за редефинирање на општествените односи. Градот станува примарна сцена за артикулација на нови модели на живеење, работа и колективен живот, преку кои се настојува да се надминат предвоените просторни и социјални структури.

Во овој период, урбаниот раст на Скопје е тесно поврзан со процесите на индустријализација, централизација на административните функции и зголемена внатрешна миграција. Новите станбени зони, јавни институции и инфраструктурни системи не се развиваат спонтано, туку се резултат на плански интервенции насочени кон создавање рационална и функционално организирана градска социјална структура. Домувањето, особено повеќесемејното домување, се појавува како еден од клучните урбани приоритети, при што станбените комплекси се замислуваат не само како индивидуални места за живот, туку како просторни рамки за нови форми на секојдневие, социјална интеракција и колективна идентификација. Архитектонските решенија од овој период ја одразуваат амбицијата за воведување на современи, модернистички принципи на просторна организација на различни размери, како во урбаниот простор, така и во станбената единица. Просторот се третира како средство за социјална интеракција, при што јасната функционална поделба, стандардизацијата на домувањето и интеграцијата на јавните содржини имаат за цел да поддржат нови општествени вредности поврзани со колективност, еднаквост и продуктивност. Во таа смисла, градот не се развива само како физичка структура, туку како нормативен проект во кој архитектурата посредува помеѓу идеологијата и секојдневната практика.

Овие процеси добиваат дополнителна тежина во контекст на подоцнежните радикални трансформации, кога Скопје станува простор на интензивни интервенции и експериментирање со урбани модели од постземјотресниот период. Но и пред тие настани, основата на социјалистичката урбана матрица веќе е поставена преку постепено напластување на институционални, станбени и инфраструктурни системи кои ја преобликуваат градската морфологија и начинот на живеење. Така, раниот социјалистички развој на Скопје може да се чита како процес на долгорочна трансформација, во кој урбаниот простор функционира како активен медиум за редефинирање на односите помеѓу државата, заедницата и индивидуата.

Зголемената станбена продукција на објекти од повеќесемејно станбено домување, како и инфраструктурното проширување и реконструкција, не се изолирани технички потфати, туку дел од поширока визија за трансформација на секојдневниот живот и за создавање на „модерен“ социјалистички град. Клучен двигател на оваа трансформација е масовната внатрешна миграција (село–град), која драстично ја менува социјалната композиција на Скопје и создава силен притисок врз постојниот станбен фонд и јавните услуги. Овој процес е дел од поширока регионална динамика на индустријализација и урбанизација, во која македонските градови го апсорбираат руралното население и функционираат како лаборатории за нови форми на урбано живеење (Ljakoska, 2020). Во таков контекст, прашањето на домувањето добива централна позиција во урбаната политика: станот не се третира исклучиво како приватен ресурс, туку како стратешка алатка за социјална стабилизација, интеграција и модернизација. Социјалистичкиот модел на домување се темели на специфични институционални рамки, социјална сопственост, системот на самоуправување и колективно организирани инфраструктури, кои го позиционираат домувањето како дел од поширок урбан систем, а не како изолирана индивидуална категорија (Dragutinović, 2021). Идеологијата се инструментализира преку архитектурата со цел создавање на одредени животни обрасци во духот на посакуваното општество. Архитектурата, во таа смисла, функционира како медиум за организирање на секојдневието: преку просторната форма се артикулираат нови ритми на живеење, нови односи помеѓу приватното и колективното и нови норми на урбана култура. Истражувањата што го анализираат развојот на Скопје во овој период укажуваат дека станбената продукција била тесно поврзани со уверувањето дека модерната архитектонска форма може да продуцира нови социјални навики и нов тип на урбан субјект (Mariotti & Pencic, 2013). Сепак, овој процес не се одвива линеарно и без тензии. Паралелно со изградбата на нови типологии на станбени структури, опстојуваат неформални и традиционални станбени ткива, особено во централните и периферните зони на градот, кои носат сопствени дистинктивни модели на заедница и социјална организација.

Така, уште пред 1963 година, Скопје функционира како град на преклопени урбани модели: модернистички проект на трансформација на домувањето од една страна и историските урбани структури / маала од друга. Токму во оваа латентна напнатост помеѓу планираната модернизација и реалната слоевитост на градот се формира контекстот во кој земјотресот од 1963 година ќе дејствува како радикален пресврт. Земјотресот не само што ќе ја прекине постепената еволуција на урбаното ткиво, туку ќе ја отвори можноста за целосно преобмислување на идејата за градот, при што претходните урбани состојби ќе бидат заменети со нова, експлицитно артикулирана визија за трансфомација на градот Скопје.

### 3.1.1 Земјотресот и новата парадигма на урбаното планирање

Земјотресот од 1963 година не претставува само екстремен природен настан, туку длабока урбана пресвртница што насилно го прекинува материјалниот, просторниот и социјалниот континуитет на Скопје. Размерите на разрушувањето се од исклучително значење за разбирање на неговите долгорочни последици: во непосредните извештаи поврзани со процесот на обнова се наведува дека приближно 75% од објектите биле целосно уништени или сериозно оштетени, додека околу 76% од населението останало без дом (United Nations, 1970). Овие бројки не функционираат само како индикатор за физичката деструкција, туку ја означуваат точката на колапс на целокупната урбана инфраструктура на секојдневието.

Особено чувствителна е станбената сфера, бидејќи нарушувањето на материјалната основа на домувањето истовремено ја компромитира и просторната инфраструктура на социјалната репродукција на урбаниот живот. Градот претрпува значајна трансформација на социјалните односи, локалните економии и појава на силни неформални режими на заемна поддршка. Оттука, катастрофата не создава само хуманитарна криза, туку и структурна криза на урбаната репродукција: градот е принуден истовремено да обезбеди итно засолнување и да формулира долгорочна стратегија за просторно и социјално реорганизирање.

Овој временски јаз меѓу нужноста и визијата станува клучен услов за радикализација на планерското размислување. Во таа смисла, 1963 година функционира како „нулта точка“ не во апсолутна историска смисла, туку како политичко-планерска конструкција. Иако одредени фрагменти од предземјотресното ткиво опстојуваат, логиката на обновата создава услови големи делови од градот да се третираат како табула раса во име на можност за реализација на новата визија за градот. Просторот, во овој контекст, се препрочитува истовремено како технички проблем што треба рационално да се реши и како историски организам што треба да се трансформира. Оваа двојна позиција ја отвора реконструкцијата кон нови урбани парадигми, но и ја релативизира вредноста на континуитетот како основен принцип на градскиот развој. Прекинот станува продуктивен, а модернизацијата се легитимира преку воведување на нова просторна основа за модерниот човек во градот.

Токму тука се формулира клучната теза на ова поглавје: Реконструкцијата на Скопје не може да се разбере како неутрален или исклучиво технички процес на обнова. Таа претставува институционално организиран и идеолошки артикулиран просторен чин, преку кој се редефинираат приоритетите на домувањето, јавните простори и симболичката хиерархија на градот. Преку распределбата на ресурси, програмски акценти и просторни ризици, обновата активно ја преобликува социјалната географија на градот, создавајќи нови услови под кои одредени социјални позиции се стабилизираат, а други остануваат привремено или трајно нестабилни во рамките на урбаното ткиво.

Доколку просторот се разбере како социјален производ, тогаш реконструкцијата по земјотресот може да се чита како момент на интензивно и концентрирано „произведување на простор“ , процес во кој институциите, експертското знаење, капиталот и идеологијата се вградени во нови урбани форми и режими на користење. Во социјалистичкиот контекст на тогашна Југославија, ова произведување носи изразена нормативна амбиција: артикулација на „град на новото општество“. Обновата

не е насочена само кон создавање на нова физичка појавност, туку кон редефинирање на начинот на живеење преку колективно домување, нови типологии на станбени единици, рационализирани инфраструктури и модели на јавен живот што треба да одговорат на идејата за социјалистичка модерност. Во тој процес, трансформацијата на градот не се одвива како линеарна замена, туку како сложено преклопување на реализирани визии, делумно имплементирани модели и урбани отпорни историски ткива. Иако планерската логика тежнее кон јасна и рационална структура, реалната обнова се соочува со ограничувања, компромиси и постепени адаптации, што ќе резултира со уште еден слој во урбаната стратографијата на градот. Токму оваа состојба, помеѓу радикалната замисла и нејзината фрагментарна материјализација, ќе стане основа за подоцнежните типолошки и морфолошки истражувања во централното градско подрачје.

### 3.1.2 Чекори во процесот на обнова на домувањето во градот

Процесот на обнова на домувањето во Скопје по земјотресот од 1963 година се одвиваше низ повеќе јасно распознатливи, но меѓусебно преклопени фази, кои постепено се развиваа од итна хуманитарна интервенција кон долгорочна просторна и архитектонска реконструкција. Овие чекори не треба да се разбираат како изолирани активности, туку како делови од еден континуиран процес во кој прашањето на домувањето функционираше како централна врска помеѓу социјалната стабилизација, техничката санација и стратешкото планирање на идниот развој на градот.

**Итна хуманитарна интервенција: домувањето како засолниште**

Првата и најитна мерка по катастрофата беше обезбедувањето привремено сместување за населението кое остана без домови. Во таа почетна фаза, на отворените зелени површини низ градот беа поставени шатори и други лесни привремени конструкции, кои овозможуваа минимални услови за преноќување и преживување. Оваа интервенција имаше исклучиво хуманитарен карактер и беше насочена кон задоволување на најелементарните потреби на населението, без амбиција за просторна, урбанистичка или архитектонска трајност.

Иако овие привремени засолништа беа импровизирани и временски ограничени, нивното масовно распоредување во градскиот простор веќе отвори низа прашања поврзани со користењето на јавните зелени површини, нивната достапност и носивост, како и со односот помеѓу вонредната состојба и воспоставената урбана структура. Просторите кои во нормални услови функционираат како рекреативни, репрезентативни или социјални ресурси на градот, привремено се трансформираа во територии на преживување, со што се трансформира нивната претходна програмска и симболичка функција.

Во оваа рана фаза, домувањето беше редуцирано на биолошка и социјална нужност, третирано како привремена архитектонска категорија лишена од типолошка и морфолошка артикулација. Сепак, токму оваа редукција го означува почетокот на подлабок процес на ре-дефинирање на домувањето во градот: од индивидуален и приватен простор кон колективен проблем што бара институционален, планерски и архитектонски одговор. Така, итната хуманитарна интервенција не само што ја стабилизираше секојдневната егзистенција, туку индиректно ја отвори рамката за подоцнежната трансформација на домувањето во централна тема на урбаната реконструкција.



*Слика 14*
*Скулптура „шатор“, ја одбележа педесетгодишнината од катастрофалниот земјотрес. бетонски шатор како референца кога паркот служел како место за привремено сместување на жителите на разрушениот град.*
*Градски парк, автори: Сергеј Николовски и Милан Мијалковиќ, 2013*
*(фото: Минас Бакалчев)*

**Техничка селекција и преодно домување: рационализација на кризата**

Паралелно со хуманитарните мерки, беше започнат систематски процес на проценка на оштетувањата на постојниот градежен фонд, со цел да се воспостави рационална основа за понатамошните интервенции. Објектите беа класифицирани според степенот на структурна стабилност и можноста за понатамошна употреба, при што беше воспоставен јасен визуелен систем на обележување: зелена боја за објекти погодни за користење, жолта за објекти со ограничена употребливост и црвена за објекти што беа опасни и предвидени за уривање. Овој процес претставуваше прв обид за воведување технички втемелена, стандардизирана методологија во управувањето со последиците од катастрофата како институционално регулиран пристап.

Меѓутоа, оваа селекција не функционираше само како инженерска или безбедносна процедура. Таа имаше директни просторни и социјални импликации, бидејќи овозможи диференцирање помеѓу објектите што можат да се обновуваат, оние што бараат темелна реконструкција и оние што мора да бидат целосно отстранети. На тој начин, техничката проценка на оштетувањата се трансформираше во механизам на просторна и социјална селекција, кој индиректно го одреди темпото на враќање на населението, можностите за останување во централното подрачје и степенот на привремена или трајна дислокација. Рационализацијата на кризата, во оваа смисла, не беше неутрален процес, туку чин со долгорочни последици врз урбаната структура и социјалната и симболичката географија на градот.

Во рамките на оваа фаза, следен клучен чекор беше изградбата на донирани монтажни куќи, поставени претежно во поширокиот урбан контекст, надвор од најтешко оштетеното централно подрачје. Овие објекти, донирани од различни држави и меѓународни организации, претставуваа преодна форма помеѓу итното засолниште и трајното домување. Иако првично замислени како временско решение, во многу случаи тие останаа во употреба значително подолго од планираното, што укажува на јазот помеѓу планерските проекции и реалната динамика на обновата.

Монтажните населби одиграа клучна улога во повторното воспоставување на секојдневниот ритам на животот и во реконституирањето на основните социјални релации по катастрофата. Во оваа фаза, домувањето се појавува како компромисна, но продуктивна категорија: доволно стабилна за да овозможи социјална репродукција и чувство на континуитет, но истовремено отворена и недовршена во однос на урбаната форма. Преодното домување, на тој начин, ја материјализира тензијата помеѓу рационалноста на кризното управување и амбицијата за структурна и трајна урбана трансформација, поставувајќи основа за коегзистенција на различни модели на домување во поширокиот развој на градот.

**Стратешка реконструкција: домувањето како носител на новиот урбан модел**

Крајната и концептуално најзначајна фаза во процесот на обнова на домувањето во Скопје е поврзана со организирањето на меѓународниот архитектонски конкурс за урбаниот центар на градот. За разлика од претходните фази, кои беа условени од итноста на интервенција и од техничко-рационалните процедури на селекција и снација, конкурсот означува пресврт кон долгорочно, стратешко и визионерско промислување на домувањето како структурен елемент на идниот урбан модел. Во овој

момент, обновата престанува да биде реактивен процес и се трансформира во проект на артикулирана урбана визија.

Во рамките на конкурсот, домувањето се третира како клучна компонента на централното градско ткиво, интегрално поврзана со системот на јавни простори, сообраќајната инфраструктура, програмската распределба и симболичката репрезентација на обновениот град. Конкурсните трудови понудија различни модели на концентрација, типолошка организација и програмска хибридност, преку кои станбената функција се инкорпорира во комплексни урбани структури што ја надминуваат логиката на поединечниот објект. Домувањето се појавува како активен градоградителски елемент, способен да посредува помеѓу колективното урбани живеење, јавниот простор и симболичката димензија на обновениот модерен град.

На тој начин, конкурсот за урбаниот центар може да се разбере како кулминација на процесот на обнова на урбаното домувањето: момент во кој искуствата од итната хуманитарна интервенција, техничката селекција на оштетениот фонд и преодните форми на сместување се синтетизираат во архитектонска визија со долгорочни просторни и морфолошки импликации. Во оваа фаза, домувањето престанува да функционира исклучиво како одговор на катастрофата и се воспоставува како носител на новиот урбан идентитет на Скопје. Истовремено, токму преку овие визии се поставуваат основите за подоцнежните морфолошки и типолошки варијации во централното градско подрачје, отворајќи простор за анализа на нивната улога во формирањето на современата урбана матрица на Скопје.



*Слика 15*
*Планот на Скопје пред земјотресот во 1963 година и неговите проширувања до 1964 година (Галиќ, Ристо и Соколов, Леонид (1964). Студија за нов план на Скопје, Архитектура урбанизам, 28).*




*Слика 16*
*Архипелаг од субурбаните фрагменти: реконструкција на дистрибуцијата на префабрикуваните населби во скопската котлина 1963/1964.*

### 3.2 Архитектонски конкурс и проектот на кензо танге како основа за планирање на урбаниот центар – 1965

Реконструкцијата на Скопје преку меѓународниот архитектонски конкурс за урбаниот центар претставува исклучителен случај во историјата на европското и светското урбано планирање, не само поради размерот и интензитетот на катастрофата, туку и поради начинот на кој процесот на обнова беше институционално и концептуално конституиран како експлицитно меѓународен проект. Во контекст на геополитичките тензии на Студената војна, Скопје се трансформира од регионален социјалистички град во интернационална сцена на планерска експертиза, каде архитектонските идеи, техничкото знаење и финансиските ресурси влегуваат во локалниот урбан контекст со висок степен на институционална, политичка и симболичка артикулација.

Во овој процес, обновата не се третира само како техничка задача на реконструкција на уништената градска структура, туку како можност за формулирање нов урбан наратив. Централното градско подрачје се замислува како клучна просторна и симболичка платформа преку која треба да се ре-конституира идентитетот на градот, преку јасни, рационални и читливи просторни системи што ќе ја организираат колективната мобилност, јавните простори, институционалните функции и станбените капацитети во кохерентна урбана структура. На тој начин, конкурсот станува инструмент не само за дизајн, туку и за артикулација на визија за современиот град како организиран социјален и просторен систем.

Советот на консултанти, формиран како Меѓународна консултативна група, оцени дека обновата на централното подрачје на Скопје бара ангажман на врвни меѓународни архитектонски и урбанистички капацитети, со оглед на обемот на разурнувањето, комплексноста на интервенцијата и специфичните услови на градење во сеизмички активна зона. Како соодветен инструмент беше препорачано распишување на меѓународен архитектонско-урбанистички конкурс за идејно решение, со институционална поддршка и координација од страна на Обединетите нации. Иако Обединетите нации дотогаш немале директна практична улога како организатор на ваков тип архитектонски конкурси, постоела воспоставена нормативна рамка за меѓународни конкурси во областа на архитектурата и урбаното планирање. Овие стандарди и правилници, усвоени во рамки на УНЕСКО уште во 1956 година, овозможиле формализација на конкурсната процедура преку јасни меѓународни правила, транспарентна експертска евалуација и институционална легитимација (United Nations, 1970).

Согласно овие процедури беше организиран конкурс со ограничен број учесници, при што половина од тимовите беа избрани од меѓународната архитектонска сцена, а половина од југословенските институции, со јасна намера да се воспостави рамнотежа помеѓу глобалната професионална експертиза и локалната контекстуална и институционална изводливост. Специјалниот фонд на Обединетите нации и Владата на Југославија, во координација со Интернационалната унија на архитекти (UIA), го

овластија Ернст Вајсман (Ernest Weissmann) да управува со наградниот фонд во износ од 20.000 американски долари. Во февруари 1965 година, осумте поканети тимови реализираа заедничка студиска посета на Скопје, која служеше како клучен момент за теренска ориентација и аналитичко разбирање на степенот на разурнување, топографските услови и критичните урбани релации што требаше да бидат предмет на ре-концептуализација.

Во историографијата на повоеното урбано планирање, овој конкурс се препознава како клучен момент во кој се артикулираат и се соочуваат различни модернистички позиции. На една страна се појавуваат мегаструктурални и системски концепции, блиски до метаболистичките и структуралистичките стремежи, кои градот го разбираат како отворен, еволутивен систем способен за раст и трансформација. На друга страна се позиционира функционалистичкиот прагматизам што произлегува од југословенските планерски институции, нормативи и искуства од социјалистичката станбена изградба. Конкурсот, во таа смисла, не е само натпревар на индивидуални авторски визии, туку простор на критичка медијација помеѓу различни концепти на модерност, колективност и урбана организација како медијација чиј исход ќе има долгорочни последици врз морфологијата и функционирањето на централното градско подрачје на Скопје.

**Програм и урбани принципи за концепција на интернационалниот архитектонски конкурс за Скопје (1965)**

Програмата на интернационалниот архитектонски конкурс за урбаниот центар на Скопје не беше конципирана како директен инструмент за изработка на конечен детален план, туку како метод за генерирање концептуален „фонд на идеи“ што локалните планерски и институционални структури требаше дополнително да го синтетизираат и операционализираат во следната фаза на урбанистичка разработка. Наместо ригидна административна регулација, конкурсната програма функционираше како еден вид урбанистички манифест, во кој беа артикулирани основните теоретски, просторни и технички параметри што требаше да го дефинираат новиот идентитет на постземјотресно Скопје.

Централно место во програмата зазема домувањето, третирано како примарна урбана програма и како структурен регулатор на градската форма. Масовното уништување на станбениот фонд ја наметна потребата од нови типологии на колективно домување, способни да одговорат и на сеизмичките ризици и на социјалните потреби на современото урбано општество. Во овој контекст, домувањето не беше сведено на егзистенцијален минимум, туку беше концептуализирано како основен морфолошки елемент на урбаната структура. Од учесниците се очекуваше да предложат просторни модели што овозможуваат високи густини без деградација на секојдневната употребливост, социјалната интеракција и квалитетот на живеењето. Програмата експлицитно сугерираше напуштање на традиционалниот периметарски блок во корист

на покомплексни системи на станбени „соседства“, кои истовремено би биле технички сигурни и социјално функционални.

Во согласност со доминантните модернистички доктрини од периодот, беше поставено и јасно барање за раздвојување на пешачките и моторизираните текови. Овој принцип не беше формулиран исклучиво како техничка мерка за ефикасност и безбедност, туку и како хуманистичка позиција: ослободување на приземното ниво на градот за пешачко движење, социјални контакти и јавен живот, додека сообраќајната инфраструктура за возила требаше да функционира како автономен, често скриен систем. Таквата логика на „рационализација на движењето“ го рефлектира технократскиот оптимизам на модернизмот, во кој градот се замислува како функционално организиран систем со јасно дефинирани просторни улоги.

Во источниот дел на централното подрачје програмата предвидуваше концентрација на јавни и институционални функции, формирајќи нов административен и културен центар како симбол на солидарноста и интернационалната поддршка. Административни објекти, универзитетски капацитети, културни институции (опера, театар, музеи) и трговски содржини требаше да се интегрираат во кохерентна просторна целина што ќе ја преземе улогата на јадро на социјалниот, политичкиот и културниот живот на Републиката. Оваа програмска концентрација имаше и јасна репрезентативна функција: преку трајни архитектонски обележја да се материјализира интернационалната солидарност и да се позиционира Скопје како модерен регионален центар (United Nations, 1970).

Особено значајно е тоа што конкурсната програма, за првпат во ваков обем, експлицитно го третираше историското урбано наследство како активна вредносна категорија. Иако тежиштето беше ставено на новата урбана структура, беше поставена обврска за заштита и конзервација на клучните споменици и структури од средновековниот и отоманскиот период. Старото градско јадро, Куршумли ан, Чифте амам, црквата „Св. Спас“, Кале и Камениот мост,не требаше да се третира како изолиран музејски енклав, туку како активен урбан слој во дијалог со новата модерна архитектура. Од авторите се бараше да воспостават визуелна и просторна релација помеѓу авангардната структура на јужниот брег и историската матрица на северниот брег на Вардар, со цел зачувување на континуитетот на градската меморија во услови на радикална трансформација.

Како директна последица на траумата од земјотресот, програмата воведе и нови сеизмички принципи во урбанистичката теорија и пракса. За првпат во ваков размер, сеизмичкото микро-зонирање беше третирано како детерминанта на просторната организација. Истовремено, се инсистираше на просторна флексибилност како способност на предложената урбана матрица да се развива и трансформира низ времето, без нарушување на основната логика и стабилност на планот. Ова барање ја рефлектираше свеста за динамичниот раст на градот и за технолошките промени во градежната индустрија во втората половина на XX век.

Во овој сложен процес, улогата на Адолф Циборовски беше клучна. Како проектен раководител на Обединетите нации и главен планер, тој беше задолжен да ги интегрира хетерогените конкурсни визии во извршен и прагматичен Генерален урбанистички план. Потпирајќи се на своето искуство од повоената реконструкција на Варшава, Циборовски имплементираше модел на „координирано планирање", во кој радикалните просторни концепти се балансираат со економските, техничките и институционалните реалности на теренот. Тој дејствуваше како медијатор меѓу архитектонската визија и планерската изводливост, воведувајќи интердисциплинарен пристап што ги вклучи сеизмологијата, економските проекции и социолошките параметри како конститутивни елементи на урбаната форма. Под негово раководство, апстрактните идеи на конкурсот беа трансформирани во функционална урбана рамка со долгорочен капацитет за раст и адаптација, позиционирајќи го Скопје како глобална референца во дискурсот за посткатастрофална урбана реконструкција.

### 3.2.1 Авторските тимови и нивните проектни позиции

Периодот од средината на 1950-тите до средината на 1960-тите години претставува еден од најдинамичните и најконтрадикторни моменти во историјата на архитектонската мисла. Во услови на масовна повоена реконструкција, забрзана индустријализација и интензивна демографска мобилност, градот станува клучно поле за артикулација на нови просторни модели, технолошки системи и социјални визии. Урбанизмот во овој период функционира како транснационален дискурс во кој теоријата, планерската пракса и политичката идеологија се длабоко испреплетени, а големите меѓународни конкурси стануваат медиум преку кој овие идеи се тестираат во конкретни просторни ситуации.

Во рамките на оваа поширока теоретска сцена се појавуваат неколку доминантни линии. Од една страна, продолжува и се следи рационалистичката традиција на доцниот функционализам, која го третира градот како систем на функции, инфраструктури и сообраќајни текови, управуван преку техничка оптимизација и хиерархиска организација. Овој пристап, произлезен од наследството на CIAM и Атинската повелба, го замислува градот како управлива машина, каде домувањето, работата и рекреацијата се просторно сегрегирани, а формата произлегува од логиката на ефикасност и контрола.

Паралелно со оваа линија, во доцните 1950-ти и раните 1960-ти се развива силна критика на статичниот и универзален модел на модерниот град. Структуралистичките и хуманистички ориентирани автори, особено поврзани со кругот на Team 10, го проблематизираат апстрактниот функционализам и инсистираат на градот како социјална структура составена од релации, асоцијативни скали и секојдневни практики. Наместо фиксирани форми, тие предлагаат отворени и адаптибилни урбани рамки, во кои архитектурата треба да овозможи идентификација, ориентација и постепена трансформација.

Во исто време, јапонскиот метаболизам ја радикализира идејата за структура преку воведување на мегаструктурални и инфраструктурни системи. Во оваа перспектива, градот не се сфаќа како стабилен објект, туку како процес, организам што расте, се надградува и се менува во согласност со технолошките и општествените трансформации. Големите носечки структури функционираат како трајна рамка во која се вметнуваат променливи функционални единици, при што комуникацијата, мобилноста и колективното домување стануваат примарни носители на урбаната форма (Banham, 1976).

Трета значајна струја во овој период е еволутивниот и контекстуален урбанизам, особено присутен во италијанската и централноевропската традиција, каде градот се разбира како историски слоевит организам. Во оваа линија, новите интервенции не се замислуваат како радикален прекин, туку како дијалог со постојното ткиво, топографијата и културната меморија. Пешачкиот простор, јавниот живот и микроклиматските услови се третираат како суштински компоненти на урбаната кохерентност, спротивставени на апстрактната монументалност.

Во овој глобален теоретски и практичен контекст, меѓународниот архитектонски конкурс за урбаниот центар на Скопје претставува повеќе од стандардна процедура за избор на идеен архитектонски проект. Во самиот процес, конкурсот прераснува во аналитичка сцена во која посткатастрофалната обнова се трансформира во дисциплинарна дебата за тоа што е „современ град“ и кои се неговите носечки принципи. Во услови на прекинат урбан континуитет, конкурсот ја концентрира планерската моќ во краток временски интервал и ја поставува реконструкцијата како можност за радикално редефинирање на централното ткиво преку нови просторни системи, режими на мобилност, модели на домување и симболичка структура на јавноста. Токму затоа, конкурсните трудови не се читаат само како индивидуални авторски решенија, туку како позиции во поширока теоретска и идеолошка матрица: различни интерпретации на модерноста, различни модели на социјална организација и различни механизми на урбана рационалност. Критичкиот пресек што следи има за цел да ја разоткрие логиката на тие позиции преку споредбена анализа на проектите: како секој тим го дефинира односот меѓу инфраструктурата и јавниот простор; како го третира домувањето во однос на центарот; каква улога му доделува на историското наследство; и каков тип градска целина замислува како отворен или хиерархиски, фазен или монолитен, контекстуален или универзален.

Иако конкурсните трудови се разликуваат во формалниот израз и идеолошката подлога, тие можат да се читаат како позиции долж заедничка проблематика: односот помеѓу структуралната рамка и секојдневниот урбан начин на живот, помеѓу централизацијата и дифузијата, како и помеѓу симболичката репрезентација и планерската изводливост. За одредени автори, структурата се појавува како доминантен инфраструктурен и просторен скелет што го организира и дисциплинира урбаниот живот преку јасна хиерархија и централизирана логика; за други, таа се разбира како отворена и адаптибилна рамка чија функција не е да го фиксира градот, туку да овозможи постепена трансформација и просторна разновидност. Истовремено,

конкурсните трудови нудат различни интерпретации на домувањето како урбан инструмент. Во некои случаи, станбената програма се третира како агрегирана маса интегрирана во големи системи со силен симболички и репрезентативен карактер; во други, домувањето се распоредува преку мрежа на соседства и помали типолошки единици, каде приоритет се дава на секојдневната употребливост, микросоцијалните релации и фазната реализација. Овие разлики не се само формални, туку рефлектираат различни претпоставки за тоа каков тип урбан живот треба да произведе архитектонската форма.

Од аналитичка перспектива, компаративното читање на овие проекти овозможува да се согледа како доминантните модернистички теории на периодот се преведуваат во конкретни просторни техники: сегрегација на сообраќајните текови, формирање на пешачки платформи, организација на јавни јазли, типолошка концентрација или дисперзија, како и различни стратегии за однос кон историското наследство. Токму овие техники ќе имаат долгорочни импликации врз развојот и трансформацијата на централното градско подрачје на Скопје и претставуваат клучна основа за критичката анализа на поединечните авторски позиции што следат.

| | Клучни меѓународни автори | Концепти на урбани модели | Манифестација во конкурсот за Скопје |
|---|---|---|---|
| **Структурализам и метаболизам** | Kenzo Tange; Kisho Kurokawa; Fumihiko Maki (*Investigations in Collective Form*) | Град како структурален систем;интегрирање на инфраструктура и архитектура за домување; раст, промена, флексибилност | Градската порта и Градскиот ѕид како носечки урбани скелети; домувањето интегрирано во мегаструктурална рамка |
| **Хуманизиран функционализам (југословенска школа)** | CIAM (пост-Атинска повелба); искуства од Нов Загреб; социјален модернизам | Рационална организација; социјална функционалност; економска изводливост | Мишчевиќ и Венцлер: станбени соседства со јасни стандарди, проверени типологии и контролирана густина |
| **Структурализам / Team 10** | Alison & Peter Smithson; Aldo van Eyck; Jaap Bakema; Lijnbaan, Rotterdam | Човечки размер; асоцијативни структури; урбана мрежа наместо хиерархија | Van den Broek & Bakema: хоризонтална густина, пешачки врски, мрежна структура без нов доминантен монумент |
| **Еволутивен и контекстуален модернизам** | Словеначка школа; Plečnik / Corbusier синтеза | Континуитет наместо tabula rasa; дијалог со историското ткиво; постепена трансформација | Равникар: интеграција на Старата чаршија, пешачки платформи, микроклиматски и атриумски модели |
| **Органско и пејзажно урбано планирање** | Италијанска урбанистичка традиција; медитерански градови | Град како жив организам; природен топос; пејзаж како структура | Пичинато: Вардар како зелена урбана оска; паркови и јавни шеталишта во центарот |
| **Технократски модернизам** | Американска планерска школа; CBD модели | Централизација; деловен центар; примат на сообраќајот и економската ефикасност | Ротивал: централен деловен дистрикт, автопатска логика, пирамидална концентрација |
| **Инженерски рационализам (доцен CIAM)** | Белградска школа; државен планерски апарат | Функционална зоналност; автомобил како доминантен медиум | Ѓорѓевиќ: строга сегрегација на функции, доминација на сообраќајна инфраструктура |
| **Локален критички модернизам** | Македонска модерна архитектура | Човечки размер; социјален континуитет; локална меморија | Брезовски: интеграција на Чаршијата, визуелни релации со Калето, пешачки јавни простори |

### 3.2.2 Кензо Танге (Токио, Јапонија) – прва награда (60%)

Танге го согледа Скопје како можност за системски пристап кон урбаната организација, при што во својот дискурс ја нагласува разликата помеѓу „организациска структура“ и „фиксна форма“ (Tange, 1966). Проектот беше развиен со учество на Арата Исозаки и Садао Ватанабе и е структуриран преку две мегаструктурални фигури: Градската порта (City Gate) и Градскиот ѕид (City Wall).

Проектот претставуваше радикална примена на теорија на Танге за урбаниот метаболизам на европско тло. Неговиот пристап се карактеризира со напуштање на статичното планирање во корист на динамични структури кои овозможуваат органски раст и промена на градот, претворајќи го Скопје во лабораторија за неговата визија за урбана структура како систем кој ги интегрира сообраќајот, социјалните текови и архитектурата во кохерентна целина. Фундаментот на овој концепт лежеше во верувањето дека модерниот град е дефиниран преку комуникациските текови, поради што Танге предложи отворен систем кој функционира како жив организам наместо класичен центар со фиксни граници.

Оваа идеологија беше материјализирана преку концептот на колективната форма како големи архитектонски системи кои служат како примарна скелетна рамка на градот, во која можат да се инсертираат помали, функционални елементи. Со овој пристап, Танге се обиде да го надмине традиционалниот раздор помеѓу индивидуалниот објект и урбаниот пејзаж, третирајќи го центарот на Скопје како простор за социјална интеракција и симболична репрезентација на модерниот хуманизам. Иако проектот често се идентификува со неговата монументална форма, неговата суштинска намера беше да обезбеди структурна ефикасност и функционален динамизам преку строга геометриска дисциплина. Визијата на Танге останува запишана во историјата на планирањето на градовите како храбар обид за синтеза на јапонската метаболистичка мисла и локалните југословенски општествени потреби, создавајќи уникатна симбиоза која стана глобален симбол на солидарност.

### 3.2.3 Радован мишчевиќ и Федор венцлеР (Загреб, Југославија) – прва награда (40%)

Архитектонскиот идентитет на „Загрепската школа“ Тимот составен од Радован Мишчевиќ и Федор Венцлер настапи како репрезент на Институтот за урбанистичко планирање на Хрватска. Оваа школа, во периодот на 1950-тите и 1960-тите години, беше препознаена како водечка во Југославија поради својот умерен модернизам, кој вешто ги балансираше принципите на функционализмот со регионалните потреби и економската реалност. Мишчевиќ и Венцлер беа архитекти-планери кои веќе имаа значајно искуство во планирањето на нови урбани зони (како што е развојот на Нов Загреб), каде клучниот императив беше социјалната функционалност и рационалната дистрибуција на станбените фондови. Нивниот пристап не беше утописки, туку прагматичен, длабоко вкоренет во реалните градежни капацитети на тогашната социјалистичка држава (Kulić, Mrduljaš and Thaler, 2012). За разлика од апстрактните мегаструктури на Танге, теоретската основа на загрепскиот тим се потпираше на хуманизираниот функционализам. Нивната идеологија беше водена од премисата дека градот мора да служи на потребите на човекот на социјалистичкото општество. Во нивниот проект за Скопје, тие не бараа радикални морфолошки пресврти, туку се фокусираа на организација на станбените соседства кои ќе понудат оптимални услови за живот: инсолација, провереност, зеленило и лесен пристап до јавните сервиси. Овој пристап беше критички насочен кон претераната монументалност, залагајќи се за архитектура која е пропорционална на човекот и која овозможува постепена, фазна изградба, што беше од суштинско значење за пост-катастрофалниот контекст на Скопје.

Методолошкиот придонес произлезен од локалната пракса донесе изводливост и економска логика на планот во финалната варијанта. Професионалниот профил на Мишчевиќ и Венцлер беше дефиниран преку висока техничка прецизност и почитување на стандардите. Додека Танге ја дефинираше визијата, загрепскиот тим ја дефинираше алгоритмиката на нејзината реализација. Тие во конкурсот воведоа исклучително детални анализи за сообраќајната пропустливост и економската исплатливост на предложените решенија. Нивниот пристап кон урбаниот центар беше согледан како систем на поврзани зони каде што јавните функции се распоредени на начин кој нуди виталност, но и одржливост. Токму овој планерски прагматизам го натера меѓународното жири да им додели висок процент од наградата, препознавајќи во нивната работа неопходен коректив на јапонската авангарда (United Nations, 1970). Нивниот придонес е во тоа што успеаја да го интегрираат визионерското со остварливото, со што станаа ко-креатори на современиот идентитет на центарот на Скопје.

### 3.2.4 Ван ден Брук и Бакама (Ротердам, Холандија)

Јакоб Бакама и Јоханес ван ден Брук во Скопје пристигнуваат како водечки имиња на холандскиот модернизам и клучни фигури во меѓународната дебата за иднината на градот. Нивното биро беше светски познато по обновата на Ротердам (особено пешачката зона Lijnbaan), што им даде исклучителен кредибилитет во планирањето на разурнати центри. Сепак, нивното значење во Скопје најмногу произлегува од нивната водечка улога во „Тим 10“, групата која во 1950-тите го предизвика догматскиот пристап на CIAM и Атинската повелба. Бакама беше гласен поборник за архитектура која не е само функционална машина, туку инструмент за социјална еманципација и лична идентификација на поединецот со заедницата.

Во Скопје, нивната теоретска позиција беше радикално различна од онаа на Танге. Додека Танге тежнееше кон тотален поредок, Бакама и Ван ден Брук застапуваа концепт на отворена урбана структура (Van den Heuvel, 2015). Нивната филозофија се темелеше на верувањето дека градот треба да биде хетерогена структура која овозможува избор. Наместо хиерархиски центри и монументални оски, тие предложија „урбана мрежа“ која расте органски. Нивниот архитектонски јазик е во духот на структурализмот, а начинот на инрервенција е преку воведување на меки „урбани ткива“ составени од повторливи елементи кои можат да се шират и менуваат, прилагодувајќи се на потребите на жителите (Lozanovska, 2015). Клучниот придонес на нивниот тим во конкурсниот дискурс беше инсистирањето на „човечкиот размер“ и социјалните врски. Бакама ја разви теоријата за „скала на асоцијации“, тврдејќи дека архитектот мора да создаде простори каде поединецот ќе се чувствува поврзан со својата куќа, својата улица и своето маало, пред да се идентификува со целиот град. Во нивниот предлог за Скопје, ова се манифестираше преку хоризонтална густина и пешачки патеки кои се испреплетуваат со јавните функции, создавајќи „урбан пејзаж“ наместо строга административна зона. Нивниот пристап беше насочен кон создавање визуелен континуитет помеѓу различните делови на центарот, со цел да се избегне чувството на отуѓеност кое често го произведуваат големите модернистички проекти. Бакама веруваше во „визуелна групација“, каде архитектурата му помага на жителот полесно да се ориентира и да го разбере градот. Нивниот проект за Скопје беше софистицирана вежба по структурализам: потрага по поредок кој произлегува од постојните потреби за движење и социјализација на жителите. Иако нивното решение не беше избрано, нивното присуство на конкурсот изврши силно влијание врз локалната професионална јавност, поттикнувајќи дебати за социјалната димензија на архитектурата која оди подалеку од чистиот функционализам.

### 3.2.5 Едвард Равникар (Љубљана, Југославија)

Едвард Равникар (1907–1993) на меѓународниот конкурс за Скопје настапи како најеминентната фигура на словенечката архитектура и еден од највлијателните интелектуалци во југословенскиот архитектонски простор. Неговиот професионален профил е обликуван низ уникатна синтеза на две наизглед спротивставени школи: тој беше ученик на Јоже Плечник во Љубљана, од кого ја наследи почитта кон занаетчиството, класичните пропорции и историскиот континуитет, и соработник на Ле Корбизје во Париз, каде ги апсорбираше, за тоа време, радикалните модернистички принципи. Оваа двојност го направи Равникар исклучително сензибилен во однос на контекстот и местото, овозможувајќи му да развие јазик кој е истовремено модерен по функција, но длабоко контекстуален по својата урбана етика (Kulić, Mrduljaš and Thaler, 2012). Додека многу од неговите современици го согледуваа Скопје по земјотресот како tabula rasa, Равникар застапуваше теорија на „урбана еволуција". Неговата филозофија се потпираше на верувањето дека новиот град не смее да ја негира својата историска основа, туку мора да воспостави дијалог со неа. Во неговиот проектен дискурс, Скопје беше дефинирано како град на два брега со различна морфологија, а неговата задача како архитект беше да ги обедини тие „два света" без да ги уништи нивните специфичности. Наместо да наметне туѓа, апстрактна геометрија, Равникар предложи систем кој се надоврзува на постоечките улици и визурни коридори, третирајќи ја обновата како чин на надградување на културните слоеви.

Клучниот придонес на Равникар во конкурсната дебата беше неговиот супериорен третман на Старата чаршија и нејзината врска со модерното јадро. Тој беше меѓу ретките автори кои не ја третираа Чаршијата како изолиран фолклорен елемент, туку како витален економски и социјален дел од центарот. Неговиот проект предвидуваше систем на пешачки врски и мостови кои би овозможиле флуидно движење помеѓу левиот и десниот брег на Вардар. Равникар воведе концепт на „пешачки платформи" и плоштади кои служат како посредници помеѓу размерот на историските објекти и големите волумени на новите јавни објекти. За него, архитектурата во Скопје не требаше да биде само визуелен наратив, туку „просторна рамка за живот", која ги кани граѓаните на социјализација низ различни градски амбиенти. Во рамките на конкурсните решенија, жирито ги истакна стратешките аспекти во проектот на Едвард Равникар кои понудија специфичен баланс меѓу природниот и изградениот простор. Неговиот пристап се карактеризира со фокус на микроклиматскиот дизајн, каде преку системско воведување на тревни масиви и структури на винова лоза се врши пасивна регулација на амбиентот во урбаното јадро. Посебен придонес претставува неговата концепција за атриумски станбени структури во потегот меѓу Кале и Гази Баба. Овој модел овозможува зголемување на густината на домувањето без да се загрози традиционалниот начин на живот на локалното население, со што се воспоставува социо-културен континуитет. Дополнително, Равникар ја користи топографијата на источните падини на Калето за да ги лоцира центрите на меѓународната солидарност, претворајќи го овој простор во симболичен и функционален јазол на новото Скопје.

### 3.2.6 Александар Ѓорѓевиќ (Белград, Југославија)

Александар Ѓорѓевиќ на конкурсот за Скопје настапи како претставник на Институтот за урбанистичко планирање на Србија, носејќи го со себе строгиот професионален дискурс на белградската архитектонска сцена. Белград во тој период беше центар на југословенскиот административен и технички урбанизам, силно под влијание на доцните рефлексии на доктрините на CIAM.

Методолошкиот пристап на Ѓорѓевиќ беше втемелен врз инженерски рационализам и убедувањето дека институционалните планерски механизми се примарниот инструмент за урбана трансформација. Белградскиот тим застапуваше една „чиста“ модернистичка линија, каде градот се третира како логичен систем на зони и функции, проектиран со цел максимална техничка ефикасност. Проектот на Ѓорѓевиќ за Скопје претставуваше можеби најдоследната примена на принципите на Атинската повелба помеѓу сите учесници. Неговата идеологија се потпираше на строга функционална сегрегација, каде што домувањето, работата и слободното време беа јасно просторно раздвоени.Овој рационалистички пристап ја фаворизираше јасната геометрија, праволиниските оски и хиерархискиот поредок, со што неговиот предлог беше согледан како технички најкоректен, но истовремено и најмалку подложен на спонтани социјални трансформации . Клучниот аспект на предлогот на Ѓорѓевиќ беше радикалната реорганизација на сообраќајната мрежа. Неговиот проект ја претпоставуваше доминацијата на автомобилот како примарно средство за движење во социјалистичкиот град на иднината. Тој предложи систем на широки булевари и сообраќајни јазли кои требаше да го олеснат протокот на возила низ центарот, притоа целосно изолирајќи ги пешачките зони. Оваа сообраќајна логика беше дизајнирана со цел да се елиминираат сите конфликтни точки, но како последица создаваше огромни просторни празнини и волумени кои во жири-извештаите беа критикувани поради недостаток на „човечки размер“ во урбаниот простор на центарот на градот.

Иако неговиот проект покажа разбирање на техничките нормативи и административните потреби на Скопје како главен град, тој беше разбран како проект со ограничен капацитет. Неговиот модел беше универзален и применлив за било која модерна метропола, а токму таа универзалност, која во одредено време беше знак за висок професионализам, по завршувањето на конкурсот беше согледана како негов најголем недостаток во споредба со визионерството на Танге или структурализмот на Бакама. Сепак, неговиот придонес остана како потсетник за дисциплинираниот, рационалистички метод на југословенското планирање кој инсистираше на прагматичност и изводливост. (United Nations, 1970)

### 3.2.7 Славко Брезовски (Скопје, Југославија)

Славко Брезовски (1922–2017) беше единствениот македонски архитект кој учествуваше како носител на проект на овој меѓународен конкурс, што му даде специфичен статус во целиот процес. Како еден од најистакнатите претставници на македонскиот модернизам и автор на капитални објекти, Брезовски поседуваше длабоко познавање на урбаната генеза на градот пред земјотресот. Неговиот профил беше дефиниран преку синтеза на интернационалниот стил и сензибилноста кон локалниот контекст, дејствувајќи како критички коректив на честопати апстрактните идеи на меѓународните тимови.

Идејата на Брезовски се потпираше на верувањето дека новиот центар на Скопје не смее да стане „споменик на технологијата“, туку мора да остане животна сцена за неговите жители. Додека Танге и Ротивал размислуваа во категории на мегаструктури и регионални протоци, Брезовски инсистираше на човечкиот размер. Неговиот пристап беше воден од идејата за социјален континуитет наспроти радикална трансформација на градот која ќе ги прекине традиционалните навики на жителите. Затоа, во својот дискурс, тој фаворизираше јавни простори кои се интимни, заштитени и прилагодени на пешакот, наместо монументални празнини. (United Nations, 1970).

Три елементи од концептот на Брезовски, исто така, беа издвоени за пофалба: локацијата на Универзитетот; предлогот северната обиколна сообраќајница да се помести подалеку кон север, со цел сите културни и историски споменици на Старата чаршија да се интегрираат во единствена композиција; како и начинот на кој ниските објекти во зелените површини на левиот брег се поврзуваат со високите структури на десниот брег. Овие беа оценети како „вредни предлози што треба да бидат проучени од оние што ќе го подготвуваат конечниот план“. Неговиот проект настојуваше да ги зачува визуелните релации со Калето и Чаршијата на еден подиректен, емотивен начин. Иако неговиот предлог не доби награда во висок ранг како тимот на Танге, неговото влијание врз фазата на синтеза беше значајно. преку социјалната одговорност на архитектот кон заедницата, инсистирајќи на тоа дека градот им припаѓа на луѓето, а не само на визионерските идеи.

### 3.2.8 Луиџи Пичинато (Рим, Италија)

Луиџи Пичинато (1899–1983) на конкурсот настапи како еден од најзначајните европски урбанисти на 20-от век и клучна фигура на римската архитектонска школа. Неговиот профил беше дефиниран преку огромното меѓународно искуство во обнова на историски градови во Италија и планирање на нови метрополи на територијата на ориенталниот медитерански басен. Италијанскиот проект за Скопје ја следеше линијата на културолошки сензибилно урбано планирање. Неговата методологија се потпираше на италијанската традиција на планирање, каде градот се доживува како уметничко дело и живи историски ентитети, а не само како збир на функционални зони (Piccinato, 1965).

Идеологијата на Пичинато се темелеше на принципите на органското урбано планирање и бара хармонија помеѓу изградената средина и природниот топос. Во неговиот дискурс за Скопје, тој одбиваше да го третира центарот како изолиран остров; Наместо тоа, тој застапуваше теорија дека градот мора да живее заедно со својата околина на изградениот и природниот контекст. Пичинато беше противник на претераната монументалност, верувајќи дека современиот центар треба да поседува хуман размер и просторна транспарентност. Неговиот јазик беше лирски и пејзажен, каде архитектурата служи како рамка која ја нагласува убавината на природната котлина на градот Скопје.

Централниот елемент во проектот на Пичинато беше реката Вардар, која тој ја согледа како главна оска на урбаниот организам. Додека другите автори ја третираа реката како граница или сообраќаен коридор, тој предложи нејзина трансформација во зелена структурна аксијала. Неговата визија вклучуваше систем на паркови и јавни шеталишта долж бреговите, кои би го поврзале Кале со новиот дел на градот. Со ова, преку концептите на урбаната екологија во планирањето, директно ќе придонесе за квалитетот на живеење во присуството на природата во самото срце на градот.

Оваа заложба за заштита на хуманата димензија на просторот беше толку радикална што Пичинато предложи демолиција на постојните станбени блокови долж улицата „Борис Кидрич“. Жирито покажа јасна наклонетост и симпатија кон неговата намера да воспостави урбана размерност која е во директна служба на човекот, а не на архитектонската репрезентативност.

### 3.2.9 Морис Ротивал (Њујорк, САД)

На меѓународниот конкурс за Скопје, американскиот планер Морис Ротивал настапи како истакнат член на американската школа за планирање, пренесувајќи ги методологиите на големите урбани обнови од САД во локалниот балкански контекст. Неговиот професионален опус беше дефиниран преку технократскиот рационализам, каде урбаниот развој не се согледуваше примарно низ естетски категории, туку како дериват на пазарната ефикасност и економските проекции. Како стратег на Обединетите нации, Ротивал го третираше Скопје како конкурентен центар во рамките на регионалната мрежа на метрополи, давајќи му приоритет на стратешкото позиционирање пред традиционалното архитектонско обликување. (United Nations, 1970).

Централниот концепт на неговата идеологија беше воспоставување на централен деловен дистрикт како моќно административно -комерцијално јадро со висока концентрација на капитал. Проектот следеше центрипеталната концепција, концентрирајќи го најголемиот дел од централната деловна зона во единствена пирамидална форма. Иако ваквата просторна организација беше оценета од жирито како ригидна и ограничувачка, како вреден придонес беше препознаена неговата идеја за воспоставување жичарска врска помеѓу старата централна патничка станица и падините на Водно, која беше издвоена за понатамошна анализа.

Во овој дискурс, градот се преобразува во мотор на развојот, каде модерноста се материјализира преку високи деловни структури и капацитет за апсорпција на корпоративни функции. Неговиот проект фаворизираше агресивна сообраќајна инфраструктура и автопатски решенија кои продираат во јадрото, поставувајќи го брзото движење на стоки и возила како апсолутен императив над човечкиот размер и пејзажните вредности. Иако неговата анализа на регионалното поврзување поседуваше внатрешна логика, проектот беше подложен на критика поради функционална униформност и игнорирање на локалниот социо-културен идентитет.

Во аналитичкиот спектар на конкурсот, неговиот придонес останува евидентиран како радикален пол на технократскиот модернизам, чија етика на ефикасност и профит се согледува со јасен контраст во однос на останатите трудови.

### 3.2.10 Критички пресек на интернационалниот конкурс за урбаниот центар на Скопје

Во рамките на конкурсот не се соочуваат единствено различни формални изрази, туку различни епистемолошки позиции за природата на градот. Прашањето што имплицитно се поставува е: дали градот треба да се артикулира како интегрален инфраструктурен скелет што ги организира и хиерархизира урбаните текови, или како отворена и адаптибилна матрица што овозможува постепена трансформација? Дали центарот е примарно систем на функционална концентрација, или поле на социјална интеракција чија структура мора да остане флексибилна? Дали историското наследство се третира како пречка за рационализација или како конститутивен слој на урбаната меморија?

Во таа смисла, конкурсот ја разоткрива внатрешната амбивалентност на поствоениот модернизам. Од една страна, се појавува тенденција кон тотализација и воспоставување доминантна просторна рамка што ги интегрира мобилноста, домувањето и јавните институции во централизирана логика на поредок. Од друга страна, се артикулира критика на таквиот тоталитет преку инсистирање на фрагментација, асоцијативна структура, човечки размер и фазност. Напнатоста меѓу овие позиции не е стилска, туку концептуална: таа се однесува на прашањето дали градот може да се проектира како затворен систем или мора да се мисли како процес во постојана еволуција.

Посебно индикативна е позицијата на домувањето во рамките на овие концепции. Во одредени предлози, станбената програма е апсорбирана во големи инфраструктурни структури, третирана како агрегирана компонента на централниот поредок. Во други, домувањето се организира преку мрежа од соседства и помали типолошки единици, каде што приоритетот се дава на секојдневната употреба, социјалните релации и фазната изведливост. Разликата не е само во морфолошката организација, туку во претпоставките за колективниот живот: дали социјалната кохезија се постигнува преку централизирана интеграција или преку децентрализирана асоцијација.

Конкурсот, следствено, ја кристализира фундаменталната дилема на модернистичкото урбано планирање: универзалност на структурата наспроти контекстуална адаптибилност. Во првиот случај, планот функционира како инструмент на синтеза и дисциплина; во вториот, како рамка што овозможува варијација и постепена трансформација без губење на внатрешната логика.

Финалната регулаторна синтеза што произлегува од конкурсниот процес не ја поништува оваа напнатост, туку ја институционализира. Постземјотресниот центар на Скопје не е материјализација на една кохерентна теорија, туку резултат на интервенција во која повеќе урбани рационалности се преговараат, филтрираат и комбинираат во оперативна рамка. Неговата хетерогеност не е случајна, туку произлегува од самиот карактер на конкурсот како поле на концептуален судир.

Оттука, конкурсот од 1965 година може да се разбере како критичен дисциплинарен момент: не како настан што нуди конечен одговор на прашањето што е „современ град“, туку како процес во кој тоа прашање се формулира со најголема јасност. Токму оваа отвореност и одбивањето градот да се редуцира на единствена логика, ја дефинира неговата теоретска релевантност во рамките на ова истражување.



1. Славко Брезовски и тимот на „Македонијапроект “- (Скопје), [YU]



2. Александар Ѓорѓевиќ и тимот од Институтот за урбанизам (Белград), [YU]



3. Радован Мишчевиќ и Федор Венцлер од Хрватскиот институт за урбанизам (Загреб), [YU]



4. Едвард Равникар и неговите соработници (Љубљана), [YU]



5. Ван ден Брук и Ј. Бакема (Ротердам), [NL]



6. Луиџи Пичинато (со студиото S.C.I.A.N.E.M.I., Рим), [IT]



7. Морис Ротивал (Њујорк), [USA]



8. Јапонскиот тим предводен од Кензо Танге (Токио), [JP]

*Слика 17*
*Фотографии од конкурниот модел на осум интернационални тимови*

### 3.3 Проектот на Кензо Танге како основа за планирање на урбаниот центар

Проектот на Кензо Танге за урбаниот центар на Скопје претставува најконзистентна артикулација на идејата дека современиот град мора да се проектира како структура, а не како фиксна форма. Според Танге, задачата на архитектот е да го преведе механизмот на современото општество, неговата технолошка динамика, мобилност и инфраструктурна комплексност во просторна организација што ќе обезбеди стабилна, но адаптибилна рамка за човечкиот живот. Градот, во таа смисла, се разбира како флексибилен мост помеѓу постојано развивачкиот технолошки апарат на цивилизацијата и релативно непроменливите параметри на човечкото мерило. Предземјотресната форма на Скопје ја одразуваше постепената еволуција на една таква структура, обликувана низ историски слоеви и артикулирана долж доминантната север–југ оска. Таа оска започнуваше од отворениот пазар, минуваше низ Чаршијата како простор конципиран за движење на луѓе и животни и се концентрираше кај Стариот камен мост, кој функционираше речиси исклучиво како пешачка врска. Оваа морфолошка логика беше производ на органска урбана еволуција, но во контекст на постземјотресната реконструкција и интензивната модернизација, таа повеќе не можеше да ги апсорбира зголемените барања на новите транспортни и инфраструктурни системи.

Предлогот на јапонскиот тим не ја негира постојната ситуација, туку ја интегрира и радикално ја надградува преку воведување нова исток–запад оска и нова урбана структура заснована врз два доминантни системи: Градската порта и Градскиот ѕид. Овие елементи не се замислени како изолирани архитектонски објекти, туку како примарни структурни принципи што го реорганизираат градот на макро-ниво. Во анализата на скиците и графичките дијаграми на Танге, Berber and Özkar (2020) ја интерпретираат просторната артикулација на проектот за Скопје како организиран систем на релации, структуриран во рамки на неговата физичка композициона форма. Нивната реконструкција укажува дека урбаната конфигурација е генерирана преку прецизно поставување и пресекување на инфраструктурни линии и нивоа на движење, при што токму тие пресечни позиции продуцираат јазли со зголемена просторна и програмска концентрација. На тој начин, композицијата не се исцрпува во формална организација на волумени, туку инкорпорира системска логика во која морфологијата, циркулацијата и програмата се меѓусебно зависни. Градската порта и Градскиот ѕид, во ова читање, се појавуваат како структурни елементи во една пресметлива и визуелно кодирана мрежа, чија организација може да се анализира како координиран просторен систем.

Градската порта е конципирана како „трансформатор“, просторен механизам што го преведува надчовечкиот размер и брзина на современата цивилизација во конзистентно човечко мерило. Замислена како комплексен интермодален јазол, таа требаше да ги интегрира, без конфликт, сите режими на движење: пешачки патеки (фиксни и подвижни, хоризонтални, вертикални и дијагонални), локален и регионален колски сообраќај, приградски и меѓуградски автобуски линии, железнички систем и дури хеликоптерски пристап. Лоцирана над спојот на главните колски траси, Градската порта требаше да инкорпорира подземна централна железничка станица, автобуски терминали, поштенски и carински служби, паркиралишта и пешачка платформа што води кон јадрото на градскиот центар. Клучниот организациски принцип беше рационализацијата на движењето: во ниту една точка корисникот не би се соочил со

повеќе од две можни насоки на избор, што ја рефлектира системската дисциплина на проектот.

Покрај својата транспортна функција, Градската порта требаше да стане и генератор на нова исток–запад урбана оска, нанижана со главни функции на центарот во секвенцијална хиерархија на размери што постепено се намалуваат кон пониските градби и тесните улици на старите квартови. Таа ја пресекува традиционалната север–југ оска чие претворање во пешачка зона станува возможно и го воспоставува плоштадот како централен фокус на новата композиција, со потенцијал за понатамошно продолжување кон исток во согласност со идниот развој на градот.




*Слика 18*
*План на намена на програми во урбаниот центар*




*Слика 19*
*План на изведба во фази*




*Слика 20*
*План на транспорт, коловоз, паркинг, пешачки патеки, пешачки платформи*

### 3.3.1 Конкурсен проект за градскиот ѕид (1964)

Во рамките на конкурсниот предлог, Градскиот ѕид е конципиран како примарна просторна и структурна рамка на новиот урбан центар. Неговата улога не се ограничува на инфраструктурна организација, туку опфаќа истовремено физичка артикулација на централното подрачје и симболичко дефинирање на обновениот град. Поставен во границите што ги диктира топографијата, ѕидот формира континуирана линеарна конфигурација што во најголема мера ги следи контурите на урбаниот ринг поставен во урбаната морфологија од почетокот на векот. Според Танге, примарната функција на Градскиот ѕид е создавање јасно дефиниран физички и социјален простор околу центарот на градот. Намерата секако не е воспоставување затворена бариера, туку формирање линеарна структура што го врамува историското јадро и истовремено го организира неговиот периферен појас. Центарот на тој начин добива јасно артикулирана граница, а станбената структура станува активен урбан елемент што ја стабилизира разурнатата морфологија.

Композицијата се состои од повторливи елементи со кои структурата е организирана како серија терасасто обликувани станбени сегменти поставени во ритам, конструктивно стабилизирани преку цилиндрични кули поставени врз трапезоидни постаменти со изразена просторна носива логика. Со ова, линеарноста не е само формален гест, туку урбан принцип: ѕидот воспоставува континуитет, јасна линија и контролирана урбана густина околу централното подрачје. Тој функционира како стабилизирачка морфолошка рамка или урбан парергон, што ја структурира транзицијата меѓу историското јадро и периферните делови на градот. Замислен како станбен ансамбл со придружни содржини, ѕидот има задача да обезбеди континуирано домување во централното подрачје. Просторната композиција е сведена на две категории: резиденцијални блокови со висина од 20–25 метри и кули од 40–45 метри, со што се воспоставува прецизна вертикална хиерархија и контролирана динамика на силуетата.

Програмската структура е јасно зонирана: фронтот ориентиран кон внатрешноста на Малиот урбан ринг е резервиран за комерцијални содржини, со што се активира приземниот јавен слој и се гарантира постојана урбана динамика. Сервисните и гаражните функции се концентрирани на секундарните фронтови, што овозможува рационална инфраструктурна организација без нарушување на станбената приватност.

Проектот предвидува воведување на подигната пешачка инфраструктура, реализирана преку систем на платоа и мостовски поврзувања што овозможуваат континуирано хоризонтално движење независно од нивото на моторниот сообраќај. Ова решение не се сведува само на функционално раздвојување на сообраќајните текови, туку воспоставува автономен урбан слој – тродимензионална мрежа на пешачко движење која ја редефинира просторната организација на центарот и ја интегрира пешачката циркулација како конститутивен елемент на современата урбана структура.

Кулите претставуваат клучни морфолошки и ориентациони точки во составот на ѕидот. Поставени на местата на прекршување или разгранување на линеарната структура, тие означуваат структурни јазли во рамките на целината. Нивната функција не е само вертикален акцент, туку и средство за артикулација на просторната ритмика и за читање на урбаната конфигурација како систем.

Надворешниот појас околу ѕидот е третиран како зелена зона со рекреативен карактер, додека внатрешната страна функционира како полујавна променада со ресторани, кафетерии и маалски содржини. Линеарната структура, со тоа, не само што дефинира граница, туку генерира серија на транзициски простори меѓу приватното, полујавниот и јавниот режим.

Конструктивно, проектот е заснован на јасно дефиниран дводелен систем. Долниот сегмент на секоја единица има трапезоидна форма, со цел обезбедување зголемена сеизмичка стабилност во посткатастрофален контекст. Овој дел функционира како стабилна инфраструктурна база што ги содржи фреквентните позиции на комерцијалните и соседските врски. Над него се издигнуваат станбените сегменти, потпрени на изложени вертикални бетонски цилиндри што служат како фиксни јадра за циркулација и инсталации. Со ова се воспоставува јасно раздвојување меѓу носечката конструктивна рамка и станбените простори, што овозможува структурна дисциплина и програмска флексибилност.

Како што Танге нагласува:

*„Домувањето претставува основа на урбаниот живот. Тоа мора да биде израз на трајност. Градскиот Ѕид е низа од вертикални станбени структури. Станбената единица е составена од два основни дела. Долниот дел има трапезоидна форма со цел да обезбеди сеизмичка отпорност и содржи колонади со трговски и маалски функции на внатрешната страна, како и терасасто организирани станбени простори на надворешната страна. Вертикалниот горен дел се состои од станбени простори што овозможуваат приватност и непречен поглед. Паркинг-просторите се обезбедени под надворешната платформа.“*
(*The Japan Architect*, n.130, May 1967, p.38)

Во програмска смисла, ѕидот е замислен како структура што може да се реализира фазно, преку последователна изградба на сегменти од единствена урбана низа. Предвидена е можност постојните објекти да се интегрираат во системот, додека кохерентноста се обезбедува преку унифицирана конструктивна шема и усогласени структурни димензии. Единството произлегува од континуитетот на конструктивната логика на елементите.

Во однос на Градската порта, Градскиот ѕид функционира како самостојна, но структурно поврзана урбана структура. Портата ја концентрира инфраструктурната динамика и ја означува точката на трансформација на движењата, додека ѕидот воспоставува стабилна периметрална рамка што го дефинира централното подрачје. Нивната релација се темели на комплементарност: јазол на интензитет наспроти линија на стабилизација. Во таа конфигурација, ѕидот обезбедува структурен континуитет на домувањето во централната урбана зона, интегрирајќи го секојдневниот живот на жителите и посетителите во рамките на централното урбано ткиво.




*Слика 21*
Првонаградениот конкурен проект на јапонскиот тим.
Ситуација на Градскиот ѕид, источно: Републички центар и Градската порта

### 3.2.2 Втора варијанта на планот

Разработката на конкурсниот концепт за централното подрачје на Скопје, спроведена во периодот ноември 1965 – јануари 1966 година, претставува суштинска фаза во преминот од идејна визија кон оперативна урбано-архитектонска стратегија. Овој процес не се сведува на техничка ревизија на веќе усвоените принципи, туку означува нивно институционално, програмско и просторно преиспитување во услови на реална изводливост. Концептот се соочува со конкретните параметри на регулација, економија, сеизмичка безбедност и јавна перцепција, при што неговата апстрактна логика се трансформира во артикулирана урбана матрица.

Работата се одвива во рамки на сложена организациска структура координирана од Обединетите нации, со учество на меѓународниот тим на Танге, југословенски експерти, претставници на локалните планерски институции и сообраќајни инженери поврзани со мастер-планот. Методологијата на работа, условена од оваа интердисциплинарност, наметнува потреба од прецизирање на основните категории преку кои се разбира урбаната структура. Наместо непосредна формална доработка, почетната фаза се фокусира на концептуално усогласување: што претставува центарот, како се артикулира неговата структура и кои се носечките елементи на неговата организација. Во рамките на овие расправи се издвојуваат две влијателни парадигми. Првата го дефинира градот како техничко-инфраструктурен систем, составен од мрежи на движење, функционални агрегати и регулаторни механизми. Втората го разбира како просторна композиција во која морфологијата, секвенцата и размерот ја конституираат урбаната перцепција и искуство. Разликата не е стилска, туку методолошка: дали структурата произлегува од системска организација на тековите или од композициона артикулација на просторот.

Оваа поделеност особено се манифестира во расправите за улогата на моторниот сообраќај. Прашањето за односот меѓу автомобилот и пешакот станува централно за дефинирање на карактерот на новиот центар. Додека едната позиција инсистира на задржување на автомобилот како интегрален елемент на современата мобилност, дури и при негова физичка сегрегација, другата се залага за јасно структурирана автономија на пешачките зони. Во тој контекст, Градската порта и Градскиот Ѕид се потврдуваат како клучни синтетички елементи: преку нив се артикулира обидот да се усогласи инфраструктурната рационалност со јасна морфолошка и симболичка структура на центарот.

Во фазата на детална разработка, концептот се прецизира преку конкретизација на програмските и регулаторните параметри. Преминот од апстрактна шема кон операбилен план подразбира и поинтензивно вклучување на локалниот контекст и историските слоеви, секојдневните практики и социјалната динамика на просторот. До крајот на јануари се утврдуваат основните структурни параметри на централното подрачје, по што планот добива формален институционален статус. Сепак, втората варијанта не претставува целосно разрешување на сите концептуални напнатости. Остануваат одредени несогласувања со поширокиот мастер-план како и прашањата

поврзани со микроклиматските ефекти на масивната структура на Градскиот Ѕид и со сеизмичките импликации на висинската регулација, прашања кои се префрлаат за понатамошна проектантска обработка. Истовремено, се засилува идејата за интеграција на двата брега на Вардар преку позиционирање на јавни плоштади како клучни просторни јазли и нивно поврзување во континуирана пешачка секвенца што ги обединува Градската порта, централните плоштади, железничката станица и Чаршијата. Најзначајната трансформација се однесува на морфологијата на Градскиот Ѕид. Во доработената верзија се дефинираат пет урбани сегменти како основни структурни единици, при што комплексната иницијална конфигурација се рационализира во појасна дворедна линеарна организација околу внатрешно плато. Во првите три сегменти платото е дополнето со континуирана зелена зона, што ја нагласува врската меѓу домувањето, колективниот простор и пејзажната структура. Оваа редукција не значи отстапување од концептуалната рамка, туку нејзино прилагодување кон конструктивна и институционална изводливост.

Втората варијанта, следствено, претставува момент на стабилизација: симболичката читливост на Градската порта и Градскиот Ѕид останува зачувана, но нивната просторна артикулација се дисциплинира во насока на поекономичен и програмски јасен урбан систем. Во таа смисла, доработката не ја поништува првичната визија, туку ја трансформира во регулаторна рамка способна да функционира во конкретните услови на постземјотресната реконструкција.




*Слика 22*
Втора варијанта, ситуација на Градскиот ѕид

### 3.4 Просторна конфигурација на градскиот ѕид

IX-от проект претставува пресвртна точка во реконструкцијата на Скопје: момент во кој конкурсната визија се трансформира во оперативна урбано-планска конфигурација. Доколку конкурсната фаза го формулираше концептуалниот јазик на обновата, IX варијантата го институционализираше тој јазик во конкретна просторна и програмска матрица. Во неа се преклопуваат интернационалната експертиза, југословенската планерска практика и локалните материјални и социјални услови. Просторната конфигурација на Градскиот ѕид, во оваа фаза, престанува да биде апстрактна идеја и станува структурен елемент на Генералниот урбанистички план. Затоа, IX проектот не е само ревизија, туку процес на прецизирање, филтрирање и стабилизирање на урбаната матрица на централното подрачје.

Концептуалната генеза на т.н. „Деветти проект“ (IX проект), именуван според неговата улога да ги надмине и синтетизира осумте претходни конкурсни решенија, се развива во услови на засилена институционална динамика, методолошки ревизии и проширување на планските параметри. Замена на првичниот контурен план со нов Генерален урбанистички план, како и значајното зголемување на програмските барања, јасно укажаа дека конкурсните трудови, и покрај нивната концептуална амбиција, не можат непроменети да ја носат долгорочната урбана стратегија на градот (Skopje Resurgent, 1970). Во таа смисла, IX проектот не претставува отфрлање на конкурсната фаза, туку нејзина трансформација во оперативна планска рамка. Тој функционира како инструмент за институционализација и прецизирање на првичните просторни поставки.

По пристигнувањето на проектантскиот тим во Скопје за втората етапа, процесот на реализација се соочи со конкретни технички, инфраструктурни и административни ограничувања. Иако концептот на Градската порта и Градскиот ѕид доби широка професионална поддршка, неговата имплементација отвори прашања за усогласување со постојниот мастер-план, фазирањето на изградбата и реалните градежни капацитети. Дел од предложените инфраструктурни решенија се покажаа прекумерни во однос на локалните технички можности и финансиски рамки. Особено ограничувачки фактор претставуваше железничката траса и нејзината кота, која ја редуцираше можноста за комплексно вкрстување на сообраќајните системи и доведе до модификација на првично замислениот интегриран јазол на Градската порта. Паралелно со овие технички корекции, статусот на автомобилскиот сообраќај во централното подрачје се наметна како суштинска урбанистичка дилема. Прашањето не беше само функционално, туку и концептуално: дали центарот треба да се конципира како радикално пешачка зона или како контролирано хибриден простор во кој моторниот сообраќај останува дел од урбаната структура. Оваа расправа директно влијаеше врз конфигурацијата на пешачките секвенци, организацијата на јавните простори и морфолошката артикулација на станбените структури.

Формулирањето на ревидираната програмска рамка се одвиваше во комплексен институционален контекст. Специјален тим работеше под надзор на ад-хок комисија составена од претставници на Градскиот совет и стручњаци од различни дисциплинарни профили. Кензо Танге присуствуваше на дел од овие сесии, што овозможи директно усогласување на конкурсните принципи со локалните програмски и регулаторни барања (Japan Architect, 1967, pp. 30–69). Во таа фаза, концептот

постепено се стабилизираше како резултат на институционално преговарање, техничка рационализација и просторна адаптација.

**Морфолошка ревизија на Градскиот ѕид**

Во рамките на IX проектот, најзначајната просторна трансформација се однесува на морфолошката ревизија на Градскиот ѕид. Во конкурсната верзија, ѕидот беше артикулиран како континуирана линеарна структура со изразена монументалност и силна периметрална експресија. Во ревидираната варијанта, оваа хомогеност беше преиспитана во однос на климатските параметри, визуелната пермеабилност и контекстуалната размерност.

Критичките анализи укажаа дека непрекинатата маса создава бариерен ефект врз воздушните струења и ги ограничува попречните визури, додека односот кон Старата чаршија се покажа проблематичен поради диспропорцијата меѓу предложените волумени и историската морфологија (Skopje Resurgent, 1970, pp. 313–314). Аеротунелските тестирања дополнително го потврдија овој проблем, што доведе до напуштање на делот од ѕидот на левиот брег на Вардар и до суштинска морфолошка ревизија на целината.

Наместо непрекинат линеарен фронт, беше воспоставен систем на паралелни ламели, надополнети со вертикални акценти во вид на станбени кули. Оваа сегментација ја зголеми климатската пропустливост и овозможи визуелна релација помеѓу различните делови на централното подрачје. Просторот помеѓу објектите доби нова урбана улога: од пасивен меѓупростор, тој се трансформира во структурно артикулиран слој, плато, зелена зона или полујавен простор, што ја поврзува станбената рамка со јавните секвенци на центарот. Во првиот, вториот и третиот сегмент, внатрешното плато е дополнето со континуиран зелен појас, со што се воспоставува појасна типолошка логика и поконзистентна врска меѓу домувањето, колективниот простор и урбаниот пејзаж. На тој начин, ѕидот повеќе не функционира исклучиво како периметрална граница, туку како систем на ритмизирани волумени меѓу кои се конституира активен јавен и полујавен домен. Како што детално се опишува и во научниот труд за Градскиот Ѕид (Коробар, Сиљаноска, 2023) , IX проектот вовел постепена „деметаболизација“ на оригиналната концепција: од идеалниот образец на непрекинат мегаструктурален венец со пешачки платформи, проектот преминал кон комбиниран систем од блокови и кули, со полујавен зелен простор во внатрешноста, трговски содржини на приземје и дифузна пешачка мрежа која

Морфолошката ревизија, оттука, не претставува концептуално отстапување од почетната идеја, туку нејзино структурно и еколошко прилагодување. Градскиот ѕид преминува од доминантна линеарна фигура кон пермеабилна конфигурација заснована врз ритам, сегментација и просторна диференцијација. Неговата урбана функција се стабилизира преку меѓупросторот, кој станува активен носител на секојдневниот живот и медијатор помеѓу станбената структура и централното јадро.

**Просторна синтакса и планска артикулација**

IX проектот беше обврзан да инкорпорира проширен институционален програм: Градско собрание, Централен комитет, Телекомуникациски центар, нови театри, библиотека и меморијален комплекс. Овие дополнувања не претставуваа само квантитативно зголемување на содржината, туку бараа репозиционирање на структурните оски и прецизирање на односите меѓу јавните институции и станбените зони. Просторната композиција мораше да се реорганизира така што новите објекти ќе се интегрираат во постојната логика на центарот, без нарушување на неговата читливост и функционална кохерентност.

Сообраќајната матрица е конципирана како систем на колекторски улици што обезбедуваат директен пристап до централното подрачје и истовремено го задржуваат потенцијалот за линеарен развој во правец исток–запад. Наместо осовинско затворање на урбаната форма, применет е дистрибутивен модел кој ја стабилизира централната зона, а притоа овозможува нејзино поврзување со пошироката градска структура. Во оваа поставка, Градската порта функционира како инфраструктурен јазол и праг на влез, Плоштадот на Републиката како примарен простор на јавна конвергенција, а Градскиот ѕид како линеарна станбена рамка што го артикулира периметарот на центарот. Овие елементи не се третирани како автономни објекти, туку како меѓузависни компоненти на интегрирана просторна синтакса, во која формата произлегува од односите, а не од изолирана композиција.

Во третата фаза од развојот, Градскиот ѕид се консолидира како јасно дефинирана станбена структура составена од линиски блокови и висококатни кули. Линиските блокови го обликуваат пешачкиот јавен простор и го активираат приземниот комерцијален слој, воспоставувајќи континуитет меѓу домувањето и секојдневниот урбан живот. Кулите, поставени во ритмички интервали, ја засилуваат ориентацијата и ја дефинираат перцепцијата на периметарот. Внатрешните простори се ослободени од моторен сообраќај, со јасно разграничување меѓу пешачкиот и колскиот домен, што ја засилува хуманата размерност на централното подрачје. Надворешно, структурата се поврзува со зелен појас кој ја интегрира станбената рамка во поширокиот еколошки систем на градот.

Во својата финална варијанта, IX проектот опфати 120 хектари, од кои повеќе од една третина беа наменети за домување (Skopje Resurgent, 1970). Градскиот ѕид се покажа како единствениот елемент од првичната визија што беше речиси целосно реализиран, иако во морфолошки прилагодена форма. Неговата изведена конфигурација претставува резултат на процес на планско прецизирање, институционално усогласување и просторна адаптација. Како што покажуваат Коробар, Сиљаноска (2023), токму IX проектот го дефинирал идентитетскиот „спој“ меѓу темпоралните слоеви, прекршувајќи ги радијално-концентричната и линеарната урбана матрица - создавајќи простор каде што модернистичките мегаструктурални принципи се преклопуваат со историјата на градот.

Деветтиот проект ја претставува точката на судирање на трите главни правци на реконструкцијата: интернационалната амбиција на ООН, југословенската урбанистичка прагматика и метаболистичката визија на Танге, (Davis, 1975). Метафоричко-симболичките димензии на проектот морале да бидат „филтрирани“ низ локалните административни, технички и економски можности како процес кој не бил

само техничка адаптација, туку и културно-политичка медијација, Lozanovska (2019). Во таа смисла, IX проектот може да се чита истовремено како регулаторен документ и како урбан артефакт што ја кодифицира синтезата меѓу интернационалната експертиза, локалната урбана меморија и конкретната материјална урбана реалност на градот Скопје.

**Завршни тези за IX проект:**

I. IX проектот не може да се оценува според степенот на формална конзистентност со првичната конкурсна визија, туку според неговата способност да воспостави оперативна просторна структура преку која таа визија се имплементира во конкретен институционален и програмски контекст.

II. Неговата клучна архитектонска вредност се огледа во артикулацијата на нов урбан морфолошки тип што ја редефинира позицијата на домувањето во централната урбана матрица.

III. Процесот на ревизија, редукција и институционална регулација не означува отстапување од концептуалната рамка, туку услов за негово структурно артикулирање како нов урбан модел.

IV. Токму преку овој процес на трансформација се конституира структурната комплексност на урбаната морфологија што ќе овозможи подоцнежна коегзистенција на различни урбани модели и темпорални слоеви.

Во рамките на поставените тези, IX проектот се дефинира како точка на структурна реартикулација на конкурсната визија. Неговото значење не се мери преку степенот на формална конзистентност со иницијалната шема, туку преку способноста таа шема да се преведе во оперативна просторна структура. Преку институционално и програмско прецизирање се редефинираат размерот, густината и позицијата на домувањето во централната урбана матрица, при што се воспоставува нов морфолошки тип на централна станбена организација.

Трансформацијата на континуираниот линеарен прстен во сегментиран систем од паралелни ламели и вертикални акценти претставува типолошка реконфигурација, а не менување на формалната логика. Со оваа промена се конструира самата логика на периметарот на Рингот: од идеја за компактна граница кон пермеабилна структура во која меѓупросторот добива структурна улога на социјалниот живот. На тој начин се воведува нов модел на однос меѓу домувањето, јавниот простор и централната урбана рамка.

Изјавата на Танге во *The Japan Architect* (JA, n.130, May 1967), во која укажува на ограниченоста на разработката на проектот врз основа на цртежи во размер 1:500 и на недоволната можност за подетална морфолошка разработка, ја потврдува дистанцата меѓу концептуалната поставка и изведбената артикулација. Оваа дистанца не претставува дисконтинуитет, туку индикатор за процесот на трансформација на авторската визија во регулаторна и градбена структура. Просторната хетерогеност што ќе се појави во следните децении произлегува токму од овој процес на институционално филтрирање и материјална адаптација.

Оттука, IX проектот не може да се дефинира ниту како редукција, ниту како директна реализација на конкурсната шема. Тој функционира како историски детерминиран урбан артефакт во кој се конституира нова морфолошка матрица. Токму таа матрица создава предуслови за подоцнежната коегзистенција на различни урбани модели и темпорални слоеви во централното подрачје.



*Слика 23*
*Простосрната конфигурација на Градскиот ѕид во*
*IX варијанта на планот*





*Слика 24*
*Фотографии од модел на јапонскиот проект од IX-та варијанта (извор: Skopje Resurgent, 1970)*

### 3.4.1 Реализација на градскиот ѕид

Финалната фаза на планирањето и реализацијата на Градскиот ѕид се одвиваше во услови на зголемена организациска и техничка комплексност. Јадрото на проектантскиот тим на Танге беше дополнето со технички советници и специјализирани работни групи, што укажува на преминот од концептуално обликување кон детална операционализација. Во оваа етапа, процесот на планирање не се сведуваше на механичко разработување на веќе дефинирани решенија, туку бараше континуирана координација меѓу дисциплините и постојано преиспитување на ефектите од секоја интервенција врз целината.

Во услови на институционален притисок, временски ограничувања и зголемена техничка сложеност, процесот на разработка бараше интензивна и непосредна координација меѓу учесниците. Процесот се темелеше врз директна професионална комуникација како средство за усогласување на просторните, конструктивните и програмските одлуки. Оттука произлезе и ставот дека архитектите проектанти задолжени за изведбата треба да бидат активно вклучени во развојот на концептот како и изведбата, со цел да се обезбеди конзистентност меѓу идејната поставка и нејзината материјализација.

Паралелно со проектантската координација, беше воспоставена нормативна и организациска рамка за имплементација: регулативи, управувачки механизми и технички упатства за изведба. Иако официјалниот планерски процес беше доминантно ориентиран кон функционална распределба на земјиштето, авторите инсистираа на постигнување архитектонска кохерентност во рамките на Градскиот центар. Таа кохерентност беше условена преку три принципи: концентрација на авторска одговорност по ансамбл на одредени објекти, координација меѓу просторните целини и консолидирање на економските ресурси со цел да се избегне фрагментација на програмата и фазите на изградба. Финалната верзија на планот ја потврди амбицијата за структурно усогласена архитектонско-урбана композиција на централното подрачје.

Иако Градскиот ѕид претставува најцелосно реализираниот сегмент од планот на Танге, неговата изведбена конфигурација се разликува од првичната концептуална поставка. Во фазата на финално проектирање и реализација од страна на локалните проектантски организации, одредени теоретски поставки беа редуцирани (Lozanovska, 2012). Реализацијата се состои од систем на хоризонтални станбени блокови (П+6, H≈24 m) и вертикални кули (П+12, H≈45 m), чии формални и конструктивни карактеристики се вклопуваат во доцномодернистичката и бруталистичката архитектонска парадигма. Во таа форма, комплексот ја задржува позицијата на најмаркантен структурен елемент во центарот на Скопје.Композицијата на ансамблот е заснована на релацијата меѓу два примарни формални елементи: линеарниот блок и вертикалната кула. Оваа двојна морфолошка логика овозможува истовремено просторна стабилност и артикулација на периметарот. Линеарните блокови ја дефинираат рамката на ансамблот, додека кулите функционираат како вертикални акценти и ориентациони точки. Нивната комбинација конституира внатрешно плато – заеднички простор позициониран над подземно паркирање – што претставува примарен колективен домен на жителите. Пропустливоста на структурата се постигнува преку два механизми: отворените приземја на кулите, кои овозможуваат визуелна и физичка пермеабилност, и системот на контролирани премини низ линеарните блокови. Со тоа, периметарот не функционира како бариера, туку како

артикулирана рамка што овозможува циркулација и поврзување со поширокото урбано ткиво.

Проектантската реализација беше доверена на тимови македонски архитекти. Линеарните станбени блокови ги проектираа Н. Богачев, С. Ѓуриќ, Љ. Маленкова, А. Серафимовски, С. Симоски и В. Косевска, додека станбените кули ги изработија Д. Димитров, С. Ѓуриќ, В. Ладинска, Р. Минчева и А. Серафимовски. Оваа распределба ја потврдува локалната професионална артикулација на првично интернационалната визија.

*Станбен блок:*

Линеарниот станбен блок се карактеризира со голема флексибилност во просторната организација на станот. Вертикалните комуникации се составени од повторливи јадра / секции со еднокраки скали и лифт. Се појавуваат пет типа на станбени единици: едноссобна гарсоњера од 25 $м^2$, двособен стан од 55 $м^2$, Трособен стан од 71 $м^2$, четирисобен стан од 118 $м^2$ + 22 $м^2$ балкон и четирисобен стан од 131 $м^2$ + 22 $м^2$ балкон. Организацијата на просторите е таква што овозможува трансформација ориентирана на начинот на живот на корисниците.

*Кули:*

Кулите од тип-М се проектирани со карактеристичен станбен кат и два типа на станбени единици. Вертикалните комуникации се централно поставени и се составени од еднокраки скали и две лифтовски јадра. На секој кат се пристапува до четири стана, двособен од 70 $м^2$ и трособен од 80 $м^2$. Приземјето е ослободено со. трем по периметарот на кулата и комерцијални простори, двособна станбена единица за домар од 57 $м^2$ на приземје, заедничка просторија за станарите (куќен совет и игра за деца), работилница, подземна скривница, како и заедничка сушара на мезанин, на IV и на IX кат. Кај кулите од тип-Б се појавуваат идентични трособни станбени единици од 83 $м^2$ , трем во приземјето, двособна станбена единица за домар на мезанин од 31 $м^2$.

Реализацијата на Градскиот ѕид ја означува трансформацијата на планската матрица во прецизно дефинирана урбана конфигурација. Во фазата на разработка се воспоставува јасен модел на централно домување со висока густина, внатрешен колективен простор и структурирана инфраструктурна подлога. Просторната организација ја артикулира периметралната рамка на центарот и го позиционира домувањето како конститутивен елемент на неговата морфологија.

Оваа реализација воведува нов урбан морфолошки тип во градот: станбена структура со внатрешно плато, контролирана пермеабилност и програмска стратификација. Неговата логика произлегува од интегрираната организација на домувањето, јавниот домен и инфраструктурата, кои функционираат како координиран систем на релации во рамки на физичката урбана структура. Така воспоставениот архитектонски модел станува активен носител на понатамошната морфолошка сложеност на централното подрачје.




*Слика 25*
*Ситуација на Градкиот sид со извлечени објекти од предземјотресниот период*



*Слика 26*
*Споредбена анализа на еволуција на архитектонскиот проект за урбаниот центар. 1. Идејно конкурсно решение, 2. Втора варијанта на планот, 3. IX-та варијанта на планот како завршна фаза, 4. Ситуација на Градксиот ѕид со извлечени објекти од предземјотресниот период*

## ЛИЧНА КАРТА НА ГРАДСКИ ЅИД

**Архитект:**
Станебени блокови:
Н. Богачев, С. Ѓуриќ, Љ. Маленкова, А. Серафимовски, С. Симоски и В. Ќосевска
Станбени кули:
Д. Димитров, С. Ѓуриќ, В. Ладинска, Р. Минчева и А. Серафимовски

**Изведувач**: Бетон, Пелагонија, Маврово, Гранит

**Година**: 1968

**Типологија**:
Мега структура (домување + заеднички простори + комерцијални простори + детска градина + пешачка и колска инфраструктура)
Типологија на пристап до станови: Секција / Кула

**Катност**: Станбени блокови П+6 / Станбени кули П+12

**Структура на станбени единици:**
- едносoбни 56
- двособни 368
- дваиполсобни 448
- трисобни 792
- четирисобни 38
- петтособни 112

Вкупно: 1814 станбени единици = 7812 легла

**Заеднички / сервисни простори:**
- просторија за куќен совет и игра за деца
- двособен стан за хаусмајстор
- просторија за велосипеди и детски колички
- заедничка сушара (мезанин, IV и IX кат)
- работилница
- цетрално греење на градско парно
- заедничка подземна скривница

- детска градина (5 ВОГ)

**Паркинг**:
Надворешни откриени и надкриени паркинг места и затворена подземна гаража (надворшни паркинг места 1000, гаражи 800, 1800 паркинг места за 1814 станови)



*Слика 27*
*Основа на приземје, мезанин и карактеристичен станбен кат на станбените кули и линискиот блок на Градскиот ѕид*



*Слика 28*
*Каталог на станбени единици на Градскиот sud (станбени блокови и кули)*

### 3.4.2 Од визија кон фрагментарна урбана реалност

Иако реконструкцијата на Скопје по 1963 година претставува еден од најамбициозните и најинтензивно планирани урбани проекти можеби и во светски рамки во тој период, клучниот парадокс на овој процес лежи во фактот дека градот никогаш целосно не ја реализира сопствената планерска визија. Наместо интегрално остварување на замислените просторни системи, реализирани се селективни сегменти: поединечни структури, реперни архитектонски објекти, додека значаен дел од останува недовршен, редуциран или подоцна трансформиран. Како резултат, современото Скопје не функционира како кохерентен производ на еден план, туку како слоевит и хетероген урбан колаж, составен од фрагменти со висок симболички и функционален интензитет, трансформирани неформални матрици и современи пазарно водени интервенции. Овој фрагментарен исход не може да се објасни како случајна девијација или како технички неуспех на планерската логика. Напротив, тој е резултат на комплексната интеракција меѓу институционалните капацитети на социјалистичката држава, економските ограничувања на реконструктивниот процес, променливите политички приоритети и секојдневните практики на живеење преку кои жителите ги присвојуваат и реинтерпретираат просторните структури. Планот, во оваа смисла, не исчезнува, туку се фрагментира и се преведува во низа делумни реализации што продолжуваат да делуваат како урбани референтни точки, без притоа да го воспостават целосниот систем што првично го претпоставувале. Истражувањата на постсоцијалистичките градови укажуваат дека ваквите процеси често продуцираат униформна урбана продукција, но исто така тие резултираат со асиметричен развој и нови форми на социо-просторна диференцијација, кои директно влијаат врз квалитетот на домувањето, пристапот до инфраструктура и употребата на јавниот простор. Оттука, 1963 година останува „година на пред и потоа" не само како историски пресек, туку како аналитичка точка од која може да се согледа долгорочната трансформациска логика на Скопје. Постземјотресната реконструкција, иако никогаш целосно реализирана според сопствените планерски амбиции, претставува редок пример на урбана интервенција со јасна општествена визија, во која архитектурата и домувањето биле замислени како активни инструменти за редефинирање на секојдневниот живот. Токму нејзината нецелосност не ја поништува нејзината вредност; напротив, таа овозможи овие структури постепено да се вградат, адаптираат и апсорбираат во поширокото урбано ткиво, станувајќи составен дел од градот каков што постои денес. Во таа смисла, постземјотресните станбени системи, а особено Градскиот ѕид, денес не функционираат како изолирани модернистички артефакти, туку како историски слоеви со продолжено дејство. Тие сведочат за период во кој урбаната трансформација била колективен и јавно артикулиран проект, носен од солидарност, интернационална поддршка и јасна верба во можноста архитектурата да посредува помеѓу општествената визија и секојдневната реалност. Иако со текот на времето овие структури биле изложени на политички, економски и просторни промени, нивната основна логика не исчезнува, туку се трансформира и коегзистира со подоцнежните неформални и пазарни режими на градење. Затоа, препрочитувањето на ова наследство не треба да се движи помеѓу носталгија и дисквалификација, туку да го препознае неговиот статус како дел од веќе историски „херојски" период на урбан развој, момент кога градот бил замислен, планиран и изграден со свесна амбиција да биде повеќе од збир на објекти. Во денешни услови, вредноста на таа трансформација лежи токму во нејзината способност да продолжи да функционира како жива урбана инфраструктура: да носи меморија, да овозможува употреба и да биде рамка во која различни времиња, модели на домување и социјални практики опстојуваат истовремено.

**4. Градски ѕид, инклузивна структура во просторниот и социјален контекст на градот (XX/XX век)**

Во оваа точка аналитичкиот фокус се однесува на повторно читање на Градскиот Ѕид во XXI век како структура која што се апсорбира во постојниот хетероген контекст на градот и преставува дел од различните модели на домување кои коегзистираат заедно во просторот на урбаниот центар. Анализата се однесува на три главни рамки:

Аналитичката поставка на истражувањето се темели на интеграција на три комплементарни рамки на читање на урбаното ткиво. Прво, типо-морфолошката рамка овозможува систематска декомпозиција на урбаната морфологија преку идентификација и анализа на поединечни просторни, типолошки и волуметриски елементи, со што урбаните сегменти се согледуваат како хетерогени, но структурно организирани целини. Второ, историската рамка ја поставува анализата во дијахрониски контекст, преку следење на хронолошките секвенци на морфолошка трансформација на избраните урбани сегменти, при што се идентификуваат континуитетите, дисконтинуитетите и клучните интервенции што ја обликуваат нивната просторна логика. Трето, социолошката рамка овозможува интерпретација на односот помеѓу урбаните модели на домување и секојдневните практики на живеење во градот, согледувајќи како различните типолошки структури посредуваат специфични начини на користење, социјална интеракција и колективен живот. Преку нивното меѓусебно преплетување, овие рамки создаваат интегриран аналитички пристап што ја поврзува формата, времето и социјалната практика во читањето на современата урбана морфологија.

Архитектонските трансформации на Скопје ја откриваат модернизацијата како процес на постепено ре-структурирање, во кој различни урбани модели па коегзистираат во рамки на истата просторна целина. Градот не се развива по единечна линија на континуитет, туку преку повеќе паралелни форми и типолошки модели што потекнуваат од различни историски контексти. Нивната истовремена присутност ја создава карактеристичната морфолошка сложеност на централното подрачје, каде наследени структури, транзициски решенија и модернистички интервенции делуваат во меѓусебна зависност.

Во ситуацијата на Градскиот ѕид, оваа сложеност станува особено видлива. Избраните урбани сегменти опфаќаат разновидни типо-морфолошки карактеристики како остатоци од истрориското ткиво. Се среќаваат делови од урбани периметарски блокови, плоштади, модернистички објекти во зеленило како композициски елементи на колажираното урбано ткиво. Постојат низа на разнородни форми на домување: урбани вили од предземјотресната фаза, повеќесемејни куќи од првата половина на XX век, хибридни станбени објекти за повеќесемејно домување, како и фрагменти од јавни простори, улици и плоштади, што задржуваат траги од историската морфологија. Истите во себе содржат различни историски позаадини преку кои може јасно да се следи коегзистенцијата на повеќе типолошки модели, нивното меѓусебно преклопување и начинот на кој тие воспоставуваат релации со интервенцијата на Градскиот ѕид. Таквата селекција овозможува да се утврди како различни архитектонски урбани структури „живеат“ во континуирана непосредна просторна врска и како учествуваат во создавањето на современите карактеристики на урбаната морфологија и домувањето во градот. Истражувањето ги интегрира трите аналитички рамки што овозможуваат систематско читање на овие феномени. Аналитичкиот метод

се спроведува преку: Прво, **типо-морфолошката рамка** ги анализира формалните карактеристики и организацијата на просторните структури во избраните урбани сегменти. Второ, **историската рамка** ги идентификува фазите на нивно појавување и трансформација, и ги поврзува различните слоеви во просторно - хронолошка секвенца откривајќи ги како диференцијални модели. Трето, **социолошката рамка** го разгледува односот на архитектонските моделите на домувањето во односот начинот на живот.

Заклучно, коегзистенцијата на различни типолошки модели и историски слоеви околу Градскиот ѕид не претставува само факт од урбаната историографија, туку аналитичка можност: таа овозможува овие структури да се разгледуваат како архитектонско-морфолошки категории. Целта не е исклучиво да се потврди нивната вредност како поединечни примери, туку да се испита начинот на кој тие функционираат заедно во рамки на урбаното ткиво и што открива нивната меѓусебна релација. Како клучен момент во урбаната трансформација на XX век, воведувањето на Градскиот ѕид претставува критична точка во историјата на градот. Од денешна перспектива, неговата првично замислена автономна и доминантна структура е апсорбирана во урбаното ткиво како еден од повеќе дивергентни составни елементи. На тој начин, централната градска зона може да се разбере како територија во која различни модели коегзистираат, не како изолирани артефакти, туку како делови на поширок морфолошки систем, релевантен за идентификација на структурните логики и предизвици што го дефинираат домувањето во современиот град.




*Слика 29*
*Ситуација на избраната зона на интерес составена од 5 (пет) урбани сегменти дефинирани со структурата на Градскиот ѕид*

## 4.1 Типо-морфолошка рамка

Типо-морфолошката рамка претставува аналитички апарат преку кој урбаниот сегмент се интерпретира како сложена и хетерогена просторна структура, составена од повеќе автономни, но меѓусебно поврзани морфолошки и типолошки единици. Овој пристап се надоврзува на традицијата на европската типо-морфолошка школа, каде градот не се чита како збир на изолирани објекти, туку како историски конституирана структура во која формата, типот и просторното искуство се меѓусебно условени (Rossi, 1982; Caniggia & Maffei, 1984). Во тој поглед, еволуцијата на урбано ткиво на централното подрачје на градот Скопје не секогаш следи континуиран модел на трансформација, туку се одвива преку концентрирани планерски и проектантски интервенции, што ја прави рекурзивноста нестабилна и контекстуално зависна.Наместо урбаниот сегмент да се третира како хомогена и затворена целина, типо-морфолошката анализа го разбира како поле на коегзистенција на различни урбани модели, типолошки логики и просторни режими, кои се преклопуваат, се судираат и меѓусебно посредуваат во рамките на истата урбана матрица. Во оваа смисла, овој избран сегмент не е статичен морфолошки артефакт, туку резултат на постепена акумулација и трансформација на типови, фрагменти и инфраструктурни интервенции, процес кој ја одразува историската динамика на градот (Muratori, 1959).

Во контекст на постземјотресната реконструкција на Скопје, типо-морфолошката анализа овозможува деконструкција на избраните урбани сегменти на неговите конститутивни елементи. Методот на деконструкција служи како инструмент за разоткривање на напластените просторни логики на урбаното ткиво. Оваа рамка е особено релевантна за анализата на секвенците околу Градскиот ѕид, каде дијахроните модели коегзистираат во состојба на структурна напнатост и просторна меѓузависност.

Вториот аналитички слој се однесува на таксативна типолошка декомпозиција на изграденото ткиво, преку идентификација на поединечните архитектонски и урбани типови што го сочинуваат сегментот. Овој пристап се надоврзува на типолошката традиција во архитектонската теорија, каде типот не се разбира само како формален елемент, туку и како носител на колективна меморија и просторната логика.

Во оваа типо-морфолошка рамка, поимот на *рекурзивност* се воспоставува како примарен аналитички метод за дешифрирање на просторните кодови кои опстојуваат низ трансформацијата на урбаното ткиво. Наместо да се согледува како обично повторување на модернистичкиот модул, поимот нуди можност за читање на градот како систем од правила кои се репродуцираат и еволуираат во различни размери. Како што аргументира Карло Ајмонино (Aymonino, 1975), проучувањето на урбаните феномени бара идентификација на оние структурни елементи кои го градат колективниот хабитат преку времето. Во тој контекст, предземјотресните објекти не се само изолирани перманенции, туку активни носители на типолошка логика која нуди специфични аналитички податоци. Преку методот на рекурзивност, овие затечени структури се дефинираат како еволутивни прототипи чии внатрешни правила се пресликуваат и во новиот контекст на урбаната ситуација.

Примената на овој метод овозможува дијахрониско мапирање на урбаното ткиво: тој ја разоткрива способноста на одредени типолошки обрасци да го трансформираат својот размер, без да ја изгубат структурната кохерентност. На овој начин, избраните урбани

сегменти престануваат да се толкуаат како збир на конфликтни хиерархии и се отвораат како поле за анализа на типолошка еволуција. Рекурзивноста овде станува операбилен инструмент во кој отпорноста на просторните кодови се адаптира за да го одржи интегритетот на урбаната матрица во еволутивен континуитет.

Во целина, типо-морфолошката рамка го поставува хетерогениот современ урбан простор како поле на коегзистенција, во кое повеќе автономни морфолошки и типолошки системи функционираат истовремено. Наместо да се стреми кон редукција или поедноставување на урбаната структура, оваа рамка ја прифаќа нејзината комплексност како суштинска и продуктивна карактеристика. Ваквиот пристап е клучен за разбирање на Градскиот ѕид не само како унитарна архитектонска форма, туку како структурна матрица во која се инкорпорирани различни урбани модели (Tange, 1967; United Nations, 1970). Преку типо-морфолошката анализа станува возможно да се артикулира токму оваа состојба на плуралност и да се покаже дека коегзистенцијата на модели не е случајна, туку резултат на конкретни историски, инфраструктурни и градоградителски процеси што ја обликуваат современата урбана структура на градот Скопје. Во таа смисла, примената на типо-морфолошката рамка во ова истражување е свесно селективна. Таа не настојува да даде целосна интерпретација на урбаната трансформација на Скопје, ниту да ги опфати сите социјални, економски или политички фактори што ја обликуваат градската форма. Наместо тоа, рамката се користи како инструмент за изолирање и читање на оние просторни структури што се стабилизираат во физичката форма на градот и опстојуваат како препознатливи морфолошки конфигурации, без оглед на промените во програмата или институционалниот контекст.Таквиот пристап овозможува фокусот да се насочи кон архитектонската форма како медијатор меѓу различни историски фази и планерски концепции. Урбаните сегменти не се анализираат како резултат на единствена развојна логика, туку како просторни компромиси во кои се среќаваат различни рационалности на градење. Типо-морфолошката анализа, во овој контекст, не ја заменува историската или социолошката интерпретација, туку функционира паралелно со нив, овозможувајќи специфично читање на градот преку неговата изграденост, структура и просторни односи.

Ова методолошко ограничување е истовремено и предност, бидејќи овозможува прецизна анализа на урбаните сегменти како архитектонски целини. На тој начин, рамката создава јасна основа за понатамошна детална анализа на поединечните урбани сегменти, преку која ќе се испитуваат нивните внатрешни структури, типолошки состав и меѓусебни односи.

### 4.1.1 Формални карактеристики

Границите на избраните урбани сегменти се дефинираат преку сообраќајните зафати на постземјотресната обнова, како дел од пошироката рамка на инфраструктурно трансформирање на урбаната мрежа на градот. Тие претставуваат просторни отсечоци јасно исцртани преку новите сообраќајни траси и режими на движење, кои во себе содржат различни степени и форми на просторна комплексност. Во овој контекст, урбаниот сегмент се формира преку односот помеѓу историски спонтано оформената морфолошка структура и планираните градоградителски интервенции што ја реорганизираат постојната урбана матрица и воспоставуваат нови услови за нејзино читање и функционирање. Морфогенезата на современите поединечни урбани ситуации е директно условена од предземјотресната урбана матрица на централното подрачје, која не е целосно избришана, туку селективно трансформирана. Наместо радикално расчистување и воведување на целосно нова мрежа, постземјотресната интервенција се темели на принципот на агрегација: групирање и пренаменување на помали, историски оформени урбани блокови во поголеми просторни целини. На тој начин, овие делови се појавуваат како хетерогени агрегати составени од асамблирани елементи со различно потекло. Во рамките на оваа трансформација, композицијата на Градскиот ѕид се артикулира како примарен структурален и морфолошки елемент што ја организира и стабилизира новата просторна конфигурација, функционирајќи како организирачка матрица околу која се реаранжираат внатрешните просторни односи.

Оттука, урбаните сегменти треба да се разберат како морфолошки производ на посредување помеѓу наследената урбана матрица и новата инфраструктурна логика на модернистичката реконструкција. Тие не претставуваат униформни сегменти, туку комплексни просторни целини во кои коегзистираат различни историски слоеви, типолошки модели и режими на користење, што ја дефинира нивната внатрешна просторна и социјална сложеност.

**Основни аналитички методи за читање на урбаната морфологија**

Графичката анализа на поединечните урбани сегменти се спроведува преку серија последователни аналитички прикази, со цел систематско согледување на нивната просторна структура, морфолошка логика и функционална организација. Овој аналитички апарат овозможува критичко читање на односите помеѓу изграденото и неизграденото, јавниот и приватниот домен, како и позиционирањето и меѓусебната релација на архитектонските маси и просторни појавности во рамките на избраниот урбан сегмент.

Анализата е структурирана низ следните нивоа:

- Ситуацискиот приказ ја дефинира просторната положба на урбаниот сегмент во однос на уличната мрежа, соседните урбано ткиво и поширокиот урбан контекст. Комбинацијата од техничка и сателитска слика овозможува истовремено читање на планската структура и актуелната просторна состојба, преку што се согледуваат формата и структурата на поединечните елементи, степенот на изолираност или интеграција, како и улогата на избраниот сегмент во мрежата на пошироките движења.

- Анализата фигура–позадина служи за апстрахирање на односот помеѓу масата на изграденото ткиво и отворениот простор. Преку оваа редукција, урбаниот сегмент се

чита како морфолошка целина, при што стануваат јасно видливи неговата компактност, порозност, просторен континуитет или фрагментација, како и начинот на кој просторните елементи учествуваат во обликувањето на јавниот простор.

- Односот на поединечните парцели ја разоткрива внатрешната организација на сопственичките и програмските односи во рамките на избраните сегменти. Преку разграничување на јавни и приватни простори се анализира степенот на просторна хиерархија и начинот на кој се посредува помеѓу доминантниот колективен јавен простор карактеристичен за социјалистичката парадигма и индивидуалното домување и сопственост.

Заклучно, поставената методологија овозможува урбаните сегменти да се читаат како морфолошки хибриди, во кои различните архитектонски модели и историски слоеви не функционираат изолирано, туку се интегрирани преку надредена регулативна логика. Овие аналитички филтри ја потврдуваат тезата дека структурниот праг на просторна искористеност делува како стабилизирачки механизам, кој овозможува формална и типолошка хетерогеност да егзистира во рамките на кохерентна урбана целина.

**Анализа на просторните параметри и морфолошката конзистентност**

Квантитативната анализа ги опфаќа клучните параметри што ја дефинираат физичката структура на избраниот урбан сегмент:

- Вкупна површина (изградена и неизградена),
- Коефициент на изградена површина,
- Просечна катност и висинска регулација,
- Вкупна бруто развиена површина.

| | **Вкупна површина ($m^2$)** | **Изградена површина ($m^2$)** | **Неизградена површина ($m^2$)** | **Коефициент на изградена површина** | **Вкупна БРП ($m^2$)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сегмент 1** | 45.140 | 13.704 (30,4%) | 31.436 (69,6%) | 1,61 | 72.631 (13,1%) |
| **Сегмент 2** | 46.896 | 15.686 (33,4%) | 31.210 (66,6%) | 1,77 | 83.135 (15,0%) |
| **Сегмент 3** | 79.741 | 26.670 (33,4%) | 53.071 (66,6%) | 2,04 | 162.687 (29,3%) |
| **Сегмент 4** | 69.450 | 21.670 (31,2%) | 47.780 (68,8%) | 2,06 | 143.022 (25,8%) |
| **Сегмент 5** | 44.744 | 13.838 (31,2%) | 30.906 (68,8%) | 2,09 | 93.406 (16,8%) |
| **Вкупно** | **285.971** | **91.568 (32,0%)** | **194.403 (68,0%)** | | **554.881 (100%)** |

Анализата на просторните урбани параметри на анализираните урбани сегменти, покажуваат дека и покрај разликите во апсолутната површина и вкупната бруто развиена површина, демонстрираат висок степен на структурна усогласеност во однос на просторната искористеност. Нормализираната споредба на коефициентот на искористеност укажува на релативно тесен интензитетен опсег, без изразени екстреми, што сугерира дека густината во овие сегменти не е резултат на ад-хок интервенции, туку на системски регулиран просторен модел. Оваа конзистентност може да се интерпретира како манифестација на заедничка планерска логика, во рамките на која различните сегменти функционираат како варијации на ист морфолошки принцип, а не како независни или меѓусебно конфликтни структури. Истовремено, анализата открива дека разликите меѓу сегментите не се артикулираат преку радикални отстапувања во интензитетот на изградбата, туку преку внатрешни типолошки и морфолошки конфигурации: различни распореди на волумените, релации меѓу изграденото и отвореното, како и различни просторни сценарија на користење. На тој начин, квантитативните параметри функционираат не само како технички индикатори, туку како носители на морфолошко значење, преку кои се чита организацијата и логиката на урбаниот сегмент. Овој наод овозможува да се формулира тезата дека во анализираните сегменти постои структурен праг на просторна искористеност кој делува како стабилизирачки механизам на урбаната форма. Внатре во тој праг, различните типолошки модели не ја нарушуваат целината, туку придонесуваат кон нејзината хетерогеност и адаптивност. Оттука, урбаните сегменти може да се разберат како морфолошки системи со внатрешна варијабилност, но со надредена регулативна логика, што претставува клучна основа за понатамошната типо-морфолошка анализа.

Инваријантноста на односот меѓу изградената и неизградената површина (кој се движи во тесен дијапазон од околу 30% наспроти 70%) сугерира дека анализираните сегменти не се само збир на случајни волумени, туку претставуваат кохерентни урбани типологии. Иако вкупната бруто развиена површина (БРП) варира значително (од 13.1% во Сегмент 1 до речиси 30% во Сегмент 3), релативниот интензитет останува под контрола на една 'невидлива' морфолошка матрица. Ова укажува на тоа дека урбаната густина не е во директен конфликт со отворениот простор, туку дека тие се наоѓаат во состојба на динамична рамнотежа, што овозможува типолошка варијабилност без притоа да се загрози просторниот интегритет на целина.

Конзистентноста на коефициентите на искористеност, кои се движат во тесен опсег помеѓу 1.61 и 2.09, не е само статистичка коинциденција, туку ја рефлектира доминантната планерска парадигма на периодот во кој се оформени овие сегменти. Оваа стабилност на параметрите сугерира постоење на планскиот детерминизам на пост-земјотресната трансформација, со што физичката форма е директна деривација на претходно дефинираните доминантни регулативни матрици. Исто така, се идентификува специфичен феномен на просторна стабилност каде што иако сегментите зафаќаат различни вкупни површини (од 44.744m2 до 79.741m2), процентуалниот сооднос на изграденото ткиво покажува изненадувачка конзистентност, со средна вредност од 32%. Овој податок укажува на тоа дека во истражуваното подрачје постои де факто структурен праг на искористеност, кој дејствува како гравитациска точка на урбаната форма. Фактот што коефициентот на искористеност кај сите сегменти се одржува во тесниот интервал помеѓу 1.61 и 2.09, сугерира дека развојот на овие сегменти и покрај влијание на изолирани и радикални потези на интервенции, следи одредена инхерентна морфолошка логика. Оваа логика

го диктира капацитетот на локацијата без оглед на нејзината апсолутна големина, воспоставувајќи ред кој го дефинира карактерот на пошироката урбана целина.

Анализата на урбаните параметри на селектираните сегменти укажува на тоа дека, и покрај варијациите во апсолутните површини, постои висок степен на структурна усогласеност во однос на искористеноста на просторот. Нормализираната споредба на коефициентите на искористеност открива релативно тесен интензитетен опсег, без изразени екстремни отстапувања. Овој наод сугерира дека густината во анализираните сегменти не е производ на фрагментирани или ад-хок интервенции, туку произлегува од системски регулиран просторен модел. Ваквата конзистентност може да се интерпретира како манифестација на заедничка планерска логика, каде различните сегменти функционираат како варијации на ист морфолошки принцип. Квантитативните показатели во овој контекст не се само технички индикатори, туку се носители на морфолошко значење, преку кои се дешифрира организацијата на урбаниот сегмент.

**Компаративна анализа на карактеристични сегменти**

Врз основа на техничката обработка на податоците, се идентификуваат неколку клучни корелации кои ја појаснуваат внатрешната логика на просторот:

**Сегмент 1 и Сегмент 5:** Иако двата сегменти зафаќаат речиси идентична вкупна површина (45.140m2 наспроти 44.744m2), тие покажуваат дивергенција во коефициентот на искористеност (1,61 наспроти 2,09). Ова укажува на различна типолошка поставка; Сегмент 5 постигнува поголема вкупна изграденост на ист просторен отпечаток, што упатува на примена на зголемена вертикална регулација, манифестирана преку предземјотресните модернистички елементи поставени слободно во зелен простор.

**Сегмент 2 и Сегмент 3:** Кај овие два сегменти се забележува идентичен процентуален соодност меѓу изградената и неизградената површина (33,4%/66,6%), и покрај тоа што Сегмент 3 е просторно значително поголем. Овој податок го потврдува постоењето на фиксен морфолошки код кој се реплицира независно од размерот на урбаниот исечок, одржувајќи константен баланс меѓу изградениот волумен и отворениот простор. Структурата на Градскиот ѕид е всушност доминантната урбана матрица која го стабилизира урбаниот сегмент.

**Сегмент 4 и Сегмент 5:** Овие делови споделуваат идентичен процент на неизградена површина (68,8%). Ваквата прецизна коинциденција сугерира дека неизградениот простор во овие сегменти не е резидуален, туку примарен регулативен елемент. Разликата во нивната вкупна БРП се апсорбира преку внатрешни типолошки варијации, додека рамката на отворениот простор останува зачувана како стабилизирачки фактор, повторно манифестирана преку предземјотресните модернистички елементи поставени слободно во зеленило,

**Сегмент 3 како волуметриски референт:** Со учество од 29,3% во вкупната БРП на сите анализирани сегменти, овој дел претставува тежиште на изградената маса. Сепак, неговиот коефициент на изградена површина (2,04) останува во рамките на дефинираниот праг, што докажува дека дури и при најголема концентрација на површини, не се нарушува општата морфолошка логика на целината.





**Површина на блок 1**
45.140 m²

**Изградена површина**
13.704 m² / (30,4%)

**Неизградена површина**
31.436 m² / (69,6%)

**Коефициент на изградена површина**
1.61

**Просечен број на ката**
5,3

**Вкупна бруто развиена површина**
72.631m²






*Слика 30*
*Основни урбани параметри за избраниот сегмент 1*





**Површина на блок 2**
46.896 m²

**Изградена површина**
15.686 m² / (33.4%)

**Неизградена површина**
31.210 m² / (66.6%)

**Коефициент на изградена површина**
1.77

**Просечен број на ката /**
5,3

**Вкупна бруто развиена површина**
83.135m$^2$






*Слика 31*
*Основни урбани параметри за избраниот сегмент 2*







**Површина на блок 3**
79.741 m²

**Изградена површина**
26.670 m² / (33.4%)

**Неизградена површина**
53.071 m² / (66.5%)

**Коефициент на изградена површина**
2.04

**Просечен број на ката**
6.1

**Вкупна бруто развиена површина**
162.687m²






*Слика 33*
*Основни урбани параметри за избраниот сегмент 3*





**Површина на блок 4**
69.450 m²

**Изградена површина**
21.670 m² / (31.2%)

**Неизградена површина**
47.780 m² / (68.8%)

**Коефициент на изградена површина**
2.06

**Просечен број на ката**
6.6

**Вкупна бруто развиена површина**
143.022m²






*Слика 34*
*Основни урбани параметри за избраниот сегмент 4*





**Површина на блок 5**
44.744 m²

**Изградена површина**
13.838 m² / (31.2%)

**Неизградена површина**
30.906 m² / (68.8%)

**Коефициент на изградена површина**
2.09

**Просечен број на ката**
6.7

**Вкупна бруто развиена површина**
93.406m²






*Слика 35*
*Основни урбани параметри за избраниот сегмент 5*

### 4.1.2 Таксономија на изградена форма

Вториот аналитички слој од типо-морфолошката рамка се однесува на таксативна типолошка декомпозиција на изграденото ткиво, при што избраните урбани сегменти се расчленуваат на поединечни архитектонски урбани типови што го сочинуваат. Овој пристап се надоврзува на типолошката традиција во архитектонската теорија како носител на колективна меморија и просторна логика што опстојува низ времето. Во таа смисла, анализата не е насочена кон вреднување на поединечниот објект само како автономно авторско дело, тку и кон читање на неговата позиција и улога во поширокиот типо-морфолошки систем на градот. Ваквата таксономија на изградената форма служи како времена, односно темпорална каталогизација на објектите, но исто така и претставува аналитички механизам за воспоставување споредливост помеѓу различни урбани целини преку составните единици / делови. Преку редукција на контекстот и изедначување на размерот, објектите се доведуваат во состојба на формална и просторна еквиваленција, што овозможува да се идентификуваат не само разликите, туку и заедничките структурни принципи што ги поврзуваат. На тој начин, таксономијата функционира како медијатор помеѓу поединечната архитектонска форма и колективната морфологија на градот, овозможувајќи типолошките релации да станат читливи како систем на односи помеѓу изграденото урбано ткиво.

Во рамките на оваа типо-морфолошка рамка, поимот *рекурзивност* се воспоставува како клучен аналитички инструмент за дешифрирање на просторните кодови што опстојуваат низ различните фази на трансформација на урбаното ткиво. Наместо рекурзивноста да се толкува како механичко повторување на модернистичкиот модул или како сериска репродукција на форма, таа се користи како концепт што овозможува читање на градот како систем од правила, односи и пропорции што се пресликуваат, адаптираат и еволуираат во различни размери. Како што укажува Карло Ајмонино (Aymonino, 1975), проучувањето на урбаните феномени подразбира идентификација на оние структурни елементи што го градат колективниот хабитат преку времето, независно од нивната стилска или програмска варијација.

Во контекстот на Скопје, оваа постапка овозможува да се согледа како различни историски периоди продуцираат споредливи типолошки структури, кои и покрај разликите во идеологија и програм, учествуваат во ист систем на просторна логика. Изграденото ткиво ги третира поединечните изолирани случаи не само како историски реликти и архитектонско наследство, туку како активни носители на типолошка логика што продолжува да влијае врз понатамошниот развој на урбаната структура. Примената на рекурзивниот метод овозможува нивна апстракција во еволутивни прототипи, преку кои стануваат читливи структурните правила на организација, размер, релација и програмска распределба што го обликуваат колективниот урбан простор на центарот на градот. Сепак случајот на Скопје не може да се интерпретира исклучиво преку моделот на постепено континуирана урбана трансформација. Напротив, во Скопје се идентификуваат експлицитни прекини во инхерентната инерција на развојот на урбаното ткиво, предизвикани од нагли пресврти во планирањето на градот.

Во таков контекст, рекурзивноста не функционира како линеарен или непрекинат процес, туку како нарушена и повторно активирана логика, која се јавува во форма на реакција, адаптација или реинтерпретација на претходните типолошки правила, но и преку паралелно вметнување на нови типологии и просторни логики. Во избраните

урбани сегменти се појавуваат состојби на просторна напнатост, каде што рекурзивните структури се прекинати, компромитирани или трансформирани под влијание на модернистички експерименти и институционални компромиси. Токму овие состојби на прекин и хибридизација го прават скопскиот контекст аналитички продуктивен, бидејќи рекурзивноста овде не е историска даденост како во многу европски градови, туку предизвик што постојано се редефинира.

Графичката методологија што го поддржува овој аналитички слој се темели на систематска декомпозиција на урбаниот сегмент на неговите составни маси и објекти. Секој објект е изолиран од контекстот и прикажан поединечно, при што сите елементи се поставени на унифицирана референтна мрежа од 100 × 100 метри. Оваа постапка на 'типолошка изолација' овозможува објектите да се набљудуваат како автономни просторни примери, чија споредба открива скриени соодноси помеѓу изграденото и празниот простор. Оваа постапка овозможува директна споредба на објектите според нивниот отисок, големина и пропорција, независно од нивната реална позиција во сегментот. Подредувањето на објектите според површината на отисокот дополнително ја нагласува хиерархијата на типолошките елементи и ја прави согледлива нивната релативна просторна „тежина“ во рамките на урбаниот систем.

Паралелно со тоа, објектите се групирани според намената:
- едносемејно домување,
- повеќесемејни станбени згради,
- јавни и административни објекти,
- објекти за колективно домување како детски градини и хотели.

Ова типолошко групирање овозможува согледување на односот помеѓу програмата и формата, како и идентификација на одредени просторни модели. На овој начин, типологијата се појавува како аналитичка алатка за читање на колективната логика на изграденото ткиво на урбаниот центар на градот.  Во рамките на анализата, урбаното ткиво се разгледува истовремено синхронски и дијахронски. Синхронскиот пристап овозможува читање на урбаните острови како просторни целини во нивната актуелна состојба, преку односот на изграденото и неизграденото, типолошките конфигурации и функционалните режими што коегзистираат во еден временски пресек. Дијахронската перспектива, пак, настојува да ги следи трансформациите на овие структури низ времето, преку идентификација на историските слоеви и моментите на нивно воведување. Сепак, за разлика од градовите со континуирано и стабилно историско ткиво, Скопје не може да се интерпретира како чисто дијахрона урбана структура. Неговата еволуција е обележана со серија радикални интервенции, во кои новите урбани и архитектонски модели често подразбираат делумно или целосно поништување на постојното ткиво. Истовремено, овие интервенции не се целосно табула раза, туку во повеќе наврати вклучуваат обиди за контекстуализација – преку селективно задржување, реинтерпретација или симболичко повикување на претходните просторни логики. Оттука, дијахроноста во случајот на Скопје не се манифестира како непрекинат континуитет, туку како нелинеарен процес на прекини и повторни поврзувања, во кој синхронските состојби на градот претставуваат резултат на наслојување на различни, често конфликтни концепции за урбаниот развој. Анализата на урбаните острови токму преку оваа двојна перспектива овозможува да се согледа како рекурзивноста функционира не како стабилна историска инерција, туку како постојано активна релација на хетерогените урбани слоеви.

**ТАКСОНОМИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА СТРУКТУРА НА БЛОК 1**

**1.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**2.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**3.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**4.** КУЛА КАМБАНАРИЈА
**5.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**6.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**7.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**8.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**9.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**10.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**11.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**12.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**13.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП Б ГРАДСКИ ЅИД(СРЕДИНА НА XX век)
**14.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП Б ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**15.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**16.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**17.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**18.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**19.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ МПЦ
**20.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (КРАЈ НА XX век)
**21.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (КРАЈ НА XX век)
**22.** ВЕРСКИ ОБЈЕКТ СОБОРЕН ХРАМ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
**23.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)






*Слика 36*
*Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 1*




*Слика 37*
*Таксономија на изградена форма на избран сегмент 1*




*Слика 38*
*Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 1*

**ТАКСОНОМИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА СТРУКТУРА НА БЛОК 2**

**1.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**2.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**3.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**4.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**5.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**6.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**7.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**8.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**9.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**10.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**11.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**12.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**13.** ЕДНОСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО КУЌА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**14.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**15.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**16.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**17.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**18.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**19.** ЈАВЕН ОБЈЕКТ, ДОМ НА РАБОТНИЦИ, КУЛТУРЕН ДОМ „КОЧО РАЦИН“ (СРЕДИНА НА XX век)
**20.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**21.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**22.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**23.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (КРАЈ НА XX век)
**24.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (КРАЈ НА XX век)
**25.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**26.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП Б ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**27.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП Б ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**28.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП Б ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**29.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**30.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**31.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**32.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (КРАЈ НА XX век)
**33.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (КРАЈ НА XX век)
**34.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**35.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**36.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (КРАЈ НА XX век)
**37.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)




*Слика 39*
*Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 2*




*Слика 40*
*Таксономија на изградена форма на избран сегмент 2*




*Слика 41*
*Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 2*

**ТАКСОНОМИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА СТРУКТУРА НА БЛОК 3**

**1.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**2.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (КРАЈ НА XX век)
**3.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**4.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (СРЕДИНА НА XX век)
**5.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**6.**ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**7.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**8.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП Б ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**9.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП Б ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**10.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП Б ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**11.** КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ ВО ХОТЕЛИ, ХОТЕЛ „БРИСТОЛ“ (ПОЧЕТОК НА XX век)
**12.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**13.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**14.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**15.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**16.** ОБРАЗОВЕН ОБЈЕКТ, ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
**17.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**18.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (СРЕДИНА НА XX век)
**19.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**20.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**21.** КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ ЗА ДЕЦА, ДЕТСКА ГРАДИНА (СРЕДИНА НА XX век)
**22.** ЈАВЕН ОБЈЕКТ, ТЕАТАР „КОМЕДИЈА“
**23.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (КРАЈ НА XX век)
**24.** ОБРАЗОВЕН ОБЈЕКТ, ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ - ТИТО“
**25.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**26.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)






*Слика 42*
*Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 3*




*Слика 43*
*Таксономија на изградена форма на избран сегмент 3*




*Слика 44*
*Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 3*

**ТАКСОНОМИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА СТРУКТУРА НА БЛОК 4**

**1.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**2.** ПРИВРЕМЕН КОМЕРЦИЈАЛЕН ОБЈЕКТ (КРАЈ НА XX век)
**3.** КОМЕРЦИЈАЛЕН ОБЈЕКТ, ПАЗАР
**4.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**5.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**6.** КОМЕРЦИЈАЛЕН ОБЈЕКТ, ПАЗАР
**7.** КОМЕРЦИЈАЛЕН ОБЈЕКТ, ПАЗАР
**8.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**9.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**10.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**11.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**12.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**13.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**14.** КОМЕРЦИЈАЛЕН ОБЈЕКТ, ПАЗАР
**15.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (ПОЧЕТОК НА XX век)
**16.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**17.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**18.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**19.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**20.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**21.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (КРАЈ НА XX век)
**22.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА И КОМЕРЦИЈАЛЕН ОБЈЕКТ (СРЕДИНА НА XX век)
**23.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**24.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**25.** АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ (ПОЧЕТОК НА XXI век)
**26.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**27.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**28.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)




*Слика 45*
*Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 4*




*Слика 46*
*Таксономија на изградена форма на избран сегмент 4*




*Слика 47*
*Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 4*

**ТАКСОНОМИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА СТРУКТУРА НА БЛОК 5**

**1.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**2.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**3.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**4.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**5.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**6.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА КУЛА ТИП М ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**7.** КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ ЗА ДЕЦА, ДЕТСКА ГРАДИНА (СРЕДИНА НА XX век)
**8.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА И АДМИНИСТРАЦИЈА (СРЕДИНА НА XX век)
**9.** ЗДРАВСТВЕН ОБЈЕКТ, „ГРАДСКА БОЛНИЦА“
**10.** ЈАВЕН ОБЈЕКТ, КАТНА ГАРАЖА
**11.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНА ЗГРАДА (СРЕДИНА НА XX век)
**12.** ПОВЕЌЕСЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕН ЛИНИСКИ БЛОК ГРАДСКИ ЅИД (СРЕДИНА НА XX век)
**13.**ЈАВЕН ОБЈЕКТ, ДОМ НА СИНДИКАТИ






*Слика 48*
*Легенда на таксономија на изградена форма на избран сегмент 5*




*Слика 49*
*Таксономија на изградена форма на избран сегмент 5*




*Слика 50*
*Таксономија на изградена форма / волумен на избран сегмент 5*




ЛЕГЕНДА:

1. ЕДНОСЕМЕЈНИ СТАНБЕНИ КУЌИ (1920-1963)
2. ПОВЕЌЕСЕМЕЈНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ (1930-1963)
3. ПОВЕЌЕСЕМЕЈНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ (1963-1990)
4. ПОВЕЌЕСЕМЕЈНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ (2000-2025)
5. ОБЈЕКТИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ (ХОТЕЛ, ДЕТСКА ГРАДИНА)
6. ОПШТЕСТВЕНИ ОБЈЕКТИ
7. ГРАДСКИ ЅИД (ЕЛЕМЕНТИ НА ЛИНЕАРНИ БЛОКОВИ И КУЛИ)

*Слика 51*
*Синтеза на таксономија на изградена форма преку програмска диференцијација*

## 4.2 Историска рамка

Историската рамка претставува второ ниво на декомпозиција на урбаното ткиво. Преку хронолошки секвенци се извлекуваат дивергентни типолошки примери од различни периоди на еден синтезен план. Истражувањето ги идентификува клучните фази во процесот на трансформација на урбаниот центар, поврзувајќи ги различните слоеви во една синтезна просторно - хронолошка секвенца на извлечени т.н. *дистинктивни архитектонски модели*.

Прво преку **хронолошката декомпозиција** на поединечните урбани сегменти ја прикажува архитектонската продукција низ неколку клучни периоди од развојот на градот во текот на XX и почетокот на XXI век. Анализата овозможува согледување на постепената трансформација на урбаното ткиво, преку преклопување на различни типолошки модели, од предземјотресната матрица до постземјотресната модернистичка интервенција и понатамошните транзициски адаптации.

Потоа следи морфолошка анализа на избраните сегменти преку три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација 1965/2025
Морфолошката стратификација се истражува преку метод на преклопување на постојната ситуација и историските планови и извлекување на содржината и соодносот на елементите кои ја дефинираат формата и содржината на избраниот урбан сегмент.

**Прво ниво:** *Генеза на морфологија на избраниот сегмент*
Се однесува на преклопување на историскиот план од 1965 година и современата ситуација преку што се чита односот на содржината на историската морфологија и историските траги во рамки на опфатот.

**Второ ниво:** *Дистинктивни модели на изградени ткиво*
Се однесува на преклопување на современата ситуација на изграденото ткиво на избраниот сегмент со историската морфологија од 1965 година преку што се извлекуваат примерите од предземјотресното историско ткиво како дистинктивни типолошки модели.

**Трето ниво:** *Улични модели како историски правци*
Се однесува на преклопување на уличните модели како историски правци и изграденото ткиво, преку што се читаат постојните континуирани или дисконтинуирани правци во рамки на избраниот сегмент.

Последниот аналитички метод претставува *декомпозиција на избраните урбани сегменти на просторни целини, фрагменти или острови како дистинктивни архитектонски модели*. Како синтеза на типо-морфолошките и историските пресеци, се претстевува аналитички чекор на декомпозиција на урбаниот сегмент на поединечни просторни целини, наречени дистинктивни архитектонски модели. Овие елементи не се третираат како автономни морфолошки единици со сопствена јанса просторна логика и типолошка одреденост. Овој методолошки пристап е близок до концептот на „урбани фрагменти“ и „композитен град“, развиен во теоријата на „колажниот град“, каде градот се чита како суперпозиција на различни формални и идеолошки слоеви (Rowe & Koetter, 1978). Декомпозицијата има за цел да ги разоткрие различните начини на формирање на просторот во рамките на истиот урбан опфат. Секој од овие фрагменти функционира како релативно независен модел, но истовремено е

интегриран во поширококата организација на просторот. На тој начин, урбаниот сегмент се чита како морфолошки колаж, а не како унифицирана форма што овозможува идентификација на зони на континуитет и дисконтинуитет, како и препознавање на внатрешната просторна хиерархија.

### 4.2.1 Хронолошка декомпозиција на урбани сегменти

Хронолошката декомпозиција на анализираните урбани сегменти овозможува систематско читање на трансформацијата на централното градско ткиво на Скопје низ неколку клучни периоди од XX и почетокот на XXI век. Наместо да се третира како низа од изолирани архитектонски интервенции, развојот на урбаната морфологија се согледува како континуиран и слоевит процес, во кој различни типолошки, програмски и морфолошки модели коегзистираат, се преклопуваат и меѓусебно се трансформираат. Предземјотресниот период (почеток до средина на XX век) ја поставува основната урбана матрица на центарот преку концентричниот модел на Големиот и Малиот урбан ринг, радијалните оски и периметралните улици. Во овој период доминираат едносемејното домување, линиските станбени блокови, слободностоечките модернистички објекти во зеленило, како и рани јавни и институционални програми. Урбаното ткиво се карактеризира со типолошка разновидност, релативна ниска густина и јасна ориентација кон улицата и јавниот простор, при што секој избран сегмент развива сопствена морфолошка логика во рамките на поширококата градска структура. Постземјотресниот период од средината на XX век претставува радикална пресвртница, во која модернистичката реконструкција воведува нови просторни и инфраструктурни принципи преку концептот на Градскиот ѕид. Во овој период, избраните урбани сегменти не се третираат како табула раса, туку како полиња на селективна интервенција, каде структуралната логика се адаптира кон постојното ткиво со различен степен на конзистентност и флексибилност. Преку варијации во композицијата на линеарни блокови, кули, платоа и пасажи, секој сегмент ја артикулира сопствената верзија на односот помеѓу старото и новото, јавниот и приватниот простор, континуитетот и прекинот. Во втората половина на XX век, по основната реализација на постземјотресниот план, следи фаза на постепено доoформување, интерполации и програмски дополнувања. Овој период е обележан со стабилизирање на уличните фронтови, вметнување на административни и образовни објекти и редефинирање на внатрешните просторни односи во рамките на сегментите. Истите почнуваат да функционираат како комплексни хибридни структури, во кои модернистичката матрица се надградува и адаптира кон реалните потреби на градот.Транзицискиот период на крајот на XX и почетокот на XXI век воведува нова динамика, доминирана од приватни инвестиции, трансформации на едносемејното домување во повеќесемејни објекти, зголемување на изграденоста и инфраструктурни интервенции. Овие процеси дополнително ја усложнуваат морфолошката структура на избраните сегменти и ја нагласуваат нивната еволутивна природа, при што оригиналните модернистички концепти се подложени на нови притисоци и реинтерпретации.

**Хронолошка декомпозиција - сегмент 1**

**Почеток до средина на XX век**
Во рамките на првиот урбан сегмент, почетокот на XX век е обележан со воведувањето на концентричниот урбан модел преку формирањето на Големиот урбан ринг, кој за прв пат воспоставува јасна структурна диференцијација на централното градско ткиво. Во овој период доминира типологијата на едносемејно домување со двор, манифестирана преку издвоени објекти долж фрагменти од улиците „Орце Николов“ и „Чедомир Миндеровиќ“. Овие структури ја одразуваат преодната состојба помеѓу традиционалната парцеларна логика и раните обиди за урбана регулација. Во текот на 1950-тите години се појавуваат и првите повеќесемејни станбени објекти, генерално лоцирани по периметарот на урбаниот прстен, што укажува на почеток на процес на зголемување на густината.

**Средина на XX век – постземјотресен период**
По земјотресот, овој дел ја содржи најконзистентната и најизворна реализација на концептот на Градскиот ѕид. Композицијата на линеарни станбени блокови и кули е јасно артикулирана, со нагласена поделба помеѓу периметарот и внатрешното плато. Линеарниот блок, со два периферни анекси, е пробиен со пасажи кои овозможуваат пристап до внатрешниот зелен простор. Ова плато функционира како активен јавен простор за социјализација и колективни активности, додека под него е сместен подземен паркинг за жителите на ансамблот. Кон внатрешноста на сегментот, композицијата е дефинирана преку паралелно поставени кули и низок линиски блок.

**Втора половина на XX век**
Во периодот по реализацијата на основниот концепт, се регистрира континуитет на дооформување на преостанатите празни површини. Северниот периметар кон булеварот „Илинден“ се оформува со повеќесемеен станбен објект, додека атриумскиот станбен блок на улицата „Орце Николов“ ја збогатува типолошката разновидност. Посебен просторен и симболички акцент претставува изградбата на Соборниот храм „Св. Климент Охридски“, кој ја реартикулира јавната димензија на просторот.

**Крај на XX и почеток на XXI век**
Во транзицискиот период се забележува повторна интензификација на приватните инвестиции, при што голем дел од едносемејните куќи се трансформираат во повеќесемејни станбени објекти со комерцијални содржини во приземјето. Овие интервенции го нарушуваат првичниот модернистички баланс, но истовремено ја потврдуваат еволутивната природа на урбанта морфологија на избраниот сегмент.




1930-1963

**Примери од периодот на почетокот до средината на XX век.**
Почетокот на XX$^{от}$ век е обележан со воведувањето на концентричниот модел преку урбан прстен кој за прв пат структурално го диференцира урбаното ткиво и служи како основа за понатамошните трансформации на урбаниот центар. Во овој период се забележува доминантно продукција на едносемејни куќи со двор, забележани преку издвоените постојни објекти долж фрагменти од улиците „Орце Николов“ **[1]** и „Чедомир Миндеровиќ“ **[2].** Нешто подоцна, од 50$^{те}$ години на XX век, се појавуваат првите примери на повеќесемејни станбени објекти, генерално лоцирани по периметарот на „прстенот“од Големиот Урбан Ринг **[3]**.



1963-1970

**Примери од периодот на средината на XX век.**
Како клучен момент во историјата на градот, постземјотресната трансформација на урбаниот центар претставуваше најголемиот градоградителски потфат не само на локално ниво на социјалистичка Југославија, туку и како глобален феномен на место на интернационална коегзистенција во процесот на работа и реализација на обнова на градот.

Во првиот урбан остров композицијата на линеарните блокови и кули од Градскиот ѕид е најизворно пренесена со споредба со варијациите кај останатите блокови. Кон внатрешната страна, линеарниот блок со два периферни анекси е пробиен на две места со пасажи кои водат до внатрешното плато со зеленило, плато кое претставува активен јавен простор за социјализација и колективни настани. Под платото, се наоѓа подземниот паркинг простор за жителие на Градскиот ѕид. Кон внатрешноста на островот Градскиот ѕид е дефиниран од паралелно поставените кули и еден низок линиски блок.




1970-1990

**Примери од периодот на втората половина на XX век.**
Во периодот од постземјотресната обнова и реализација на планот на Танге, следиме континуитет на дооформување на „празните“ површини по периметарот или во внатрешноста на урбаните острови. Во овој случај постои оформување на северниот периметар кон булевар „Илинден“ со објект за повеќесемејно домување **[1]** и атриумскиот станбен блок на улица „Орце Николов“ **[2]**, како и плато со храм просторен акцент во просторот, Соборниот храм „Св. Климент Охридски“ **[3]**.



1990-2025

**Примери од периодот на крајот на XX и почетокот на XXI век**

Во периодот на транзиција на општествениот систем, гледаме повторно интензивирање на приватни инвестиции на сопствениците на едносемејните куќи. Трансформација на домувањето во куќа во повеќесемејно домување во станбена зграда со комерцијални простори.




*Слика 52*
*Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 1*

**Хронолошка декомпозиција - сегмент 2**

**Почеток до средина на XX век**
Во вториот урбан сегмент, предземјотресниот развој е доминантно условен од едносемејното домување, особено изразено долж улицата „Максим Горки", која функционира како значајна исток–запад урбана оска. Овој правец ја структурира парцелацијата и просторната логика, при што индивидуалните куќи со двор формираат релативно ниска но густа урбана морфологија. Посебна и атипична ситуација претставува групата едносемејни куќи кои подоцна ќе бидат директно инкорпорирани во платото на Градскиот ѕид, создавајќи редок пример на коегзистенција помеѓу предземјотресното домување и постземјотресната модернистички-структурална логика. Во овој период се издвојува и Културниот дом „Кочо Рацин" како репрезентативен јавен објект, чија форма ја следи кружната геометрија на поранешниот плоштад „Слобода", укажувајќи на континуитет на јавната функција и меморијата на местото. Од 1950-тите години започнува постепена појава на повеќесемејни станбени објекти, главно лоцирани по периметарот на Големиот урбан ринг, што најавува трансформација кон поголема густина и колективно домување.

**Средина на XX век – постземјотресен период**
Во рамките на постземјотресната реконструкција, вториот сегмент претставува еден од најјасните примери на контекстуално адаптирана реализација на концептот на Градскиот ѕид. За разлика од останатите композиции во другите сегменти, тука кулите на јужната страна се поместуваат кон запад и навлегуваат во просторот на некогашниот плоштад „Слобода, при што меѓу нив се задржува остров / дел од историско урбано ткиво како фрагмент од старата траса на улицата „Максим Горки". Овој зачуван отсечок функционира како просторна меморија и јасен показател на принципот на структурна суперпозиција, каде новата структура не го поништува целосно постојниот град, туку го преклопува и реартикулира. Пешачките движења долж историските правци се овозможени преку три пасажи пробиени низ линеарниот блок на Градскиот ѕид, со што се одржува континуитетот на секојдневните просторни практики и се воспоставува сложена, слоевита просторна секвенца.

**Втора половина на XX век**
По основната реализација на постземјотресниот план, овој дел продолжува да се трансформира преку процеси на дооформување и интерполација. Се регистрира изградба на повеќесемејни станбени објекти долж северниот периметар, со што се зацврстува уличниот фронт и се зголемува густината на домувањето. Паралелно со тоа, се реализираат интервенции долж булеварот „Св. Климент Охридски", кои дополнително ја засилуваат улогата на блокот како дел од поширокиот централно-урбан појас. Во внатрешноста на блокот, инсертирањето на нов линеарен станбен блок во правец исток–запад ја прекинува историската оска и воспоставува нова просторна целина, со што се менува внатрешната морфолошка логика и се редефинира односот помеѓу старите и новите структури.

**Крај на XX и почеток на XXI век**
Слично како и кај првиот сегмент, транзицискиот период е обележан со трансформација на едносемејното домување во повеќесемејни објекти со мешана програма.




1930-1963

**Примери од периодот на почетокот до средината на XX век.**
Почетокот на XX$^{от}$ век е обележан со воведувањето на концентричниот модел преку урбан прстен кој за прв пат структурално го диференцира урбаното ткиво и служи како основа за понатамошните трансформации на урбаниот центар. Во овој период се забележува доминантно продукција на едносемејни куќи со двор, забележани преку издвоените објекти долж улицата „Максим Горки“ **[1]**, која поминува во працев исток-запад. Специфична ситуација претставува една група од едносемејно домување во куќи, директно внесена во платото на Градскиот ѕид **[2]**, како и Културниот дом „Кочо Рацин“ **[3]** какорепрезентативен јавен објект кој ја следи кружната фигурата на некогашниот плоштад „Слобода“ **[4].** Нешто подоцна, од 50$^{те}$ години на XX век, се појавуваат првите примери на повеќесемејни станбени објекти, генерално лоцирани по периметарот на „прстенот“ од Големиот Урбан Ринг **[5]**.



1963-1970

**Примери од периодот на средината на XX век.**
Како клучен момент во историјата на градот, постземјотресната трансформација на урбаниот центар претставуваше најголемиот градоградителски потфат не само на локално ниво на социјалистичка Југославија, туку и како глобален феномен на место на интернационална коегзистенција во процесот на работа и реализација на обнова на градот.

Во вториот остров композицијата на Градскиот ѕид добива контекстуална адаптација во однос на постојното урбано ткиво. Кулите на јужната страна се поместуваат кон запад и навлегуваат во просторот на некогашниот плоштад. Во просторот помеѓу се појавува остров од историско урбано ткиво како отсечок од некогашна важна урбана улица „Максим Горки“. Тука, структурата на Градскиот ѕид најевидентно ја отсликува идејата на структурална суперпозиција како просторен аналоген систем. Пешачкото движење долж историските правци е овозможено преку три пасажи низ линеарниот блок од Градскиот ѕид.




1970-1990

**Примери од периодот на втората половина на XX век.**
Во периодот од постземјотресната обнова и реализација на планот на Танге, следиме континуитет на дооформување на „празните“ површини по периметарот или во внатрешноста на урбаните острови. Во случајот на вториот блок, на северната страна постои периметарско аголно дооформување на историскиот блок со објект за повеќесемејно домување **[1]**, како и долж булеварот „Св. Климент Охридски“ **[2]**. Во внатрешноста на блокот, внесување на линеарен станебн блок, **[3]** (исток-запад), ја прекинува историската оска и создава нова просторна целина.



1990-2025

**Примери од периодот на крајот на XX и почетокот на XXI век**
Во периодот на транзиција на општествениот систем, гледаме повторно интензивирање на приватни инвестиции на сопствениците на едносемејните куќи. Трансформација на домувањето во куќа во повеќесемејно домување во станбена зграда со комерцијални простори.




*Слика 53*
*Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 2*

**Хронолошка декомпозиција - сегмент 3**

**Почеток до средина на XX век**
Третиот урбан сегмент во предземјотресниот период се издвојува по изразена типолошка и програмска разновидност, што го позиционира како еден од најкомплексните делови на централното градско подрачје. Урбаното ткиво се формира долж доминантните периметрални правци на Големиот урбан ринг и улицата „Македонија“, кои во овој период функционираат како носечки оски на репрезентативниот град. Во рамките на сегментот коегзистираат различни типологии и програми: урбани вили, хотелска типологија, линиски станбени блокови, станбени кули, како и образовни и културни објекти. Оваа програмска хетерогеност укажува на рано воспоставување на централна, јавна и институционална функција на просторот, при што просторот не се чита како монофункционална станбена зона, туку како сложен урбан фрагмент со повеќеслојна просторна организација.

**Средина на XX век – постземјотресен период**
Во постземјотресниот период, композицијата на Градскиот ѕид во третиот сегмент се артикулира во тесна релација со постојната морфологија. Основната линија на ѕидот ја следи концентричната оска на Малиот урбан ринг, при што линиските блокови и кулите се ротираат и прилагодуваат на постоечките правци и објекти. Просторот на прекршување помеѓу овие сегменти е искористен за поставување на детска градинка, која функционира како структурален „зглоб“ и медијатор помеѓу различните просторни логики. Постојните предземјотресни објекти, како училиштето и станбениот блок, не се отстранети, туку се инкорпорирани во новото внатрешно плато, што укажува на селективен, а не табула-раса пристап. На фронтот кон улицата „Македонија“, анексот на Градскиот ѕид стапува во директен физички контакт со историското ткиво, создавајќи зона на интензивна морфолошка тензија, додека кулата е позиционирана во позадина на хотелот „Бристол“. Нереализирањето на дополнителна кула, условено од постоењето на претходен објект, создава локална аномалија во композицијата и јасно ја демонстрира ограниченоста на идеалниот мегаструктурален модел при судир со реалниот градски контекст.

**Втора половина на XX век**
Во периодот по основната реализација на постземјотресниот план, третиот сегмент продолжува да се трансформира преку дополнителни јавни и административни интервенции. Во просторот помеѓу Градскиот ѕид и историското урбано ткиво се инсертира образовен објект, кој дополнително ја усложнува просторната структура и ја зацврстува институционалната димензија на просторот. Паралелно со тоа, периметарот долж улицата „Св. Кирил и Методиј“ се дооформува со административна структура, со што се воспоставува појасна улична линија и се стабилизира односот помеѓу старото и новото ткиво.

**Крај на XX и почеток на XXI век**
Интервенциите од овој период се доминантно административни и се јавуваат како инсертирања во урбана низа или како дооформувања на аглите долж главните сообраќајници.




**Примери од периодот на почетокот до средината на XX век.**
Почетокот на XX[от] век е обележан со воведувањето на концентричниот модел преку урбан прстен кој за прв пат структурално го диференцира урбаното ткиво и служи како основа за понатамошните трансформации на урбаниот центар. Од овој период се забележуваат различни типологии и програми, главно следејќи ги доминантните правци на периметарот на Големиот ринг и улица „Македонија". Извлечени се примери на урбана вила **[1]**, урбан хотел **[2]**, станбени линиски блокови **[3]**, станбени кули **[4]**, училиште **[5]** и театар **[6]**.




**Примери од периодот на средината на XX век.**
Како клучен момент во историјата на градот, постземјотресната трансформација на урбаниот центар претставуваше најголемиот градоградителски потфат не само на локално ниво на социјалистичка Југославија, туку и како глобален феномен на место на интернационална коегзистенција во процесот на работа и реализација на обнова на градот.

Во третиот остров композицијата на Градкиот ѕид ја следи концентричната оска ма Малиот Ринг со ротација на линиските блокови и кули. Во просторот помеѓу прекршувањето на блоковите се наоѓа детска градина како структурален „зглоб" **[1]**. Поставувањето на правецот на композицијата на Градкиот ѕид ги следи постојните објекти (училиште и станбен блок), инкорпорирајќи ги во внатрешното плато. На периметарот со улицата „Македонија", анексот на Градскиот ѕид е во директен физички допир со историското ткиво **[2]**, а кулата е поставена во непосредна близина во позадина на хотелот „Бристол". Тука согледуваме уште една аномалија во композицијата, со нереализирањето на уште една кула поради постојниот блок. **[3]**




**Примери од периодот на втората половина на XX век.**
Во периодот од постземјотресната обнова и реализација на планот на Танге, следиме континуитет на дооформување на „празните" површини по периметарот или во внатрешноста на урбаните острови. Во случајот на третиот остров, просторот помеѓу Градскиот ѕид и историското урбано ткиво се инсертира објект од образование **[1]**, а периметарот на улицата „Св. Кирил и Методиј" се оформува со административен објект **[2]**.




**Примери од периодот на крајот на XX и почетокот на XXI век**
Во овој период се забележуваат неколку интервенции на административни објекти. Генерално може да се забележат две ситуации: прво како инсертирање на објект во урбана низа (ул. „Македонија") **[1]**, второ како дооформување на агол на островот на главни сообраќајници **[2]**.




*Слика 54*
*Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 3*

**Хронолошка декомпозиција - сегмент 4**

**Почеток до средина на XX век**
Предземјотресниот развој на четвртиот урбан сегмент е карактеризиран со доминација на слободностоечки модернистички структури поставени во континуиран зелен простор, што претставува типичен израз на регионалниот модернизам од првата половина на XX век. Овој модел на градење го напушта класичниот периметарски блок и воведува поотворена просторна композиција, во која објектите се читаат како индивидуализирани волумени во пејзаж. Долж дијагоналната оска југоисток–северозапад се развиваат линиски станбени блокови кои го артикулираат уличниот фронт кон централниот плоштад и воспоставуваат јасна визуелна и функционална врска со поширокото градско јадро. На спротивниот периметар, долж улицата „Св. Кирил и Методиј“, се издвојува станбена кула со низок административен анекс, што внесува вертикален акцент и програмска хетерогеност во рамките на просторот. Во внатрешноста на избраниот сегмент се чита концентрична просторна структура на градски пазар, кој функционира како важен локален економски и социјален јазол. Подоцнежните неформални екстензии на пазарот укажуваат на неговата адаптивност и на притисокот на секојдневните практики врз првичната просторна организација.

**Средина на XX век – постземјотресен период**
Во постземјотресниот период, четвртиот сегмент ја демонстрира флексибилноста на концептот на Градскиот ѕид преку негово селективно прилагодување кон постојниот урбан контекст. Поради непосредната близина на претходно изграден станбен објект, еден сегмент од предвидениот анекс е изоставен, што резултира со локална дисконтиуитетност во инаку континуираната структура на ѕидот. И покрај ова, внатрешното плато се развива како непрекината пешачка и зелена зона, која ги поврзува линиските блокови и кулите во кохерентна просторна секвенца. Под платото е организиран подземен паркинг, со што се задржува модернистичкиот принцип на раздвојување на пешачкото движење од моторниот сообраќај. На овој начин, изградениот простор функционира како хибридна структура, во која новата структурална логика се вградува во веќе постоечката модернистичка матрица.

**Втора половина на XX век**
Во периодот по основната реализација на постземјотресниот план, се регистрира континуитет на постепено дооформување на урбаното ткиво. Особено е значајна интервенцијата долж улицата „Св. Кирил и Методиј“, каде административен објект се вметнува помеѓу постоечките станбени структури. Оваа интерполација ја консолидира уличната линија и воведува појасна дефиниција на периметарот, но истовремено го менува првичниот однос помеѓу слободностоечките објекти и зеленилото.

**Крај на XX и почеток на XXI век**
Во поновиот период, трансформациите во четвртиот сегмент се одвиваат преку интервенции на административни објекти долж улицата „Македонија“, во појас кој претходно функционирал како зелен заштитен простор. Овие интервенции резултираат со постепено губење на првичната просторна пропустливост и редукција на зелените површини.




1930-1963

**Примери од периодот на почетокот до средината на XX век.**
Почетокот на XX$^{от}$ век е обележан со воведувањето на концентричниот модел преку урбан прстен кој за прв пат структурално го диференцира урбаното ткиво и служи како основа за понатамошните трансформации на урбаниот центар. Од овој период се забележува оформување на периметарот на кружниот ринг преку слободностоечки структури (линиски блокови, урбани вили, кули) поставени во зеленило, кои припаѓаат на периодот на регионалниот модернизам **[1]**. Долж оската југоисток-северозапад се развиваат линиски станбени блокови кои го формираат уличниот фронт **[2]** кон централниот плоштад, а на спротивниот периметар, на улица „Св. Кирил и Методиј", се издвојува станбена кула со низок административен дел **[3]**. Во внатрешноста на островот се чита концентрична структура на градски пазар, која подоцна добива дополнителни неформални екстензии **[4].**



1963-1970

**Примери од периодот на средината на XX век.**
Како клучен момент во историјата на градот, постземјотресната трансформација на урбаниот центар претставуваше најголемиот градоградителски потфат не само на локално ниво на социјалистичка Југославија, туку и како глобален феномен на место на интернационална коегзистенција во процесот на работа и реализација на обнова на градот.

Во четвртиот остров, композицијата на Градскиот ѕид се прилагодува на постојниот контекст, односно фали еден сегмент на анекс поради непосредната близина на постоечки станбен објект. Платото континуирано продолжува помеѓу линиските блокови и кули, формирајќи пешачка зона со зеленило, како и подземно паркирање за жителите на Градски ѕид.



1970-1990

**Примери од периодот на втората половина на XX век.**
Во периодот од постземјотресната обнова и реализација на планот на Танге, следиме континуитет на доофрмување на „празните" површини по периметарот или во внатрешноста на урбаните острови. Во случајот на четвртиот остров, се оформува периметарот на улицата „Св. Кирил и Методиј" со административен објект помеѓу постоечките станбени линиски структури.



1990-2025

**Примери од периодот на крајот на XX и почетокот на XXI век**
Во овој период се забележуваат две континуирани линиски интервенции на административни објекти во празен зелен појас на фронтот на улица „Македонија".




*Слика 55*
*Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 4*

**Хронолошка декомпозиција - сегмент 5**

**Почеток до средина на XX век**
Петтиот урбан сегмент се конституира околу формирањето на оска долж улицата „11 Октомври", која претставува една од клучните радијални врски помеѓу јужниот дел на градот, централниот плоштад и Камениот мост. Во предземјотресниот период, оваа оска функционира како просторен и симболички носител на модернизацијата, долж која се појавуваат рани јавни објекти со модернистички карактер. Особено значаен е јавниот објект за здравствена нега, кој може да се чита како еден од првите артикулирани знаци на институционалната модерност во градот. Паралелно со јавната програма, долж истата оска се развиваат линиски станбени блокови кои го консолидираат уличниот фронт и ја воспоставуваат основната морфолошка рамка на избраниот сегмент. Урбаното ткиво во овој период се карактеризира со умерена густина, јасна ориентација кон улицата и стабилен однос помеѓу изграденото и отворениот простор.

**Средина на XX век**
Во текот на средината на XX век, во рамките на избраниот сегмент се појавува значајна модернистичка интервенција во форма на административен објект составен од вертикална кула и хоризонтален волумен за потребите на Сојузот на Синкикати на Македонија од архитектот Славко Брезовски. Овој објект е замислен како слободностоечка композиција поставена во зелен простор, што претставува јасен исчекор од традиционалната периметарска изградба. Типолошката логика на интерполација на кула и подиум го воведува принципот на вертикален акцент и програмска хиерархија, истовремено редефинирајќи го односот помеѓу јавниот простор и изградената форма.

**Средина на XX век – постземјотресен период**
Во рамките на постземјотресната реконструкција, петтиот сегмент добива различна контекстуална композиција на концептот на Градскиот ѕид. За разлика од другите сегменти, каде  периферно доминира комбинацијата на линеарни станбени блокови и кули, тука линеарниот блок е редуциран, а станбениот анекс е изоставен. По периметарот на големите булевари се поставуваат исклучиво кули, што резултира со дисперзна, но јасно артикулирана вертикална композиција. Ова решение е директно условено од контекстот на постојното ткиво, кое во овој дел на градот е карактеризирано со присуство на објекти со поголем волумен и институционален карактер. Како резултат, Градскиот ѕид се поместува кон надворешниот периметар, а ваквата конфигурација ја нагласува флексибилноста на оригиналниот концепт и неговата способност да се адаптира кон специфични морфолошки услови.

**Крај на XX и почеток на XXI век**
Во поновиот период, трансформациите во петтиот сегмент се насочени кон инфраструктурно дооформување на периметарот. Појавата на објект со програма на катна гаража претставува одговор на зголемените сообраќајни потреби во централното градско подрачје.




1930-1962

**Примери од периодот на почетокот до средината на XX век.**
Почетокот на XX$^{от}$ век е обележан со оформување на оската на ул. „11$^{ТИ}$ Октомври“ која води кон централниот плоштад и Камениот мост. На оваа оска се појавува јавен објект за здравствена нега како еден од првите модернистички симболи во градот **[1]**. Долж оската југоисток-северозапад се развиваат линиски станбени блокови кои го формираат уличниот фронт **[2]**.



1962

**Примери од периодот на средината на XX век.**
Од овој период се издвојува уште еден модернистички објект на интерполација на кула и хоризонтален волумен со административна програма. Објеектот е замислен како композиција во отворен зелен простор.



1963-1970

**Примери од периодот на средината на XX век.**
Како клучен момент во историјата на градот, постземјотресната трансформација на урбаниот центар претставуваше најголемиот градоградителски потфат не само на локално ниво на социјалистичка Југославија, туку и како глобален феномен на место на интернационална коегзистенција во процесот на работа и реализација на обнова на градот.

Во петтиот остров, Градскиот ѕид има поинаква варијација на композицијата на елементите; Од линискиот блок на едната страна е изоставен станбениот анекс, а на периметарот се поставени само кули, без помали сегменти на линиски блок. Тоа е поради контекстот на постојното ткиво во кој најголем дел се објекти со голем волумен, со што композицијата на Градскиот ѕид се поместува на надворешниот периметар на блокот.



1990-2025

**Примери од периодот на крајот на XX и почетокот на XXI век**
Во овој период се забележува интервенција на дооформување на периметарот на островот со програм на катна гаража.

Катна гаража




*Слика 56*
*Хронолошка декомпозиција на избран сегмент 5*

Синтетичкото читање на хронолошката декомпозиција на урбаните сегменти покажува дека нивната сегашна просторна состојба не е резултат на единствен планерски чин, туку на долготраен процес на типолошка акумулација. Секој анализиран период остава препознатлив морфолошки траг, кој не се поништува целосно со наредните интервенции, туку се вградува во сложена структура на коегзистенција. Предземјотресната матрица обезбедува основен просторен и типолошки скелет врз кој се надоврзуваат подоцнежните интервенции. Постземјотресната реконструкција, преку концептот на Градскиот ѕид, воведува нова логика на колективна форма. Разликите помеѓу избраните сегменти укажуваат дека Градскиот ѕид, како униформен модел, има амбивалента улога; Од една страна локално го поништува историскиото ткиво, но од друга има способност да апсорбира локалните историски морфолошки траги.

Подоцнежните интервенции од втората половина на XX век и транзицискиот период дополнително ја нагласуваат хетерогената природа на урбаните морфологии. Интерполациите, доградбите и програмските трансформации не само што ја менуваат физичката структура на урбаната морфологија, туку и го преиспитуваат односот помеѓу јавниот простор, како и помеѓи колективното и индивидуалното домување. Во таа смисла, анализираните урбани сегменти може да се разберат како **морфолошки архиви на градот**, во кои се вградени различни историски, идеолошки и културни слоеви. Токму преку хронолошката анализа станува јасно дека коегзистенцијата на различните типолошки модели претставува суштинска карактеристика на современото Скопје и клучна аналитичка основа за понатамошно истражување домувањето во градот.

#### 4.2.2 Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025)

Морфолошката анализа на градот, особено во контекст на пост-катастрофални трансформации, бара методолошки пристап кој овозможува читање на урбаната форма како резултат на долготрајни процеси на акумулација, адаптација и селективна трансформација. Во рамките на европската типо-морфолошка традиција, градот не се третира како статичен артефакт, туку како динамична структура во која различни историски слоеви коегзистираат и се преклопуваат во рамки на ист просторен систем. Во таа смисла, поимот на морфолошка стратификација овозможува подлабоко разбирање на начинот на кој урбаната форма се реартикулира низ времето.

Морфолошката стратификација на избраните урбани сегменти се истражува преку аналитички метод на преклопување на историските урбани планови и современата просторна состојба, со цел да се идентификуваат слоевите, релациите и трансформациите што ја дефинираат актуелната форма и содржина на избраните урбани сегменти. Ова ниво ја истражува морфолошката инерција како феномен каде одредени просторни граници опстојуваат и покрај целосната промена на физичката структура. Овој пристап овозможува читање на градот како резултат на акумулирани процеси на адиција и трансформација, во кои различни временски слоеви не се меѓусебно исклучени, туку коегзистираат и се преплетуваат во рамки на истата морфолошка матрица.

Истражувањето е структурирано преку три аналитички нивоа, кои заедно ја артикулираат морфолошката длабочина на избраните урбани сегменти во периодот од постземјотресната реконструкција до денес (1965–2025).

**Првото ниво** се однесува на генезата на морфологијата на избраниот сегмент, преку директно преклопување на историскиот план од 1965 година и современата граница. Преку оваа операција се чита односот помеѓу предземјотресната урбана структура и денешната просторна рамка, при што станува видливо кои делови од историската морфологија се апсорбирани, кои се трансформирани, а кои се целосно исчезнати. Сегментот не се анализира како апстрактна геометриска единица, туку како резултат на селективно задржување и пренамена на постојни урбани елементи. На овој начин, генезата не се чита само како историски факт, туку како активен слој што продолжува да ја информира современата форма.

**Второто ниво** се однесува на преклопување на актуелната состојба на изградените маси со историската морфологија од 1965 година. Овој чекор овозможува идентификација на конкретни примери од предземјотресното изградено ткиво кои опстојуваат во рамки на современата ситуација, било како целосно зачувани структури, било како делумно инкорпорирани фрагменти. Анализата ја разоткрива нерамномерната дистрибуција на овие елементи и нивната релација со подоцнежните модернистички интервенции. Наместо да се третираат како случајни остатоци, овие објекти се читаат како морфолошки маркери кои сведочат за различни режими на

градење, парцелација и просторна логика што коегзистираат во рамки на истиот урбан сегмент.

**Третото ниво** ја анализира улогата на уличните модели како историски правци, преку преклопување на уличната мрежа од 1965 година со современото изградено ткиво. Преку оваа анализа се согледуваат континуитетите и дисконтинуитетите на историските правци: дел од нив продолжуваат да функционираат како активни пешачки или сообраќајни траси, додека други се прекинати, апсорбирани или трансформирани во внатрешни пасажи, платоа или секундарни простори. Улицата, во овој контекст, не се чита само како инфраструктурен елемент, туку како носител на историска просторна логика која влијае врз ориентацијата, пристапноста и внатрешната организација на избраниот сегмент (Panerai et al., 2004). Уличната мрежа не се анализира само како геометриска траса, туку како 'просторна скрипта' на градот. Со анализа на прекинатите правци, се откриваат местата на морфолошка траума – каде градот ја изгубил својата претходна поврзаност.

Дополнително, методот на морфолошка стратификација овозможува дијахрониско читање на избраниот сегмент како просторен палимпсест, во кој секој нов слој не ја поништува целосно претходната состојба, туку влегува во директен просторен однос и бара начин на делумно прилагодување или тотално „препишување“ на урбаното ткиво. Ваквото читање е особено релевантно за Скопје, каде постземјотресната реконструкција претставува силна, но не апсолутна интервенција, што оставила простор за опстојување на делови од претходната урбана логика.

Во целина, трите аналитички нивоа ја поставуваат морфолошката стратификација како инструмент за читање на избраните сегменти како сложен и повеќеслојни структури, во која историските и современите слоеви не се јасно раздвоени, туку се меѓусебно условени. Преку методот на преклопување, избраниот урбани сегмент се открива како динамична морфолошка конструкција, во која континуитетот и прекинот, зачувувањето и трансформацијата, функционираат истовремено како конститутивни принципи на неговата просторна логика. Овој пристап не само што овозможува попрецизно аналитичко читање на конкретните сегменти, туку поставува и поширока методолошка рамка преку која постземјотресната реконструкција на Скопје може да се разбере како процес на долгорочна урбана еволуција, а не како единечен историски настан. Преку овие три нивоа, истражувањето преминува од дескриптивна историја во оперативна морфологија. Крајната цел на ваквата стратификација не е само да ги евидентира промените, туку да ја дефинира 'морфолошката еволутивност' на Скопје. Ова овозможува разбирање на урбаниот простор како систем кој е способен да апсорбира нови функции (рекурзивност), додека ги задржува трагите од својата претходна логика, формирајќи специфичен локален идентитет кој го нарекуваме 'слоевит град'.

Методолошкиот процес на преклопување, прикажан преку деветте фази на дијаграмот, овозможува прецизна дисекција на урбаното ткиво и дефинирање на неговата

морфолошка генеза. Секоја фаза од графичката анализа открива различен аспект на просторната меморија и урбаната трансформација.

**1. Анализа на Генезата: Морфолошка инерција и историски отисок (I, II, III)**
Првиот ред на дијаграми го истражува „урбаниот отпечаток“ на минатото во рамките на денешната просторна рамка. Ова ниво на анализа ја потврдува тезата дека современиот избран урбан сегмент не е апстрактна геометриска единица, туку селективен исечок од покомплексен историски систем.

**Дијаграм I и II (Современа геометрија vs. Историски блокови):** Преклопувањето на современата граница (2025) со историската матрица од 1964 година јасно го илустрира конфликтот помеѓу органскиот раст и планираната интервенција. Современата граница делува како „цврста рамка“ која радикално пресекува поранешни блокови и парцели, создавајќи нови просторни хиерархии.

**Дијаграм III (Отсечен сегмент со историски правци):** Изолирањето на историските правци покажува дека, иако многу улички престанале да постојат како примарни сообраќајници, нивната логика на насоченост останува впишана во ткивото. Овие правци сѐ уште ја диктираат внатрешната организација на сегментот, функционирајќи како „невидлива мрежа“ која ги одредува денешните пешачки движења и пристапи.

**2. Анализа на изграденото ткиво: Конфликт на размери и соодност на маси (IV, V, VI)**
Вториот аналитички ред се фокусира на тоа како новите архитектонски волумени се позиционирани во однос на историски наследената матрица, откривајќи ги разликите во просторната логика на градење.

**Дијаграм IV и V (Современа морфологија vs. Историска ситуација):** Овде е визуелно нагласен конфликтот на размерот. Современите објекти, претставени како доминантни маси, често се значително поголеми и поинаку ориентирани во однос на ситнозрнестата историска структура. Ова укажува на преминот од традиционалниот затворен блок кон модернистичкиот концепт на објект во слободен простор.

**Дијаграм VI (Дисконтинуитет на правците):** Овој приказ е клучен за разбирање на морфолошкиот прекин. Станува јасно како современите структури физички ги прекинуваат историските улични траси. Наместо континуирани улици, се појавуваат хибридни простори – историските правци се трансформираат во внатрешни пасажи, полуприватни платоа или затворени дворови, со што се менува карактерот на јавноста во урбаниот простор.

**3. Анализа на перманенциите: Просторни палимпсести и урбани артефакти (VII, VIII, IX)**

Последниот слој на анализа е синтетички и ги открива оние структурни елементи кои Алдо Роси ги дефинира како „урбани артефакти“ – фиксни точки кои му даваат идентитет на градот преку времето.

**Дијаграм VII (Синтеза на современиот сегмент):** Овој дијаграм го прикажува финалниот резултат на стратификацијата, каде сите претходни влијанија се обединети во една кохерентна, но повеќеслојна слика на денешната урбана ситуација.

**Дијаграм VIII и IX (Избрано изградено ткиво < 1963):** Овие два приказа се најрелевантни за истражувањето бидејќи ја изолираат „физичката меморија“ на просторот. Изолирањето на објектите изградени пред 1963 година точно покажува колкав дел од предземјотресното ткиво сѐ уште е активно. Овие фрагменти не се третираат како случајни остатоци, туку како **активни носители на типолошка логика**. Тие дејствуваат како отпорни точки кои го одржуваат континуитетот на урбаната меморија во срцето на современото Скопје.




**I.** СОВРМЕНА ГЕОМЕТРИЈА НА УРБАН БЛОК 2025 | ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**II.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**III.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**IV.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**V.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**VI.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**VII.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА УРБАН БЛОК И НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025

**VIII.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 | ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**IX.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 | ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 2025



*Слика 57*
*Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 1*




**I.** СОВРМЕНА ГЕОМЕТРИЈА НА УРБАН БЛОК 2025 | ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**II.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**III.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**IV.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**V.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**VI.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**VII.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА УРБАН БЛОК И НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025

**VIII.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 | ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**IX.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 | ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 2025



*Слика 58*
*Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 2*




**I.** СОВРМЕНА ГЕОМЕТРИЈА НА УРБАН БЛОК 2025 | ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**II.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**III.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**IV.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**V.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**VI.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**VII.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА УРБАН БЛОК И НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025

**VIII.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 | ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**IX.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 | ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 2025



*Слика 59*
*Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 3*




**I.** СОВРМЕНА ГЕОМЕТРИЈА НА УРБАН БЛОК 2025 | ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**II.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**III.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**IV.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**V.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**VI.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 | ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**VII.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА УРБАН БЛОК И НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025

**VIII.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 | ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**IX.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 | ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 2025



*Слика 60*
*Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 4*




**I.** СОВРМЕНА ГЕОМЕТРИЈА НА УРБАН БЛОК 2025 **|** ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**II.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**III.** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**IV.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 **|** ИСТОРИСКА СИТУАЦИЈА НА УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**V.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 **|** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**VI.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025 **|** ОТСЕЧЕН СЕГМЕНТ СО ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 1964

**VII.** СОВРЕМЕНА МОРФОЛОГИЈА НА УРБАН БЛОК И НА ИЗГРАДЕНО ТКИВО 2025

**VIII.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 **|** ИСТОРИСКИ УРБАНИ БЛОКОВИ 1964

**IX.** ИЗБРАНО ИЗГРАДЕНО ТКИВО < 1963 **|** ИСТОРИСКИ ПРАВЦИ 2025



*Слика 61*

*Три нивоа на урбани слоеви како морфолошка стратификација (1965–2025) на избран сегмент 5*

Заклучно, истражувањето на избраните урбани сегменти во централното градско подрачје на Скопје недвосмислено укажува дека оваа просторна целина поседува изразена морфолошка отпорност, која произлегува од нејзината внатрешна слоевитост и историска комплексност. Оваа отпорност се манифестира како способност на одредени просторни и типолошки кодови да опстојат низ радикални историски прекини, вклучително и постземјотресната реконструкција, и да продолжат да ја структурираат современата урбана матрица. Клучниот квалитет на методот на морфолошка декомпозиција се открива преку идентификацијата и артикулацијата на латентните урбани кодови. Анализата покажува дека под доминантниот слој на модернистичката реконструкција продолжуваат да дејствуваат историски правци, морфолошки граници и типолошки фрагменти кои, иако не секогаш директно видливи, суштински ја условуваат логиката на денешниот простор. Овие елементи функционираат двојно: од една страна како просторна меморија на местото, каде поранешните улици и сокаци, и покрај нивното формално укинување, се реинтерпретирани како пешачки пасажи, платоа или интерни врски; од друга страна, како типолошки слоеви што преку својот размер, волумен и програмска распределба спречуваат целосна унификација и монотонизација на изграденото ткиво. Примената на методот на преклопување овозможува прецизна идентификација на морфолошки зони од интерес, односно точките каде историските и современите просторни логики влегуваат во судир. Токму овие зони се покажуваат како клучни за идни интервенции, бидејќи претставуваат потенцијални места за морфолошка рехабилитација. Таму каде што уличниот континуитет е прекинат или неартикулиран во однос на локалните урбани ситуации, се отвора можност за преобмислување што ќе ја земе во предвид еволутивната логика на урбаниот сегмент и ќе ја зајакне просторната врска и логика. Во оваа смисла, слоевитоста се воспоставува како централна методолошка рамка за читање и интервенција во урбаниот простор. Наместо да се третира како проблем на конфликтни хиерархии, слоевитоста треба да се разбере како негов највисок структурен и просторен квалитет. Идниот развој, оттука, треба да се темели на принципот на оперативна стратификација, при што секоја нова интервенција се надоврзува рекурзивно врз постојните слоеви, користејќи ги како носечки правила за организација и просторна кохерентност. Ваквиот пристап не го поништува палимпсестот, туку го активира како продуктивна рамка за континуирана типолошка еволуција. Со тоа, избраниот урбан сегмент во Скопје престанува да се набљудува како случаен збир на фрагменти и се афирмира како активна морфолошка структура, способна да апсорбира нови програмски и општествени барања без губење на својот идентитет. Отпорноста на просторните слоеви, разбрана како динамична и еволутивна категорија, се појавува како клучна за долгорочната адаптабилност на градското ткиво во услови на постојани урбани трансформации во 21-от век.

### 4.2.3 Декомпозиција на урбани сегменти преку внатрешно диференцирање на дистинктивни архитектонски модели

Како завршен метод на аналитичка декомпозиција се предлага внатрешно диференцирање на дистинктивни архитектонски модели во рамките на поединечните урбани сегменти во кои се артикулира структурата на Градскиот ѕид. Овој метод се темели на претпоставката дека урбаниот сегмент не претставува морфолошки хомогена целина, туку комплексна просторна конфигурација составена од повеќе автономни, но меѓусебно условени архитектонски логики.

Дистинктивните модели се идентификуваат како архитектонски целини со сопствена историска, типолошка и морфолошка генеза, кои во различни временски периоди биле внесени во структурата на избраните сегменти. Нивната автономија не се дефинира како изолираност или самодоволност, туку како релациска состојба — односно како способност на поединечниот модел да опстои со сопствена просторна логика, истовремено функционирајќи како интегрален дел од поширокиот урбан систем во современиот контекст на почетокот на XXI век.

Во овој аналитички пристап, централното градско подрачје на Скопје може да се интерпретира како „град во град", во кој урбаната форма не произлегува од линеарен и кумулативен процес на развој, туку од серија дисконтинуитети, преклопувања и повторни просторни артикулации. Овие процеси не резултираат со унифицирана морфолошка структура, туку со просторна композиција во која коегзистираат различни историски, типолошки и инфраструктурни логики.

Наместо да се стремат кон целосна синтеза, овие логики опстојуваат во паралелни релации, задржувајќи сопствени правила на организација, размер и просторен ритам. Токму ваквата состојба на коегзистенција ја прави неопходна аналитичката постапка на внатрешно диференцирање, преку која урбаната морфологија се расчленува на препознатливи архитектонски модели што можат да се анализираат како посебни морфолошки ентитети.

Внатрешната декомпозиција не служи за фрагментација на целината, туку за појасно читање на нејзината структура. Преку идентификација и систематизација на дистинктивните модели станува возможно да се артикулира начинот на кој различните архитектонски просторни логики коегзистираат, се судираат или се надоврзуваат една на друга во рамките на ист урбан простор. На тој начин, избраните урбани сегменти се читаат не како затворени форми, туку како отворени морфолошки системи, подложни на континуирана трансформација.







*Слика 62*
*Декомпозиција на урбани сегменти преку внатрешно диференцирање на дистинктивни архитектонски модели*




*Slika 63*
*Декомпозиција на урбани сегменти преку внатрешно диференцирање на дистинктивни архитектонски модели*




*Слика 64*
*Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 1*

**Декомпозиција на дистинктивни модели – сегмент 1**

**ДМ1 – Прекинати улици во сегмент 1**

Урбаната ситуација во рамките на Сегмент 1 инкорпорира фрагменти од историските градски правци кои во предземјотресниот период функционирале како континуирани оски на движење помеѓу централното градско јадро и западната урбана екстензија. Најизразени се трасите на улиците „Орце Николов“ и „Чедомир Миндеровиќ“, чии морфолошки континуитети се радикално прекинати со воведувањето на композицијата на Градскиот ѕид по 1965 година. Во случајот на улицата „Орце Николов“, историскиот уличен профил е задржан во редуцирана форма: трасата продолжува да функционира како просторен коридор, со централна зона на високо зеленило. Периметарот на улицата е дефиниран преку морфолошки хетерогено изградено ткиво, составено од објекти од различни периоди и типологии, што укажува на континуиран процес на трансформација и адаптација. Наспроти тоа, улицата „Чедомир Миндеровиќ“ го губи својот карактер на транзитен правец и се трансформира во слеп сегмент во рамките на урбаниот исечок. Задржувањето на две предземјотресни едносемејни куќи во овој дел претставува јасен показател за присуство на морфолошки структури кои опстојуваат како материјални траги на поранешната урбана матрица. Овие прекинати улици функционираат како дистинктивен морфолошки модел во рамките на сегментот, преку кој станува видлива тензијата помеѓу историската логика на континуирано движење и модернистичката логика на просторна сегментација. Тие не се читаат како нефункционални остатоци, туку како активни просторни реликти кои ја условуваат денешната организација на отворениот простор и ја артикулираат слоевитоста на урбаниот просотр во временска перспектива (1965–2025).



*Слика 65*
*Дистинктивен модел 1 – прекинати улици (ул. Орце Николов и ул. Чедомир Миндеровиќ)*

**ДМ2 – Композиција на градски ѕид во сегмент 1**

Вториот дистинктивен модел се однесува на композицијата на Градскиот ѕид, која во рамките на Сегмент 1 е реализирана во својата најконзистентна и најизворна форма. Структурата се состои од линеарен станбен блок со периферни анекси, дополнет со периферно поставени станбени кули и сегменти од секундарен линеарен блок, со што се формира јасно артикулиран мегаструктурален ансамбл. Во централниот дел е оформено подигнато плато со зеленило, кое функционира како колективен јавен простор за социјализација, рекреација и секојдневна употреба. Под платото е организиран подземен паркинг простор, пристапен преку рампи од улицата „Орце Николов“, со што се задржува модернистичкиот принцип на раздвојување на пешачкиот и моторниот сообраќај. Платото, познато како „Плочник“, има значајна улога не само за жителите на ансамблот, туку и за поширокото централно градско подрачје, функционирајќи како сезонски активиран јавен простор и сцена за различни урбани настани. Во таа смисла, Градскиот ѕид не се појавува исклучиво како станбена структура, туку како интегриран социо-просторен систем.



*Слика 66*
*Дистинктивен модел 2 – композиција на Градскиот ѕид во сегмент 1*

**ДМ3 – Плато со храм (соборен храм Св. Наум Охридски)**

Третиот дистинктивен модел се однесува на платото со храм, чија просторна позиција и симболичка улога се предвидени уште во првото идејно решение на јапонскиот тим предводен од архитект Кензо Танге. Локацијата е дефинирана како клучен агол помеѓу две главни сообраќајни артерии кои го поврзуваат централното градско јадро со западната урбана оска, што ѝ доделува изразена репрезентативна и градска функција.Реализацијата на овој простор следи во почетокот на 1970-тите години со изградбата на Соборниот храм „Св. Климент Охридски“, проектиран од Славко Брезовски. Храмот се појавува како автономен архитектонски објект во отворено плато, воспоставувајќи јасен просторен контраст во однос на околната станбена структура. Во рамките на урбаниот сегмент, овој модел ја артикулира границата помеѓу колективната урбана структура и јавниот репрезентативен слој на централното градско подрачје.



*Слика 67*
*Дистинктивен модел 3 – плато со храм (Соборен храм Св. Наум Охридски)*




*Слика 68*
*Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 2*

**Декомпозиција на дистинктивни модели – сегмент 2**

**ДМ4 – Прекината улица во сегмент 2**

Во вториот урбан исечок (Сегмент 2), процесот на постземјотресна реконструкција повторно се манифестира преку принципот на укрупнување на помалите предземјотресни урбани целини. Особено значајна е ситуацијата на јужната граница, каде историски се сретнувале повеќе правци во концентричната основа некогашниот плоштад „Слобода“. Како материјална трага од оваа предземјотресна конфигурација, во современата просторна структура опстојуваат пешачки патеки кои, иако делумно трансформирани, ја следат логиката на некогашните улични траси. Анализираниот сегмент е дефиниран преку присуство на четири објекти од историското ткиво, кои функционираат како диференцијални примери на домување во градски контекст. По должината на историската оска северозапад–југоисток, која водела кон плоштадот „Слобода“, се издвојува едносемејна куќа која во современиот контекст се наоѓа во внатрешноста на сегментот, опкружена со периметрален потег што ја прекинува некогашната оска на улицата. По северниот раб на истиот правец се задржува пешачка патека која обезбедува врска кон Градскиот ѕид. Западната граница на овој простор е дефинирана со повеќесемејна станбена зграда долж булеварот „Св. Климент Охридски“, додека на јужната страна се јавува аголна станбена кула ориентирана кон поранешниот плоштад, со комерцијални содржини во приземјето. Овој модел ја отсликува трансформацијата на некогашниот јавен јазол во фрагментирана просторна структура, во која историските правци не исчезнуваат целосно, туку се редефинираат како секундарни пешачки траги во рамките на новата урбана логика.



*Слика 69*
*Дистинктивен модел 4 – прекината улици во сегмент 2*

**ДМ5 – Прекината улица во сегмент 2, ул. максим горки**

Случајот на прекинатата улица „Максим Горки“ претставува еден од најјасните примери на модернистичката доктрина на структурална суперпозиција во однос на затекнатото урбано ткиво. Во западниот сегмент на улицата се задржува фрагмент од предземјотресната траса, обрабен со примери на едносемејни урбани вили со двор, кои сведочат за поранешната типологија на домување во овој дел од градот. Овој уличен отсечок е физички прекинат на запад со булеварот „Св. Климент Охридски“, а на источната страна со композицијата на Градскиот ѕид, со што се формира јасен просторен дисконтинуитет. Сепак, улицата продолжува низ структурата на Градскиот ѕид во правец кон плоштадот „Македонија“, при што се трансформира од сообраќаен во пешачки правец. На тој начин, улицата „Максим Горки“ во овој дел функционира како дисперзна, но континуирана пешачка секвенца, која ја надминува формалната прекинатост на урбаната структура. Овој модел ја демонстрира способноста на историските правци да опстојуваат како активни просторни траги, дури и кога нивната оригинална инфраструктурна функција е укината, и претставува клучен пример за читање на градот како слоевита и рекурзивна просторна целина.



*Слика 70*
*Дистинктивен модел 5 – прекината улица во сегмент 2 (ул. Максим Горки)*

## ДМ6 - Композиција на Градскиот Ѕид во сегмент 2 и прекината улица „Максим Горки“

Композицијата на Градскиот ѕид во рамките на вториот урбан сегмент се одликува со серија специфични трансформации кои произлегуваат од директниот судир со затекнатото предземјотресно урбано ткиво. За разлика од другите сегменти, во овој случај внатрешниот простор на композицијата, првично замислен како подигнато плато, не содржи подземен паркинг. Ова отстапување претставува единствен исклучок во системот на Градскиот ѕид и е директно условено од присуството на фрагмент од улицата „Максим Горки“, зачуван во специфична просторна конфигурација. Во овој сегмент, Градскиот ѕид ја пресекува историската улична траса, при што група од неколку предземјотресни едносемејни куќи останува инкорпорирана во внатрешноста на структуралната композиција, помеѓу линиските блокови и станбените кули. Овие објекти функционираат како морфолошки инсерти, кои ја нарушуваат чистотата на модернистичката шема, но истовремено ја засилуваат нејзината слоевитост и просторна комплексност. Кон јужната граница на оваа група, ориентирана кон поранешниот плоштад „Слобода“, се позиционира Домот на градежници (1956), чија полукружна форма директно ја следи геометријата на некогашниот плоштад. Во овој дел, композицијата од две станбени кули од Градскиот ѕид локално се прилагодува на контекстот и се поместуваат кон запад. Овој објект, Дом на градежници, дејствува како медијатор помеѓу историската морфологија и постземјотресната структура, заокружувајќи ја логиката на структурна суперпозиција карактеристична за вториот избран сегмент.



*Слика 71*
*Дистинктивен модел 6 – композиција на Градскиот ѕид во сегмент 2 и прекината улица (ул. Максим Горки)*




*Слика 72*
*Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 3*

**Декомпозиција на дистинктивни модели – сегмент 3**

## ДМ7 – ХЕТЕРОГЕНА РАБНА МОРФОЛОГИЈА НА ГОЛЕМИОТ РИНГ

Третиот урбан исечок го илустрира морфолошкото прекршување на Големиот урбан ринг кон источниот сектор на централното подрачје, како и формирањето на рабни зони на историско урбано ткиво долж главните сообраќајници. Изградената структура е директно условена од логиката на рингот, при што уличните фронтови функционираат како примарни носители на урбаната форма. Морфологијата се артикулира преку низа на периферно поставени објекти со различна типологија, програма и историски период: линиски станбен блок долж улицата „Димитрие Чуповски“, станбена кула на аголот со булеварот „Св. Климент Охридски“, јавен објект – театар, станбена кула на аголот меѓу булеварите „Св. Климент Охридски“ и „Св. Кирил и Методиј“, како и линиски станбен блок поставен во зеленило, нормално на булеварот „Св. Кирил и Методиј“, подоцна дограден со административно-комерцијални содржини. Овој модел ја артикулира релациската структура на рингот како организациска рамка во која се интегрираат различни урбани типови — линиски станбени блокови и аголни кули, јавни објекти како и дооформувањето на периметарот долж сообраќајниците со комерцијални појаси — формирајќи кохерентна, но морфолошки хетерогена фронтална секвенца.




*Слика 73*
*Дистинктивен модел 7 – хетерогена рабна морфологија на големиот ринг*

**ДМ 8 – Образовен програм како инсерт во хетерогеното урбано ткиво (Гимназија Јосип Броз - Тито)**

Преку овој пример се согледува тактиката на интеграција на повеќе помали историски урбани острови во единствена просторна целина преку реализацијата на објект со образовна намена, Гимназијата „Јосип Броз – Тито“. Објектот е проектиран од архитектите В. Ладинска, Ж. Гелевски и С. Гуриќ во 1966 година, а пуштен во употреба во 1972 година. Со оваа интервенција, претходно фрагментираното урбано ткиво се реартикулира во кохерентен институционален комплекс со јасно дефиниран просторен и програмски идентитет. Во рамките на дворот на гимназијата се задржува повеќесемејна станбена зграда од 1950-тите години, проектирана од архитектот Лудјек Кубеш, лоцирана долж главната сообраќајница, улицата „Димитрие Чуповски“. Нејзиното присуство воведува слој на типолошка и хронолошка хетерогеност во рамките на образовниот комплекс, претставувајќи редок пример на коегзистенција помеѓу станбена и институционална програма во заедничка просторна рамка. Овој инсерт се позиционира помеѓу композицијата на Градскиот ѕид и периферната зона на големите сообраќајници, функционирајќи како исполнување на претходно недефинирана внатрешна зона. Во исто време, тој ја медијира релацијата помеѓу новата образовна структура и остатокот од историското урбано ткиво, вклучително и блиската урбана вила, воспоставувајќи сложен просторен однос помеѓу институционалната логика, станбената типологија и наследената морфологија.




*Слика 74*
*Дистинктивен модел 8 – инсерт од област на образование во хетерогеното урбано ткиво (гимназија Јосип Броз - Тито)*

**ДМ 9 – Композиција на Градскиот Ѕид во сегмент 3 како слоевите урбана структура**

Композицијата на Градскиот ѕид во третиот урбан сегмент ја следи закривената траекторија на Малиот ринг кон југоисток, преку наизменично распоредување на станбени кули и линиски блокови, со што се формираат две внатрешни просторни платоа. Во точката на нивната ротација е вметната ниска јавна структура, детска градинка, која функционира како просторен и морфолошки зглоб помеѓу двете целини. Долж југоисточната оска на булеварот „Св. Кирил и Методиј“ се развива периферна композиција од три станбени кули и еден линиски блок. Во аголната зона се јавува локална аномалија, каде една од предвидените кули не е реализирана поради непосредната близина на постојното историско ткиво, конкретно линеарен станбен блок сместен во внатрешноста на платото, во релација со основното училиште „Гоце Делчев“. Источната граница ја дефинира високофреквентната улица „Македонија“, долж која опстојуваат објекти во директен физички контакт со анексите на Градскиот ѕид, вклучително и хотелот „Бристол“. Овие морфолошки отстапувања укажуваат дека Градскиот ѕид функционира како адаптивна структура што реагира на затекнатото урбано ткиво, инкорпорирајќи го во слоевита просторна конфигурација.




*Слика 75*
*Дистинктивен модел 9 – композиција на Градскиот ѕид во сегмент 3 како слоевите урбана структура*




*Слика 76*
*Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 4*

## 4. Декомпозиција на дистинктивни модели – сегмент 4

### ДМ10 - Композиција на Градскиот ѕид во сегмент 4

Композицијата на Градскиот ѕид во четвртиот урбан сегмент ја следи траекторијата на урбаниот ринг и се прилагодува на неговото закривување кон североисток, задржувајќи ја основната логика на наизменично поставување на линиски станбени блокови и кули. Внатрешните платоа се реализирани согласно изворната концепција, вклучително и подземниот паркинг, што ја потврдува доследната примена на модернистичкиот принцип на раздвојување на сообраќајните режими. Во рамките на оваа композиција се појавува една локална морфолошка аномалија, изразена преку изоставување на станбен анекс кај линискиот блок, условена од непосредната близина на објект од предземјотресното ткиво — повеќесемејна станбена структура поставена долж историска траса која повеќе не опстојува во современата урбана матрица. Периметарот долж улицата „Македонија“ е дополнително доформен со интервенции кои воспоставуваат директен просторен судир со анексите и кулите на Градскиот ѕид. Во целина, композицијата ја задржува својата концептуална кохерентност, при што локалните отстапувања јасно укажуваат на адаптивниот карактер на структурата во однос на затекнатото историско ткиво.



*Слика 77*
*Дистинктивен модел 10 – композиција на Градскиот ѕид во сегмент 4*

**ДМ 11 – Зелен пазар**

Еден од клучните предизвици на постземјотресната обнова на централното градско подрачје на Скопје била трансформацијата и регулацијата на неформалните облици на изграден простор. Карактеристичен пример за ваква просторна состојба претставува градскиот пазар, кој се развива во празнина помеѓу композицијата на Градскиот ѕид и модернистичките линиски станбени блокови поставени во зеленило на југоисточниот дел. Историското изградено ткиво на пазарот следи концентрична морфолошка логика, формирана од приземни линиски објекти со дисперзирана организација и неформални конструкции за покривање и оградување. Во периодите на интензивна пазарна активност, оваа структура се проширува надвор од својата основна матрица, продирајќи во непосредната околина и воспоставувајќи привремени просторни релации со тремовите на станбените кули и со внатрешното плато на Градскиот ѕид. На тој начин, пазарот функционира како динамичен и променлив просторен систем, кој ги надминува јасно дефинираните граници на формалната урбана композиција. Концентричната основа на пазарот е прекината на јужната страна со поставување на линиски станбен блок од предземјотресниот период, што дополнително ја усложнува неговата морфолошка конфигурација и укажува на состојба на преклопување на различни историски слоеви. Оваа ситуација го позиционира пазарот како дистинктивен морфолошки фрагмент, во кој неформалните просторни практики коегзистираат со модернистичките принципи на уредување. Во поширок контекст, градскиот пазар не може да се чита како привремен или маргинален елемент, туку како активен урбан слој што посредува помеѓу формалната структура на Градскиот ѕид и секојдневните економски и социјални практики на градот. Неговата отпорност и адаптабилност укажуваат на способноста на неформалните морфолошки модели да опстојуваат и да се интегрираат во современата урбана матрица, придонесувајќи кон сложената и слоевита просторна организација на централното подрачје.



*Слика 78*
*Дистинктивен модел 11 – Зелен пазар*

**ДМ 12 – Оформување на работ на големиот ринг преку слободностоечки елементи во зеленило**

Предложениот исечок е составен од разнородни урбани структури кои ја инкорпорираат модернистичката идеја на слободно поставени линиски станбени блокови во зеленило. Просторната организација на исечокот е доминантно условена од формирањето на изграден фронт долж главните сообраќајници што го дефинираат Големиот урбан ринг, односно булеварот „Св. Кирил и Методиј“ на југозапад, булеварот „Кочо Рацин“ на југоисток, како и улицата „11 Октомври“, која продира кон внатрешноста на сегментот и воспоставува директна релација со плоштадот „Македонија“. Долж југозападната оска се појавува специфичен пример на станбена кула, поставена нормално на правецот на булеварот, со приземен анекс во кој е сместена комерцијална програма. Овој објект функционира како вертикален акцент во фронталната секвенца на рингот и посредува помеѓу станбената и јавната димензија на просторот. Изграденоста на периметарот долж уличните фронтови не се реализира преку континуирана периметарска регулација, туку преку слободно поставени линиски станбени блокови во зеленило, кои го артикулираат рингот без да формираат затворен урбан фронт.





*Слика 79*
*Дистинктивен модел 12 – оформување на работ на големиот ринг преку слободностоечки архитектонски елементи во зеленило*




*Слика 80*
*Декомпозиција дистинктивни архитектонски модели – сегмент 4*

## 5. Декомпозиција на дистинктивни модели – сегмент 5

### ДМ13 – Урбан остров (Градска болница)

Петтиот урбан сегмент се карактеризира со изразена хетерогеност на изграденото ткиво, резултат на наслагување на архитектонски интервенции од различни историски периоди. Во рамките на оваа комплексна структура, како автономен и јасно препознатлив модел се издвојува објектот на Градската болница, проектиран од архитектот Драго Иблер. Објектот се одликува со компактна и јасно артикулирана кубусна форма, организирана околу два внатрешни атриуми кои овозможуваат осветлување, вентилација и функционална јасност на програмата. Кон главната сообраќајница, болницата е дефинирана со континуиран трем, кој посредува помеѓу јавниот урбан простор и внатрешната организација на објектот. Ова архитектонско решение претставува јасен пример на раниот модернизам, во кој рационалната организација на функцијата, јасната волуметрија и контролираниот однос кон улицата се користат како основни средства за интеграција на јавната институција во урбаното ткиво. Во контекст на поширокиот урбан состав, Градската болница функционира како независен урбан остров, како типолошки артефакт, но истовремено и како клучен просторен репер кој ја стабилизира и структурално ја организира околината.



*Слика 81*

*Дистинктивен модел 13 – историски урбан остров од модерната со типологија на атриумска јавна зграда (Градска болница)*

**ДМ14 – Зона на типолошка и просторна преклопеност**

Непосредно пред земјотресот, во 1962 година, е реализиран објектот на Сојузот на синдикати на Македонија, проектиран од архитектот Славко Брезовски. Објектот е конципиран како модернистичка композиција од хоризонтален волумен и вертикален акцент – кула, слободно поставени во зелен простор во непосредна близина на паркот „Жена“. Оваа поставеност ја следи логиката на автономен јавен објект интегриран во пејзаж, карактеристична за модернистичките принципи од периодот. Во современата урбана ситуација, овој сегмент претрпува дополнителна трансформација преку интервенција долж периметарот на улицата „Мирче Ацев“ на североисток, каде е реализиран утилитарен објект со програма на катна гаража. На југоисточната страна, објектот на Сојузот на синдикати, заедно со подоцнежните приземни доградби, воспоставува директен физички контакт со линеарниот станбен блок на Градскиот ѕид. се создава зона на типолошка и просторна преклопеност помеѓу композициите на класичниот модернизам (ССМ) и подоцнежната ревидирана мисла на доцниот модернизам на Градскиот ѕид.



*Слика 82*
*Дистинктивен модел 14 – зона на типолошка и просторна преклопеност*

**ДМ15 – Композиција на Градски ѕид во урбан сегмент 5**

Композицијата на Градскиот ѕид во петтиот урбан сегмент се разликува суштински од варијантите реализирани во останатит. Основната трансформација се однесува на поместувањето на целокупниот структурален потег кон јужниот, периферен раб на сегментот, условено од присуството на значајно предземјотресно изградено ткиво, пред сè објектите на Градската болница и Сојузот на синдикати на Македонија. Во оваа конфигурација, композицијата се редуцира на серија станбени кули ориентирани кон југоисточната оска на булеварот „Кочо Рацин“, при што вертикалните елементи ја преземаат улогата на примарни носители на просторната артикулација. Поставувањето на кулите продолжува и кон југозападната оска во внатрешноста на сегментот, каде што меѓу нив е вметната ниска јавна структура – детска градина – како елемент на нужен сервис на домувањето, но и како просторна медијација и програмска диференцијација. Карактеристична аномалија во оваа композиција претставува нереализирањето на анексот на линискиот станбен блок, што дополнително ја нагласува фрагментарноста и контекстуалната адаптација на решението. Сепак, концептот на внатрешно подигнато плато со подземен паркинг е реализиран во согласност со идејното решение, обезбедувајќи континуитет на основниот модернистички принцип на раздвојување на пешачкото и моторното движење.





*Слика 83*
*Дистинктивен модел 15 – композиција на Градски ѕид во урбан сегмент 5*

**ДМ16 – Линеарни станбени блокови на радијалната оска кон плоштад Македонија**

Последниот диференцијален модел се однесува на периметралната изградба реализирана во 1950-тите години долж фронтот на улицата „11 Октомври“, која функционира како една од клучните радијални врски кон плоштадот „Македонија“. Изграденото ткиво е составено од линеарни станбени блокови со јасно дефинирана секциска типологија и двострано ориентирани станбени единици, што овозможува рационална организација на домувањето и стабилна артикулација на уличниот фронт. Овој модел ја репрезентира транзициската фаза помеѓу традиционалната периметарска изградба и подоцнежните модернистички концепти на слободно поставени објекти, при што улицата се чита како примарен просторен организатор, а станбените структури како носители на континуиран урбан раб.




*Слика 84*
*Дистинктивен модел 16 –линеарни станбени блокови на радијалната оска кон плоштад Македонија*

Истражувањето на избраните сегменти преку декомпозиција на дистинктивни архитектонски модели покажува дека современата урбана форма на Скопје се конституира како резултат на сложена интеракција помеѓу историската слоевитост и проектантските концепти. Во таа смисла, анализата ја потврдува релевантноста на идеите на аналогниот град од 1970-тите години, кои овозможуваат читање на градот како збир на урбани артефакти вградени во плурален и динамичен контекст.

Историските слоеви не се третираат ниту како надминати остатоци, ниту како целосно апсорбирани компоненти на современата интервенција. Тие функционираат како активни просторни траги кои континуирано ја информираат и условуваат актуелната урбана форма. Наместо стабилна и хомогена морфолошка основа, градот се темели врз фрагментарна структура во која различни историски и типолошки теми се насобрани, преклопени и реартикулирани.

Оттука, Скопје не може да се чита преку една доминантна линија на урбан континуитет, туку преку мрежа на диференцијални процеси што се активираат во различни временски и просторни рамки. Во секој историски пресек, градот се конституира како резултат на повеќекратни и истовремени текови, кои не се меѓусебно исклучиви, туку коегзистентни. На тој начин, урбаната реалност не се формира како затворен и хомоген систем, туку како отворена просторна структура составена од хетерогени, но меѓусебно поврзани компоненти. Градот се појавува како инклузивен морфолошки конструкт, во кој различните историски, програмски и просторни состојби заеднички ја обликуваат неговата комплексна и променлива урбана слика.

Предложената методолошка рамка може да се чита како основа за понатамошни истражувања и проектни практики кои ја разбираат урбаната форма како процес на континуирана типолошка еволуција, како поле за идни проектантски пристапи што ја третираат слоевитоста како конструктивен принцип на современиот урбана форма на домувањето во градот.

## 4.3 Социолошка рамка: архитектурата како просторен социјален систем

Социолошкиот пресек во ова истражување е воведен како неопходна аналитичка рамка за продлабочување на архитектонско-урбаната анализа на домувањето, со цел да се надмине ограничувањето на формалното и морфолошкото читање на изграденото ткиво. Додека претходните поглавја ја артикулираат просторната структура, типолошките логики и морфолошките трансформации на избраните урбани сегменти, социолошкиот пресек го насочува вниманието кон начинот на кој овие структури се живеат, доживуваат и социјално се репродуцираат во секојдневието. Во таа смисла, анализата на домувањето не се задржува на нивото на архитектонскиот артефакт, туку се проширува кон испитување на релацијата помеѓу просторната форма и социјалната практика.

Воведувањето на социолошка перспектива произлегува од теоретската претпоставка дека архитектурата и урбаната форма не функционираат како автономни или неутрални структури, туку како активни медијатори на општествените односи. Просторот на домувањето е истовремено физичка, социјална и симболичка рамка, во која се вкрстуваат индивидуалните животни стратегии, колективните практики и пошироките процеси на урбана трансформација. Оттука, прашањата за припадност, соседство, секојдневна интеракција и перцепција на квалитетот на живеење не се третираат како надворешни или секундарни во однос на архитектонската анализа, туку како составен дел од разбирањето на урбаниот простор како социо-просторен феномен. Социолошкиот пресек е поставен како аналитичка оска што ја поврзува морфолошката структура со нејзините ефекти во реалниот живот, овозможувајќи критичко испитување на тезата за коегзистенција на различни архитектонски модели и начини на живеење во централното градско подрачје. Наместо да се стреми кон нормативна евалуација или типолошка класификација на социјалните групи, ова поглавје го користи емпириското истражување како средство за идентификација на обрасците на социјална разновидност, селективна интеракција и просторна припадност што се појавуваат во рамките на различни урбани режими на домување. На тој начин, социолошкиот пресек го поставува домувањето како динамичен социо-просторен режим, во кој архитектурата ја организира просторната и социјалната логика на секојдневните практики.

Современото истражување на урбаното домување се почесто укажува дека архитектонската форма не може да се анализира изолирано од социјалните односи што таа ги произведува, посредува или трансформира. Градот не е само збир на изградено ткиво, туку комплексен социјално-просторен систем во кој секојдневниот живот, колективните практики и индивидуалните искуства се вкрстуваат со материјалните структури. Во таа смисла, архитектурата не функционира како неутрален набљудувач во општествените процеси, туку како активен медиум преку кој тие процеси се артикулираат. Овој социолошки пресек има за цел да ја прошири морфолошката анализа на урбаните станбени структури со критичко разгледување на нивните социјални ефекти и значења. Наместо архитектонската форма да се чита исклучиво преку типологија или композиција, таа се разгледува како рамка за коегзистенција на различни начини на живеење, различни степени на припадност и различни модели на заедничко и индивидуално секојдневие. На тој начин, фокусот на анализата се поместува од описот на изградената форма кон испитување на нејзините употреби, перцепции и социјални ефекти во секојдневието.

Посебна важност во овој контекст има поимот коегзистенција. Современиот град ретко функционира како хомогена целина; напротив, тој е составен од преклопени историски слоеви, различни архитектонски логики и хетерогени социјални групи кои опстојуваат истовремено, често без целосна интеграција. Во рамките на ист станбен комплекс или урбан блок можат да се сретнат стабилни заедници со долготрајни социјални врски, привремени и транзиторни жители, како и форми на социјална изолација. Овие состојби не се исклучоци, туку структурни карактеристики на современото урбано живеење. Оттука, социолошката анализа станува неопходен коректив и дополнување на архитектонското истражување. Таа овозможува да се испитаат аспектите на просторот кои не се директно видливи во планови или параметарските дијаграми: перцепцијата на безбедност, чувството на припадност, степенот на социјална интеракција, симболичкото значење и заедничките простори се дел од субјективната благосостојба на жителите. Овие димензии се клучни за разбирање на тоа како архитектонските модели функционираат во реалниот живот, особено во услови на долготрајна употреба и историска трансформација.

Поглавјето е структурирано околу три меѓусебно поврзани тематски целини. Прво, архитектурата се разгледува како социјален медиум и историски конструкт, кој ја материјализира динамиката на општествените односи. Потоа, вниманието се насочува кон поимите за заедница, територијалност и живеано искуство, со акцент на улогата на секојдневните просторни практики. Конечно, се разработуваат социолошките методи и алатки, особено анкетите и концептот на социјална вредност, како клучен инструмент за емпириско испитување на коегзистенцијата во архитектонскиот контекст. На овој начин, социолошкиот пресек не се поставува како паралелна или секундарна анализа, туку како интегрален дел од истражувањето на изграденото ткиво. Тој создава теоретска и методолошка основа врз која коегзистенцијата на архитектонските модели може да се разбере не само како просторен феномен, туку како комплексна и динамична социјална состојба на современиот град.

### 4.3.1 Архитектонската форма како општествен конструкт

Архитектонските форми не можат да се третираат како автономни, самодоволни објекти, туку како материјални кондензации на општествени процеси, односи и вредносни системи. Овој став има силна теоретска основа во класичната и критичката урбана социологија, каде градот се разбира не како неутрална физичка рамка, туку како просторна артикулација на социјалните односи (Wirth, 1938). Во таа перспектива, архитектурата не е пасивен одраз на општеството, туку медиум преку кој општествените структури стануваат видливи, трајни и секојдневно доживувани. Клучен теоретски исчекор во ова разбирање претставува концептот на просторот како социјален производ, развиен од Henri Lefebvre. Според Lefebvre (1974), просторот не е природна или техничка даденост, туку резултат на историски специфични односи на моќ, економија и култура. Архитектонската форма, во таа смисла, е дел од „произведениот простор" кој истовремено ги рефлектира и ги репродуцира општествените односи. Таа ја стабилизира одредена просторна логика — на домување, движење, приватност и колективност — и ја претвора во секојдневна практика. Во различни историски периоди, оваа релација помеѓу архитектурата и општеството се манифестира на различни начини. Во прединдустриските градови, архитектонската форма често ја отсликува релативната стабилност на социјалната структура, со јасни граници помеѓу јавниот и приватниот простор и силна симболичка репрезентација на

институционалната моќ. Во индустрискиот и модернистичкиот период, архитектурата добива изразено нормативна улога: преку стандардизација, зонирање и масовно домување, таа станува инструмент на социјална регулација и колективна организација на секојдневието (Choay, 2006; Monclus & Diez Medina, 2018). Современата урбана состојба, меѓутоа, ја доведува во прашање оваа релативно јасна врска помеѓу општествената визија и архитектонската форма. Архитектонските структури се помалку произлегуваат од кохерентен општествен проект, а се повеќе се резултат на преклопени и често контрадикторни логики: пазарни интереси, институционални регулативи, културни наративи и индивидуални стратегии на живеење (Harvey, 2012). Како последица, современото урбано ткиво станува слоевито и хетерогено, при што различни историски моменти, типолошки модели и начини на користење на просторот опстојуваат истовремено. Во овој контекст, архитектонската форма не може да се чита како стабилен „историски запис“ со еднозначно значење. Наместо тоа, таа функционира како отворена структура, чија вредност и социјална улога се постојано реинтерпретирани преку живеаното искуство. Како што укажува Bourdieu (1977), просторните структури стануваат дел од секојдневните практики преку хабитусот — телесно и социјално вградени шеми на перцепција и дејствување. На тој начин, истата архитектонска форма може да биде доживувана како безбедна или заканувачка, како простор на припадност или на отуѓување, во зависност од социјалната позиција, животната фаза и културниот капитал на корисниците. Современите архитектонско-социолошки теории дополнително го нагласуваат активниот карактер на архитектурата. Delitz (2018) ја опишува архитектурата како „модус на колективно постоење“, преку кој општеството се организира и се доживува себеси. Dovey (2016), пак, ја дефинира архитектурата како просторна манифестација на моќ и контрола, но и како поле на можни отпори и присвојувања. Во таа смисла, архитектонската форма не само што ја носи историјата, туку активно учествува во тековни општествени преговарања за значењето на домот, заедницата и јавниот простор.

Оттука, анализата на архитектурата мора да ја надмине идејата за форма како статичен објект или чисто типолошка категорија. Таа треба да се разбере како дијахрониска и релациска структура, во која се преклопуваат различни режими на користење, различни системи на вредности и различни социјални реалности. Архитектонската форма станува документ не само на минатото, туку и на сегашните социјални тензии, адаптации и коегзистенции. Во рамките на социолошкиот пресек, ваквото разбирање ја поставува архитектурата како клучен аналитички медиум: не како неутрален набљудувач на животот, туку како активен учесник во обликувањето на секојдневието. Од оваа аналитичка позиција, коегзистенцијата може да се согледа како трајна и структурна карактеристика на современиот град, наместо како отстапување што бара формална или програмска хомогенизација.

### 4.3.2 Архитектурата како медијатор на секојдневните просторни практики

Во современата архитектонска и социолошка теорија се поизразено се напушта анализата на архитектурата како стабилен објект или фиксна типолошка категорија, во корист на разбирањето на просторот како процес што се активира и трансформира преку употреба. Архитектурата и градот, во оваа перспектива, се третираат како отворени просторни системи чија функција, значење и општествена улога се артикулираат низ времето. Овој пристап не ја негира формалната анализа, туку ја проширува со аналитички категории што овозможуваат да се разбере како изградената форма функционира надвор од својата првична проекциска логика и станува дел од секојдневниот живот.

Клучна теориска основа за вакво читање претставува концептот на *проживеан простор* (lived space), кој го дефинира просторот како социјално произведена релација, формирана преку повторливи практики, временски ритми и телесна ориентација (Lefebvre, 1991). Просторот тука се разбира како активен медиум што ја ко-организира секојдневната практика. Аналитичката вредност на овој поим лежи во неговата способност да ја поврзе архитектонската структура со начинот на кој таа се инкорпорира во навики, очекувања и просторни ориентации, станувајќи дел од општествено стабилизираните обрасци на живеење. Оваа перспектива се продлабочува преку концептот на *секојдневни просторни практики*, кој ја поместува аналитичката тежина од намерите на проектантите кон реалните начини на користење и присвојување на просторот. Просторот се активира преку повторливи, но никогаш идентични дејствија: движење, задржување, импровизација, селективна употреба или избегнување. Овие практики ретко ја менуваат формата, но суштински ја преобликуваат нејзината функционална и симболичка логика.

Паралелно со ова, анализата на перцептивната димензија на просторот овозможува искуството да се третира како аналитичка, а не психолошка категорија. Наместо индивидуални состојби, во фокусот се условите на видливост, ориентација, просторна читливост и телесно движење низ урбаните секвенци. Архитектонската форма не се доживува како апстрактна геометрија, туку како низа односи што се откриваат постепено, низ движење и употреба. Овој пристап овозможува да се испита зошто одредени просторни конфигурации создаваат ориентација, кохерентност и чувство на припадност, додека други произведуваат фрагментација, дистанца или социјална изолација.

Дополнителна аналитичка длабочина внесува концептот на инкорпорирани просторни шеми, преку кој просторот се разбира како нешто што се учи и интернализира преку повторување и социјална практика. Урбаната форма не влијае врз однесувањето преку експлицитни правила, туку преку постепено формирање на навики и очекувања. Одредени просторни логики стануваат „нормални“ токму затоа што нивната употреба се стабилизира во секојдневните ритми, што објаснува зошто некои архитектонски модели продолжуваат да функционираат и по значајни социјални, политички или економски промени, додека други ја губат својата релевантност без формална интервенција. Просторната читливост се однесува на степенот до кој урбаната или архитектонската структура може да биде интуитивно разбрана, ориентирана и интерпретирана преку движење и перцепција, без потреба од експлицитни објаснувачки системи. Таа не произлегува исклучиво од геометриска јасност, туку од кохерентен однос помеѓу просторните елементи, нивната хиерархија и нивната

перцептивна поврзаност во секвенца. Во класичната формулација на К. Линч, читливоста означува способноста на градот да се организира во препознатлив ментален образец, во кој елементите се поврзуваат во смислена целина (Lynch, 1960). Во овој контекст, просторната читливост не е визуелна транспарентност, туку структурна јасност во искуството на користење. Оттука, просторната читливост функционира како медијатор помеѓу формалната организација на просторот и секојдневните просторни практики, овозможувајќи стабилизација на навики, ориентација и чувство на припадност. Таа не гарантира социјална интеракција, но ја структурира можноста за нејзино појавување, што ја прави клучна аналитичка категорија во анализата на станбени и јавни урбани системи.

Во оваа теориска рамка, поимот „доживеано секојдневие" добива аналитичка вредност само доколку се концептуализира како однос меѓу просторната форма и повторливите начини на нејзино користење. Наместо да се третира како описна или наративна категорија, тој се преведува во теориски операбилни поими што го опфаќаат просторот како проживеан и практикуван феномен: простор што се активира преку секојдневни просторни практики (de Certeau, 1984, pp. 117–118), се перципира низ телесно движење и ориентација, и се стабилизира преку интернализирани навики и просторни очекувања. Ваквиот пристап овозможува систематска анализа на начинот на кој архитектонските структури не само што се користат, туку и се социјално репродуцираат во време, како дел од пошироки процеси на просторна организација и секојдневна практика. Оттука, просторното искуство не претставува алтернатива на формалната анализа, туку нејзино неопходно надополнување. Архитектурата и градот функционираат како сложени медијатори помеѓу форма, практика и време, при што нивната аналитичка вредност се открива во начинот на кој овие димензии се преплетуваат во секојдневните просторни режими на користење. Оваа перспектива е суштинска за социолошкиот пресек на изграденото ткиво, бидејќи овозможува да се анализира не само како просторот е проектиран, туку како тој реално функционира како рамка во која коегзистираат различни, понекогаш спротивставени, урбани начини на живот.

### 4.3.3 Коегзистенцијата како аналитичка категорија на домувањето во современиот град

Во услови на зголемена просторна и социјална фрагментација, коегзистенцијата се појавува како клучна аналитичка категорија за разбирање на современиот град. Таа не подразбира хармонија, консензус или интеграција во класична смисла, туку истовремена присутност на различни архитектонски модели, социјални групи и начини на живеење во ист физички и општествен контекст. Коегзистенцијата ја означува состојбата во која различни просторни и социјални логики опстојуваат паралелно, често без да се спојат во кохерентна целина, но и без целосно да се исклучат една со друга.

Во рамките на ист урбан блок, станбен комплекс или соседство можат да коегзистираат различни логики на домување, различни степени на стабилност и преодност, како и различни интерпретации и употреби на просторот (Delitz, 2018). Оваа паралелност ја доведува во прашање традиционалната претпоставка, присутна во модернистичката и функционалистичката парадигма, дека архитектонската форма нужно произведува предвидливи и кохерентни социјални исходи. Наместо јасна релација помеѓу

просторната структура и социјалната организација, современиот град се карактеризира со состојба на несинхронизираност, каде архитектурата обезбедува рамка, но не и единствено сценарио за социјалниот живот. Од оваа перспектива, архитектурата функционира не како детерминирачки механизам, туку како поле на можности и ограничувања, во кое се одвиваат паралелни и понекогаш спротивставени социјални реалности. Во ист станбен контекст можат да опстојуваат стабилни и кохезивни заедници, социјално фрагментирани домаќинства, транзиторни мрежи на привремени жители и целосно изолирани поединци. Овие појави не треба да се интерпретираат преку поедноставени нормативни категории, туку како резултат на комплексна интеракција помеѓу просторната структура, социјалната организација и индивидуалните практики на користење на просторот (Lawrence, 2006). Коегзистенцијата, во овој контекст, не треба да се сфаќа како преодна состојба што треба да се „надмине", напротив, таа претставува трајна карактеристика на современиот град, произлезена од историската слоевитост, социјалната диференцијација и динамиката на урбаниот живот. Како што укажуваат истражувањата во областа на урбаната социологија, токму оваа паралелна постојност на различни форми на живеење е она што го дефинира модерниот град како отворен, но и како конфликтен систем.

Како аналитичка рамка, коегзистенцијата овозможува анализата на домувањето да се помести од типолошки и нормативни категории кон испитување на социјалните ефекти на изграденото ткиво: степенот на интеграција или дистанца, појавата на селективна поврзаност, чувството на припадност или отуѓување, како и симболичките значења што различни корисници ги припишуваат на исти просторни структури. Токму преку оваа перспектива станува можно социолошкиот пресек на изграденото ткиво, во кој архитектурата се чита како активен медиум на сложени, преклопени и коегзистирачки урбани животи, наместо како неутрален или униформен просторен систем. Анализата на вакви случаи овозможува да се испита како архитектонските структури од различни периоди – со различни типологии, просторни логики и идеолошки претпоставки – функционираат во сегашноста и како се доживуваат од страна на нивните корисници. Наместо да се бара единствена просторна или социјална логика, ваквиот пристап овозможува да се согледа градот како поле на коегзистирачки урбани начини на живот, во кој архитектурата делува како рамка што ги собира, но не ги изедначува, различните начини на живеење. Во тој контекст, конкретниот истражувачки пример што следи не се третира како изолиран феномен, туку како репрезентативна ситуација преку која може да се анализираат пошироките механизми на коегзистенција, нивните просторни артикулации и социјални последици.

Во современиот град, „заедницата" се помалку може да се мисли како стабилна, територијално врзана и хомогена структура, а се повеќе како флуидна, преклопена и временски ограничена мрежа на односи, формирана преку интензитетот и квалитетот на секојдневните интеракции, а не само преку долготрајниот престој. Оваа промена ја релативизира претпоставката дека одредена станбена форма „произведува" заедница по автоматизам и ја пренасочува архитектонската анализа кон прашањата: какви типови колективност се создаваат, за кого, во кој временски хоризонт и под кои просторни услови. Клучен посредник во тој процес е територијалноста, разбрана не како фиксна поделба на приватно и јавно, туку како континуум на полујавни и полуприватни „меѓупростори" влезови, ходници, скали, дворови и заеднички зелени површинип каде секојдневно се преговара границата меѓу приватност и колективност (Gehl, 2011). Овие простори, кога се видливи, димензионирани и програмски

поддржани, поттикнуваат спонтани средби, чувство на безбедност и неформална социјална контрола; но кога се „ничии“, нефункционални или симболички компромитирани, продуцираат избегнување и социјална дистанца, што покажува дека архитектурата не ја диктира интеракцијата, туку ја условува нејзината веројатност и нејзината просторна локализација. Дополнително, домувањето не е само функционална организација, туку и симболички збир на значења: просторот се доживува преку ментални мапи, мемории и чувство на место, па исти архитектонски елементи можат паралелно да функционираат како јадра на социјалност или како извори на анксиозност, во зависност од индивидуалното искуство и социјалниот контекст (Relph, 1976). Оттука, архитектурата станува поле на коегзистирачки искуства, а не еднозначен систем, што објаснува зошто формално слични станбени модели можат да продуцираат различни социјални исходи, селективна интеракција или фрагментација—како што покажуваат и европските истражувања на масовното домување (Brade et al., 2009; Monclus & Diez Medina, 2018). Токму затоа, анализата на заедницата не може да се темели само на „објективни“ индикатори како густина и типологија, туку мора да го вклучи проживеаното искуство и субјективната перцепција на просторот, што логично ја оправдува потребата од социолошки методи (анкети, интервјуа, теренско набљудување) како продолжение на морфолошката анализа.

**Социолошка димензија на урбаните сегменти како аналитичка рамка**

Во рамките на ова истражување, урбаниот сегмент не се третира исклучиво како морфолошка или типолошка единица, туку како социо-просторна конфигурација во која архитектонската форма и секојдневниот живот се меѓусебно условени (Lefebvre, 1991, p. 26). Ако типо-морфолошката анализа ја разоткрива структурната логика на изграденото ткиво, социолошката перспектива овозможува да се испита како таа структура се активира во практиката, како се населува, како се користи и како се интерпретира од страна на жителите. Урбаниот сегмент, во таа смисла, претставува оперативна единица во која се преклопуваат физичката форма, институционалната рамка и социјалната структура.

Современите анализи на европските градови укажуваат дека социо-просторната диференцијација не се одвива само на ниво на цели квартови или периферии, туку и внатре во централните градски зони, преку суптилни процеси на стратификација, генерациска слоевитост и економска дивергенција (Van Kempen & Murie, 2009, p. 382). Во тој контекст, коегзистенцијата на различни архитектонски модели околу Градскиот ѕид не може да се разбере само како формална напластеност, туку и како паралелно постоење на различни социјални логики во рамките на ист простор (Arbaci, 2019, p. 34). Прашањето не е дали постои мешање, туку каков вид на социјална структура се стабилизира во рамките на конкретната морфолошка матрица.

Морфологијата на урбаниот простор, преку позиционирањето на архитектонски елементи на различни урбани нивоа, физички и просторно ја структурира динамиката на соседството. Таа не го одредува директно социјалниот живот, но воспоставува услови за неговата интензивност, видливост и просторна распределба (Sennett, 2018, p. 15). Различните типолошки режими создаваат различни обрасци на контакт: компактниот периметарски блок ја концентрира интеракцијата долж уличниот фронт, додека модернистичката матрица со слободно поставени објекти ја дисперзира во внатрешни полујавни простори. Оттука, соседството не е универзална категорија, туку

просторен ефект на одредена архитектонска логика. Урбаниот сегмент може да се разбере како микро-систем на социјална организација. Во него се преклопуваат различни генерации, различни режими на сопственост и различни економски позиции. Коегзистенцијата не значи нужно интеграција, туку истовремено постоење на повеќе социјални режими со различен степен на меѓусебна поврзаност (Custers, 2021, pp. 5–8). Оваа состојба е особено релевантна за централните делови на Скопје, каде историските слоеви и модернистичките интервенции создаваат сложена социо-просторна структура. Дополнително, улогата на институционалната инфраструктура, училишта, јавни објекти, комерцијални појаси, административни структури, влијае врз стабилноста и кохезијата на сегментот. Таму каде што постои концентрација на јавни функции, се зголемува интензитетот на секојдневните движења и се прошируваат можностите за социјална интеракција. Спротивно, сегментите со доминантно станбена функција и ограничена програмска разновидност можат да произведат поинтровертна и фрагментирана социјална структура. Во оваа теоретска рамка, социолошкиот пресек не се поставува како надворешна проверка на морфолошката анализа, туку како нејзино продлабочување. Просторот се разбира како историски и социјално произведен, што значи дека неговата форма и неговата употреба не можат да се разгледуваат одвоено. Архитектонската конфигурација го организира секојдневниот режим на живеење, а социјалната практика возвратно ја трансформира перцепцијата и значењето на просторот. Оваа двонасочна релација ја поставува основата за емпириската анализа што следи.

Анкетните податоци и теренските согледувања не се третираат како изолирана социолошка студија, туку како инструмент преку кој станува возможно да се тестира дали морфолошките разлики меѓу сегментите кореспондираат со различни обрасци на соседство, припадност и доживување на квалитетот на живеење. Социолошката анализа, во оваа смисла, ја стабилизира тезата дека урбаната коегзистенција има и просторна и социјална димензија, и дека токму во нивната интеракција се формира специфичниот карактер на централното градско домување.

Во таа насока, воспоставената социолошка рамка ја дефинира архитектурата не само како материјална и формална структура, туку како динамичен просторен медиум преку кој се артикулираат социјалните односи, практики и облици на коегзистенција. Овие концептуални поставки претставуваат основа за нивна понатамошна проверка и интерпретација во конкретен урбан контекст, преку емпириско истражување на социо-просторните релации на домувањето.

## 4.4 Емпириско истражување: социо-просторни аспекти на домувањето

Социолошкиот пресек на избраните примери е поставен како обид за артикулација на социјална структура на домувањето во градот, истовремено на ниво на дом/домаќинство и на ниво на колективна просторна рамка. Наместо да се третира како автономна дисциплинарна линија, социолошката анализа е конципирана како паралелна и комплементарна оска на морфолошката анализа: додека морфологијата ја опишува конфигурацијата на формите, социолошкиот пресек ги регистрира практиките, ориентациите и перцепциите преку кои формите стануваат секојдневен начин на живот. На тој начин, релацијата помеѓу урбаната форма и функцијата не се подразбира однапред, туку се тестира емпириски преку податоци што се однесуваат на: демографска структура, соседски односи, заеднички активности, позитивни/негативни аспекти на живеењето и субјективно ниво на припадност и прифатливост (Whyte, 1980).

Изборот на случаите е намерен и аналитички, а не репрезентативен во статистичка смисла. Градскиот ѕид е избран како главна рамка на истражувањето поради неговиот статус на централен постземјотресен станбен систем што институционално ја артикулира структуралистичката идеја за домување во градското јадро. Како непосредни допирни зони се избрани: (1) Ново Маало, како неформална/историски формирана станбена структура со индивидуални куќи која во современиот период се трансформира во порелативно хомогено, субстандардно и густо ткиво, и (2) станбените кули покрај реката Вардар, во рамки на ГТЦ (како ран пример на живеење во станбените вертикални структури од модерната, 1955,), што претставува јасно диференцирана типологија на повеќесемејно ~~колективно~~ домување во централна локација. Овие три контексти не се поставени како „три квартови“, туку како три урбани услови на коегзистенција: мегаструктурна рамка (Градски ѕид), трансформирана неформална матрица (Ново Маало) и вертикален модернистички прототип (ГТЦ кули). Со тоа, компарацијата не е само социјална, туку и типолошко-морфолошка, што дозволува да се тестира како различни просторни режими посредуваат различни облици на контакти, идентификација и секојдневно управување со заедничкото.

Емпириското истражување е спроведено преку 182 прашалници со жители на трите избрани контексти. Прашалникот е структуриран во три сегменти:
(1) демографија, типологија и хронологија на домаќинствата, работен статус и примања;
(2) соседски односи, места на интеракција и доминантни заеднички активности;
(3) перцепции на позитивни/негативни страни на живеењето и субјективно ниво на социјална припадност/прифатливост.
Начинот на живот е третиран како аналитичка категорија преку комбинирање на квантитативни фреквенции со интерпретација на просторни практики и перцептивни оценки, со што истражувањето може да се чита како една слоевита материјална структура која ги прави видливи ориентациите, навиките и режимите на секојдневните навики и користење на просторот.

Методолошки, важно е да се нагласи дека анкетните податоци регистрираат перцепции и само-пријавени практики, па затоа резултатите се читаат како индикатори на искуство од живеењето, а не како директна мерка на „објективен“ урбан квалитет. Ова носи две импликации: прво, можни се пристрасности поврзани со селекција на

испитаници и социјално посакувани одговори; второ, интерпретацијата е најсилна кога се чита во паралела со морфолошките карактеристики и теренската опсервација, а не изолирано. Анкетното истражување, во оваа рамка, служи како средство за аналитичко поврзување на просторните режими со различни модели на социјална интеракција и припадност, овозможувајќи формулирање на хипотези за начинот на кој архитектурата медијира секојдневни социјални практики.




*Слика 85*
*Социјалната структура на домувањето во три урбани контексти*

### 4.4.1 Социјална структура на домувањето во три урбани контексти

*(табела: тип на домаќинство, потекло, работен статус, примања)*

Анкетните резултати од Градскиот ѕид, Ново Маало и станбените кули во ГТЦ покажуваат дека централното градско подрачје не функционира како социјално единство, туку како слоевит систем на социјални профили, во кој типологијата на домување, историјата на населување и позицијата во градската матрица создаваат различни демографски и економски композиции. Наместо да се читаат како хомогени целини, трите контексти се појавуваат како социјални „монтажи“ во кои се преклопуваат стабилност и преодност, автохтоност и миграција, економска сигурност и ранливост (Blokland, 2017).

**Тип на домаќинство:**

Во сите три анализирани урбани контексти доминира нуклеарното семејство, што укажува на континуитет и релативна стабилност на класичниот модел на домување во рамките на централната градска зона. Оваа доминација, сепак, не подразбира униформност, туку се манифестира преку различни просторни и социјални конфигурации, условени од типологијата на домување и историската логика на населување. Највисок удел на нуклеарни семејства е забележан во Градскиот ѕид (64%), што може да се поврзе со неговата првична програмска ориентација кон колективно семејно домување, но и со долгорочната резиденцијална стабилност на станарите. Како модернистички станбен систем проектиран со јасна социјална и просторна логика, Градскиот ѕид создава услови за трајно домување, при што нуклеарното семејство функционира како основна социјална единица околу која се организира секојдневниот живот и користењето на заедничките простори. Наспроти тоа, Ново Маало и станбените кули во рамки на ГТЦ покажуваат поголема типолошка и социјална диверзификација на домаќинствата. Оваа состојба упатува на присуство на различни фази од животниот циклус — од млади домаќинства и самечки жители, до постари семејства и повеќегенерациски структури — што резултира со пофлексибилни и хетерогени режими на живеење. Во овие контексти, домувањето не функционира исклучиво како долгорочна семејна стабилизација, туку и како адаптивна рамка за индивидуализирани животни стратегии, типични за современиот град. Во таа смисла, разликите меѓу анализираните примери не ја доведуваат во прашање релевантноста на нуклеарното семејство, туку укажуваат на неговата различна просторна артикулација и социјална функција во зависност од архитектонскиот модел. Како што укажуваат Sennett (2018) и Zukin (2010), современиот урбан живот се карактеризира со паралелно постоење на стабилни форми на домување и флуидни, индивидуализирани начини на користење на просторот. Во овој контекст, нуклеарното семејство не исчезнува, туку коегзистира со други модели на живеење, при што архитектурата делува како медиум што ги овозможува или ограничува овие различни социјални режими.

**Потекло на домаќинство:**

Категоријата „роден тука“ е доминантна во сите три анализирани контексти, но со значајни разлики во нејзината застапеност. Највисок удел е забележан во Ново Маало (65%), што го потврдува неговиот карактер како локално вкоренет станбен контекст со изразена социјална меморија и долгорочна територијална континуитетност. Оваа автохтоност упатува на стабилни модели на припадност, каде домувањето е поврзано не само со функционално користење на просторот, туку и со симболичка идентификација со местото. Наспроти тоа, Градскиот ѕид и кулите во рамки на ГТЦ покажуваат повисоки удели на жители доселени од друг град (31% и 38%), што ги позиционира овие структури како важни рецептивни точки на внатрешна миграција и како архитектонски модели преку кои се остварува урбано вклучување во централниот градски живот. Во овие случаи, припадноста е помалку заснована на долготрајна територијална врзаност, а повеќе на функционална и програмска интеграција во градската структура. Оттука, во рамките на истото централно подрачје коегзистираат различни режими на припадност: од локално вкоренети заедници со силна идентификација со местото, до популации со пофлуидна и подвижна просторна ориентација. Оваа состојба директно влијае врз начинот на кој се артикулира чувството на „дом“ и врз формите на соседски контакт, при што просторот се доживува или како продолжение на колективната меморија, или како прагматичка рамка за секојдневно живеење.

**Работен статус:**

Иако во сите три анализирани контексти статистички доминира категоријата на вработена популација, подеталното читање на резултатите укажува на различни социјално-просторни реалности зад оваа привидна сличност. Во Ново Маало, високиот удел на вработени жители (65%) не секогаш кореспондира со нивна континуирана физичка присутност во локалниот контекст. Значаен дел од оваа популација е економски активен, но просторно отсутен, односно живее во други делови на градот или привремено престојува надвор од населбата, додека формално останува регистриран како жител. Ова создава ситуација на „статистичка активност“ без секојдневна социјална и просторна ангажираност, што директно влијае врз интензитетот на соседските односи и употребата на заедничкиот простор. Наспроти тоа, Градскиот ѕид се издвојува со највисок удел на пензионирани и повозрасни жители, што упатува на долгорочна стабилност на домувањето и на созреан станбен систем со ниска флуктуација. И покрај возраста на популацијата, економскиот статус на жителите во овој пример е претежно среден, односно се движи во рамките на просечни примања карактеристични за урбаната средна класа. Оваа комбинација на социјална стабилност и економска умереност создава специфичен ритам на секојдневен живот, обележан со висока дневна присутност, редовна употреба на полујавните простори и поизразена видливост на соседските односи. Разликата меѓу овие два модели укажува дека работниот статус, сам по себе, не е доволен индикатор за социјалната динамика на домувањето. Подеднакво значајни се степенот на реална просторна присутност, фазата од животниот циклус и економската сигурност, кои

заедно ја обликуваат временската структура на користење на просторот и можностите за социјална интеракција во рамките на станбениот контекст.

**Примања:**

Категоријата на примања ја открива форма на социјална и економска диференцијација меѓу анализираните примери. Градскиот ѕид се издвојува со висок удел на домаќинства со средни до надпросечни примања (49%), што може да се интерпретира како резултат на долгорочна стабилност на домувањето, сопственичка структура и постепена акумулација на економски и социјален капитал. Овој профил упатува на консолидирана урбана средна класа, чија позиција не произлегува од краткорочни пазарни флуктуации, туку од историски континуитет и релативна социјална сигурност во рамките на централното градско подрачје. Наспроти тоа, Ново Маало покажува висока концентрација на домаќинства со минимални примања (46%), што укажува на структурна економска ранливост. Сепак, оваа состојба не може да се чита исклучиво како маргинализација, туку и како индикатор за специфични локални стратегии на опстанок на жителите. Во овој контекст, економската слабост коегзистира со силна територијална врзаност и социјална вкоренетост. ГТЦ кулите, пак, се карактеризираат со изразена економска поларизација, со истовремено присуство на домаќинства со подпросечни и надпросечни примања. Овој модел упатува на вертикална коегзистенција на економски различни социјални групи во рамките на ист архитектонски систем, каде станбената типологија овозможува паралелно постоење на различни животни стратегии и економски позиции. Таквата состојба ја потврдува тезата дека централните станбени структури не функционираат како социјално хомогени ентитети, туку како простори на стратифицирана коегзистенција, во кои економската различност е структурно вградена во самиот модел на домување.

**Интерпретативна синтеза на табела 1**

Во целина, првата табела јасно укажува дека архитектонскиот модел на домување не продуцира еден хомоген или „типичен“ профил на жител, туку функционира како просторна рамка во која истовремено се вкрстуваат различни социјални позиции, економски статуси и животни стратегии. да се Корелацијата попомеѓу урбаната форма и социјалната реалност толкувана преку синтезата на истражувањето упатува на состојба на структурна коегзистенција, во која стабилни семејни домаќинства, индивидуализирани режими на живеење, локално вкоренети популации и миграциски профили опстојуваат паралелно во рамките на истата централна урбана зона.

Оваа состојба е особено значајна ако се разгледа во контекст на постсоцијалистичката урбана трансформација. Во социјалистичкиот период, колективното домување беше дел од поширок проект на социјална интеграција и релативна класна хомогенизација, при што станбените комплекси често беа замислени како простори на стабилност и социјална сигурност. Во постсоцијалистички услови, меѓутоа, овие структури се реинтерпретираат и, прифаќајќи нови социјални групи и економски режими, без

притоа да ја изгубат целосно својата првична социјална логика. Во овој контекст, анкетните резултати можат да се интерпретираат како емпириски индикатор за постепена, структурна трансформација на социјалната структура. Наместо да се појавува како јасно дефинирана и социјално кохерентна група, средната класа се манифестира како фрагментирана и просторно дисперзирана категорија, која опстојува во непосредна коегзистенција со социјално поранливи домаќинства, но и со економски посигурни индивидуални профили. Оваа хетерогеност укажува на ерозија на класичниот модел на стабилност преку изедначување на социјалната структура, заменет со плуралност на начините на живот во рамките на истата урбана структура. Архитектурата, во овој аналитички хоризонт, не може да се сфати како примарен генератор на овие процеси, но игра клучна посредничка улога преку обезбедување физичка, просторна и организациска рамка во која ваквата социјална диференцијација може да се одржува и репродуцира. Станбените модели, оттука, не функционираат како инструменти на социјална селекција или класна хомогенизација, туку како просторни капацитети што овозможуваат апсорпција и паралелно постоење на различни социјални траектории, животни фази и економски позиции во рамките на ист урбан контекст.

Оттука, коегзистенцијата не треба да се разбира како транзициска аномалија или како состојба што бара нормативна корекција, туку како структурна карактеристика на современиот град. Таа произлегува од преклопувањето на различни историски слоеви, економски режими и социјални очекувања, материјализирани во истата архитектонска рамка. Во таа смисла, архитектурата не може да се чита исклучиво како функционален или формален артефакт, туку како активен медиум на социјална стратификација, меморија и трансформација. Оваа перспектива ја потврдува потребата од интердисциплинарен пристап, во кој морфолошката анализа се надополнува со социолошка интерпретација, со цел да се разбере и антиципираат потребите на современото домување во град.




*Слика 86*
*Социјалните односи на домувањето во три урбани контексти*

### 4.4.2 Простор на интеракција и заеднички практики

*(табела: соседски врски; место на соседски врски; заеднички активности)*

Втората група анкетни резултати воспоставува непосредна аналитичка врска помеѓу социјалната интеракција и просторната конфигурација, бидејќи фокусот го поместува од социјалниот профил на жителите кон конкретните облици и просторни локации на секојдневната соседска практика. Наместо да одговара само на прашањето *кој* живее во одреден контекст, оваа група податоци овозможува увид во *начините* на живеење и во просторната артикулација на микросцените на социјален контакт и дистанца (Jacobs, 1961). Во сите три анализирани контексти доминира категоријата „само се поздравуваме“ (приближно 40–43%), што укажува на форма на урбана блискост со ограничен степен на интимност. Соседството, во оваа смисла, функционира како стабилна, но минимална социјална релација, што е во согласност со класичните согледувања за урбаната резервираност, селективната социјалност и рационализацијата на секојдневните интеракции во градот (Simmel, 1903). Сепак, дистрибуцијата на подлабоките облици на соседски односи покажува значајни варијации. Во Градскиот ѕид и Ново Маало се евидентира повисок удел на одговорот „се посетуваме и дружиме“ (36% и 38%), што упатува на постоење на поконсолидирани локални мрежи и поголема социјална вгнезденост на жителите во непосредното окружување. Наспроти тоа, кај станбените кули во рамки на ГТЦ, овој удел е понизок (28%), додека категоријата „само за услуги“ е значајно позастапена (26%). Овие разлики не може да се толкуваат како директна или детерминистичка последица на вертикалната станбена типологија, туку како индикација дека одредени архитектонско-просторни конфигурации создаваат услови во кои соседските односи почесто се артикулираат низ функционални и инструментални интеракции. Во такви контексти, социјалниот контакт се активира првенствено преку практични потреби, а поретко преку култура на секојдневна блискост и неформална социјализација.

**Простор на интеракција:**

Податоците за просторното лоцирање на соседските интеракции се особено индикативни, бидејќи ја разоткриваат улогата на таканаречените „прагови“ — просторите на премин помеѓу приватното и колективното — како клучна инфраструктура на секојдневниот социјален контакт. Во случајот на Градскиот ѕид, доминацијата на „влезот“ како место на соседска интеракција (43%) укажува на централната улога на полујавните зони во медијацијата помеѓу индивидуалното домување и колективниот живот. Во Ново Маало, пак, најчести локации на соседство се „улицата“ (32%) и „дворот/градината“ (21%), што е конзистентно со хоризонталната просторна матрица и со организацијата на секојдневието преку отворени, достапни и визуелно континуирани простори. Овде, соседскиот контакт е интегриран во линијата на движење и во секојдневните рутини, а не концентриран во јасно дефинирани комуникациски јадра. Кај станбените кули во рамки на ГТЦ повторно доминира „влезот“ (49%), во комбинација со зголемена застапеност на „домот“ (22%), што упатува на посилна интернализација на социјалниот живот и на зависност од

вертикалните комуникациски структури како примарни точки на средба. Во овој контекст, полујавните простори не функционираат како продолжение на секојдневниот јавен живот, туку како функционални јазли со ограничен социјален радиус.

Во сите три случаи, просторното лоцирање на соседството јасно покажува дека социјалниот контакт не произлегува исклучиво од социјална намера, туку е структурно условен од типолошкиот и просторниот режим на домување. Архитектонската организација, преку дистрибуцијата и карактерот на полујавните простори, директно го медијира опсегот, интензитетот и формата на секојдневните интеракции.

**Заеднички активности:**

Во сите три анализирани контексти доминираат заедничките активности поврзани со „одржување и сервис“ (28% во Градскиот ѕид, 26% во Ново Маало и 34% кај кулите на ГТЦ), што укажува дека колективната акција најчесто се активира преку функционална и организациска нужност, а не како резултат на спонтано или симболички мотивирано заедништво. Во оваа смисла, заедницата се појавува пред сѐ како оперативна структура насочена кон управување со заедничките ресурси и инфраструктура. Сепак, Ново Маало се издвојува со значително повисок удел на активности поврзани со празници и традиционални собири (30%), што укажува на постоење на локално вкоренети ритуални и културни практики преку кои се одржува чувството на заедништво. Оваа разлика отвора суштинска дистинкција помеѓу два режима на колективност: во едниот, заедништвото се конституира преку симболички и културни практики, додека во другиот се артикулира преку прагматично и функционално управување со секојдневието. Дополнително, високите удели на одговорот „нема“ — особено изразени кај станбените кули во рамки на ГТЦ (32%) — укажуваат дека коегзистенцијата не подразбира нужно постоење на активна или кохезивна заедница. Наместо тоа, таа често се манифестира како паралелно постоење на поединци и домаќинства со минимален степен на социјален допир, што е во согласност со класичните социолошки описи на урбаниот хабитус како состојба на просторна блискост без социјална интеграција.

**Интерпретативна синтеза на табела 2**

Резултатите од анкетното истражување јасно ја потврдуваат тезата дека архитектурата не продуцира единствен и унифициран социјален модел, туку функционира како просторна рамка во која се одвиваат повеќе паралелни и често хетерогени начини на живеење. Наместо стабилна и кохерентна форма на „соседство“, анализираните примери покажуваат спектар на социјални релации што се движат од минимален секојдневен контакт, преку локално вкоренети и ритуализирани форми на заедништво, до функционална колективност организирана околу управување, одржување и логистика. Овој спектрален карактер на соседството ја доведува во прашање претпоставката дека просторната блискост нужно води кон социјална кохезија. Во овој контекст, коегзистенцијата не може да се разбере како транзиторна состојба или како „недовршена“ форма на заедница, туку како структурна карактеристика на современото урбано домување. Различните типологии на домување не произведуваат хомогени социјални исходи, туку овозможуваат истовремено постоење на различни режими на интеракција и припадност, кои се активираат зависно од просторните услови, животниот циклус на жителите и нивните секојдневни практики. Архитектурата, во таа смисла, не ја одредува директно содржината на социјалните односи, но ја структурира нивната веројатност, интензитет и просторна локализација.

Особено значајно е што заедничките активности во сите три контексти доминантно се поврзани со функционални и организациски потреби, што укажува дека колективноста во современиот град често се артикулира преку прагматични, а не симболички механизми. Истовремено, присуството на локално вкоренети ритуали и празнични практики во одредени контексти покажува дека симболичкото заедништво не исчезнува, туку коегзистира со функционалните форми на колективност. Оваа паралелност ја потврдува тезата дека урбаното соседство не е единствен социјален ентитет, туку збир од различни социјални логики што се преклопуваат во ист физички простор. Оттука, анкетните резултати не се толкуваат како евалуативна мерка на поединечни архитектонски решенија, туку како емпириска индикација за начинот на кој домувањето во градот функционира како просторна рамка за социјална диференцијација. Коегзистенцијата не се појавува како резултат на унифицирани животни обрасци, туку како последица на способноста на просторните структури да овозможат истовремена артикулација на различни социјални позиции, секојдневни ритми и облици на припадност. Во таа смисла, архитектурата не дејствува ниту како пасивна позадина, ниту како детерминистички фактор, туку како медијатор на социјалните практики, преку кој се структурираат релациите помеѓу блискост и дистанца, интеракција и селективна изолација, колективност и индивидуализација. Токму оваа паралелна присутност на хетерогени модуси на живеење ја дефинира суштинската состојба на современиот урбан простор.




*Слика 87*
*Перцепција на просторниот квалитет на домувањето во три урбани контексти*

### 4.4.3 Перцепција на просторниот квалитет и социјалната припадност

*(табела: позитивни/негативни страни; ниво на социјална припадност/прифатливост)*

Третата група анкетни резултати го поместува аналитичкиот фокус од структурата на социјалните односи кон процесите на вреднување, односно кон начинот на кој урбано-архитектонската конфигурација се доживува како квалитет на секојдневното живеење. За разлика од претходните сегменти, каде во преден план беа интеракцијата и моделите на соседство, овде се анализираат перцептивните и вредносните димензии на просторот: што жителите го препознаваат како предност, што како ограничување, и како ја оценуваат сопствената позиција во рамките на пошироката социјална средина.

Најизразен позитивен индикатор кај ГТЦ кулите (70%) и Градскиот ѕид (61%) се „местата за социјализација“, што е концептуално значајно бидејќи укажува дека квалитетот на живеење не се врзува примарно за индивидуалниот станбен комфор, туку за постоењето на колективни и полујавни простори кои овозможуваат престој, видливост и неформална интеракција. Овој наод е во согласност со истражувањата што ја нагласуваат улогата на „просторите помеѓу зградите“ како клучна инфраструктура на урбаниот живот, каде социјалната димензија на градот станува видлива и оперативна. Во овој контекст, вредноста на овие простори не произлегува од нивната формална дизајнираност, туку од нивната способност да поддржат секојдневни, нискоинтензивни, но повторливи форми на присутност и контакт. Наспроти тоа, Ново Маало се издвојува по доминантната перцепција на „мала бучава“ (51%) како клучен позитивен аспект, што укажува на поинаков режим на вреднување на просторот. Овде, квалитетот на живеење е посилно поврзан со амбиенталните карактеристики на хоризонталното ткиво — размерот, ритамот и пониskiот интензитет на сообраќај и активности. Ова сугерира дека во контексти со пониска густина и поголема просторна читливост, квалитетот на секојдневието се доживува преку редукција на надворешни притисоци, а не преку интензификација на социјалната интеракција. На тој начин, различните урбани модели продуцираат различни хиерархии на вредности: додека во компактните и вертикални структури социјализацијата се појавува како компензација за густината, во хоризонталните структури тишината и ритамот функционираат како основа на просторната прифатливост.

Овие разлики укажуваат дека перцепцијата на просторниот квалитет не е универзална категорија, туку релациона и контекстуално условена. Таа произлегува од интеракцијата помеѓу архитектонската форма, урбаната позиција и секојдневните практики на користење на просторот. Оттука, квалитетот на живеење не може да се редуцира на збир на физички атрибути, туку треба да се разбере како резултат на специфични просторни режими кои овозможуваат или ограничуваат одредени начини на доживување и вреднување на градот.

**Негативни перцепции:**

Негативните перцепции покажуваат поизразена и концептуално значајна диференцијација меѓу трите урбани контексти, при што различните типови на незадоволство јасно корелираат со нивната позиција во градската структура и со доминантните режими на урбано производство. Кај Градскиот ѕид и ГТЦ кулите доминираат перцепциите на „загадување“ (34% и 33%) и „бучава“ (24% и 30%), што директно се поврзува со нивната централна локација, високата фреквенција на сообраќај и пешачки движења, како и со зголемените еколошки притисоци карактеристични за градското јадро. Во овој случај, негативното искуство не произлегува од недостиг на урбана функција, туку од нејзината прекумерна концентрација — состојба во која централноста истовремено генерира и предности и ограничувања на секојдневниот квалитет на живеење. Наспроти тоа, Ново Маало покажува поинаков профил на негативни перцепции, каде доминираат „инфраструктура“ (28%) и „хигиена“ (17%). Овие категории не се поврзани со интензитет или густина, туку упатуваат на структурни дефицити што произлегуваат од долготрајна маргинализација во рамките на урбаното управување. Во вакви контексти, проблемите не се резултат на „пренатрупаност“, туку на селективна дистрибуција на инвестиции, одржување и институционално внимание. Ова ја потврдува тезата дека неформалните или субстандардни урбани ткива често функционираат како просторни контејнери на системски недостатоци, каде секојдневното незадоволство е симптом на пошироки нееднаквости во урбаниот развој (Van Kempen and Murie, 2009).

Ваквата диференцијација укажува дека негативните перцепции не се универзален индикатор за „низок квалитет“, туку контекстуално условени реакции на различни урбани режими. Додека централните, формално планирани структури продуцираат притисоци поврзани со интензитет и изложеност, маргинализираните ткива акумулираат дефицити поврзани со инфраструктурна запоставеност. На тој начин, негативното доживување на просторот станува аналитички прозорец кон нерамномерната логика на урбаното управување и социјалната распределба на ризици во современиот град.

**Ниво на социјална припадност/прифатливост:**

Резултатите за нивото на социјална припадност укажуваат на значајни разлики меѓу анализираните урбани контексти и овозможуваат подлабоко читање на односот меѓу архитектонската структура и симболичката димензија на живеењето. Градскиот ѕид се издвојува со највисок удел на изразена припадност, при што 46% од испитаниците го оценуваат нивото на социјална припадност како „високо“. Овој резултат може да се поврзе со неколку меѓусебно зависни фактори: долгорочната стабилност на домувањето, релативната социјална хомогеност и високата степен на колективна препознатливост на станбениот систем како целина. Архитектонската артикулација на Градскиот ѕид, како јасно дефиниран и симболички читлив урбан фрагмент, овозможува формирање на посилен колективен идентитет, каде индивидуалното живеење се впишува во поширока наративна рамка на „заедничко место“. Наспроти

тоа, Ново Маало и ГТЦ кулите се карактеризираат со доминација на „средно“ ниво на социјална припадност (78% и 74%), што укажува на состојба на прифатливост без интензивна идентификација. Во овие случаи, просторот се доживува како функционално и социјално употреблив, но не нужно како силен носител на колективно значење. Оваа средна позиција може да се интерпретира како форма на прагматична припадност: жителите го прифаќаат местото како соодветна рамка за секојдневен живот, без да развијат длабока емоционална или симболичка врзаност кон него. Овие наоди ја доведуваат во прашање поедноставената дихотомија помеѓу „традиционални“ и „модерни“ модели на домување како автоматски генератори на припадност или отуѓување. Наместо тоа, припадноста се појавува како континуум што се формира преку комплексна интеракција на просторни можности, секојдневни практики и симболичко читање на местото. Како што укажуваат Relph (1976) и Lynch (1960), чувството на место не произлегува исклучиво од физичката форма, туку од начинот на кој таа форма се вградува во менталните мапи, сеќавањата и рутините на корисниците.

Во таа смисла, високото ниво на припадност не е нужно резултат на „традиционалност“, ниту пак пониските нивоа се директен ефект на „модернистичка“ типологија. Наместо тоа, архитектонските модели обезбедуваат различни услови за идентификација: некои овозможуваат акумулација на симболичка вредност и колективна меморија, додека други поддржуваат попривремени, селективни и индивидуализирани форми на врзаност. Социјалната прифатливост, во овој контекст, се појавува како минимален заеднички именител што овозможува стабилност на живеењето, додека силната припадност останува резултат на подолготрајни и подлабоки процеси на просторна и социјална артикулација.

**Интерпретативна синтеза на табела 3**

Резултатите од третата табела јасно укажуваат дека квалитетот на живеење во градот не може да се сведе на единечни просторни или функционални параметри, туку се формира како резултат на сложена и често противречна интеракција помеѓу просторите за социјализација, амбиенталните услови и инфраструктурните притисоци. Перцепцијата на просторот не произлегува директно од архитектонската форма, туку од начинот на кој таа форма се вкрстува со секојдневните практики, ритмите на користење и пошироките урбани процеси. Во таа смисла, истите карактеристики што во еден контекст се препознаваат како предност (централност, интензитет, програмска густина), во друг можат да се појават како извор на незадоволство (бучава, загадување, притисок врз инфраструктурата). Различните модели на домување не можат да се евалуираат преку линеарна скала на „подобро“ и „полошо“, бидејќи секој од нив произведува специфичен спој на позитивни и негативни искуства. Колективните структури со планирани простори за престој и движење овозможуваат повисоко ниво на перципирана социјализација, но истовремено се изложени на интензивни урбани влијанија. Хоризонталните, пониско-градени ткива, пак, обезбедуваат подобри амбиентални услови и чувство на мир, но често се соочуваат со структурни дефицити

во инфраструктурата и одржувањето. Овие разлики не се случајни, туку произлегуваат од различните позиции на секој модел во градската хиерархија и од начинот на кој урбаното управување ги распределува ресурсите, инвестициите и вниманието. Во тој контекст, анкетните податоци не треба да се читаат како алатка за нормативна евалуација на архитектонските модели, туку како емпириски запис на перцептивната и вредносната димензија на домувањето. Тие покажуваат дека коегзистенцијата не е само просторна состојба — истовремена присутност на различни форми и типологии — туку и перцептивна и симболичка реалност, во која различни групи го доживуваат истиот град на различни начини. Како што укажува Лефевр, просторот се произведува преку употреба и значење, а не само преку форма; оттука, квалитетот на живеење е резултат на процеси, а не на статични својства. Во согласност со тоа, резултатите ја потврдуваат тезата дека современиот град функционира како поле на паралелни урбани искуства, каде архитектурата истовремено овозможува и ограничува, создавајќи рамка за коегзистенција на различни перцепции, вредности и начини на живеење.

#### 4.4.4 Визуелни претстави на соседството од жителите

Овој дел на истражувањето припаѓа на квалитативните методи во рамки на социолошкиот дел и теренската анкета и интервју со жителите на Градскиот ѕид. Жителите го регистрира просторот во кој што живеат преку преку визуелна артикулација на нивното доживување. Наместо да се бараат декларативни одговори, жителите се повикуваат да го „нацртаат“ своето соседство како визуелна мапа со одредени важни точки и граници, со што се добива директен увид во менталните карти, селективната перцепција и хиерархијата на просторните елементи кои тие ги препознаваат како релевантни. Ваквиот пристап овозможува да се детектираат не само физичките структури, туку и релациските и симболичките слоеви на урбаниот простор: граници, јадра, патеки, точки на собирање и зони на секојдневна употреба.

Анализата на дванаесетте цртежи е организирана во три тематски групи, кои кореспондираат со различни нивоа на разбирање и репрезентација на соседството.

Првата група (1–6) се однесува на основната просторна организација и е систематизирана преку два комплементарни аспекта: улиците како примарна мрежа на ориентација и граници на перцепција, и внатрешната структура како поле на локални релации. Во овие цртежи, улицата се појавува како доминантен организирачки елемент, не само како инфраструктура, туку како јасна линија која дефинира пристап, движење и граници на „познатото“ соседство. Истовремено, внатрешните структури се редуцирани на неколку клучни објекти или празнини, што укажува на селективна перцепција: жителите не го репрезентираат целиот простор, туку само оние елементи што имаат функционална или социјална релевантност (влезови, зелени површини, јавни институции, места на собирање).

Втората група (7–9) ја поместува анализата кон поапстрактно ниво, каде што просторот повеќе не се прикажува како конкретна морфологија, туку како релациско поле.

Третата група (10–12) го воведува нивото на урбана сцена и секојдневно искуство. Тука соседството се артикулира преку препознатливи форми, функции и наративи.

Ваквата тростепена систематизација, од морфолошка структура, преку апстрактно релациско поле, до сценографија на секојдневието, овозможува комплексно читање на соседството како слоевит просторен феномен. Таа покажува дека коегзистенцијата на различни модели на домување не се одвива само на ниво на форма, туку и на ниво на перцепција, употреба и значење, каде што жителите активно учествуваат во конституирањето на просторот преку сопствените ментални и искуствени мапи.




*Слика 88*
*Визуелни претстави на соседството од жителите*




*Слика 89*
*Визуелни претстави на соседството од жителите (1,2.3) – ориентација и граници / внатрешна структура на релации*




*Слика 90*
*Визуелни претстави на соседството од жителите (4,5,6) – ориентација и граници / внатрешна структура на релации*



*Слика 91*
*Визуелни претстави на соседството од жителите (7,8,9) – просторот како релациско поле / урбана сценографоја на секојдрнавниот живот*

повеќе не се прикажува како конкретна морфологија, туку како релациско поле. Овде се забележува редукција на формата и појава на шематски или гестуални записи: линии, полиња, фрагменти. Овие цртежи не се обидуваат да ја реконструираат физичката структура, туку да го изразат односот на субјектот кон просторот, дистанца, ориентација, централност или дисперзија. Просторот се чита како континуум или како серија на поврзани точки, што укажува на поинаков тип на когнитивна мапа, базирана на искуство наместо на геометрија.

Третата група (10–12) го воведува нивото на урбана сцена и секојдневно искуство. Тука соседството се артикулира преку препознатливи форми, функции и наративи: објекти (згради, домови), услуги (продавници, пазари), и активности (движење, социјална интеракција). Цртежите се повеќе наративни и антропоцентрични, со вклучување на фигури, текстуални ознаки и симболички елементи. Ова укажува дека идентитетот на просторот не произлегува само од неговата физичка конфигурација, туку од начинот на кој се користи и доживува во секојдневниот живот.

**Критичка напомена за социолошкиот пресек како архитектонска алатка**

Во рамките на ова поглавје, социолошкиот пресек е поставен не како придружна илустрација на морфолошкиот опис, туку како клучен аналитички модул преку кој станува возможно да се тестира релацијата помеѓу просторниот режим и социјалната практика. Анкетните податоци овозможуваат да се артикулира она што не е непосредно читливо во планови, пресецни дијаграми или параметарски индикатори: начинот на кој жителите ги перципираат условите на живеење, како го лоцираат соседството, кои форми на колективност се реално активираат и како се произведува или се релативизира чувството на припадност. Во таа смисла, социолошкиот пресек ја премостува празнината меѓу „изграденото“ и „оперативното“, односно меѓу морфолошката конфигурација и секојдневната употреба, потврдувајќи ја тезата дека просторот е „социјален производ“.

Методолошката вредност на анкетата не лежи во претензии за апсолутна објективност, туку во тоа што регистрира структури на доживување и ориентации на практика, кои се суштински за домувањето како секојдневен режим. Бидејќи перцепциите се контекстуални, временски зависни и условени од социјалната позиција на испитаникот, нивното толкување мора да биде критички дисциплинирано: резултатите не се третираат како конечна „мерка“ на урбан квалитет, туку како индикатори што добиваат аналитичка сила кога се читаат во паралела со морфолошката структура и теренската опсервација. Оттука, ова истражување го воспоставува анкетирањето како инструмент за верификација и корекција на морфолошките хипотези: не да ја замени просторната анализа, туку да ја операционализира во социјални термини, преку кои станува можно да се дефинираат обрасци на интеракција, припадност и селективна дистанца.

Синтезата на трите табели ја потврдува коегзистенцијата како структурна состојба на централното градско домување. Првата група резултати покажува дека ниту еден архитектонски модел не продуцира социјална хомогеност: напротив, во истиот урбан простор се преклопуваат различни профили на домаќинства, различни режими на потекло и различни економски позиции, што упатува на слоевитост и на истовремено постоење на стабилност и преодност. Втората група резултати дополнително ја конкретизира оваа теза преку просторната географија на контактот: „влезот“, „улицата“ и „дворот“ не се само места, туку различни комуникациски режими преку кои се организира можноста за соседство, а заедничките практики се движат од симболички и ритуални форми на заедништво до функционални модуси на колективност поврзани со одржување и логистика. Третата група резултати ја воведува вредносната и перцептивната димензија, каде квалитетот на живеење се појавува како релациона категорија: просторите за социјализација се препознаваат како примарен ресурс, додека загадувањето, бучавата и инфраструктурните дефицити функционираат како доминантни притисоци што се распределуваат нерамномерно меѓу различни урбани контексти.

На овој начин, поглавјето покажува дека коегзистенцијата се манифестира како паралелност на урбани : различни типологии и различни социјални логики се одржуваат во ист простор преку различни интензитети на контакт, различни форми на колективност и различни модуси на припадност. Архитектурата, во оваа рамка, не се третира ниту како пасивна подлога, ниту како детерминистички фактор, туку како посредничка структура што го организира интензитетот на интеракцијата, ги условува праговите меѓу приватното и колективното (Sennett, 2018). Оттука, социолошкиот пресек ја стабилизира емпириската основа преку формулирање прецизни истражувачки хипотези за тоа како различни просторни режими ја структурираат социјалната реалност, како го одржуваат или го релативизираат урбаниот начин на живот и како урбаното управување посредува во распределбата на квалитетот и дефицитите во секојдневното живеење Во таа смисла, социолошкиот пресек се конституира како архитектонска истражувачка алатка, методолошки артикулирана, критички позиционирана и интердисциплинарно втемелена, преку која домувањето се анализира како динамична социо-просторна структура, а не како фиксиран статистички формален исход.

## 5. АРХИТЕКТОНСКИ ТАКТИКИ НА ИНТЕРВЕНЦИЈА: НОВИ ТИПОЛОГИИ НА КОЕГЗИСТИРАЧКИ МОДЕЛИ НА ДОМУВАЊЕ ВО ГРАДОТ

Истражувањето на изградената форма на Градскиот Ѕид послужи како тематска рамка за Интегративното архитектонско студио во 9-ти семестар на Факултетот за архитектура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, под менторство на проф. Минас Бакалчев и проф. Саша Тасиќ, со учество на Александар Петановски и Марија Петрова. Студиото, насловено „Коегзистирачки модели на домување во градот. Нова структура за Градскиот Ѕид", се фокусираше на структурата на Градскиот Ѕид и зоната кон надворешниот град како критична микролокација за анализа, интерпретација и интервенција. Проектот функционираше како истражувачка основа за идентификување на можностите за интервенција во контактната зона и за испитување на принципот на коегзистенција на различните програмски и просторни ситуации.

Суштинското прашање што го отвори студиото се однесува на проширување на методата на научното истражување преку примената на „истражување преку проект" (research through design) како научен став, а не само како илустративен прилог. Во овој контекст, проектите не се третираат како примери, туку како оперативни инструменти преку кои се тестираат и артикулираат теоретските поставки за односот кон постојната структура, Градскиот Ѕид и урбаните фрагменти. Проектите презентирани во ова поглавје не се автономни дизајнерски решенија, туку истражувачки конструкции преку кои се испитуваат и верификуваат можните архитектонски тактики за интервенција во постојниот урбан контекст. Во рамките на овој пристап, проектирањето се разбира како метод на истражување – процес на критичко тестирање на односите помеѓу континуитетот на Градскиот Ѕид, фрагментираноста на постојната структура и можностите за трансформација преку нови типолошки модели на домување.

Применувајќи дигитален методолошки пристап, студиото користеше различни репрезентативни и аналитички алатки, вклучувајќи фотографски есеи, 3D-моделирање и аналогни физички прототипи во соодветни мерила, со цел формирање на сеопфатна просторна база на податоци. Оваа рамка овозможи двоен истражувачки пристап: од една страна, систематизација и таксономија на постојните формални и типолошки состојби на изградената структура; од друга страна, развој на спекулативни проектантски тактики за истражување на идни сценарија за домување и јавен живот во рамките на оваа специфична урбана структура. Резултатот беше формална таксономија на композиционата логика на Градскиот Ѕид и нејзина критичка реинтерпретација преку нови архитектонски предлози.

Проектите се согледуваат во однос на различни аспекти: (1) архитектонските тактики развиени на конкретните ситуации (архитектонски тактики), (2) локациската положба на проектите во концентричните зони, опфатени преку пет сегменти (локализација во концентрични зони), (3) радијалното позиционирање во однос на основната структура на Градскиот Ѕид, внатре или надвор, кон надворешниот град (радијално позиционирање), (4) поврзувањето со просторните и физички фрагменти, хронолошки датирани пред или по земјотресот (поврзување со фрагменти), (4) како и доминантниот програм – домување и/или други заеднички програми (програма). На овој начин, коегзистенцијата се согледува на различни нивои и во различни односи помеѓу деловите меѓу себе и со целината.

Студентите развија низа архитектонски интервенции засновани врз принципот на урбана коегзистенција, истражувајќи размери, програми, форми и просторно-програмски темпоралности. Од ова истражување произлегоа неколку тактики, кои се презентирани со краток опис, а серија од осум избрани проекти, кои се однесуваат на различните сегменти од концентричната зона, се опишуваат во однос на тактиката, местоположбата, просторниот зафат и програмата.

**Првиот проект**, „заборавената улица“, лоциран во првиот концентричен сегмент (Зејнеп Шерифи и Лилјана Атанасова), предвидува воспоставување на лонгитудинална линија перпендикуларна на Градскиот ѕид, долж пешачката оска зад црквата „Св. Климент Охридски“. Оваа интервенција истовремено функционира како позадина и структурна граница на платото на црквата, но и како просторна оска што ги поврзува локалните контексти во правец запад–исток, од булеварот кон внатрешното плато, по трагите на некогашната улица. Програмски, таа интегрира разновидни содржини – привремено домување, колективни простори, угостителски функции, свечена сала за склучување бракови  и јавни настани – вклучително и отворена кровна променада.

**Вториот проект**, „лебдечко плато“ (Емилија Димеска и Евгенија Томеска), исто така во првиот сегмент, е поставен директно на платото на Градскиот ѕид и е наменет како детска градинка. Објектот е обликуван како лебдечки волумен на тенки столбови, организиран околу три внатрешни дворови. Покрај својата примарна функција, тој делува како интерфејс помеѓу детската игра и пошироката заедница, внимателно интегриран во постојните модели на користење на просторот, познат како „плочник“.

**Третиот проект**, „екструдираната куќа“ (Марија Кутаноски и Елена Бачева), во вториот сегмент, се надоврзува на фрагмент од предземјотресното ткиво долж улицата „Максим Горки“. Фрагментот е одсечен помеѓу двете концентрични линии на Градскиот зид и претставува материјална трага од предземјотресниот град во постземјотресната структура. Интервенцијата екструдира една од преостанатите куќи од оваа историска трага во вертикала, до височината на кулите од Градскиот зид, создавајќи вертикална екстензија  како контрапункт на постојната структура. Поврзувањето со кровната тераса на Културниот центар „Кочо Рацин“ воспоставува просторен континуитет помеѓу различни историски слоеви.

**Четвртиот проект**, „плоштад Слобода“ (Никита Врцкоска), го истражува потенцијалот за реафирмација на предземјотресниот плоштад „Слобода“ како значаен урбан елемент во препознавањето на градот. Формалниот пристап произлегува од морфолошките траги на поранешната структура. Овој проект се референцира на архитектонскиот предлог на професорот Живко Поповски за реконструкција и интеграција на старите и новите просторни слоеви на ова подрачије.

**Петтиот проект**, „прототип за доградба“ (Мартина Караскаковска), во третиот концентичен  сегмент, предвидува секвенцијално внесување на вертикални волумени во рамките на постојните платоа, усогласени со висината на станбените блокови. Новите структури, замислени како социјално домување, интегрираат јавни содржини и поттикнуваат социјална пропустливост. Просторниот ритам не е однапред зададен, туку произлегува од конкретните морфолошки и програмски услови на секој блок, овозможувајќи конфигурации што варираат од густо поврзани ансамбли до изолирани волумени во прецизно артикулиран композиционен такт.

**Шестиот проект**, „кулата која недостасува“ (Стефанија Тутеска и Вероника Беличкоска), лоциран во третиот концентричен сегмент, комбинира надградба на постоечки линеарен блок со воведување на нова вертикална структура. Потикнат е од дополнување на низата на кули од Градскиот зид, проектот симултано работи на линеарниот сегмент од предземјотресниот период и на новата интерполирана кула како единствена композициона схема. Следејќи ги принципите на Anne Lacaton и Jean-Philippe Vassal, интервенцијата се заснова на трансформација на постојното наместо рушење, додавајќи лесен надворешен слој што создава „in-between“ простор и нови услови за живеење. Истовремено, новата кула го надополнува местото на нереализираната кула од Градскиот зидна и се поврзува со првичната урбана идеја, интегрирана со современи вредности на екологија и социјална интеракција

**Седмиот проект**, „Fun Palace / Палата на забава“ (Викторија Гоговска и Марија Ѓорѓовска), во четвртиот концентричен сегмент, го истражува концептот на структурна супер-рамка „мегаструктура во мегаструктура“ како архитектонска матрица способна да апсорбира повеќеслојни просторни и програмски трансформации низ време. Инспириран од проектот на Cedric Price, тој ја третира инфраструктурата како флексибилна скела за привремени и еволутивни активности. Во ова читање, мегаструктурата престанува да биде статичен монумент и станува динамично поле способно за континуирана модификација и програмска слоевитост, задржувајќи ја кохерентноста на својата колективна форма.

**Осмиот проект**, „инфраструктура на заедничките активности“, (Ива Божиновка и Сара Бениќ), во петиот концентричен сегмент, се развива како мека мегаструктура што продира во порите на постојната структура, создавајќи платформи за различни настани и нова социјална инфраструктура. Во оваа интервенција се препознава потенцијалот за генерирање на серија настани што ја трансформираат перцепцијата и користењето на просторот.

Зоната помеѓу беше предмет на серија различни пристапи – локациски, типолошки и програмски – при што во најголем дел од случаите проектите се развиваат во просторот помеѓу двете концентрични линии на блоковите и кулите, а во одредени ситуации тие се протегаат и како екстензија кон надворешниот град. Овие интервенции се надоврзуваат на темите на постојната структура, односно на просторните и физичките фрагменти од првата половина на дваесеттиот век и раните 1960-ти години, како и на оние што произлегуваат од постземјотресната реконструкција, при што се инсертираат различни програмски состави, од домување до разновидни заеднички активности. Во таа смисла, предложените проекти се диференцираат преку повеќе меѓусебно поврзани аспекти, кои се читаат паралелно и се надополнуваат како различни рамки на интерпретација.

**(1) Архитектонски тактики**
Архитектонските тактики, како прв аспект, претставуваат основниот оперативен механизам на интервенција и произлегуваат од конкретните ситуации и реалните околности. Тие ги надминуваат хиерархиските односи на модернистичката парадигма, и не делуваат како стратегии од горе надолу, туку како постапки што се развиваат од долу нагоре; на тој начин, наместо логиката на табула раза, тие се темелат врз табула скрипта, односно врз читање и активирање на постојните траги и секојдневни односи.

**(2) Концентричен план**
Концентричниот план, овозможува интервенциите да се согледаат како серија позиционирани настани во различните сегменти на Градскиот ѕид, при што тие формираат прстен на инциденти – дисконтинуирани, но меѓусебно релационирани интервенции што го поставуваат односот помеѓу структурата и настанот, односно помеѓу редот и неговото нарушување; во ова поле се воспоставува дистинкција помеѓу „тивките“ масивни структури како носители на урбаниот континуитет и „активните“ интервенции како носители на динамиката.

**(3) Радијален план**
Радијалниот план, како трет аспект, ја отвора можноста за читање на зоната преку серија интегрални радијални пресеци, каде интервенциите се диференцираат според нивната позиција – дали се наоѓаат во рамките на основната структура на Градскиот ѕид, во просторот помеѓу концентричните линии на блоковите и кулите или се надвор, се развиваат како екстензии кон надворешниот град – со што се откриваат различни профили и слоевитости на ова концентрично подрачје.

**(4) Фрагменти**
Односот кон фрагментите, како посебен аспект на интервенција, се воспоставува преку нивно разбирање како интеракција со постоечката структура и со специфичните ситуации во просторот. Во таа смисла, интервенциите секогаш се согледуваат како надоврзување на различните просторни и физички фрагменти, при што конкретните ситуации, односно партикуларните локуси, се диференцираат на хронолошки план – на оние што потекнуваат од предземјотресниот период и на оние што се дел од постземјотресната реконструкција.

Во првиот случај, интервенциите се развиваат од самата просторна рамка на Градскиот ѕид, односно во просторот помеѓу концентричните линии, низ серијата платоа и дворови, каде новите структури се појавуваат како продолжение и артикулација на постојниот просторен систем. Во вториот случај, интервенциите воспоставуваат директна врска со фрагментите од претходните слоеви на градот, при што се појавуваат различни типови просторни трансформации: хоризонтални екстензии во радијален правец како реинтерпретација на некогашни улични траси, како во случајот на „заборавената улица“ во првиот концентричен сегмент; вертикални екстензии на сегменти од предземјотресни блокови, инкорпорирани помеѓу двете концентрични линии во вториот сегмент; рехабилитација на линеарни структури од предземјотресниот период во комбинација со интерполација на нови вертикални елементи, како „кулата која недостасува“ во третиот сегмент; како и внесување на ризоматски системи на платформи во морфолошкото поле на петтиот концентричен сегмент.

Во сите овие ситуации се воспоставуваат симбиотички врски помеѓу конкретните просторни и физички фрагменти и новите предложени интервенции, при што новото не се наметнува како автономна структура, туку се развива како продолжение, трансформација и реинтерпретација на веќе постоечките слоеви на градот.

**(5) Програмски инсерти**
Проектите подразбираат програмско инсертирање во концентричниот појас на Градскиот ѕид. Низата тактики се согледува како механизам на просторни интервенции, но и како процес на програмско надградување на партикуларните контексти. Се внесуваат различни програмски содржини како реакција на непосредниот контекст: привремено домување, простори за колективни активности, ресторан, кафе-бар, свечена сала за склучување бракови, како и отворена кровна променада на непосредната граница на Соборниот храм „Св. Климент Охридски“; детска градинка на платото помеѓу двете концентрични линии на Градскиот ѕид во првиот сегмент; станбена кула екструдирана од фрагмент на постоечки блок и во интеракција со кровната тераса на соседниот културен центар во вториот сегмент; инсерти на социјално домување во платоата на Градскиот ѕид во третиот концентричен сегмент; рехабилитација на постоечки линеарен блок од 1960-тите во истиот сегмент; флексибилна скела за привремени и еволутивни активности, како еден вид локален „Fun Palace“, на платото во четвртиот сегмент; како и ризоматска инфраструктура на платформи со заеднички активности во порите на петиот концентричен сегмент.

На тој начин се формира асамблаж од различни програмски инсерти и програмски зони, воспоставувајќи континуиран дијалог со постојната физичка структура.

Во низа случаи, проектите функционираат како дихотомија помеѓу основната маса на урбаната структура и активните интервенции, кои се носители на просторните и програмските настани. Овие ситуации можат да се согледаат и во контекст на претходно опишаните аспекти: (1) архитектонските тактики, кои го детерминираат оперативниот механизам на интервенцијата; (2) концентричниот план, каде интервенциите формираат прстен на инциденти, позиционирани низ пет сегменти на Градскиот ѕид; (3) радијалниот план, кој открива различни профили и слоевитости преку нивната позиција во, помеѓу или надвор од основната структура; (4) односот кон фрагментите, при што интервенциите се надоврзуваат на хронолошки и просторни траги од предземјотресниот и постземјотресниототресниот период; и (5) програмските инсерти, кои создаваат асамблаж од домување и заеднички активности, воспоставувајќи континуиран дијалог со постојната структура.

Преку овие тактики, студиото критички го реинтерпретира Градскиот ѕид, не како статичен споменик на модернизмот, туку како жив архитектонски организам, отворен за трансформација, репрограмирање и коегзистенција низ различни размери, временски рамки и социјални конфигурации. Архитектонското проектирање ја надминува својата репрезентативна улога и се позиционира како аналитичко-критички инструмент, способен да продуцира ново знаење преку симулација на просторни сценарија и проверка на нивните морфолошки, социјални и програмски импликации.




*Слика 92*
*Индекс на проекти во урбаната морфологија на Градскиот ѕид како и идеограми од архитектонската интервенција*



*Слика 93*
*Проект „Заборавената улица“ (Зејнеп Шерифи и Лилјана Атанасова)*



*Слика 94*
*Проект „Лебдечко плато“ (Емилија Димеска и Евгенија Томеска)*



*Слика 95*
*Проект „Екструдираната куќа“ (Марија Кутаноски и Елена Бачева)*



*Слика 96*
*Проект „Плоштад Слобода“ (Никита Врцкоска)*




*Слика 97*
*Проект „Прототип за доградба“ (Мартина Караскаковска)*



*Слика 98*
*Проект „Кулата која недостасува“ (Стефанија Тутеска и Вероника Беличкоска)*



*Слика 98*
*Проектот „Fun Palace / Палата на забава“ (Викторија Гоговска и Марија Ѓорѓовска)*



*Слика 100*
*Проект „Инфраструктура на заедничките активности“ (Ива Божиновска и Сара Бениќ)*

## ЗАКЛУЧОК

Истражувањето тргна од јасно воочлив јаз во современата урбана теорија и планерска практика: доминантните модели на интерпретација го третираат градот како кохерентна, хомогена и системски заокружена целина, додека емпириската урбана реалност упатува на слоевитост, фрагментација и паралелна активност на различни просторни режими. Логиката на линеарен развој, замена и надминување на претходните модели се покажува како редуктивна во однос на сложената морфолошка и социјална структура на современиот град.

Анализата покажа дека урбаното ткиво не функционира како серија од последователни епизоди што се појавуваат и исчезнуваат, туку како поле на истовременост. Историските слоеви, типолошките матрици и планерските концепти не се поништуваат целосно со воведувањето на нови урбани визии, туку продолжуваат да опстојуваат во рамките на заедничка просторна матрица. Оваа состојба не претставува аномалија, ниту резултат на недовршеност, туку структурен услов на урбаната форма.

Во таа смисла, коегзистенцијата се формулира како конститутивен механизам на градот. Таа не означува хармонична синтеза на различностите, туку структурирана истовременост на диференцијални модели што функционираат во заемна зависност. Градот се артикулира како систем на паралелни, понекогаш напрегнати, но стабилизирани релации меѓу различни морфолошки и социјални логики. Со тоа, почетниот проблем, како да се теоретизира и операционализира оваа состојба, добива јасна концептуална рамка.

Поставените теоретски рамки се потврдуваат преку анализа на три меѓусебно поврзани димензии.

Прво, темпоралната истовременост ја демонстрира перманентноста на одредени морфолошки структури. Урбаната трансформација на Скопје не се одвива како целосно бришење на претходните слоеви, туку како нивна реартикулација во нови контексти. Раномодерните, модернистичките и транзициските станбени модели опстојуваат паралелно, при што нивната организациска логика останува читлива во современата структура. Темпоралната коегзистенција се појавува како структурна карактеристика на градот, а не како историски остаток.

Второ, морфолошката диференцијалност се манифестира преку присуството на различни типо-морфолошки системи што не се сведуваат на единствен формален код. Различните станбени конфигурации функционираат како автономни, но релациски поврзани структури во рамките на ист урбан фрагмент. Тие не се интегрираат преку унификација, туку преку просторна артикулација и меѓусебно позиционирање. Урбаната форма се чита како синхрона композиција на дијахронски произведени модели.

Трето, социо-просторната продуктивност укажува дека архитектонската форма не е неутрален носител на програмата, туку активен медиум на секојдневните практики.

Различните модели на домување продуцираат различни модалитети на приватност, колективност и јавност. Коегзистенцијата се стабилизира преку релациите помеѓу просторната организација и социјалната употреба, што потврдува дека урбаната комплексност е истовремено морфолошка и социјална.

Во оваа рамка, Градскиот ѕид функционира како критичен тест-терен. Првично замислен како јасно артикулирана модернистичка мегаструктура, тој денес се чита како дел од поширока урбана мрежа во која историски слоеви, нови интервенции и секојдневни практики влегуваат во динамична релација. Наместо изолиран објект, Градскиот ѕид се потврдува како структурен елемент на градската коегзистенција.

**Синтетичка позиција**

Синтетичката позиција на трудот се заснова врз тројна артикулација на коегзистенцијата.

На аналитичко ниво, коегзистенцијата функционира како инструмент за читање на урбаната реалност. Таа овозможува истовремено согледување на темпоралните слоеви, морфолошките разлики и социјалните релации, без нивна редукција на единствена интерпретативна логика. Наместо модел на унификација, се воспоставува модел на структурирана хетерогеност.

На проектантско ниво, коегзистенцијата се појавува како рамка за интервенција во слоевити урбани средини. Новите архитектонски операции не се насочени кон бришење или хомогенизација на постојните структури, туку кон нивно артикулирано вградување во постоечката стратификација. Проектот се разбира како медијатор меѓу различни просторни и социјални режими, а не како инструмент за нивно поништување.

На структурно ниво, домувањето се потврдува како примарен медиум на урбаната трансформација. Поради својата масовност, долготрајност и директна поврзаност со секојдневниот живот, станбената структура претставува најперзистентен носител на урбаната коегзистенција. Преку домувањето станува видлив односот помеѓу просторната рамка и социјалната практика, а градот се артикулира како отворен процес на трансформација.

**Методолошки придонес**

Методолошкиот придонес на трудот се состои во интеграцијата на дијахрона и синхрона анализа во единствен аналитички апарат. Урбаната форма се чита истовремено како историски произведена структура и како актуелна конфигурација на паралелни системи. Ова овозможува надминување на поделбата меѓу историска реконструкција и современа урбана анализа.

Дополнително, поврзувањето на морфолошката, типолошката и социо-просторната анализа создава интердисциплинарна рамка во која архитектонската форма се разгледува како дел од поширок социо-просторен режим. Со тоа, коегзистенцијата се

операционализира како аналитичка категорија што може да се препознае, споредува и интерпретира во конкретни урбани ситуации.

Методологијата не функционира само како инструмент за опис, туку како критичка алатка. Таа овозможува урбаната хетерогеност да се чита како структурен ресурс, а не како недостаток. Во оваа смисла, трудот придонесува кон проширување на аналитичкиот речник на архитектонската и урбаната теорија во доменот на домувањето.

**Импликации за идни истражувања**

Современите социјални и просторни трансформации како промени во составот на домаќинствата, моделите на работа, мобилноста и секојдневните практики, ја доведуваат во прашање идејата за единствен, стабилен просторен одговор. Наместо доминантен типолошки модел, градот се соочува со потреба од структурна способност да организира различни режими на живеење во рамките на иста урбана матрица. Во таа перспектива, коегзистенцијата се појавува како услов за адаптивност, како оперативна алатка да ги антиципира потребите на идните урбани животни стилови.

Урбаната форма не се конституира преку унификација, туку преку артикулирана диференцијација што овозможува паралелно функционирање на различни социо-просторни конфигурации. Градот се структурира преку способноста да ги реорганизира постојните и новонастанатите модели без нивна редукција во единствен систем. Во тој контекст, коегзистенцијата се појавува како механизам на структурна стабилност во услови на континуирана трансформација.

Како истражувачка и проектантска насока, ова отвора поле за понатамошни анализи на начинот на кој различни типолошки структури овозможуваат или ограничуваат адаптација кон нови форми на живеење. Наместо стремеж кон хомогена урбана форма, архитектонската практика може да ја третира диференцијацијата како генеративен принцип на организација.

Со тоа се потврдува централната позиција на трудот: градот не е завршена целина, туку динамичен, слоевит систем. Коегзистенцијата не е преодна состојба, туку конститутивна логика на неговата трансформација, а домувањето останува нејзин најконцентриран и најперзистентен медиум.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


Adler, A. (1938) *Social Interest: A Challenge to Mankind*. London: Faber & Faber.

Alexander, C. (1977) *A Pattern Language*. New York: Oxford University Press.

Arbaci, S. (2019) *Paradoxes of Segregation: Housing Systems, Welfare Regimes and Urban Outcomes in Europe*. Chichester: Wiley-Blackwell.

Arendt, H. (1958) *The Human Condition*. Chicago: University of Chicago Press.

Aymonino, C. (1975) *Lo studio dei fenomeni urbani*. Roma: Officina Edizioni.

Ацески, И. (2003) *Човекот и градот*. Скопје: Филозофски факултет.

Bakema, J.B. (1964) *From Doorstep to City: A Story about People and Space*. Zeist: Uitgeversmaatschappij W. de Haan N.V.

Бакалчев, М. (2004) *Домување како урбан фрагмент на примерот на Скопје*. Докторска дисертација, Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ.

Banham, R. (1976) *Megastructure: Urban Futures of the Recent Past*. London: Thames and Hudson.

Berber, C.T. and Özkar, M. (2020) 'A computable vitality: Tange's architectural system for Skopje', *METU Journal of the Faculty of Architecture*, 37(2), pp. 85–102.

Blokland, T. (2017) *Community as Urban Practice*. Cambridge: Polity Press.

Bourdieu, P. (1977) *Outline of a Theory of Practice*. Cambridge: Cambridge University Press.

Caniggia, G. and Maffei, G.L. (1984) *Composizione architettonica e tipologia edilizia*. Venezia: Marsilio.

CIAM (1943) *The Athens Charter*. New York: Grossman Publishers.

Davis, I. (1975) 'Skopje rebuilt: Reconstruction following the 1963 earthquake', *Architectural Design*, 45(November), pp. 660–663.

de Certeau, M. (1984) *The Practice of Everyday Life*. Berkeley: University of California Press.

Dovey, K. (2016) *Urban Design Thinking: A Conceptual Toolkit*. London: Bloomsbury.

Dragutinović, A. (2021) 'Self-management of housing and urban commons: New Belgrade and reflections on commons today', PhD thesis. Delft University of Technology.

Gause, G.F. (1934) *The Struggle for Existence*. Baltimore: Williams & Wilkins.

Gehl, J. (2011) *Life Between Buildings: Using Public Space*. Washington, DC: Island Press.

Hall, P. (1988) *Cities of Tomorrow*. Oxford: Blackwell.

Hertzberger, H. (1991) *Lessons for Students in Architecture*. Rotterdam: 010 Publishers.

Jacobs, J. (1961) *The Death and Life of Great American Cities*. New York: Random House.

Konstantinovski, G. (2001) *Градителите во Македонија XVIII–XX век*. Скопје: Табернакул.

Kulić, V., Mrduljaš, M. and Thaler, W. (2012) *Modernism In-Between*. Berlin: Jovis.

Lawrence, R.J. (2006) 'Housing and health', *Futures*, 38(5), pp. 487–502.

Lefebvre, H. (1991) *The Production of Space*. Oxford: Blackwell.

Lewis, C.T. and Short, C. (1879) *A Latin Dictionary*. Oxford: Clarendon Press.

Ljakoska, M., Atanasoska, T. and Iliev, D. (2020) 'Internal migration…', *Geobalcanica 2020 Proceedings*, pp. 531–547.

Lozanovska, M. (2015) 'Kenzo Tange's forgotten master plan…', *Fabrications*, 25(2), pp. 140–163.

Lynch, K. (1960) *The Image of the City*. Cambridge, MA: MIT Press.

Mariotti, J. and Pencic, D. (2013) 'Changing perspectives…', *Studies in History and Theory of Architecture*, pp. 174–182.

Михајловска, Т. (2018) *Перформативниот пејсаж како програмски медиум…*. Магистерски труд, Архитектонски факултет – Скопје.

Mumford, L. (1961) *The City in History*. New York: Harcourt, Brace & World.

Muratori, S. (1959) *Studi per una operante storia urbana di Venezia*. Roma.

Oxford English Dictionary (n.d.) 'Coexistence'. Available at: https://www.oed.com

Panerai, P., Castex, J. and Depaule, J.-C. (2004) *Urban Forms*. Oxford: Architectural Press.

Piccinato, L. (1965) 'Skopje: Il piano urbanistico', *Urbanistica*, 44.

Relph, E. (1976) *Place and Placelessness*. London: Pion.

Rossi, A. (1982) *The Architecture of the City*. Cambridge, MA: MIT Press.

Rowe, C. and Koetter, F. (1984) *Collage City*. Cambridge, MA: MIT Press.

Sennett, R. (2018) *Building and Dwelling*. London: Allen Lane.

Simmel, G. (1903/1950) 'The metropolis and mental life', in Wolff, K.H. (ed.) *The Sociology of Georg Simmel*. New York, pp. 409–424.

Sitte, C. (1945) *The Art of Building Cities*. New York: Reinhold Publishing Corporation.

Smithson, A. (ed.) (1968) *Team 10 Primer*. Cambridge, MA: MIT Press.

Tafuri, M. (1976) *Architecture and Utopia*. Cambridge, MA: MIT Press.

Tange, K. (1966) 'Plan for Skopje', *The Japan Architect*, 41(May), pp. 15–30.

Tasić, S. (2015) *Прототипови на домување на интегрирани животни стилови*. Докторска дисертација, Архитектонски факултет – Скопје.

Tomić-Koludrović, I. and Leburić, A. (2002) *Sociologija životnog stila*. Zagreb: Naklada Jesenski i Turk.

Ungers, O.M. et al. (1977) *The City in the City – Berlin: A Green Archipelago*. London: Architectural Association.

United Nations (1970) *Skopje Resurgent*. New York: United Nations.

Van den Heuvel, D. (2015) *Jaap Bakema and the Open Society*. Rotterdam: Archis.

Van Kempen, R. and Murie, A. (2009) 'The new divided city', *Tijdschrift voor Economische en Sociale Geografie*, 100(4), pp. 377–398.

Whyte, W.H. (1980) *The Social Life of Small Urban Spaces*. Washington, DC: Conservation Foundation.

Завод за станбено-комунално стопанисување на град Скопје (1968) *Скопје Центар – Градски ѕид, станбени блокови и кули*. Скопје.

Томовски, К. (2003) *Архитектурата во Скопје меѓу двете светски војни*. Скопје: Музеј на град Скопје.